Целта на спроведеното истражување е да се идентификува какви се практиките и применетите модели на интерно известување кај хотелите во Македонија, понатаму да се согледа какви се можностите за споредливост на резултатите со конкуренцијата според искажаните ставови на испитаниците, но и да се констатира информираноста на кадрите кои работат на проблемот на интерно известување за Унифицираниот систем на конта во хотелската индустрија. Кандидатката користи значаен дел од анкетниот прашалник со цел да ја истражи структурата на фактичките трошоци (варијабилни наспроти фиксни) во хотелската индустрија во Република Македонија и ги анализира применетите системи за опфаќање на трошоците и утврдување на цена на чинење на услугите.

Анализирајќи ги одговорите на испитаниците, кандидатката заклучува дека најголем дел од хотелите во Македонија користат сопствен модел на интерно известување, додека мал дел користат модел од друг хотел. Само еден од анкетираните испитаници потенцирал дека моделот на интерно известување базира на правилата за екстерно известување содржани во Меѓународните стандарди за финансиско известување. Според резултатите од истражувањето, ниту еден хотел во Македонија не преминал на интерно известување според Унифицираниот систем на конта. Кандидатката констатира дека информираноста на кадарот кој работи на проблематиката на обезбедување на финансиски информации за одлучување во врска со можностите на Унифицираниот систем на конта е незадоволителна, бидејќи речиси 70% од испитаниците од хотелската индустрија воопшто не се информирани за предностите да известуваат според овој модел.

Коментирајќи ги резултатите од истражувањето, кандидатката констатира дека дополнителен проблем за известувањето за успешноста кај хотелите во Македонија е користењето на традиционален систем за опфаќање на трошоците и утврдување на цена на чинење на услугите, при што не се идентификуваат и анализираат активностите кои се

причинители на трошоците со цел нивно подобро опфаќање по услуги и согледување на реалната профитабилност на услугите. Оттука, кандидатката заклучува дека имплементирањето на интерно известување кое базира на Унифицираниот систем на конта во хотелската индустрија има потенцијал да придонесе за подобро интерно известување за резултатите, подобро опфаќање на трошоците според центрите на одговорност, но и за поголема споредливост на остварените резултати на национално и меѓународно ниво. Во врска со анализираната структура на трошоците во хотелската индустрија во Република Македонија, кандидатката илустрира дека во најголемиот број на хотели, фиксните трошоци учествуваат во вкупните трошоци во интервал од 45 до 55%, додека стапката на општите трошоци е нешто помала и се движи до најмногу 35%.

**Оцена на докторската дисертација и предлог**

Врз основа на проучувањето на обработената проблематика во дисертацијата, Комисијата ги дава следниве оцени:

- Во докторската дисертацијата на тема *Интерното известување во хотелската индустрија во Република Македонија* е обработена актуелна проблематика од подрачјето на економските науки, посебно од областа на сметководствената теорија. Научниот придонес на докторската дисертација со состои во афирмирање на современите модели на интерно известување за резултатите и развој на насоки за имплементација на униформен систем на извештаи за успешност во хотелската индустрија во Република Македонија.
- Од методолошки аспект, кандидатката користела релевантна научноистражувачка методологија која се базира на студија на случај и анкетен прашалник и која редовно се користи во научни истражувања во областа на сметководството.
- Темата е обработена на концизен начин, при што кандидатката има користено, пред сé, бројна странска литература и истражувања презентирани во бројни публикации, како и од многубројни конгреси и конференции посветени на проблематиката на интерното известување за резултатите, посебно во хотелската индустрија. Ваквиот начин на пристап ѝ има овозможено на кандидатката да дојде до сеопфатни и

издржани заклучоци за обработуваната проблематика во Република Македонија врз основа на искуствата и практиката изнесени во странската литература.

- Презентираната структура на докторската дисертација целосно го покрива предметот на истражување во докторската дисертација за испитување на применетите модели на интерно известување во хотелската дејност. Исто така, деталната обработка на теоријата и практичните истражувања на кандидатката ѝ имаат овозможено да ја оствари и крајната цел во дисертацијата, односно да предложи постапка за имплементирање на модел на интерно известување според Унифицираниот систем на конта во сметководствената практика во Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оценка на докторската дисертација на тема: ***Интерното известување во хотелската индустрија во Република Македонија;***
2. да ѝ одобри на кандидатката м-р Ирина Мирческа јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија за оцена и одбрана**

Проф. д-р Блажо Недев с.р.

Проф. д-р Зорица Б. Лазаревска с.р.

Проф. д-р Зоран Миновски с.р.

Доц. д-р Марина Трпеска с.р.

Доц. д-р Атанаско Атанасовски с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Постолова Биљана | „Улогата на анализата на финансиски извештаи при одлучување за дополнителни извори на финансирање“ | "The role of financial statement analysis in making decision for additional sources of financing" | доц. д-р Марина Трпеска | 02-1865/6 01.11.2016 |
| 2. | Богојевска Загорка | „Улогата на продажните консултанти наспроти програмите за лојалност во ретенција (задржување) на потрошувачите во телекомуникациската индустрија" | "The role of salespersons against loyalty programs in retaining the customers in telecommunications industry" | проф.д-р Снежана Ристевска-Јовановска | 02-1865/7 01.11.2016 |
| 3. | Галевска Јасминка | ,,Управување со залихи на медицински производи", | "Inventory management of medical supplies" | проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска | 02-1865/8 01.11.2016 |
| 4. | Недељковиќ Маја | „Перење на пари - случајот на македонија“ | "Money laundering - the case of macedonia" | проф. д-р Горан Петревски | 02-1865/9 01.11.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Атанасова Верица | „Влијание на задолжителната резерва врз депозитната и кредитната активност во банкарскиот систем во Република Македонија – емпириска анализа“ | „The impact of the reserve requirement on the deposit and loan activity in the banking system in the Republic of Macedonia – empirical analysis“ | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков | 02-1865/10 01.11.2016 |
| 6. | Блажевска Драгана | „Глобалната финансиска криза и профитабилноста на банките во Македонија: емпириска анализа“ | „Global financial crisis and profitability of banks in macedonia: empirical analysis“ | проф. д-р Михаил Петковски | 02-1865/11 01.11.2016 |
| 7. | Милошевиќ Диана | „Проект портфолио менаџментот како инструмент за имплементација на стратегијата на компанијата“ | “Projectportfolio management as instrument for corporate strategy implementation” | проф. д-р Сашо Арсов | 02-1865/12 01.11.2016 |
| 8. | Стефановска Радмила | „Видови вознемирувања на работното место и нивното влијание врз вработените, организациите и општествата“ | “Types of harasment on a workplace and their impact on employees, organizations and societies” | доц. д-р Љупчо Ефтимов | 02-1865/13 01.11.2016 |
| 9. | Конески Никола | „Влијанието на стресот врз современото работење на организациите и улогата на менаџментот на човечките ресурси во неговото управување“ | “The impact of stress in the modern work of organizations and the role of the human resources in its management” | доц. д-р Љупчо Ефтимов | 02-1865/14 01.11.2016 |
| 10. | Јованчева Бојана | „Современите системи за наградување како начин за привлекување и задржување на квалитетните вработени во организациите“ | “Contemporary systems for rewarding as way for attracting and retaining quality employees in organizations” | доц. д-р Љупчо Ефтимов | 02-1865/15 01.11.2016 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Несороска Олгица | „Испитување на релативната вредност на меките наспроти тврдите вештини на кандидатите во процесот на селекција при вработувањето“ | “Examining the relative value of soft skills and hard skills when selecting personal for available job position” | доц. д-р Љупчо Ефтимов | 02-1865/16 01.11.2016 |

# П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 27.10.2016 година

## МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Радмила Трајковска | Анализа на машините и процесите за транспорт и претовар | Analysis of machines and processes for transport and reloading | Проф. д-р Јанко Јанчевски | 02-2310/2 27.10.2016 год. |
| 2. | Ѓурѓица Мечева | Анализа на модели за оптимизација на трошоците при управување со залихите | Analysis of the Models for Cost Optimization in Inventory Management | Проф. д-р Валентина Гечевска | 02-2314/2 27.10.2016 год. |
| 3. | Игор Козаровски | Моделирање и управување на робот манипулатор со фаќач | Modeling and control of robot manipulator with gripper | Проф. д-р Иван Мицкоски | 02-2313/2 27.10.2016 год. |
| 4. | Митко Кинов | Естимација на позицијата на центарот на гравитација на системот квадротор летало со роботска рака | Estimation of the Center of Gravity Position of the System Quadrotor with Robotic Arm | Проф. д-р Атанаско Тунески | 02-2296/2 27.10.2016 год. |
| 5. | Ана Велкова | Иновативен пристап во решавањето на ергономскиот проблем – прилагодување на големината на производите | An innovative approach to solving the ergonomic problem – products' size adjustment | Проф. д-р Софија Сидоренко | 02-2292/2 27.10.2016 год. |
| 6. | Игор Стефановски | Моделирање на приближно нулти енергетски објект | Modeling of nearly zero energy building | Проф. д-р Доне Ташевски | 02-1615/2 27.10.2016 год. |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
# „ИНСТИТУЦИОНАЛЕН СИСТЕМ НА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ“,
# ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НЕНА НИКОЛОВСКА,
# ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 21.10.2016 година, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов **Институционален систем на борба против организираниот криминал** изработена од кандидатката **м-р Нена Николовска,** во состав: акад. проф.д-р Владо Камбовски (ментор), проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски и проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Нена Николовска** со наслов **Институционален систем на борба против организираниот криминал** е изработена во фонт Georgia, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 151 фуснота и е напиша на 337 страници текст и 12 страници попис на користена литература. Покрај методолошкиот пристап, докторската дисертација е поделена на 10 дела, обработени во глави.

Докторската дисертација со наслов **Институционален систем на борба против организираниот криминал,** во **првиот дел** со наслов **Методолошки пристап** содржи седум точки, во кои се сместени, општествената оправданост за проучување на темата, предметот, целта на истражувањето, хипотезата, методите за обработка на трудот,

определената временска рамка на трудот и основните елементи на обработката на истражувачки случај.

**Вториот дел** од трудот со наслов **Потреба од соодветен институционален систем на борба против организираниот криминалитет** е посветен на две прашања, од кои првото се однесува на институционалниот систем на борба против организираниот криминал, а второто на основните карактеристики на институционалната борба против организираниот криминал. При тоа се истакнува дека институциите го структурираат општествениот живот во една држава. Институционалниот систем на борба против организираниот криминал се состои од институции кои го процесуираат настанот на организираниот криминал од започнувањето, преку судскиот процес, па до казнувањето. Настанот на организираниот криминал започнува да се процесуира со службените лица за примена на законот. Тие го истражуваат организираниот криминал, прибираат докази за да се идентификува и да се користат против претпоставениот извршител. Процесуирањето на настанот на организираниот криминал продолжува низ судскиот систем кој ги мери доказите и определува дали обвинетиот е виновен без сомнение. Ако е така, односно ако обвинетиот е виновен за сторениот организиран криминал, системот на поправање користи средства кои му стојат на располагање, а тоа е затворање и испитување за да се казни и коригира однесувањето на прекршителот. Обработката на прашањето на основните карактеристики на институционалната борба против организираниот криминал се истакнува за да се влезе во решителна и беспоштедна борба против организираниот криминал, што значи да се опфатат сите форми на овој феномен, неопходна е национална и глобална стратегија и акција. Тоа подразбира максимално ангажирање на субјектите за борба против организираниот криминал на ниво на секоја земја, како и на меѓународната заедница, истовремено и конкретно. Во овие рамки е истакнато дека организираниот криминал е релативно нов феномен во Република Македонија. Се поголемиот број транснационални криминални организации на глобално ниво, постоењето на безбедносни проблеми во регионот, како и внатрешните транзициони проблеми, беа факторите кои во значителна мера влијаеа и врз појавата на организираниот криминал во нашата земја.

**Третиот дел** од трудот со наслов **Организиран криминал** е посветен на теоретскиот аспект на објаснувањето на поимот организиран криминал, при што се нагласува дека поимот организиран криминал се објаснува како посебен облик на професионален криминал, кој е реална закана за понатамошниот развој на демократските односи, бидејќи се заканува да ги зафати сите сфери на општеството и да раководи со него, како и со неговиот развој. Организираниот криминал претставува извршување на казниви

дела од страна на злосторничко здружение заради остварување на профит или моќ, со употреба на насилство или со користење на посебна положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење. Во овој дел се истакнува дека традиционално гледано, организираниот криминал се јавува во два основни облика, и тоа како трговија со илегални стоки и услуги, оружје, дрога, проституција, порнографија, перење пари, коцкање и како изнудување – уцени – бизнис - рекетирање, инфилтрирање во легалните бизниси, политички и еколошки криминал. Ова покажува дека организираниот криминал се јавува како крадење, криминални картели, рекетирање, и политичко уценување.

**Четвртиот дел** од трудот со наслов **Меѓународни аспекти за борба против организираниот криминалитет со компаративен аспект** ги обработува прашањата на потребата од институционална борба против организираниот криминалитет, националниот систем за борба против организираниот криминалитет, како и системот за заштита од гонење. При ова е нагласено дека гледано од денешна перспектива, организираниот криминал се наоѓа во центарот на интересирањето на сите држави и на голем број меѓународни и институции на одделните држави. Сите заедно се обидуваат да изнајдат соодветни начини, методи и средства со кои ќе дејствуваат превентивно или со нив евентуално ќе се спротивстават на сите облици на појавување на организираниот криминал, особено имајќи го предвид фактот дека овој феномен заедно со меѓународниот тероризам претставува најсериозен облик на загрозување на националната и глобалната безбедност. Меѓународните организации, особено Организацијата на обединетите нации и Европската унија, се значајни места за остварување на каков било облик на мултилатерална соработка на сите подрачја, па така и на подрачјето на организираниот криминал. За националниот систем за борба против организираниот криминал се вели дека секоја правна држава мора да развие сопствен одбранбен систем како одговор на криминалитетот. Борбата против организираниот криминал треба да се остварува со современ систем на кривична правда кој ќе биде во функција на обезбедување на соодветна реакција организираниот криминал со зголемена ефикасност на органите на кривичниот прогон и судството, во откривањето, докажувањето, пресудувањето и превенирањето на криминалот. Доколку постојните сили за борба против организираниот криминал, како што се полицијата, обвинителствата и судовите, кои имаат монопол во борбата против криминалот, во определени случаи може да не реагираат соодветно и навремено, се формираат специјални обвинителства и специјални судови.

**Петтиот дел** со наслов **Специјализирани државни служби за борба против организираниот криминалитет,** најнапред ги обработува државните служби на системот за борба против организираниот криминал во Република Македонија. Во Република Македонија, како составни елементи на системот за борба против организираниот криминал, односно служби кои имаат надлежности за борба против организираниот криминал се јавуваат јавното обвинителство, судот, полицијата, финансиската полиција, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управата за јавни приходи, Царинската управа и Агенцијата за разузнавање, како и Државната комисија за спречување на корупцијата. Во овој дел од трудот, во посебна точка се разработени и Служби на системот за борба против организираниот криминал во Соединетите Американски Држави и Службите на системот за борба против организираниот криминал во Европската унија. При ова е истакнато дека борбата против организираниот криминал во САД не е задача само на една федерална агенција, па дури и само еден оддел. Многу агенции имаат помош при справувањето со заканите од организираниот криминал. Иако многу сојузни и државни служби и агенции се вклучени во борбата против организираниот криминал, примарната агенција вклучена во борбата против организираниот криминал е ФБИ. Европската унија има интегриран пристап во борбата против организираниот криминал. Интегрираниот пристап на активностите на Европската унија во борбата против организираниот криминал се состои од превенција до спроведување на законот. Ова е врз основа на ефективната соработка помеѓу органите на земјите членки, а особено на органите за спроведување на законот, вклучително и размена на информации и заемна помош во одземање на имот стекнат преку организиран криминал.

**Шестиот дел** од трудот со наслов **Анализа на македонскиот систем за борба против организираниот криминалитет,** најнапред укажува на фактот дека организираниот криминал, за организациите што се занимаваат со ваков вид на активности, е многу високо профитабилна дејност затоа што со остварените криминални активности се остваруваат приходи чија вредност се цени дека изнесува стотици милијарди долари. Во Република Македонија, како и во другите земји во светот, постои организиран криминал кој остава штетни последици. Тој придонесува одредени активности да се криминализираат и да може да се согледаат насекаде, како на пример во економијата, во политиката, во јавната администрација, кај граѓаните. Преку целиот период на македонската транзиција, започнувајќи од независноста, па се до денес, проблемот со организираниот криминал константно се доведува во врска со загрозувањето на националната безбедност или директното поткопување на темелите на државноста и државата. Организираниот криминал во Македонија има некои посебни карактеристики и функции, тој си поставува повисоки

цели од општопознатите класични криминални дејства. Организираниот криминал во Република Македонија е тесно поврзан со бизнисот (криминалната приватизација, јавните набавки, илегалното финансирање на политичките партии, криумчарењето на дозволени и недозволени стоки, неплаќањето на огромни суми за царини, даноци и акцизи), а во многу помала мера (барем во однос на земјите од регионот) со уцените, изнудите и убиствата.

Во **седмиот дел** со наслов **Функционирањето на националните системи за борба против организираниот криминалитет,** во првата точка се обработени прашањата на основните карактеристики на функционирањето на националните системи за борба против организираниот криминал, при што се истакнува дека националните системи за борба против организираниот криминал воспоставуваат сеопфатен и координиран одговор на заканите од организираниот криминал со цел да се намали неговото влијание врз општеството. Националните системи за борба против организираниот криминал обезбедуваат да се спроведуваат законите, да се засили разузнавањето и да се оствари ефективна соработка меѓу различните надлежни институции за борба против организираниот криминал во една земја. Домашните и странските надлежни институции, заедно со бизнис - заедницата треба да се борат против организираниот криминал. Во борбата против организираниот криминал треба да се вклучат и активно да учествуваат владите, бизнис - заедницата, цивилното општество, меѓународните организации и луѓето од сите делови на светот. Во втората точка од овој дел се истакнува дека успешното разбирање и интервенцијата против организираниот криминал, вклучувајќи го и кривичното гонење, е зависно од ефективната мрежа на меѓународна соработка. Всушност, значајни се средствата за информирање и разузнавачките информации кои треба да ги разменуваат полициите за да можат едни со други да си помагаат и да изградат сеопфатна мрежа за борба против организираниот криминал. Меѓународната соработка, опфаќајќи ја заедничката соработка и екстрадиција, е клучна за откривање на извршителите на криминални дејства надвор од државните граници на земјата.

**Осмиот дел** од трудот со наслов **Методологија на работата и професионализација на субјектите за институционална борба против организираниот криминалитет** е посветен на разработката на основните методолошки карактеристики за работа на институциите, при што се истакнува дека органите и институциите во една земја кои имаат надлежности и учествуваат во борбата против организираниот криминал, односно домашните носители на борбата против организираниот криминал, треба да ги засилат и да ги подигнат на повисоко ниво своите способности и вештини во истражувачките работи, да развијат нови форми на обезбедување информации и да имаат посебни и специјализирани познавања за активностите на организираниот

криминал. Покрај тоа, тие мора да работат во соработка, мултидисциплинарно и да се насочени кон идните активности на криминалците кои работат како организирани транснационални криминални мрежи. Идентификувањето на криминалот или на криминалците може да се оствари со примена на различни, во основа научни и практични методи на истражување или водење истраги. За да се идентификува криминалот или криминалците треба да се располага со соодветни информации. Информациите можат да бидат квантифицирани со обезбедување на примарни истражувачки методи, како што се методите на набљудување, истражување на терен и оценување на податоци кои се собрани од некои претходни активности. Посебно место во обработката на овој дел од трудот е посветено на методологијата на работа на полицијата, односно на органите во состав на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Царинската управа, Финансиската полиција, Управата за финансиско разузнавање, Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, работата на судовите - одделение за организиран криминал и корупција, како и на Јавното обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Во **деветтиот дел,** насловен **Методологија за постапување на субјектите од националните системи,** во првата точка се разработуваат карактеристиките на методологијата за постапување на субјектите од националните системи за борба против организираниот криминал, при што е истакнато дека појдовна основа за постапување на субјектите од националните системи за борба против организираниот криминал треба да претставува, во прв ред, јасното распределување на надлежностите на секој учесник или орган на власта кој има надлежности во овој систем и целите кои треба да се остварат со функционирањето на системот. Втората точка од овој дел е посветена на обработката на прашањето на системот за едукација на обвинители, судии и полициски службеници и други учесници во националниот систем за борба против организираниот криминал во Република Македонија, при што се даваат основните карактеристики на овој систем за секој од учесниците во борбата против организираниот криминал во Република Македонија.

**Десеттиот дел, Анализа на случај на организиран криминал,** е посветен на претставување на резултатите од проучената материја за овој вид на организиран криминал, кој како процес на прибирање информации, покренување кривична постапка, лишување од слобода на сторителите, изрекување мерка притвор, претрес, водење судска постапка, судење и водење жалбена постапка во Република Македонија се води од 2011 година до денес. Во трудот е прикажано како се одвивале активностите на надлежните органи во процесот на откривање, спроведување на истражната и судската постапка на ова дело кое се смета како

дело на организиран криминал. Се заклучува дека се спроведени сите потребни постапки од надлежните органи, како што се полицијата, јавното обвинителство и судството. Од започнувањето на процесот, во 2011, а на акцијата март 2012 година, до одлуката на апелацискиот суд се поминати речиси цели четири години, а случајот не е целосно решен. И покрај комплексноста на случајот, решавањето на криминалните дела од сферата на организираниот криминал немаат брза разрешница во нашето судство.

**Единаесеттиот дел** е насловен **Истражување - улогата на јавното обвинителство и независноста на судството.** Во овој дел од трудот, за определување на улогата на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и за независноста на судството на Република Македонија, пред се, на Судското одделение за судење на предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата, спроведено е истражување на кандидатката преку презентирани податоци и јавни анкети за независноста на судството. Со графички прикази е спроведено интервју со еден од јавните обвинители од обвинителството за гонење организиран криминал и корупција и еден од судиите од Судското одделение за судење на предмети од организираниот криминал и корупцијата, за што се изнесени констатации кои укажуваат на тоа дека Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција работи во согласност со Законот за кривичната постапка и по предметите постапува самостојно и во согласност со законите и не е забележано некакво влијание и притисоци врз самостојноста на работата на обвинителите. Специјализираното судско одделение за судење од областа на организираниот криминал и корупцијата настојува своите работи да ги извршува на ефикасен начин, но се соочува со инертно постапување на тромиот механизам на судско постапување.

Во **заклучокот** се истакнува дека организираниот криминал е закана за државната безбедност, но исто така и го попречува социјалниот, економскиот, политичкиот и културниот развој на една земја, а ги напаѓа јавните, финансиските и безбедносните институции, како и дека за ефикасната борба за негово сузбивање е неопходно максимално ангажирање на субјектите за борба против организираниот криминал на ниво на секоја земја, како и на меѓународната заедница, истовремено и конкретно. Во борбата против организираниот криминал во Република Македонија потребно е подобрување на внатрешните институционални капацитети за откривање преку воспоставување на внатрешни истражни служби и подобрување на правната и институционалната заштита. Современиот пристап подразбира проактивно полициско работење засновано врз разузнавање, при што полицијата треба да собира податоци, да ги интегрира релевантните информации, да ги анализира и врз основа на издржани анализи и проценки да утврдува приоритети за превенција и контрола на организираниот криминал. За да може успешно да

се одговори на предизвиците на организираниот криминал, неопходно е да се има целосна претстава за тоа како организираниот криминал дејствува, кои се подрачјата и средствата кои ги користи и кои тактички средства да се применуваат при разузнавањето и водењето на истражните постапки. Неопходно е да се обезбеди силна правна и законодавна поддршка и да се создадат услови за целосно спроведување на законите, да се определуваат целни приоритети во борбата против организираниот криминал и да се опфатат повеќе правни надлежности за борбата против организираниот криминал.

## II.
## Оцена на докторската дисертација

1. Научниот пристап кон казненоправната проблематика е подреден на сознанието дека казненото право претставува исклучително комплексна материја, која инволвира мултидимензионално посматрање на казненоправните норми и нивната примена од филозофско-правен, криминално-политички, социолошки и социопсихолошки до догматско-јуридички аспект. Таквиот пристап е нужно наметнат со фактот дека казненото право, повеќе од која и да е друга гранка на правото, завлегува во најчувствителните прашања на човекот и неговата положба во општеството-казненоправната репресија и нејзините рационални граници, темелните човекови слободи и права и нивното одземање или ограничување, правдата, еднаквоста пред законот, заштитата на слободите и правата низ системот на превенција и репресија итн.

Таквото сознание не случајно го проширува предметот на научниот интерес со опфаќање не само на позитивното казнено право - материјално, процесно и извршно, туку и на средствата и институционалните механизми на неговата примена. Со тоа, на планот на казненото право се потврдува како аподиктичко интегралистичкото поимање на правото како систем од норми, примена на правните норми и праведни судски пресуди во конкретните случаи, како кумулативни елементи без кои тој поим е незамислив.

Оттука, насочувањето на истражувањата на кандидатите на докторските студии кон институционалните механизми на примена на казненото право претставува пополнување на една до сега мошне загрижувачка празнина, создадена врз убедувањето дека научниот интерес на ова подрачје треба да запре најдалеку до позитивно правната регулатива и, евентуално, нејзините криминално-политички јустификации, без да се праша дали словото на законот се применува, и од кои и какви институции.

Потребата од сериозна научна опсервација на институциите на правдата со сета своја острина изби на површина со актуелните случувања во Република Македонија, предизвикани со политичката криза која го потврдува сознанието дека нема демократска правна држава без самостојни, легитимни и ефикасни институции за примена на казненото право, чие постапување како *ultima ratio* гарантира правда, еднаквост пред законот, правна сигурност, општествена стабилност и ефикасно спречување на криминалот.

Поаѓајќи од таквата претпоставка, кандидатката м-р Николовска избрала за предмет на своето истражување проблем што уште повеќе го усложнува барањето за ефикасна примена на казненото право. Организираниот криминал е по дефиниција форма на криминал во која доаѓа до симбиоза на страните што во нормални околности би требало да стојат на различната страна на законот - неговите прекршители и чуварите на правото и правдата, оставајќи го без одговор прашањето: „кој да не заштити од чуварите“?

2. Утврдувањето на методолошкиот приод при таква сложеност на предметот на истражување бара посебен напор и огромна концентрација на истражувачот во обезбедувањето на конзистентност на методолошката линија во развивањето на појдовните хипотези. Кандидатката успешно се справува со тој проблем, поставувајќи логична рамка на излагањата и доследно развивајќи ги одделните делови на анализата низ единствено посматрање на институционалниот систем на борбата против организираниот криминал од откривањето на криминалниот настан, до казнувањето на неговиот сторител. На тој начин, дисертацијата упатува на основниот закон врз кој треба да биде положен институционалниот систем на спречување на организираниот криминал: самостојни, интегрални и ефикасни институции, кои функционално припаѓаат на различните видови власт (извршна и судска), но истовремено и нивна функционална поврзаност обезбедена со добро обмислени организациони и процесни норми и прецизно определени компетенции кои овозможуваат јасно определување на одговорноста на одделните институции за работите од својот делокруг, како и ефикасна судска контрола над нивното законито постапување.

Во поставувањето на системот на превенција и репресија, кандидатката упатува на компаративни обрасци на развиените држави (САД и државите членки на ЕУ), кои служат како модел на организација на таквите служби и во нашиот систем. Притоа, сознанието дека тој систем е дел од поширок општествен политички, економски и правен комплекс упатува на заклучокот дека едноставното копирање на одредени институции или процесни и други решенија не мора да дава исти ефекти, затоа што сите тие превентивни и репресивни механизми може да се ефективни ако имаат поддршка од политичките структури и другите

институции на државата или економијата. За Република Македонија, која според извештаите на Европската комисија за напредокот на процесот на евроинтеграции не бележи големи резултати во борбата против организираниот криминал и корупцијата, освен на законско рамниште, особено е значајно упатувањето на активностите на Европската унија развиени врз интегриран пристап на сите рамништа на владеење на правото - од превенција до спроведување на законот. Исполнувањето на таквите упорно повторувани барања од Европската комисија за доследна примена на законските решенија, како и за ефикасна соработка со органите на земјите членки на ЕУ за спроведување на законот, вклучително и размена на информации и заемна помош во одземање на имот стекнат преку организиран криминал, е единствената перспектива за надминување на слабостите на македонскиот институционален систем во борбата против организираниот криминал.

Посебен научен придонес на дисертацијата е разгледувањето на прашањето за методологијата на постапувањето и професионализацијата на субјектите за институционална борба против организираниот криминал и предлозите за нивно подобрување. Со тоа е поставена и главната теза во овој дел од истражувањето, според која постигнувањето на таквата цел може да се оствари само со натамошни реформи на судството, јавното обвинителство, полицијата и другите институции во правец на нивна професионализација, специјализација, морален интегритет и независност од политички или други влијанија. Во поддршка на ставовите и предлозите на кандидатката м-р Николовска се дадени нејзините наоди од емпирискиот дел на истражувањето, во кој се користени методот на случај, анкети, интервјуа и статистички и други показатели за улогата на јавното обвинителство и независноста на судовите, што завршуваат со констатацијата дека предметите од сферата на организираниот криминал во нашата судска практика немаат брза разрешница.

Во своите заклучни согледби и предлози, кандидатката м-р Николовска посебно го потенцира барањето за подобрувањето на внатрешните институционални капацитети за откривање на криминалот, формирање специјализирани истражни служби, проактивно полициско работење во интегриран систем на криминалистичко разузнавање и подобрување на системот на анализи и проценки, врз основа на кои треба да бидат утврдувани приоритети за превенција, откривање и контрола на организираниот криминал во подрачја што се податливи за неговата појава. Во рамките на една нова криминално-политичка ориентација за ефикасна борба против оваа форма на криминал влегува и подобрувањето на законската рамка и подобрувањето на условите за нејзино доследно спроведување, што претставува основна слабост на функционирањето на институционалниот систем на превенција и репресија.

## III.
## Заклучок и предлог

Врз основа на изложеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Нена Николовска на тема „Институционален систем на борба против организираниот криминал“ ги исполнува сите критериуми на самостоен научен труд кој претставува придонес кон казненоправната наука во расветлувањето на основните проблеми што се предмет на истражување и

п р е д л а г а

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати извештајот и да организира јавна одбрана на докторската дисертација.

**КОМИСИЈА**

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р
2. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.
3. Проф. д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска с.р.
4. Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски с.р.
5. Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА САНКЦИИ“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕНА МУЈОСКА ТРПЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 21.10.2016 година, донесе Одлука со која се формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р ЕЛЕНА МУЈОСКА ТРПЕВСКА под наслов КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА САНКЦИИ, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, ментор, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Никола Тупанчески и проф. д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска.

Комисијата, во горенаведениот состав, со внимание ја прочита, ја разгледа и ја оцени подготвената докторска дисертација од кандидатката м-р ЕЛЕНА МУЈОСКА ТРПЕВСКА под горниот наслов и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I.

### Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација подготвена од м-р Елена Мујоска Трпевска под наслов КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА САНКЦИИ опфаќа текст од 455 страници пишувани во компјутерска техника, фонт Times New Roman, со големина 12 и проред 1,5 со *APA* стил на цитирање. Обработената материја (содржина) во трудот е систематизирана во вовед и осум одделни дела, а деловите се поделени на поглавја со поднаслови кои читателот го упатуваат на материјата што ги интересира, а е обработена во соодветната глава.

1. Во воведот (стр.1-5), кандидатката го поставува основниот критериум за рестриктивна примена на затворските казни и одредување на алтернативни решенија на казната лишување од слобода за полесните облици на казнени дела.

Првиот дел насловен ОПШТА ТЕОРЕТСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРИСТАП КОН КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА (стр.5-44) е поделен на две глави. Во првата глава под наслов „Предмет, цел и метод на истражување“ (стр.6-14), кандидатката ја нагласува актуелноста на проблемот, ја поставува хипотетската рамка на истражување и ги определува целта, задачите и методот на истражување. Во оваа глава се поставува основната теза на докторската дисертација дека кратките казни лишување од слобода не влијаат врз ефикасното сузбивање на криминалитетот во Република Македонија, односно дека нивната честа примена не влијае позитивно во намалувањето на обемот на криминалитет. Целта на истражувањето е определување на ефикасноста на кратките казни и докажување на нивната (не)ефективност како средство за сузбивање на криминалитетот. Како предмет на истражување, пак, авторката ја поставува оправданоста на кратките казни лишување од слобода во Република Македонија. За целите на дисертацијата за кратка казна се смета казната до шест месеци како определена временска граница под која затворот треба сосема исклучително да се изрекува.

Во втората глава под наслов „Определување на поимот на кратката казна лишување од слобода“ (стр.14-44), кандидатката ја анализира правната природа на кратките казни лишување од слобода, ги обработува критериумите за определување на поимот, ги одредува границите на кратките казни и одделно ги испитува аргументите „за“ и „против“ кратки казни во системот на санкции. По опсежната анализа на критиките на кратките казни лишување од слобода заклучува дека негативните карактеристики на кратките казни се евидентни и треба да се направат сите напори за нивно целосно исклучување од системот на казненоправни санкции.

2. Вториот дел е насловен ПРАВНИ ИЗВОРИ И МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ (стр.44-90), во кој кандидатката ги опфатила меѓународните регулативи и стандарди меѓу кои и тие што се ратификувани во домашното законодавство во согласност со Уставот на Република Македонија и претставуваат дел од внатрешниот правен поредок. Овој дел е поделен на четири глави. Првата глава носи наслов „Активности на Организацијата на Обединетите нации (ООН)“ (стр.47-63), каде што се обработени активностите на II конгрес на ОН за превенција на криминалитет постапување со престапниците, забелешките на членовите на овој Конгрес, нивните издвоени размислувања за индивидуализацијата на казната и за потребата од алтернативи на

кратките казни. Понатаму, авторката ги обработува стандардните минимални правила за постапување со затворениците, како и примената на овие правила во Република Македонија. Во оваа глава уште се опфатени и постапките за ефикасна имплементација на стандардните минимални правила и корпусот на принципи за заштита на сите лица од каква било форма на притворање или лишување од слобода.

Втората глава под наслов „Документи на Советот на Европа (СЕ)" (стр.63-76) ги опфаќа: Препораката Rec(2006)2 на Комитетот на министри до државите членки за европски затворски правила, нивната структура и нивното влијание врз кратките казни лишување под слобода, Препораката R (99) 22 на Комитетот на министри до државите членки за пренатрупаноста (пренаселеноста) во затворите и зголемувањето на затворската популација, нејзината структура и значење како и поврзаноста со Препораката (92) 16. Во оваа глава, м-р Мујоска Трпевска се осврнува и на надлежностите, овластувањата и посебните извештаи на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

Во третата глава, „Активности на Европската унија (ЕУ)" (стр.76-84), се обработува казненото право на ЕУ и на европските држави членки на ЕУ, што е во фаза на интензивен развој, но и во фаза на реформи во кои се изразува тенденцијата кон унификација низ имплементирањето на супранационалните норми и стандарди од една и хармонизација и заемно приближување од друга страна.

Во последната, четврта глава под наслов Останати меѓународни тела, организации и здруженија" (стр.84-90), кандидатката ги наведува активностите на Европскиот комитет за спречување на тортура за нечовечко или понижувачко постапување или казнување, Европскиот институт за превенција и контрола на криминалитетот, Меѓународниот центар за пенитенцијарни истражувања и FAMM - Families Against Mandatory Minimums.

3. Третиот дел (стр.90-179) е насловен КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА СОВРЕМЕНИТЕ КАЗНЕНОПРАВНИ РЕШЕНИЈА ЗА КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА. Во првата глава (стр.93-140) одделно се анализирани кратките казни во казнените законодавства на европските држави, и тоа: Германија, Франција, Италија, Белгија, Холандија, Шведска, Русија и Обединетото Кралство: Англија и Велс. Од овој компаративен преглед, кандидатката ја нагласува можноста за елиминирање на кратките казни од националните системи на санкции и сукцесивна примена на алтернативни решенија и третмани на слобода. Во втората глава (стр.140-147) е даден приказ на состојбата со кратките казни во азиските држави Јапонија и Кина и нивните решенија за дадената проблематика, што генерално се темелат врз три цели: надзор, едукација и поддршка. Надзорот се фокусира врз однесувањето на осуденото лице; едукацијата ги вклучува политичките, правните, културните, моралните и квалификаторните компоненти, а поддршката ги вклучува професионалните можности, помошта при наоѓање работа или живеалиште итн.

Прегледот на примената на кратките казни во САД е предмет на обработка во третата глава од овој дел (стр.147-153), каде што се прикажани можностите за изрекување алтернативна санкција или мерка, односно дека секоја држава во САД самостојно ги предвидува видовите санкции за сторени казнени дела, со исклучок на сериозните казнени дела. Така, во зависност од тежината на стореното дело во САД може да биде изречена: парична казна, реституција, пробација, шок-пробација, затворање, шок-затворање (boot camps), half-way houses и затвор.

Последната глава од овој дел носи наслов „Преглед на примената на кратките казни во казнените законодавства на поранешните југословенски републики“ (стр.153-179) и ги опфаќа решенијата на Србија, БиХ, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Косово.

4. Предмет на анализа на четвртиот дел од докторската дисертација, под наслов МЕРКИ ЗА ЗАМЕНА НА КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (стр.179-262), е тврдењето дека денес, дијапазонот на казни и мерки е проширен со најразлични облици на незатворски санкции како што се: медијација, условно осуда со надзор, куќен затвор, одложување на санкција, кауција, образовни мерки (наменети за малолетни сторители), општокорисни мерки, условен отпуст со задолжителен надзор, компензација и реституција, ограничување на определени права, задолжителна посета на програми за третман, тренинзи и курсеви, и многу други видови санкции, коишто во суштина претставуваат условно опоменување, условно казнување и условно ослободување од казна.

Во првата глава под наслов: „Теоретска рамка на системот на санкции и мерки за замена на кратките казни лишување од слобода“ (стр.180-234), кандидатката го опфаќа поимното определување на алтернативите на казната лишување од слобода и видовите алтернативи на кратките казни затвор. Најнапред ги обработува различните модалитети на затворот, и тоа: континенталниот систем на условна осуда и англосаксонскиот систем на пробација, полуслободата, викенд-затворот, електронското набљудување и условниот отпуст; потоа: видови санкции кои се спроведуваат во заедницата, односно куќниот затвор и општокорисната работа. Следно ги обработува имотните казни како алтернатива на затворот, и тоа: парична казна и компензација и репарација на штетните последици на делото. На крај, кандидатката ги обработува останатите алтернативи на кратките казни лишување од слобода и тоа медијацијата, судската опомена и статусните казни.

Од оваа глава, м-р Мујоска Трпевска заклучува дека останатите европски и светски држави утврдиле дека кратките казни лишување од слобода се штетни, ги отстраниле од системот на санкции и сега го сметаат како минато зло. На тој начин теоретичарите и креаторите на казнените политики се концентрираат на предностите на алтернативните решенија, ги елиминираат или ублажуваат

нивните недостатоци и се фокусираат на останатите аспекти на изрекувањето на алтернативна санкција или мерка како што се: рехабилитација, специјална превенција, правичност, пропорционалност, ефикасност, чинење итн.

Втората глава од овој дел носи наслов АЛТЕРНАТИВНИ САНКЦИИ И МЕРКИ КАКО ЗАМЕНА ЗА КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ (стр.234-256) и ги обработува сите алтернативни мерки во Република Македонија со посебен осврт на воспоставувањето на пробациски систем во РМ. На крајот, кандидатката ги сумира податоците од спроведена онлајн анкета, за целите на оваа дисертација. Од оваа глава, м-р Мујоска Трпевска го потврдува заклучокот дека кратките казни лишување од слобода не влијаат врз ефикасното сузбивање на криминалитетот во Република Македонија и нивната честа примена не придонесува за опаѓање на неговата стапка и обем. Но посебна загриженост искажува со податокот дека законските новини од 2004 година, со кои се овозможува рестриктивна примена на затворските казни за полесните облици на казнени дел и кои ставаат на располагање различни можности за примена на алтернативните мерки, немаат директен придонес во бројот на изречените кратки казни лишување од слобода.

5. Во следниот дел од докторската дисертација (Дел V, стр.262-283) под наслов СУДСКО ОДМЕРУВАЊЕ НА КРАТКАТА КАЗНА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА, кандидатката ја обработува казнената политика на судовите во државата. Тука, најнапред ги опфаќа тенденциите во казнената политика на РМ, инструментите за остварување на политиката на судовите при изрекување на санкциите и насочување на казнената политика на судовите, по што започнува со споредбена анализа на судското одмерување на казната и новиот Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Во овој дел, кандидатката нагласува дека со слободното судско одмерување на казната се даваше простор за ограничување на примената на казната, особено на кратката казна затвор до шест месеци и смета дека македонскиот законодавец требаше да даде решение за поширока примена на останатите алтернативни мерки во државава и надминување на слабостите во нивното извршување. Таа смета дека со новиот Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната нема да зајакне довербата во институциите на системот и казненоправниот систем нема да стане поефикасен.

6. Шестиот дел (стр.283-337) носи наслов ИЗВРШУВАЊЕ НА КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА и содржи поглавје насловено „Пенитенцијарнуиот систем на Република Македонија“ (стр.284-337). Во овој дел од дисертацијата, кандидатката се осврнува на историјатот за развојот и реформите на казненото право и извршувањето на санкциите во Република Македонија, по што дава суштински преглед на системот на извршување на санкциите во Република Македонија. Во овој дел, поместени се и

извршувањето на кратките казни, положбата на осудените лица за време на извршувањето на (кратки) казни лишување од слобода со посебен осврт на испитување на личноста на сторителот и класификација на лицата осудени на кратки казни лишување од слобода, како и третманот на осудените лица на кратки казни, постпеналната помош на лицата и нивната рехабилитација.

На крајот од овој дел, м-р Мујоска Трпевска ја потенцира важноста на почитувањето на човековите права при извршувањето на затворските санкции и потребата од цврста заложба на сите инволвирани субјекти за надминување на недостатоците кои произлегуваат од извршувањето на санкциите. За таа цел, нагласува дека треба да се следат позитивните искуства на европските законодавства за модифицирано издржување на затворската казна со воведување на т.н. полуслобода, полудневен затвор или „викенд“ затвор или, пак, можноста за сместување на осудените лица (особено лицата на кои им е изречен условен отпуст) во транзициони хостели или half-way houses. На тој начин истовремено се олеснува извршувањето на затворските казни и се намалува прекумерниот процент на затворска популација.

7. Претпоследниот дел под наслов ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ПОЛОЖБАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА (стр.337-410) е од посебна важност и е клучен дел од дисертацијата. Во првата глава кандидатката дава опсежна анализа на образложенијата од судските пресуди на Апелациониот суд Скопје и основните судови во неговото подрачје, во периодот од 2010 до 2014 година. Од статистичките податоци користени за оваа глава, може да се заклучи дека за изборот на казна или алтернативна мерка во различните судови во РМ, пред донесувањето на ЗОВОВК. се изрекувале поблаги казни. Дури и во случаите кога била изречена затворска казна, нејзината должина во зависност од обликот на делото се движела кон и под законскиот минимум.

Во втората глава од овој дел, со наслов „Положба на осудените лица осудени на кратки казни лишување од слобода во Република Македонија“ (стр.353-402), прикажани се резултатите на темелното истражување за примената на кратките казни во Затвор Скопје, КПД Идризово и КПД од отворен вид - Струга, како нужен дел од оваа дисертација, со што авторката смета дека ќе се даде скромен придонес кон разрешување на теоретските дилеми и сфаќање на структурата на криминалитетот во нашата држава. Истражувањето на дисертацијата, всушност, ја потврдува првично поставената теза дека кратката казна лишување од слобода е неефикасна и не може да ја оствари целта на казнувањето и се сведува на пасивен престој на осуденото лице во установа за одреден временски период. Големиот број на осуденици кои се пријавуваат за издржување на казна се должи на бројните правосилни пресуди кои пристигнуваат од судовите. Исто така,

неопходно е да се нагласи дека бројот на новопријавени лица за издржување зависи и од ефикасноста на органите за прогон, односно колку лица ќе бидат приведени од страна на полицијата. Сè уште треба да се преземат чекори за подобрување на условите во установите и обезбедување на поефикасно извршување на санкциите, што ќе доведе до успешна ресоцијализација и остварување на целта на казнувањето и оправданоста на изрекувањето на кратките казни лишување од слобода. Не само што треба да се определат надлежни органи што ќе внимаваат на правилното извршување на кратките казни туку тие и се должни да бидат спремни да покажат знаење, умешност, грижа и да им дадат помош на осудените лица, бидејќи тоа е есенцијален услов за остварување на процесот на ресоцијализација.

Третата глава (стр.402-410) носи наслов „Кратките казни по донесувањето на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната“. Во оваа глава, кандидатката дава приказ на движењето на бројот на осудени лица пред и по донесувањето на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, дава детална анализа на судската практика на основните судови во РМ и Апелационен суд Скопје (во периодот од 2015-2016) по донесувањето на Законот. Тука, м-р Мујоска Трпевска заклучува дека со донесувањето на ЗОВОВК се загрозува независноста и самостојноста на судскиот систем. Решенијата што произлегуваат од овој Закон се рефлектираат врз одлучувањето на судијата во казненоправните предмети, што претставува сериозно нарушување на начелото на слободно судско уверување во изборот и индивидуализацијата на санкцијата.

8. Во последниот, осми дел од докторската дисертација се содржани и елаборирани заклучните согледувања и препораки de lege ferenda (стр. 410-421), каде што кандидатката ги сумира заклучоците до кои е дојдено при проучување на прашањата изложени во тезата, критички се осврнува врз определени решенија, а воедно и предлага и формулира препораки по однос на изложените проблеми.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа прегледот на цитираната и консултираната домашна и странска литература (стр. i-xxv).

## II.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА САНКЦИИ, поднесена од кандидатката м-р ЕЛЕНА МУЈОСКА ТРПЕВСКА, претставува оригинален научен труд изготвен

согласно со сите критериуми за една докторска дисертација. Кандидатката успешно обработува една актуелна, но Ѝ многу комплексна и сериозна тема на која во Република Македонија и во регионот не и е посветено соодветно внимание.

Во методолошка смисла, дисертацијата е поставена врз јасно дефинирани хипотези и цели на истражувањето, како и соодветна методологија и истражувачка техника сообразена со поставените цели. Теоретскиот дел, во кој се експлорирани владејачките догматско-правни гледишта, како и современите тенденции во казненоправната мисла што преферираат избегнување на кратките казни затвор како непогодни за остварување на превентивните и репресивните цели на казнувањето, е придружен со продлабочена анализа на меѓународните документи и на странските законодавства кои одат на линија на тие тенденции.

Посебно значење за македонската казненоправна мисла, законодавство и судска практика има елаборацијата на кандидатката на проблемите со кои се судира доследното спроведување на концепцијата за избегнување на кратките казни во нашиот казненоправен систем. Проблемот со овие казни, во кој кандидатката завлегува, не е инхерентно поврзан само со нивната природа, непогодна за остварување на целите на казнувањето, туку со нејзиното лоцирање во целокупниот казнен систем, судска и пенитенцијарна практика. Нашето казнено право е во постојана реформа, во која поради посебноста на нејзиниот општествено-политичкиот контекст се мешаат различни концепции, изразени низ честопати контрадикторни легислативни решенија. Од една страна, доследно придржувајќи се за меѓународните конвенции и други документи за човековите права и за статусот и правата на осудените лица, во нашето законодавство е изразена една прогресивна линија на хуманизација на пеналниот систем и на поблаг казнен третман, особено на првопрестапници. Таа е основа за воведувањето на алтернативните мерки, кои се замислени токму како замена на кратките казни лишување од слобода и избегнување на карцерален третман на полесните делинквенти. Но од друга страна, и по повеќе години од нивното пропишување во македонскиот КЗ, несоздавањето на услови за нивна примена и отсуството на такви санкции во нашата судска практика не може да биде доказ за ништо друго, освен за неподготвеност и негативен однос кон нив како иновација која значи инклинирање од тврдиот репресивен став на законодавецот и на судската практика кон третманот на сторителите на полесни дела.

Оваа теза, која кандидатката ја образложува низ анализата на судската практика во примената на алтернативните мерки, ги разоткрива основните

проблеми со кои се соочува нашиот систем на казнена правда, во кој наспроти линијата на диференцијација на казнените дела и нивните сторители и „бифуркација"- алтернативни мерки за првопрестапници, казни затвор и построго казнување за повратници и сторители на потешки дела, останува владејачка идејата на репресија и строго казнување на сторителите на казнените дела. Таа не е видлива само на подрачјето на казненото право, во кое со честите измени на КЗ доаѓа до заострување на казните со подигање на казнените рамки за предвидените дела, туку и на подрачјето на прекршоците, што се претвора во вистинско подрачје на дивеење на државната репресија, и, за жал, во казнената постапка во која притворот и другите мерки на ограничување на слободата и правата на обвинетиот се претвораат во казнени мерки.

Во такви услови на неконзистентност на криминалната политика и постоење тенденции за јакнење на нејзината репресивна димензија, нема премногу простор за оживотворување на заложбите за избегнување на кратките казни лишување од слобода кои, според основната теза на кандидатката, не влијаат врз ефикасното сузбивање на криминалитетот во Република Македонија, а нивната честа примена не само што не ја намалува стапката на криминалот туку има повеќекратни штетни последици во однос на осудените лица, сведувајќи се на нивен пасивен престој во услови на преполнети затворски институции.

Во отсуство на соодветни легислативни решенија, на кои посочува кандидатката во компаративното истражување, судската практика има малку простор да ги послуша стојалиштата на казненоправната мисла. Таа не обезбеди усогласеност на стојалиштата на судовите за критериумите под кои судот би требало да изрече некоја друга санкција, наместо кратка казна лишување од слобода до шест месеци. Нејзините можности да формулира конзистентна казнена политика врз основа на својата независност и слобода во толкувањето и примената на законите, денес се, според истражувањето на кандидатката, уште повеќе стеснети со донесувањето на неисправниот Закон за изборот и одмерување на казните, кој има далекусежни штетни последици во нашиот казненоправен систем. Тој закон, како и одредени измени во КЗ (за ублажување на казната), е мотивиран со еднострначиво посматраниот интерес за подигање на ефикасноста на казнената правда, што во еден таков сложен систем, каков што е казненото право кое има поливалентни функции, претставува флагрантно инклинирање од современите тенденции на неговиот развој како казнено право на демократска правна држава.

Во емпириското истражување се потврдени основните хипотези, а аргументите против примената на кратките казни лишување од слобода се

поткрепени со егзактни наоди за условите во казненопоправните установи и положбата на лицата осудени на такви казни, што сè заедно го потврдува заклучокот дека нивното извршување е подредено единствено на ретрибутивната функција на казнувањето.

Заклучните согледувања и препораки de lege ferenda се логичен резултат на аргументацијата развиена како основа за проверка на почетните хипотези и се формулирани на начин со кој може да се влијае врз ставовите на нашиот законодавец и судската и пенитенцијарната практика, се разбира, како што која било теза од областа на општествените науки може научните заложби на докторандот да ги претвори во рационален налог за нејзините адресати и да влијае врз развојот на научната мисла.

## III.

## Заклучок и предлог

Имајќи го предвид понапред изнесеното, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и со задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му предлага да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на м-р ЕЛЕНА МУЈОСКА ТРПЕВСКА под наслов КРАТКИТЕ КАЗНИ ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА ВО МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА САНКЦИИ.

**Комисија за оцена и одбрана**

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски, с.р.
3. Проф. д-р Методија Каневчев, с.р.
4. Проф. д-р Никола Тупанчески, с.р.
5. Проф. д-р Гордана Бужаровска , с.р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 21.10.2016

| Кандидат | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Комисија | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Срѓан Алексиќ | „Притворот во римското и современото право“ | „Detention in the Roman and Contemporary Law" | 1. проф. д-р Владо Бучковски (ментор),<br>2. проф. д-р Никола Тупанчески, и<br>3. проф. д-р Гордана Бужаровска | 21.10.2016 | 02-1029/203 |
| м-р Наташа Тодоровска | „Казнено-правен статус на заштитените сведоци во борбата со тешките форми на криминалитет“ | „Protected Witnesses’ Criminal Law Status Regarding the Fight Against Severe Crimes" | 1. акад. проф. д-р ВладоКамбовски (ментор),<br>2. проф. д-р Гордана Бужаровска, и<br>3. проф. д-р Никола Тупанчески | 21.10.2016 | 02-1029/204 |
| м-р Димитри Чапканов | „Информациското општество и трговските марки во компаративното право“ | „Information Society and Trademark in Comparative Law" | 1. проф. д-р Владо Бучковски,<br>2. проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ (ментор), и<br>3. проф. д-р Гоце Наумовски | 21.10.2016 | 02-1029/202 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| м-р Љупчо Стојковски | „Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на Одговорноста да се заштити“ | „United Nations Security Council Reform in the Age of "Responsibility to Protect" | 1. проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски,<br>2. проф. д-р Сашо Георгиевски (ментор), и<br>3. проф. д-р Татјана Петрушевска | 21.10.2016 | 02-1029/201 |
| м-р Ментор Лецај | „Режимот на глобалната нуклеарна непролиферација меѓународните правни аспекти и дипломатските средства за реавање на меѓународните спорови: Случајот на науклеарната програма на Северна Кореа“ | „ The Global Nonproliferation Regime International Aspects and Diplomatic Means of Resolving International Disputes: Case of North Korea's Nuclear Program“ | 1. проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски (ментор),<br>2. проф. д-р Сашо Георгиевски, и<br>3. проф. д-р Елена Михалова з | 21.10.2016 | 02-1029/216 |
| м-р Александар Стојков | „Развојни тенденции на европскиот патантен систем и европското патентно право“ | „ Developing Tendencies of The European Patent System and the European Patent Law “ | 1. проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска (ментор),<br>2. проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, и<br>3. проф. д-р Владо Бучковски | 21.10.2016 | 02-1029/200 |
| м-р Нада Донева | „Трговијата со луѓе со посебен осврт на внатрешната трговија со луѓе | „ Human Trafficking with Specific Aspect to Human Trafficking | 1. проф. д-р Мирјана Поленак- | 21.10.2016 | 02-1029/199 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во Република Македонија“ | within Republic of Macedonia “ | Аќимовска (ментор),<br><br>2. проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, и<br><br>3. проф. д-р Владо Бучковски | | |

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 27.10.2016 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Радмила Трајковска | Анализа на машините и процесите за транспорт и претовар | Analysis of machines and processes for transport and reloading | Проф. д-р Јанко Јанчевски | 02-2310/2 27.10.2016 год. |
| 2. | Ѓурѓица Мечева | Анализа на модели за оптимизација на трошоците при управување со залихите | Analysis of the Models for Cost Optimization in Inventory Management | Проф. д-р Валентина Гечевска | 02-2314/2 27.10.2016 год. |
| 3. | Игор Козаровски | Моделирање и управување на робот манипулатор со фаќач | Modeling and control of robot manipulator with gripper | Проф. д-р Иван Мицкоски | 02-2313/2 27.10.2016 год. |
| 4. | Митко Кинов | Естимација на позицијата на центарот на гравитација на системот квадротор летало со роботска рака | Estimation of the Center of Gravity Position of the System Quadrotor with Robotic Arm | Проф. д-р Атанаско Тунески | 02-2296/2 27.10.2016 год. |
| 5. | Ана Велкова | Иновативен пристап во решавањето на ергономскиот проблем – прилагодување на големината на производите | An innovative approach to solving the ergonomic problem – products' size adjustment | Проф. д-р Софија Сидоренко | 02-2292/2 27.10.2016 год. |
| 6. | Игор Стефановски | Моделирање на приближно нулти енергетски објект | Modeling of nearly zero energy building | Проф. д-р Доне Ташевски | 02-1615/2 27.10.2016 год. |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**

**21-10-2016**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** | **Датум** | **Одлука број** |
|---|---|---|---|---|
| Елена Грижева | Историско-правен развој на институтот развод на брак (историска и компаративна анализа) (Historical and Legal Development of the Institute Marriage Divorce (Historical and Comparative Analysis) | доц. д-р Иванка Додовска | 21.10.2016 | 02-1029 /133 |
| Јосип Гргас | Создавањето на израелската држава (историски преглед на државно-правниот развој) (Establishing of the State of israel (Historical Overview of the State and Legal Development) | доц. д-р Иванка Додовска | 21.10.2016 | 02-1029/134 |
| Вероника Начевска | Правото на образование во дигиталната ера (The right to education in digital era) | доц. д-р Јелена Трајковска Христовска | 21.10.2016 | 02-1029/135 |
| Валерија Крстеска | Мерки на помош и заштита на децата во ризик во постапувањето на Центарот за социјални работи во Прилеп (Assistance and Support to the Chiuldren in Risk, trough the Social Welfare Center's Activities in Prilep) | проф. д-р Гордана Бужаровска | 21.10.2016 | 02-1029 /136 |
| Вида Матушко | Користењето на дигиталните докази во казнената постапка (Digital Evidence's Use in the Criminal Procedure) | доц. д-р Драги Рашковски | 21.10.2016 | 02-1029 /137 |
| Радмила Рафајловска | Заштитата направото на живот низ кривичните постапки по предметите на Основниот суд Тетово за периодот од 2011-2015 година (Protection of the Right to Live within the Criminal Procedures Commenced at Basic Court Tetovo in the Period of 2011-2015) | доц. д-р Јелена Трајковска Христовска | 21.10.2016 | 02-1029/138 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Еркан Абази | Современи тенденции во сузбивањето на малолетничката делинквенција (Contemporary Trends in the Fight Against Juvenile Delinquency) | проф. д-р Никола Тупанчески | 21.10.2016 | 02-1029 /139 |
| Сандра Здравковска | Сообраќајна деликвенција и пешаците како најранлива категорија на учесници во патниот сообраќај (Traffic Delinquency and the Pedestrians as the Most Vulnerabile Cathegory of the Road Traffic) | проф. д-р Гордана Бужаровска | 21.10.2016 | 02-1029/140 |
| Моника Ристова | Правни мерки за спречување на корупцијата во државната управа (Legal Measures for Fight Against the Corruption within the State Bodies) | проф. д-р Ана Павловска Данева | 21.10.2016 | 02-1029 /141 |
| Мурат Асановски | Докажувањето во казнената постапка, со посебен осврт на сведокот како доказно средство (Evidences in the Criminal Procedure, with Specific Attention to the Witnesses) | доц.д-р Дивна Илиќ Димоски | 21.10.2016 | 02-1029 /142 |
| Христијан Божиновски | Кривични дела поврзани со банкарството (Banking Related Crimes) | доц.д-р Јован Зафироски | 21.10.2016 | 02-1029/143 |
| Ивана Веловиќ | Принципот на пропорционалност во европското право (Proportionality in European Law) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 21.10.2016 | 02-1029/144 |
| Магдалена Костеска | Основање на акционерско друштво и улогата на статутот како основачки акт (Formation of Public Companies Limited by Shares and Articles of Association as a Constitutive Act) | проф.д-р Каролина Ристова-Астеруд | 21.10.2016 | 02-1029145 |
| Дарко Мицевски | Европски решенија за електронската регистрација на трговците – на нивните видови и престанокот (European Solutions for Electronic registration of Merchants – Their Types and Termination of Status) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029 /146 |
| Христина Мицевска | Поведување на стечајната постапка (Commencement of Insolvency Proceeding) | проф.д-р Каролина Ристова-Астеруд | 21.10.2016 | 02-1029/147 |
| Андријана Атанасова | Даноци и даночно затајување (Tax and Tax Evasion) | проф.д-р Весна Пендовска | 21.10.2016 | 02-1029 /148 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Васка Бојаџи | Значење на длабинската правна анализа во постапките за спојување, присоединување и пренос на удел (Significance of Legal Due Diligence Reports in respect of Mergers and Transfer of Shares) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029/149 |
| Викторија Гонтарева | Европски решенија за различните видови правни извештаи кај претпријатијата (European Solutions for Different Legal Reports and Commercial Companies) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029/150 |
| Билјана Апостолоска | Меѓународни и европски правила за оперативниот ризик и корпоративното управување на финансиските институции, со посебен осврт на банките (International and European Rules for Operational Risk and Corporate Governance of Financial Institutions, especially in respect of Credit Institutions) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029 /151 |
| Драгица Бошковска | Специјализациитте и суспецијализациите како право од работен однос на здравствените работници (Specializations and sub-specializations as rights of employment of the health care employees) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 21.10.2016 | 02-1029 /152 |
| Дамјан Стојановски | Правно уредување на обновливите извори на енергија (Legal Regulation of Renewable Energy) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029 /153 |
| Душанка Кирова | Царинскиот систем на Република Македонија и забележаните злоупотреби во периодот 2010-2015 година (Customs of the Republic of Macedonia and Noticed Abuses in the Period 2010-2015) | проф.д-р Весна Пендовска | 21.10.2016 | 02-1029/154 |
| Мартина Димиќ | Инвестиции и економски развој на Република Македонија со посебен осврт на странски директни инвестиции (Investments and the economic development of Republic of Macedonia with focus on Foreign Direct Investments) | проф.д-р Ненад Марковиќ | 21.10.2016 | 02-1029/155 |
| Бесиана Џафери | Влијанието на римскиот концепт на законско наследување на современото | проф.д-р Владо Бучковски | 21.10.2016 | 02-1029/156 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | право (The influence of the Roman concept of legal succession on modern law) | | | |
| Моника Костадиноска | Европска директива за управителите на алтернативните инвестициони фондови (Alternative Investment Fund Managers Directive) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029 /157 |
| Бојана Бабановска | Европски ивештај кај осигурувањето на моторни возила (European Report in Motor Vehicle Insurance) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 21.10.2016 | 02-1029/158 |
| Ана Алачки | Корисници на правото на биомедицинско потпомогнато оплодување (Beneficiaries of the Right to Access to Bio-medically Assisted Procreation) | проф.д-р Дејан Мицковиќ | 21.10.2016 | 02-1029 /159 |
| Александар Забазноски | Права и обврски на примателот на франшиза во домашното и споредбеното право (Rights and obligations of the franchisee in domestic and comparative law) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029/160 |
| Маријана Станинова | Видови надомест за штета при повреда на договорот за продажба во домашното, меѓународното и европското договорно право (Types of Damages Available for Breach of a Sales Contract under Domestic, International and European Contract Law) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029 /161 |
| Кристина Милушева | Обврски на закуподавачот од договорот за закуп во македонското и споредбеното право (Obligations of the lessor in lease contracts in Macedonian and comparative law) | доц д-р. Ненад Гавриловиќ | 21.10.2016 | 02-1029 /162 |
| Александар Радески | Договор за купопродажба на идна ствар (Contract for the sale of a future thing) | Проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029/163 |
| Светлана Стефановска | Стекнување без основ во позитивното право и практика во Република Македонија (Unjust enrichment in Macedonian law and practice) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029 /164 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Марија Николовска | Арбитражно решавање на споровите од деловните односи со посебен осврт на состојбите и перспективите во Република Македонија (Arbitrating Disputes Arising from Business Relationships with Special Emphasis on the Situation and Perspectives in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Татјана Зороска-Камиловска | 21.10.2016 | 02-1029 /165 |
| Илија Илијовски | Правниот режим и улогата на единиците на локалната самоуправа во планирањето и уредувањето на просторот (Legal Regime and the Role of Municipalities in Zoning Regulation) | проф.д-р Родна Живковска | 21.10.2016 | 02-1029 /166 |
| Кирил Талески | Надомест на штета при повреда на конкуренцијата (Compensation of damages in cases of breach of competition law rules) | проф.д-р Јадранка Дабовиќ – Анастасовска | 21.10.2016 | 02-1029 /167 |
| Александар Петковски | Ефикасност во работењето на Агенцијата за управување со конфискуван имот на Република Македонија (Agency for Management of the Confiscated Assets' Work Performance in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Ана Павловска Данева | 21.10.2016 | 02-1029 /168 |
| Маја Милошовска | Жените како жртви на трговијата со луѓе во Република Македонија (Women as victims of the Trafficking in Human Beings in Republic of Macedonia) | проф.д-р Каролина Ристова - Астеруд | 21.10.2016 | 02-1029 /169 |
| Маринела Спасовска | Постапка со притвореници во Република Македонија (Detainees' Treatment in Republic of Macedonia) | доц. д-р Дивна Илиќ Димоски | 21.10.2016 | 02-1029 /170 |
| Ристо Тасев | Револуција во управувањето во јавниот сектор преку мрежи и мрежни модели" (Public Sector Management Revolution through Network and Network Models) | проф.д-р Ненад Марковиќ | 21.10.2016 | 02-1029 /171 |
| Дијана Ѓоргиева | Правата на филмските продуценти во домашното и споредбеното право (The rights of film producers in domestic and comparative law) | доц.д-р Ненад Гавриловиќ | 21.10.2016 | 02-1029 /172 |
| Марин Миленкоски | Релативни причини за одбивање на трговска марка по правото на Европската | проф.д-р Гоце Наумовски | 21.10.2016 | 02-1029 /173 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | унија (Relative grounds for refusal of trademark in the European Union law) | | | |
| Андреја Манојловски | Protection of 3D Trademarks in Comparative Law (Заштита на 3D трговски марки во компаративното право) | проф.д-р Гоце Наумовски | 21.10.2016 | 02-1029 /174 |
| Ѓорѓи Георгиевски | Дигитализација на културното наследство (Digitization of cultural heritage) | доц.д-р Драги Рашковски | 21.10.2016 | 02-1029 /175 |
| Ристе Мацески | Определување на меродавно право за вондоговорна одговорност за повреда на права на интелектуална сопственост во меѓународното приватно право на Европската унија (Determination of competent law for non-contractual liability for infringement of intellectual property rights in private international law of the European Union) | проф.д-р Тони Дескоски | 21.10.2016 | 02-1029 /176 |
| Давид Данаилов | Конституционализмот и предизвиците за човековите права по 11 септември - некои компаративни искуства (Constitutionalism and Challenges for the Human Rights 11 september - Some Comparative Experiences) | проф.д-р Гордана Силјановска Давкова | 21.10.2016 | 02-1029 /177 |
| Дамјан Костовски | Слободата на изразување и ангажираниот театар (The Freedom of Expression and the Engaged Theater) | проф.д-р Марика Ристовска | 21.10.2016 | 02-1029 /178 |
| Ивана Смугреска | Компаративна анализа на управното судство во Франција, Германија, Велика Британија и Хрватска (Comparative Analysis of Administrative Judiciary in France, Germany, Great Britain and Croatia) | проф.д-р Ана Павловска Данева | 21.10.2016 | 02-1029 /179 |
| Ванче Камчев | Улогата и влијанието на корпоративните одбори во постапките на спојување и присоединување на трговските друштва (The Role anf influence of corporate boards in procedures of mergers and acquisitions of corporations) | проф.д-р Александар Климовски | 21.10.2016 | 02-1029 /180 |
| Кристина Митровска | Нов Јавен менаџмент наспроти Нео-Веберовата Држава (New Public management in relation with the New-Weber State) | доц.д-р Драган Гоцевски | 21.10.2016 | 02-1029 /181 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јован Цветановски | Односите помеѓу органите на управување во корпорациите и нивните одговорности (Relation between corporate boards and their responsibilities) | проф.д-р Александар Климовски | 21.10.2016 | 02-1029 /182 |
| Андреа Милковска | Анализа на регулативата за остварување на правата на менаџерите во Европската унија и Република Македонија (Analysis of the regulation for the realization of rights of managers in the European Union and the Republic of Macedonia) | проф.д-р Борче Давитковски | 21.10.2016 | 02-1029 /183 |
| Кристина Троковска | Мобилното банкарство во Европската Унија (Mobil Banking in EU) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 21.10.2016 | 02-1029 /184 |
| Маријана Петрушевска | Усогласеноста на правната рамка на јавниот долг на Република Македонија со прописите на Европска Унија (Compatibility of the Macedonian Legal Framework Regulating the Public Debt with the EU rules) | доц.д-р Јован Зафироски | 21.10.2016 | 02-1029 /185 |
| Ирфан Хасани | Исламско банкарство и компаративна анализа со конвенционалното банкарство (Islamic Banking and Comparative Analysis with Conventional Banking) | доц.д-р Јован Зафироски | 21.10.2016 | 02-1029 /186 |
| Ивана Митевска | Примена на инструментите на ЕВРОПОЛ во Република Македонија (The implementation of EUROPOL instruments in the Republic of Macedonia) | проф.д-р Татјана Петрушевска | 21.10.2016 | 02-1029 /187 |
| Маја Ѓорѓиевска | Курдското прашање (The Kurdish Question) | доц.д-р Иванка Додовска | 21.10.2016 | 02-1029 /188 |
| Валентина Таневска | Европско друштво (European Company) | проф.д-р Сашо Георгиевски | 21.10.2016 | 02-1029 /189 |

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПРЕДИЗВИЦИ – МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ И ГЕОРАЗУЗНАВАЊЕ“ ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р АЛЕКСАНДАР ПЕТРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 30.9.2016 година, со Одлука број 02-2310/9 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПРЕДИЗВИЦИ - МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ И ГЕОРАЗУЗНАВАЊЕ поднесена од кандидатот Александар Петровски, магистер по географски науки, асистент на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” во Скопје. Комисијата во состав: проф. д-р Благоја Маркоски (ментор), проф. д-р Ристо Мијалов (претседател), проф. д-р Ивица Милевски (член), проф. д-р Митко Богдановски (член) и доц. д-р Свемир Горин (член) ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и до Стручниот совет на институтот за географија и Наставно-научниот совет на Природно - математичкиот факултет го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски со наслов ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПРЕДИЗВИЦИ - МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ И ГЕОРАЗУЗНАВАЊЕ содржи 200 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12. Текстуалниот дел е проследен со 48 фусноти, 8 табеларни прикази, 75 сликовни и шематски прикази. При изработката на докторската дисертација се користени 105 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 13 глави, систематизирани во поголем број точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првиот дел**, со наслов **Вовед**, кандидатот, зборува за технологиите на брза размена на информациите во глобалното општествено живеење. Во таа смисла се надоврзува на новите географско информатички технологии и нивната интеграција која се имплементира преку техниките и технологиите на Географските Информациски Системи (ГИС). Во контекст на поставената проблематика се потенцира потребата од организација и воспоставување на ГИС во современите геопредизвици, како научна методологија и технологија која овозможува брзи и сеопфатни анализи на географскиот простор и случувањата од аспект на менаџирањето со кризи, закани и геоaccess.

Во оваа дисертација е потенцирана потребата од организација и воспоставување на ваков систем во рамките на одбраната и помош во справувањето со разни вонредни ситуации.

Во **вториот дел** насловен како **Цел на истражувањето** се укажува на придобивките од воспоставувањето и имплементацијата на ваков систем во Република Македонија. Во тој контекст се потенцирани следниве поважни цели: зголемување на ресурсите и знаењата за управување со кризи, поголема опфатност на итните повици од страна на тимовите за брза реакција, навремена реакција на тимовите при итни случаи, 24-часовна контрола (мониторинг) на состојбата на државно ниво, можност за испраќање на најразлични известувања до сите тимови, автоматска трансмисија на податоците од теренот до тимовите за реакција и реверзибилност, зголемување на флексибилноста при собирањето на податоци од теренот.

Во **третиот дел** се потенцирани применетите м**етоди** во процесот на истражувачката постапка, така што се применети: географски, картографски, социолошки, правно-политички, методи на анализа, синтеза и метод на континуирано набљудување и проучување на ситуацијата. Наведените методи се соодветно избрани и применети во контекст на наведениот проблем.

Во делот **Истражувачки постапки** е разгледан проблемот на ефективноста на еден ГИС - ориентиран систем во сферата на справување со современите геопредизвици. Додатно се зборува за процедурата на работа и постапки за непосредната организација на ваков систем.

Во **петтиот дел** насловен како **Географски информациски систем, поим, структура и примена** се зборува за поимот, предметот на проучување, структурата, значењето и примената на географските информациски системи во геосферата, социосферата, техносферата и наткатегоријалните склопови, а во тој контекст и во сферата на современите геопредизвици, кризи, ризици, георазузнавање итн.

Поконкретно се потенцирани базичните функции на географските информациски системи од типот на аквизиција на податоци, едитирање, структурирање, процесирање, анализа и публикација на излезните податоци. Целокупната проблематика е појаснета и од аспект на елементите на ГИС во смисла на картографска подготовка, формирање на бази на податоци, интеракциски врски и функционалноста на системот.

**Шестиот дел** насловен како **Дефинирање на поими** соодветно на насловот на докторската дисертација е воспоставен со цел поконкретно и подетално запознавање со поимите геопредизвици и кризи, ризици и закани со нивните пропратни поими, фактори и модели. Поимот криза воопштено е дефиниран како состојба на нестабилност (во економија, во политика, во меѓународни односи, воени состојби, природни непогоди и т.н.).

Обработени се фазите на кризата, анатомијата на кризата, факторите за проценка (структурни, динамички и факторите на откочување на ситуацијата). Во контекст на кризата се разработени и низа на модели за рано предупредување.

Во контекст на посоодветно постапување е разјаснет и поимот и функцијата на кризен менаџмент, неговите постапки и улога во разрешувањето на кризните ситуации и ризици со кои се соочува општествената заедница. Во таа смисла се појаснети и постапките во врска со планирањето и управувањето со кризата кое опфаќа координација, превенција со рано предупредување, јасни инструкции, процена на последиците, континуирана активност за време на кризата и по завршување на кризата. Во контекст на посоодветно решавање на кризните ситуации се зборува и за процесот управување и командување со кризната ситуација, стратегиите за справување со кризите како елементи кои треба да бидат земени предвид при организацијата и воспоставувањето на ГИС во сферата на геопредизвиците.

Во продолжение во **седмото поглавје** насловено како **Ризици и закани** се дефинирани поимите ризик и закани, кадешто ризиците се дефинираат како веројатност дека поединецот ќе биде изложен на опасност, а заканите се дефинираат како опасност за која постои висока веројатност дека ќе се случи настан кој ќе предизвика последици. Бидејќи и двата поима претпоставуваат опасност од несакани настани, во продолжение е посветено внимание на проблемот менаџирање на ризиците и кризите со согледување на целите, фазите и техниките за менаџирање на ризиците и заканите. Опфатен е и проблемот на менаџирање на итни ситуации кај ризиците и заканите. Согледувајќи ја

комплексноста на проблемот кандидатот предлага нови техничко-технолошки пристапи кои можат (под претпоставка дека се добро организирани и со соодветни информации пополнети) побрзо и аналитички посеопфатно да насочат одговори за посоодветно менаџирање на ризиците и заканите. Станува збор за технологиите на географските информациски системи кои со својот опфат на просторни (картографски) и алфанумерички податоци претставуваат моќна алатка во функција на менаџирањето на кризи, ризици и закани. Постапката на ГИС - анализите овозможува целосно согледување на критичната инфраструктура, потенцијалните закани и реакцијата според дадената ситуација.

Во **осмиот дел** насловен како **Современо геразузнавање** се обработени поимот, значењето и основните одлики на геоезузнавањето, разузнавачкиот циклус, стратегиските компоненти во геоезузнавањето и ГИС во функција на современото геоезузнавање. Потенцирана е важноста на геоезузнавањето како многу важна компонента за операциите кои следат. Разгледани се стратегиското, оперативното и тактичкото ниво на геоезузнавањето. Во продолжение е посветено внимание на разузнавачкиот циклус на собирање, обработка, анализа и доставување на информацијата. Стратегиските разузнавачки компоненти опфаќаат разузнавање на биографијата, економијата, научните и технолошки достигнувања, транспортот и телекомуникациите, воената географија со примена на ГИС, вооружувањето на воените сили, политичкиот систем и социолошките аспекти. Поднасловот ГИС во функција на современото геоезузнавање претпоставува обезбедување на современи топографски карти како основа за запознавање на теренот со сите природни и создадени компоненти и бази на податоци поврзани со објектите во просторот, така што се овозможени услови за преглед и генерирање анализи за процеот на геоезузнавање и фактичката ситуација на теренот. Во тој контекст се поставени и процесите на соодветно командување (команден систем, команден процес и контрола на борбените дејства).

**Деветтото поглавје,** под наслов **Меѓународни и регионални организации и тела за управување со кризи, ризици, закани и геоезузнавање,** ги опфаќа безбедносните агенди, односно агендите на ризици и закани на Организацијата на Обединетите нации (ООН), Европската унија (ЕУ), Организацијата за европска безбедност и соработка (ОБСЕ) и Северно–атлантската алијанса (НАТО).

Кризниот менаџмент на ООН го обработува системот за кризен менаџмент кој се состои од: Генералното собрание; Советот за безбедност; Економско-социјалниот совет; Старателскиот совет; Меѓународниот суд на правдата и Секретаријатот. Овие тела се грижат за економски и социјални закани кои вклучуваат сиромаштија, инфективни болести и деградација на природната средина; меѓународни конфликти; внатрешни конфликти, вклучувајќи цивилни војни, геноцид и други облици на насилство; нуклеарно, радиолошко, хемиско и биолошко оружје; тероризам; транснационален организиран криминал и др. Во контекст на вака обемен систем, технологиите на географските информациски системи станаа една од основните алатки за следење и анализа на состојбите во светот. Така во рамки на ООН, поточно Советот за безбедност поседува посебен концепт за геооперации кој содржи ГИС -центар и посебен картографски оддел (проекти за демаркација на границите, геоподдршка, геооперации, ГИС -центар и ГИС- мисии).

Во врска со европскиот кризен менаџмент се разгледани потребите од неговото постоење. Наведени се органите и телата на ЕУ (Советот на Европа, Советот на министри, Генералниот секретаријат, Парламентарното собрание и Воениот комитет). Во рамките на нив а за потреби на проучувањето презентирани се воениот кризен менаџмент, цивилниот кризен менаџмент и фазите за управување со кризи во и околу ЕУ. Разгледани

се и заканите по безбедносната стратегија на ЕУ. Во функција на поефикасно решавање на комплексниот проблем на безбедност во ЕУ исто така се користат техниките и технологиите на географските информациски системи.

Во ова поглавје е опфатена и Организацијата за европска безбедност и соработка (ОБСЕ), и во врска со неа се прикажани потребата од постоењето на кризниот менаџмент на ОБСЕ, активностите, предизвиците во 21 век и ГИС во функција на дејствувањето на ОБСЕ.

Како посебна организација која исто така ги има во функција техниките и технологиите на географските информациски системи е организацијата на НАТО со сите придружни организациски, раководни и командни структури и активности.

Во посебен поднаслов се обработени регионалните кризни жаришта во светот, кои се и картографски презентирани.

Во функција на поставениот проблем е обработена и геополитичката положба и проценка на загрозеност на Република Македонија и е констатирано дека во многу ситуации нејзината територија била центар на воени случувања. Тоа сознание е неминовно во претпоставката за појава на кризи, така што соодветно на примената на ГИС- техниките и технологиите за справување со кризи, ризици и геоaccess разузнавање во другите поголеми организации и држави се укажува на потребата од воспоставување на вакви системи и во одбраната на Република Македонија.

Во **десеттото поглавје** со наслов **ГИС во функција на современите геопредизвици** е појаснета и потенцирана можноста што ГИС ја обезбедуваат преку серија картографски прикази и бази на податоци од различни информации кои низ технологиите на интегралност овозможуваат брзи и сеопфатни анализи и податоци.

Имајќи ја предвид моќта на географските информациски системи, во **единаесеттото поглавје** насловено како **Информациски модели** се зборува за потребата од организација и воспоставување на ГИС-центар за геопредизвици на национално ниво. Овој ГИС-центар треба да ги интегрира институциите кои се директно и индиректно поврзани со геопредизвиците. Во тој контекст се посочени Агенцијата за разузнавање, ЦУК и ДЗС, ППС, Министерството за правда, АРМ и МВР, Министерството за здравство и други. Конфигурацијата на платформата треба да ги има предвид планирањето и анализа на состојбата, логистиката, командувањето, операциите, теренските активности и ГИС-центарот за операции. ГИС-центарот во себе вклучува идентификација и картирање на вредностите и средствата, потреби за ранливите категории, картирање на закани и опасности, технолошки непогоди и критична инфраструктура, строго насочени напади и опасности, историски ризици, собирање разузнавачки информации и евентуални други содржини. Наведените елементи треба да се картографираат во серија на леери кои ќе се користат во основата на ГИС.

Над платформата на ГИС се надоврзува картографската и алфанумеричка база на податоци од кои може да се добијат податоци за состојбата со ресурсите, безбедносните ставови, патната поддршка, како и планирањето на евентуални инциденти.

Во ГИС-системот се препорачани и разни безбедносни протоколи преку кои мора да има сигурност на информациите и податоците кои се добиваат од системот. Се предвидуваат и фузирани центри за екстерна комуникација во МВР и АРМ, ППЗ, ДЗС-ЦУК и брзата помош со можност за интернет-врска со Национален центар за геопредизвици, поддржано со веб- карти.

Разработени се и прегледи на симулација на системот, политика на доверба, пристап до базите на податоци, инфраструктурно управување и набљудување, непосредно управување со мрежниот систем и серверите (еластичност, виртуелни услуги, пресметани услуги, базни услуги, оптимизирани услуги на пренос на информации, мобилни и локациски услуги, унифицирано менаџирање со мрежата, ИД -услуги, унифициран систем за комуникациски услуги, применливи мрежни услуги, безбедносни услуги, национална мрежа, команден центар, далечинска контрола, сили за интервенција, улога на межусебната соработка, мобилни сили за брз одговор, селектирање на технологија и други можности).

Во концептот е обработена и евалуацијата на предложениот модел и стремежот кон воспоставените концепти како што се: концептот INSPIRE, проектот INDIGO-интерактивен симулациски систем за управување со кризии интерактивни кризни обуки, георефренцирањето согласно со ETRS 89 и Организацијата ISCRAM – составена од научници, студенти, истражувачи и практиканти кои се занимаваат со можноста за апликација на информационите системи за кризен менаџмент и одговор на светско ниво.

Во **заклучните согледувања**, кандидатот констатира дека националниот ГИС - центар за геопредизвици ќе работи во служба на националната безбедност и кризниот менаџмент на сите нивоа преку заштитата на критичната инфраструктура, здравјето и доброто на секој граѓанин на РМ и поволно ќе влијае на стабилноста на економијата.

Платформата за национален ГИС-центар за геопредизвици им овозможува на сите институции брзо да изградат сопствена инфраструктура која ќе понуди можности за подобрување на националната безбедност и унифицирана комуникација меѓу институциите. Постоењето на еден ваков ГИС-центар за геопредизвици е секогаш чекор пред настаните бидејќи нуди едноставни решенија на толку комплексни ситуации кои можат да се случат било каде, а да имаат регионално и глобално влијание.

Во поглавјето **Литература** се наброени 105 референци, од кои поголемиот дел се однесуваат на трудови од оригинална научна литература, но и официјални линкови кадешто оваа проблематика е воспоставена и се практикува, така што сето тоа укажува на широкото познавање на областа од страна на кандидатот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски, со наслов ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПРЕДИЗВИЦИ - МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ И ГЕОРАЗУЗНАВАЊЕ, претставува интегрално истражување во областа на воено-географската наука и одбранбените системи каде поопстојно се обработува проблемот на кризи, ризици и закани и георазузнавањето. Со применетата методологија, кандидатот во истражувањето поставува за цел изнаоѓање на поквалитетни можности за побрзо и валидно постапување во услови на кризи, ризици и навремено георазузнавање на потенцијалните кризни ситуации. Оваа проблематика е релативно нова, но согледувајќи ги нејзините предности во помоќните одбранбени системи постепено се воспоставува, така што за да не се заостанува во овој техничко-технолошки домен, кандидатот поставува концепт на платформа за организација и воспоставување на географски информациски систем во функција на современите геопредизвици. Тоа значи и во Република Македонија (покрај сепаратни и за други намени воспоставени ГИС-системи) да се организира интегрален национален ГИС-систем во функција на одбраната во кој ќе бидат вклучени сите надлежни и релевантни институции. Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски, со наслов ГЕОГРАФСКИТЕ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ ВО ФУНКЦИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЕОПРЕДИЗВИЦИ - МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ И ГЕОРАЗУЗНАВАЊЕ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

| | [23] Anton Chaushevski, Tome Boshevski , Sofija Nikolova Poceva; ; Operating the NPP with hydro thermal coordination in a complex power system, BgNS Conference , September 23 – 26, 2014, , Chiflica, Bulgaria | 2,7 |
| | [24] Sofija Nikolova-Poceva, Anton Causevski; Daily Optimal Operation of Power Plants in a Complex Power System, ICEST Conference, Sofia, Bulgaria 2014 | 2,7 |
| | [25] A.Chaushevski, H. Spasevska, S. Nikolova Poceva, N. Popov: Human Resources Infrastructure Requirements for New Nuclear Power Program, 24th International Conference Nuclear Energy for New Europe, September 14th to 17th, 2015, Portorož, Slovenia | 2,4 |
| | [26] S. Nikolova-Poceva, A. Causevski, V. Fustik; Daily Optimal Operation of Power Plants in a Complex Power System, Proceedings of the International Conference on Information Technologies (InfoTech-2015) 17-18 September 2015, Bulgaria | 1,8 |
| | [27] Anton Chaushevski, Tome Bosevski, Sofija Nikolova-Poceva; Simulation of the Power Plants Operation in the Macedonian Power System with Integrated Wind Farms, International Journal on Information Technologies & Security, № 1, 2016 | 2,7 |
| | [28] Marko Čepin, Anton Čauševski; Development of accident scenarios for shutdown probabilistic safety assessment, 13th International Conference on Probabilistic Safety Assessment and Management (PSAM 13), 2~7 October, 2016 • Sheraton Grande Walkerhill • Seoul, Korea • www.psam13.org | 2,7 |
| | [29] A.Chaushevski, S.N. Poceva, H. Spasevska, N. Popov ; Needs of National Infrastructure for Nuclear Energy Program in Macedonia, BgNS TRANSACTIONS volume 21 number 1 (2016) pp. 33–38 | 2,4 |
| **10** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **38,2** |
| | [30] Антон Чаушевски, Томе Бошевски; Регулациони ефекти од ветерни електрани во ЕЕС на Македонија, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2010, ЗЕМАК, 7 –9 октомври 2010, Охрид. | 1,8 |
| | [31] Марјан Георгиев, Антон Чаушевски, Софија Николова; Подобрување на енергетската ефикасност кај автономни потрошувачки системи со мала моќност, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2010, ЗЕМАК, 7 –9 октомври 2010, Охрид. | 1,6 |
| | [32] Златко Соврески, Антон Чаушевски, Софија Николова; Економско вреднување на еколошките влијанија од термоенергетски постројки, | 1,6 |

| | |
|---|---|
| Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2010, ЗЕМАК, 7 –9 октомври 2010, Охрид. | |
| [33] Софија Николова, Антон Чаушевски; Оптимална работа на конвенционални електрани во ЕЕС со интегрирани капацитети на ОИЕ, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2010, ЗЕМАК, 7 –9 октомври 2010, Охрид. | 1,8 |
| [34] А. Чаушевски, С. Николова-Поцева: Моделирање на реверзибилна хидроелектрана во електроенергетски систем, *Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012"*, Книга 1, (2012) 477-486, Р Македонија. | 1,8 |
| [35] А. Чаушевски, Т. Бошевски: Оптимално снабдување на дистрибутивните потрошувачи во ЕЕС на Македонија, , *Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012"*, Книга 1, (2012) 477-486, Р Македонија. | 1,8 |
| [36] А. Чаушевски, Т. Бошевски: Планирање на интегрален ЕЕС со обновливи извори на енергија, *Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012"*, Книга 1, (2012) 477-486, Р Македонија. | 1,8 |
| [37] Фуштиќ, А. Чаушевски, А. Илиев, К. Најденкоски: Можности за нови термоенергетски производни капацитети на јаглен во Македонија, *Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012"*, Книга 1, (2012) 477-486, Р Македонија | 1,6 |
| [38] Софија Николова-Поцева, Антон Чаушевски, Вангел Фуштиќ; Оптимална работа на производни капацитети во сложен ЕЕС, 8 Советување на Мако Сигре, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,6 |
| [39] Антон Чаушевски, Софија Николова-Поцева, Бобан Дуковски; Дневен режим на работа на хидроенергетскиот систем на река Треска, 8. советување на Мако Сигре, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,8 |
| [40] Коста Папастеревски, Антон Чаушевски, Влатко Стоилков: Улогата на ветерна електрана во работата на ЕЕС на Македонија, 8. советување на Мако Сигре, Охрид, 22-24 септември 2013. | 1,6 |
| [41] Софија Николова-Поцева, Антон Чаушевски; Одредување на оптимална комбинација на агрегати во погон на ниво на хидроелектрана, Меѓународно советување Енергетика 2014, 16-18 октомври 2014, Струга, Македонија. | 1,6 |
| [42] Софија Николова-Поцева, Антон Чаушевски; Влијание на ветерните електрани врз оперативната работа на конвенционалните електрани, Меѓународно советување „Енергетика 2014", 16-18 октомври, Струга, Македонија. | 1,6 |

| | |
|---|---|
| [43] Антон Чаушевски, Томе Бошевски, Софија Николова-Поцева; Енергетска и економска анализа на инсталираноста на ХЕЦ Шпиље, Меѓународно советување „Енергетика 2014", 16-18 октомври 2014, Струга, Македонија. | 1,8 |
| [44] А. Пауноски, Г. Стоилов, В. Павлески, А. Чаушевски, С. Николова-Поцева, П. Поповски; Карактеристични показатели од префисибилити студија за реализација на проектот вардарска долина, Меѓународно советување „Енергетика 2014", 16-18 октомври, Струга, Македонија. | 1,2 |
| [45] Антон Чаушевски : Енергетска перспектива на Македонија, можности за покривање на потребите со електрична енергија во Македонија во следните две декади, ПРЕСИНГ 2015. | 1,8 |
| [46] А. Чаушевски, С. Николова-Поцева, П. Поповски, Љ. Петковски, Т. Маркоски: Придобивки од изградба на нова ХЕЦ Глобочица 2 во хидросистемот Црн Дрим, МАКО CIGRE, 27-29 септември 2015 Охрид, Македонија. | 1,8 |
| [47] А. Чаушевски, С. Николова-Поцева, Љ. Петковски, В.Павлески: Енергетско искористување на дел од водите од р. Вардар во електраните на р.Треска преку тунел Теново-Козјак, МАКО CIGRE, 27-29 септември 2015, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| [48] А. Чаушевски, Т. Бошевски, С. Николова-Поцева: Енергетски придобивки од нови<br>инвестициони проекти кај хидроенергетските системи во Македонија , МАКО CIGRE, 27-29 септември 2015, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| [49] Антон Чаушевски, Софија Николова Поцева; Паметни системи за контрола и управување со енергетска потрошувачка во објекти рационално користење на енергијата во станбени и деловни објекти, ПРЕСИНГ 2016. | 1,8 |
| [50] Антон Чаушевски, Никола Попов, Софија Николова-Поцева, Правци за подобрување<br>на подготвеноста на човечките ресурси за нови енергетски извори во Македонија, Меѓународна конференција ЗЕМАК – Охрид, октомври 2016. | 1,8 |
| [51] Александар Пауноски, Влатко Павлески, Бранко Панчевски, Горан Стоилов, Антон Чаушевски, Софија Николова-Поцева, Љупчо Петковски, Предраг Поповски, Енергетско искористување на дел од водите од река Вардар со хидраулично поврзување на ХЕС Маврово и ХЕС Треска, Меѓународна конференција ЗЕМАК – Охрид, октомври 2016. | 1,2 |
| [52] Александар Пауноски, Влатко Јованов, Влатко Павлески, Бранко Панчевски, Горан Стоилов, Антон Чаушевски, Софија Николова-Поцева, Љупчо Петковски, Предраг Поповски, Искористување на хидроенергетскиот потенцијал на повеќенаменски акумулации со | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | изградба на мали ХЕЦ, Меѓународна конференција ЗЕМАК – Охрид, окомври 2016 | |
| **11** | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество (8)** | 8 |
| **12** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (14)** | **14** |
| | **ВКУПНО** | ***168,75*** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Назив на активноста** | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител на Студија** | **2** |
| | План за можности за имплементација на нови технологии - Студија за развој на<br>човечки ресурси за ЕЛЕМ, 2014-2015 год. | |
| 2 | **Учество во Студија** | **2** |
| | Study on the Economic Impact of Climate Change on the Hydro Electric Sector, Case Study of the Mavrovo Hydro Plant; p.57-82, UNDP, December 2011.<br><br>Hydropower and Thermal Cooling Water Demand, Macedonia Green Growth Hydropower Sector, WEAP software tool, Industrial Economics USA, 2011-2012. | 1<br><br>1 |
| 3 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | **15** |
| | Технички извештај за генераторот во ТЕЦ Осломеј, дек. 2013. | 1 |
| | Елаборат по Студијата за Луково поле, 2014. ЕЛЕМ, Сектор за развој и инвестиции | 1 |
| | Експертско мислење по изработка на физибилити студеија на дополнителен агрегат во ХЕЦ Шпиље изработена од FICHTNER , 2014/2015, ЕЛЕМ Сектор за развој и инвестиции | 1 |
| | Експертско мислење по изработка на физибилити студеија на енергетско искористување на системот Црн Дрим од FICHTNER , 2015/2016, ЕЛЕМ Сектор за развој и инвестиции | 1 |
| | Технички извештај за реализација на сопствено напојување од отцеп на генератор кај ХЕЦ во ЕЛЕМ, мај 2014. | 1 |
| | Елаборат за техничката документација за енергетско искористување со изградба на хидроенергетски објекти на Вардарска долина, мај 2014. | 1 |

| | |
|---|---|
| Технички извештај за енергетско искористување на водите од ХЕЦ Равен до акумулацијата Козјак, март 2014 | 1 |
| Техничка информација за енергетско искористување на водите од акумулацијата на брана Разловци со економска анализа, април 2016 | 1 |
| Извештај за модернизација на опремата во разводните постројки во ТС Југ и ТС Север на Енергетика ЕЛЕМ од март 2015 | 1 |
| Дополнување и усогласување на проектната задача за изработка на Студија за изградба на когенеративни гасни термоцентрали во Македонија, ЕЛЕМ март 2016 | 1 |
| Преглед и анализа на погонската состојба на опремата во разводната постројка 110/35 kV во ХЕЦ Тиквеш, март 2015 | 1 |
| Обука за персоналот во ВН разводни постројки на Енергетика - ЕЛЕМ, јуни 2015 | 1 |
| Технички извештај за можноста на изградба на новии ХЕЦ на река Црна, ЕЛЕМ,<br>октомври 2015 | 1 |
| Обука за заштита при работа во Раде Кончар, април 2014 | 1 |
| Извештај по Студијата за ХЕЦ Глобочица 2 изработена од FICHTNER, дек. 2015 | 1 |
| **Член на организациски или програмски одбор на научен/стручен собир** | **1** |
| Член на програмски одбор на конференција со меѓународно учество ЗЕМАК, септември 2012, Охрид, Р Македонија | 0,5 |
| Член на програмски одбор на конференција со меѓународно учество ЗЕМАК, септември 2014, Струга, Р Македонија | 0,5 |
| **Член на организациски или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **3** |
| Член на програмски одбор на 9th International Conference Energetika – Ekológia –<br>Ekonómia 2010, 18. – 20. may 2010 Tatranske Matliare, Slovakia | 1 |
| Член на програмски одбор на 2nd International Conference Renewable Energy Sources, 7 – 9 June 2011, Tatranske Matliare, Slovakia. | 1 |
| Член на програмски одбор на BgNS Conference, September 3 – 5, 2015, Sozopol, Bulgaria | 1 |
| **Студиски престој во странство - до три месеци (6 престои):** | **7,5** |

| | |
|---|---|
| • Enlargement & Integration Workshop on Energy Security and Climate Changes, Organized by the JRC – IE, 30 September – 1 October 2010, Crowne Plaza Hotel, Amsterdam, The Netherlands<br>• Workshop on Socio-economic assessment of climate change impacts, organized by UNDP,<br>8-10 November 2010, Bratislava, Slovak Republic<br>• Workshop on NUCL-EU and NCP Euratom Meeting, organized by APRI Italy, 13-14 December 2010, Warsaw, Poland • Enlargement & Integration Workshop on Nuclear HR Development in the EU (potential) Candidate Countries (W-IE-2011-03), Organized by the JRC – IE, 27 September 2011, Valamar President Hotel, Dubrovnik, Croatia<br>• Regional Training Course on Management Systems and Development of the Safety Culture, USA, 22 August-2 September 2011, IAEA, Argonne, ANL, USA<br>• WBC workshop – Energy Research Opportunities in cooperation with the Western Balkans, European Energy Conference E2C, 16-19 April 2012 Maastricht, Holland.<br>• IAEA – Regional Workshop on Performing Feasibility and Pre-Feasibility Studies for Nuclear Power Programmes, Tirana, Albania, 4-7 September 2012.<br>• JRC Workshop on Nuclear HR Development in the EU (potential) Candidate Countries, 27-28 September 2012, Istanbul, Turkey.<br>• Nuclear ECVET Job Taxonomy 4th Expert Workshop – JRC Petten, held in Bergen, The Netherlands, 13-17 May 2013.<br>• World Bank Sustainable Development Network Week 2013, February 26 – 28, 2013, Washington DC, USA.<br>• Nuclear ECVET Job Taxonomy 5th Expert Workshop in Madrid, Spain, 11-15 November 2013.<br>• JRC Workshop for Innovative Multimedia Tools for Education and Training for the Nuclear Sector, 3-6 June 2014, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina.<br>• IAEA WS on Regional and Trans-boundary Energy Issues and Cooperation in Nuclear Power Programmes: Stakeholder Involvement, Romania, Bucharest 2-5 Sep.2014<br>• IAEA Regional Workshop on the Potential Role of Nuclear Power in Future Energy Mix, Budapest, 28 - 30 October 2014.<br>• Nuclear ECVET Job Taxonomy 6th Expert Workshop – JRC Petten, held in Istanbul, Turkey, 16-20 February 2015.<br>• IAEA WS on Regional and Trans-boundary Energy Issues and Cooperation in Nuclear Power Programmes: Financial Models, Constanta, Romania 26-29 May 2015.<br>• Scientific visit of NPP Kozloduy, Bulgaria 02 - 06 November 2015. | 15*0,5 |
| **Раководител на внатрешна организациска единица - раководител на Лабораторија за релејна заштита** | **3** |
| **Изготвување и пријавување на научен/ образовен национален проект-** | **3** |
| носител (3) | 3 |

| | |
|---|---|
| **Изготвување и пријавување на научен/ образовен меѓународен проект-** | **3** |
| носител (1)<br><br>соработник (1)<br><br>**Член на комисија за избор во звање (3)** | 2<br><br>1<br><br>0,6 |
| **ВКУПНО** | ***36,50*** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **140,96** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **168,75** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **36,50** |
| **ВКУПНО НО+НУ+СА** | **346,21** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вангел Фуштиќ, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Никола Попов, McMasterUniv.Canada, член, с.р.

3. Проф. д-р Атанас Илиев, член,с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ПРИДОНЕС КОН МЕТОДИТЕ ЗА ПРЕСМЕТКА НА
ПРЕНОСНИТЕ МОЖНОСТИ НА ЕЕС СО УВАЖУВАЊЕ НА
ТЕКОВИТЕ НА РЕАКТИВНА МОЌНОСТ“
ОД М-Р ЈОРДАНЧО АНГЕЛОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, бр. 09-2071/1 од 7.10.2016, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Јорданчо Ангелов со наслов „Придонес кон методите за пресметка на преносните можности на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност”.

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Придонес кон методите за пресметка на преносните можности на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност” од кандидатотм-р Јорданчо Ангелове со вкупен обем од 97 страници, организирана во седумпоглавја и еден прилог. Дополнително, дисертацијатае илустрирана со вкупно 27 слики и 12 табели, со листа на референци која опфаќа 49 наслови.

Комисијата го разгледа Извештајот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови при Министерството за образование и наука на Република Македонија. Врз основа на анализата на Извештајот, Комисијата заклучи дека докторската дисертација не содржи елементи на плагијат бидејќи е констатирано  незначително поклопување со други трудови.

## 2. Предмет на истражување во дисертацијата

Предмет на истражување во дисертацијата е развој на алгоритам за определување на преносните можности на мрежа, кој е заснован на оптимизационен пристап. Предложениот алгоритам користи линеарен модел на мрежата, што подразбира користење на линеарно програмирање. Алгоритамот е погоден за определување на преносните можности на мрежата применувајќи два пристапа, и тоа: определување на преносните можности на мрежата од технички аспект и определување на преносните можности на мрежата од економски аспект. Основната идеја на предложениот метод е, поаѓајќи од некоја состојба на работа на мрежата со определени преносни можности, да се изврши проверка од аспект на задушувања, т.е. дали во мрежата можат да се реализираат дополнителни трансакции на електрична енергија.

Европскатарегулатива за формирање и функционирање на внатрешниот пазар на електрична енергија ја дефинира основата за развој на либерализиран пазар на електрична енергија. Како основни придобивки од новите услови во електроенергетскиот сектор се очекува намалување на цената на електричната енергија, можноста потрошувачите да го вршат изборот на снабдувач со електрична енергија, а од што би произлегле нови инвестиции во електроенергетскиот сектор. Развојот на либерализиран пазар на електрична енергија придонесе и кон развојот и пенетрацијата на новите технологии за производство на електрична енергија. Но, покрај новите придобивки што произлегоа со воведувањето на пазарот на електрична енергија, се наметнаа нови предизвици во управувањето со производството и преносот на електрична енергија. Еден од поголемите предизвици во новонастанатите услови на работа на пазарите е решавањето на задушувањата, т.е. појава на „тесни грла“ во преносната мрежа.

Алгоритам предложен во дисертацијата овозможува оптимална алокација на преносните можности на мрежата, а со тоа и оптимална алокација на производството на електричната енергија кај генераторските единици што учествуваат во конкретната трансакција на електрична енергија. Алгоритамот се одликува со висока пресметковна брзина и корисничка ориентираност. И покрај тоа што методот се заснова на линеарно програмирање, сепак е изнајден начин како да се уважи и влијанието на тековите на реактивна моќност. Со тоа се овозможува методот да се одликува со зголемена точност при определувањето на преносните можности на мрежата во однос на пристапот во кој се користи т.н. еднонасочен модел.

## 3. Содржина на трудот

***Во воведнотопоглавје*** е даден преглед на проблемите што произлегуваат при реализацијата на трансакциите со електрична енергија. Посебно внимание е посветено на појавата на задушување и причините што доведуваат до нејзиното појавување.

***Во втор란топоглавје*** се анализирани карактеристиките на еден електроенергетски систем, како и методите за пресметка на тековите на моќност. Притоа, во кратки црти се опишани моделите на елементите од еден електроенергетски систем (водови, трансформатори и генератори)што се користат при креирање на моделот на мрежата, какои моделот на мрежата што се применува во пристапите. Во поглавјето детално е опишан начинот на формирање на матриците на осетливост што понатаму ќе бидат искористени при определување на преносните можности на мрежата.

***Третото поглавје*** прави кус осврт врз потребата за определување на преносните можности на мрежата. Наведени се индексите преку кои се врши квантификација на преносните можности на мрежата и направена е нивна поделба на програмски индекси и реални физички текови. Во ова поглавје се наведени и некои од методите што се користат за алокација на капацитетите при задушувања во мрежата, според нивната пазарна природа. Исто така, наведени се и причините

(техничките ограничувања) поради кои постои можноста за појава на „тесни грла" во мрежата, а со тоа и можноста од појава на задушување.

***Со четвртото поглавје*** се опфатени двата пристапа за определување на преносните можности на мрежата при реализација на дополнителна трансакција на електрична енергија. Во поглавјето е даден предложениот алгоритам што се применува при определувањето на преносните можности на мрежата. Во целост се опишани сите ограничувања што произлегуваат од мрежата и елементите, со имплементирање на влијанието на тековите на реактивна моќност при примена на линеарен модел на мрежата. Исто така, дефинирани се функциите на цел врз основа на кои се засноваат двата пристапа за определување на преносните можности на мрежата.

Потесна област на истражување и придонес на оваа докторска дисертација е примена на ефикасен пристап (методи за алокација) за определување на преносните можности на мрежата во кој ќе бидат уважени и тековите на реактивна моќност, со користење на оптимизациска метода за симулација, анализа и проверка на решенијата.

Во докторската дисертација се применети два пристапа при определување на преносните можности на мрежата со уважување на тековите на реактивна моќност. И во двата пристапа се користи линеарен модел на мрежата, а во ограничувањата е имплементирано влијанието на тековите на реактивна моќност во сите сегменти на нејзиното влијание (генератори, водови, напони на јазлите). Во првиот пристап се разгледува начинот за определување на преносните можности на мрежата кога се анализира работата на мрежата чисто од технички аспект, кога преку мрежата е потребно да се реализираат дополнителни трансакции на електрична енергија. За таа цел е дефинирана функција на цел преку која се врши проверката дали постои можност преку мрежата да се реализира дополнителна трансакција на електрична енергија и притоа во неа да се идентификуваат „тесните грла".

И вториот пристап се заснова на оптимизациска метода во која повторно во самите ограничувања е имплементирано влијанието на реактивната моќност. Во овој пристап е зададена нова функција на цел преку која, при определувањето на преносните можности на мрежата, се анализира од економски аспект. Пристапите се одликуваат со нивна едноставност и даваат поточни и повторливи резултати.

***Петтото поглавје***содржи табеларен и сликовит приказ на резултатите од анализите и симулациите што се направени врз IEEE RTS 96 тест-мрежата. Анализите и оптимизацијата се направени за секој од пристапите што се базираат на предложениот алгоритам. За секое анализирано сценарио е дадено образложение, а толкувањето на резултатите е поткрепено со соодветни табели и слики.

***Заклучокот*** ја потенцира потребата од брз и ефикасен метод за определување на преносните можности на мрежата. Методот, покрај својата брзина и ефикасност, потребно е да се одликува и со точност на добиените резултати бидејќи тие се одраз на реалните преносни

можности на мрежата и можноста од реализација на дополнителни трансакции на електрична енергија во услови на либерализиран пазар на електрична енергија.

***Прилогот*** на крајот од дисертацијата содржи информација за анализираната тест мрежа. Станува збор за мрежата IEEE RTS 96 во варијанта со три зони. Оваа мрежа се користи во светската стручна и научна јавност за верификација и споредба на резултати при воведување на нови методи за анализа и оптимизација на електроенергетски мрежи/системи.

## 4. Главни придонеси на дисертацијата

Главен придонес на оваа докторска дисертација е развојот на алгоритам за определување на преносните можности на една мрежа при потребата од реализација на дополнителна трансакција на електрична енергија и нејзиното влијание врз веќе прифатените трансакции на електрична енергија. Алгоритамот се базира на користење на оптимизациона метода која обезбедува оптимално решение при алокацијата на преносните можности на мрежата, а како последица на ова и оптимална алокација на производството на генераторски единици што учествуваат при реализација на дополнителна трансакција на електрична енергија. Историски гледано, интерконективните водови помеѓу електроенергетските системи главно се граделе со цел да се обезбеди зголемена доверливост во работата на соседните електроенергетски системи. Со развојот на либерализираните пазари на електрична енергија овие водови добиваат и друга улога – да овозможат поголема размена на електрична енергија во секојдневното функционирање на системите.Со тоа се создаваможност за поевтино производство на електрична енергија и активирање на конкурентните производни единици. Како резултат на тоа, преносната мрежа е ставена на тест во однос на нејзините преносни можности, водејќи сметка за задушувањата предизвикани како од карактеристиките на интерконективните водови, така и од карактеристиките на внатрешните елементи на поврзаните електроенергетски системи.

За определување на преносните можности на мрежите се развиени голем број методи од кои најмасовна примена нашле методите што ќе обезбедат едноставен и брз пристап кон решението. Не секогаш исполнувањето на овие барања води кон точни пресметки на вредностите на индексите на преносните можности на мрежата. Методот развиен во оваа дисертација нуди можност за подобрување на веќе постоен метод за определување на преносните можности на мрежата, со тоа што обезбедува поголема точност на добиеното решение.

Алгоритамот е погоден за имплементирање на две функции на цел што водат кон оптимално решение на проблемот со голем број на ограничувања, а со тоа и до поточно определување на преносните можности на мрежата. Во првиот пристап, се користи функција на цел која го анализира системот од чист технички аспект. На тој начин се согледуваатможностите на преносната мрежата од чисто технички аспекти, при потребата од реализација на дополнителна трансакција на

електрична енергија, а притоа да се обезбедат и намалени загуби во системот.

Во вториот пристап, функцијата на цел го анализира системот од економски аспект, каде што оптималното решение се обезбедува при минимални трошоци во производството на електрична енергија. На тој начин се предлага и начинот на кој би требало да се прават пресметките при определување на преносните можности на мрежата во услови на либерализиран пазар на електрична енергија. Времетона пресметка е релативно кусо за симулациите за кои е користена релативно голема мрежаIEEE RTS 96, додека во литературата најчесто се користат мрежи со помал број јазли.

Дватапристапа поседуваат својствона општа применливост од аспект на избор на дополнителна трансакција на електрична енергија која е потребно да се реализира со минимални модификации во програмскиот код.

## 5. Листа со објавени трудови произлезени од истражувањето


[1] J. Angelov, R. Taleski, Total Transfer Capacity Calculation with Consideration of Reactive Power Constraints, DEMSEE'15 10th International Conference on Deregulated Electricity Market Issues in South Eastern Europe 24-25 September 2015, Budapest, Hungary.

[2] Jordancho Angelov, Rubin Taleski, Total Transfer Capacity Calculation with Consideration of Reactive Power Constraints. Periodica Polytechnica Electrical Engineering and Computer Science, Vol. 59, No. 3, pp. 58-63, 2015. DOI: 10.3311/PPee.8573.

[3] Јорданчо Ангелов, Рубин Талески, Алгоритам на итеративна оптимизација за пресметка на преносни капацитети на ЕЕС земајќи го во предвид влијанието на тековите на реактивна моќности, МАКОCIGRE, 9. Советување, 27-29 септември 2015, Охрид.

[4] Jordancho Angelov, Rubin Taleski, TTF Index Computation Considering Reactive Power Flows, MEDPOWER, The 10th Mediterranean Conference on Power Generation, Transmission, Distribution and Energy Conversion, 6-9 November 2016, Belgrade, Serbia.


## 6. Заклучок и предлог

Докторската дисертација „Придонес кон методите за пресметка на преносните можности на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност", од м-р Јорданчо Ангелов, дава значителен научен придонес кон примената и развојот на оптимизациски методи за изнаоѓање ефикасни техничко-технолошки и економски исплатливи решенија во справување со проблемите поврзани со определување на преносните можности на мрежата во услови на либерализиран пазар на електрична енергија при реализација на дополнителни трансакции на електрична енергија. Дисертацијата дава придонес кон зголемување на точноста на пресметките на постојна метода за определување на преносните можности на мрежата. Предложениот алгоритам е погоден за користење на функции на цел со кои се разгледува системот од чисто технички аспект и од

економски аспект. На тој начин се формирани пристапишто се соодветниза примена при определување на преносните можности на мрежата во услови на либерализиран пазар на електрична енергија. Обата пристапа воведуваат значителни подобрувања во решавањето на анализираниот оптимизациски проблем во преносните електроенергетски мрежи. Меѓу нив, како најзабележителни, се издвојуваат кориснички ориентираната применливост и пресметковна брзина. Дополнително, методотовозможува изнаоѓање начин за подобрување на преносните можности на мрежата којшто е полезен во исто време од повеќе техничко-економски аспекти.

Резултатите од дисертацијата посочуваат на продлабочени познавања на проблематиката од страна на кандидатот и негова инвентивност при изнаоѓањетонајповолни решенија на проблемот што е предмет на истражување на самата дисертација. Резултатите од работата на оваа дисертација се поткрепени со објавување на четири научни труда, од кои еден во меѓународно списаниеиндексирано во базата Scopus, два на меѓународни конференции и еден на домашно советување.

Комисијата го разгледа Извештајот од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови воспоставен од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија. Врз основа на анализата на Извештајот, Комисијата заклучи дека дисертација на м-р Јорданчо Ангелов не содржи елементи на плагијат и не е плагијат и заклучи дека може да се одобри јавна одбрана.

Комисијата е на мислење дека насловот на докторската дисертација треба да се промени и наместо терминот „можности“ да се користи терминот „капацитети“, затоа што вториот термин е посоодветен и најчесто се користи во литературата. Според тоа, новиот наслов би гласел „Придонес кон методите за пресметка на преносните капацитети на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност”.

Врз основа на изложеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатот м-р Јорданчо Ангелов да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација под наслов **Придонес кон методите за пресметка на преносните можности на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност**.

**Комисија**

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Весна Борозан, член, с.р.
4. Вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски, член, с.р.
5. Проф. д-р Драгослав Рајичиќ, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ГОВЕДАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ОД СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVI седница одржана на 28.10. 2016 година, формира Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Танас Трајковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, проф. д-р Боне Палашевски, редовен професор на Институтот за сточарство во Скопје, и проф. д-р Драгослав Коцевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за преглед и оцена на стручните и научните трудови.

Врз основа на доставените материјали, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија“ од 10.10.2016 година и во весникот „Коха“ од 8.10.2016 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област говедарство, се пријави само еден кандидат, и тоа д-р Ѓоко Буневски, досегашен редовен професор на истиот предмет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Д-р Ѓоко (Ристо) Буневски е роден на 5. V 1969 година во Охрид. Основно и средно образование (биохемиска насока) завршил во Охрид со одличен успех. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1987/1988 година на сточарската насока, а дипломирал на истиот Факултет во 1992 година со просечен успех 8,88.

По дипломирањето најпрво волонтирал од декември 1992 година на Земјоделскиот факултет во Скопје на предметите говедарство и коњарство, а потоа и се вработил на истиот Факултет на 1.7. 1994 година како помлад асистент по предметот говедарство. На постдипломски студии се запишал во учебната 1992/1993 година на Земјоделскиот факултет на групата преживни животни, подгрупа: говедарство. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 9,00. Магистерскиот труд под наслов „Влијание на соматските клетки врз хемискиот состав на кравјото млеко“ го одбранил на 29.11.1996 година, а на 27.9.2002 година на истиот Факултет ја одбранил докторската дисертација под наслов „Генетски параметри кај некои производни и репродуктивни особини кај црно-бели говеда". Во 2007 година е избран во

звањето вонреден професор, а во 2012 година во звањето редовен професор на предметот говедарство на истиот Факултет. Од вработувањето до денес, кандидатот проф. д-р Ѓоко Буневски учествувал на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси во областа на говедарството, одржани во земјата и во странство. Активно зборува и се служи со стручна литература од англиски јазик. Досега има објавено како автор или коавтор вкупно 122 труда, во земјава и во странство.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во периодот од 1993 година до денес, кандидатот д-р Ѓоко Буневски активно и успешно е вклучен во изведувањето на предавањата и вежбите по предметите говедарство и коњарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје на повеќе студиски програми, на предметите говедарство и технологија на одгледување на говеда. Во периодот од 1993 до 1997 година помага во изведувањето на вежбите по предметот специјално сточарство на Ветеринарниот факултет во Скопје. Од 2002 година е ангажиран во изведувањето на наставата на предметите говедарство, коњарство и технологија на одгледување говеда на неколку студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Исто така, ги изведува и предавањата на втор циклус студии на истиот Факултет на предметите: специјално сточарство, дел говедарство, одгледувачки програми во сточарството и облагородување на домашни животни. Успешно ги изведува предавањата, вежбите, теренската настава, колоквиумите, испитите и консултациите по предметите на кои е избран. Бил ментор на 30 дипломски трудови, ментор на неколку магистерски трудови, како и член на неколку магистерски трудови и докторски дисертации, но и рецензент на учебни помагала и стручни материјали во областа на сточарството.

Имал неколку стручни престои во странство, итоа:

- во Јапонија, 1997 година двомесечен курс “Фармско производство и маркетинг на земјоделски производи” во Обихиро;
- во Холандија на 2-месечен стручен престој во 2000 година како Темпус-апликант на Зодијак-институтот за сточарство при Земјоделскиот Универзитет во Вагенинген;
- во Норвешка, 4-месечен стручен престој во 2003 година на Институтот за селекција на домашни животни при Земјоделскиот универзитет во Ос;
- во Словенија, 2005 година, едномесечно стручно усовршување во областа на сточарството на Земјоделскиот факултет во Марибор;
- во Индија, 2008 година, едномесечно усовршување во областа на земјоделството и сточарското производство;

- има остварено повеќе кратки стручни престои во неколку европски земји (Франција, Украина, Словачка, Унгарија, Германија, Хрватска, Србија, Бугарија, Грција, Турција, Црна Гора и други).

Од 2005 година е назначен за визитинг-професор по предметот коњарство на Земјоделскиот факултет во Марибор, Словенија, а од 2013 година до денес предава на овој Факултет во летниот семестар на студенти од 6 студиски програми.

Во периодот од 2006 година до денес, коавтор е на два универзитетски учебника, а автор е на повеќе авторизирани скрипти по предметите говедарство и коњарство.

## 3. Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Ѓоко Буневски уште за време на неговите дипломски студии учествувал во изработката и презентирањето на стручни и научни трудови, и има учествувано на две меѓународни студентски смотри со свои трудови, и тоа во Пула (1991 година) и во Скопје (1992 година). По запишувањето на постдипломските студии до денес, кандидатот изведувал испитувања и опити во областа на говедарството и коњарството, а воедно бил вклучен на неколку научно-апликативни проекти на национално и меѓународно ниво, во областа на говедарството, и тоа:

- раководител на национален проект „Облагородување на сламата како добиточна храна за млечни крави и ситни преживари“, МЗШВ, 2009;

- учесник на национален научен проект „Алтернативни начини за превенција на воспаленијата на млечната жлезда кај молзни крави“, МЗШВ, 2009, член;

- научен и стручен консултант на Проектен концепт од ГЕФ канцеларијата, под наслов „Заштита на автохтониот вид - македонски бивол", 2013-2014 година;

- Научен и стручен консултант на проектен концепт од ГЕФ-канцеларијата, под наслов „Заштита на автохтоната раса буша говеда", 2013-2014 година;

- BUSHALIFE-проект „Заштита на домашната буша“, преку SAVE-фондацијата на ФАО, во 2014 година;

- аплицира на билатерални македонско-словеначки проекти во 2016 година под наслов „Оцена на благосостојба и селекција кај млечни говеда“, итн.

Како резултат на неговото перманентно ангажирање во научноистражувачката дејност, како автор и коавтор досега има објавено 122 труда.

Согласно последната самоевалуација на студентите при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Ѓоко Буневски е оценет со оценка 9,0.

Во периодот од последниот негов избор во редовен професор во 2012 година до денес, има објавено уште 22 научни и стручни трудови, од кои 19 се веќе објавени, а 3 се во фаза на печатење.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Ѓоко Буневски, во периодот од изборот во звањето редовен професор до денес активно бил вклучен во изработката на неколку неколку закони (Закон за сточарство), 2008, Закон за квалитет на земјоделски производи (2011), на 13 правилници во областа на говедарството и коњарството преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на неколку стратегии и програми за развој на сточарството во нашата земја итн.

Исто така, како автор и коавтор, има издадено 14 прирачници за фармери, главно во областа на говедарството и коњарството.

Исто така, кандидатот е координатор на студиските програми по предметите говедарство и коњарство на Факултетот за земјоделски науки и храна, на прв и втор циклус студии.

Од аспект на вклучување на кандидатот во дејностите од поширок интерес, од изборот во звањето редовен професор во 2012 година до денес, посебно се издвојуваат следниве:

- стручен престој во Париз, Франција, во 2015 година;
- стручен престој во Днипропетровск, Украина, во март 2016 година;
- учество на SAVE Foundation конференција во Сараево, во април 2014 година;
- учество на SAVE Foundation конференција во Дубровник, во март 2015 година;
- учество на Конференција за биодиверзитет во сточарството во Колашињ во 2013 година;
- координатор е за водење на мерката матично книговодство и селекција во говедарството и коњарството при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, од 2010 година до денес;
- координатор е за водење на мерката биодиверзитет (заштита на генетски ресурси) во говедарството и коњарството при Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, од 2010 година до денес;
- член на факултетска Комисија за спорт при ФЗНХ;
- претседател е на Дициплинската комисија за вработени при ФЗНХ;
- претседател е на Дициплинската комисија за студенти при ФЗНХ;
- координатор за изработка на 9 одгледувачки програми за одгледување млечни и автохтони раси говеда;
- член на организациски одбор на меѓународен научностручен собир – Симпозиум за сточарство (2014);
- член на организациски одбор на Годишниот зборник на студентски трудови при ФЗНХ;
- главен уредник е на 5 броја на стручниот весник „Говедарски гласник“, во издаваштво на Македонската холштајн асоцијација и ЗГ Буша од Скопје;
- претседател и еден од основачите на Македонската холштајн асоцијација во РМ, од 2013 до 2016 година;
- еден е од основачите и секретар е на Здружението на одгледувачи на буша говеда БУША Скопје, од 2013 до 2016 година.

Исто така, кандидатот д-р Ѓоко Буневски бил активно вклучен и во спортските активности на Универзитетот и Факултетот, и тоа како:

- претседател (комесар) на Универзитетската студентска лига во кошарка, во период од 11 години;
- селектор и водич на универзитетски и факултетски студентски спортски репрезентации во земјава и во странство;
- претседател на универзитетското планинарско друштво „Агроном“ во времетраење од 5 години, итн.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот преглед и оцена на изнесените активности во наставно-образовната, научно-стручната и апликативната дејност на пријавениот кандидат, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ѓоко Буневски, досегашен редовен професор по предметот говедарство, да биде повторно избран во звањето редовен професор по предметот говедарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Танас Трајковски, с.р.

2. Проф. д-р Боне Палашевски, с.р.

3. Проф. д-р Драгослав Коцевски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Ѓоко Ристо Буневски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **анимална биотехнологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии:**<br><br>Предмет: Говедарство (3+2), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 9,0 |
| 2 | Предмет: Технологија на говедарско производство (3+2) на насока КБХ, 2014/2015, 2015/16, 2016/2017 | 5,4 |
| 3 | Предмет: Технологија на говедарско производство (3+2) на насока ПЗП, 2014/2015, 2015/16, 2016/2017 | 5,4 |
| 4 | Предмет: Коњарство (3+2), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 9,0 |
| 5 | Одржување настава по предмет коњарство на Земјоделскиот факултет во Марибор, Словенија 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 5,4 |
| 6 | **Одржување на настава од втор циклус студии:** | 7,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Предмет: Специјално сточарство, дел говедарство (2+0), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | |
| 7 | Предмет: Облагородување на говеда (напредни поглавија) (2+0), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 7,5 |
| 8 | Предмет: репродукција на говеда (напредни поглавија) (2+0), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 7,5 |
| 9 | Предмет: Одгледувачки програми за говеда (напредни поглавија) (2+0), 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 7,5 |
| 10 | **Одржување на вежби од прв циклус студии:**<br>Говедарство (3+2): 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 6.75 |
| 11 | Коњарство (3+2): 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 0.15 |
| 12 | **Консултации со студенти:** 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 (20*0,002*5г.)*4 предмети | 0,8 |
| 13 | **Одржување на теренска настава**<br>Предмет: Говедарство (3+2): 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 (0,04*15*3)*5 г. | 9,0 |
| 14 | Предмет: Коњарство (3+2): 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 | 9,0 |
| 15 | Предмет коњарство на Земјоделскиот факултет во Марибор, Словенија 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 | 5,4 |
| 16 | **Ментор на дипломски работи (15x0,2)** | 3,0 |
| 17 | **Член на комисија за оцена и одбрана на дкторски дисертации (3):** kaj м-р Никола Адамов 2014 год., м- | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | р Гоце Талевски 2015 г. и кај м-р Васко Хаџиевски во 2016 година | |
| 18 | **Член на комисија за оцена или одбрана на 2 магистерски работи (0,3*2):** Моника Арсова и Игор Тасевски | 0,6 |
| 19 | Предавање - раководител на Работилница во с. Зрновце, 2016 (1) | 1,5 |
| 20 | Предавање - учесник на Работилница на ФЗНХ 2014, Биодиверзитетот во сточарството во РМ во чест на проф. д-р Ристо Илковски (2014) и 1. Работилница во Битола – тера Мадре 2016 год. (1) | 2,0 |
| 21 | **Вкупно** | 103.9 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерски работи (3)**<br><br>А. Клинчаров и А. Крстевски и Билјана Цибрева | 3.0 |
| Проекти | Учесник на проект од ГЕФ-канцеларијата, под наслов „Заштита на автохтониот вид - македонски бивол", 2013/14 | 3,0 |
| | Учесник на проект од ГЕФ-канцеларијата, под наслов „Заштита на автохтоната раса буша гобеда", 2013/14 | 3,0 |
| Трудови | Adamov M., Bunevski Gj., Adamov N. (2011): Morphological and managerial characteristics of the Busha cattle reared in Macedonia and its importance as a genetic resource. 8th Global Conference on the conservation of animal genetic resources. 451-454. Tekirdag. (4*0,60) | 2,4 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Trojacanec S., Porcu K. (2012): Defining of breeding goals of Hostein cattle in the R. of Macedonia. International Symposium for | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Agriculture and Food, XXXVII Faculty-Economy Meeting, 711-718. Skopje. (2*0,60) | |
| | Dzabirski V., Porcu K., Bunevski Gj., Srbinovska S., Kocevski D., Georgievski S., Trajkovski G. (2012): Regional distribution of cattle, sheep and goat farms in the Republic of Macedonia, according to far size and breed structure. International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty-Economy Meeting, 649-664. Skopje. | 1,2 |
| | Georgievski S., Kocevski D., Dzabirski V., Bunevski Gj., Vukovic V., Porcu K., Nikolova N., Arsov S., Tasev G. (2012): Comparing production data of layers under conventional and restrictive feeding program. International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty-Economy Meeting, 677-686. Skopje. | 1,2 |
| | Georgievski S., Kocevski D., Dzabirski V., Bunevski Gj., Vukovic V., Porcu K., Nikolova N., Arsov S., Tasev G. (2012): Egg production and egg quality parameters of layers fed diets with or without added phytase. International Symposium for Agriculture and Food, XXXVII Faculty-Economy Meeting, 665-676. Skopje. | 1,2 |
| | Dzabirski V., Bunevski Gj., Porcu K., Martinovska Stojcevska A., Milevska J. (2012): Calculation of supporting rates for autohtonous breeds as a method in implementing agri-environmental measures. Proceeding of the 4$^{th}$ Congress of Ecologists of Macedonia with International participation, Ohrid. | 2,4 |
| | Bunevski Gj. (2013): Busha cattle reared in the Republic of Macedonia. BUSHA – OLD CATTLE IN THE BALKAN. ERFP Project - Evaluation of Current Status of Busha Cattle and develop a regional breeding program for their conservation and sustainable economic use. 37-44. Tirana. | 3,0 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Porcu K., Klincarov A. (2013): Busha cattle in the R. of Macedonia. IXth International Symposium for biodiversity, conservation and sustainable use for rural development. Tirana. | 2,4 |
| | Bunevski Gj., Krstevski A., Klopcic M. (2014): Efficiency, cooperative aspects and prospects for the dairy and beef sectors in the Republic of Macedonia. EAAP publication | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | No. 1135: Cattle Husbandry in Eastern Europe and China. 213-222. Wageningen Academic Publishers. | |
| | Sekovska B., Vlahovic B., Bunevski Gj. (2013): Consumption of organic food in Macedonia and Serbia: similarities and differences. EAAP publication No. 133: Consumer attitudes to food quality products. 239-245. Wageningen Academic Publishers. | 3,2 |
| | Sekovska B., Bunevski Gj. (2013): First steps in developing an organic food supply chain in Macedonia. EAAP publication No. 133: Consumer attitudes to food quality products. 233-238. Wageningen Academic Publishers. | 3,2 |
| | Kocevski D., Bunevski Gj., Dzabirski V., Vukovic V., Porcu K., Nikolova N., Tanevski M., Tasev G. (2014): Egg quality characteristics in autohtonous genotypes of chickens raised on Macedonian rural farms. Proceeding of the International Symposium on Animal Science. 175-181. Belgrade-Zemun. | 1,2 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Porcu K., Stojiljkovic Z., Lujic J., Trajkovski G. (2014): SEUROP classification of bovine carcasses in Strumica region. XIX Savetovanje o biotehnologiji sa medjunarodnim ucescem. Zbornik radova Vol. 19 (21), 371-377. Cacak. | 1,2 |
| | Bunevski Gj., Klincarov A., Krstevski A. (2015): Biodiversity program for autohtonous breeds of cattle in the R. of Macedonia. ISAS 2015 – International Symposium on Animal Science and 19$^{th}$ International Congress on Biotechnology in Animal Reproduction (ICBAR). Novi Sad. | 1,2 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Porcu K., Petkov V., Saltamarski Z. (2015): Phenotypic characterization of Busha cattle in the R. of Macedonia. ISAF 2015: 2$^{nd}$ International Symposium for agriculture and food. VI International Symposium of Livestock Breeding. Skopje. | 1,8 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Porcu K., Saltamarski Z. (2016): Creating a gene bank for Busha cattle in the R. of Macedonia. XXI Savetovanje o biotehnologiji. Zbornik radova Vol. 21.(24). 559-564. Cacak. | 1,2 |
| | Bunevski Gj., Kocevski D., Dzabirski V., Porcu K., Trajkovski G. (2016): Estimation of effective population size of Busha cattle in the R. of Macedonia. 5$^{th}$ Congress of Ecologists of | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | the Republic of Macedonia with international participation. Ohrid. | |
| | Lazic M., Spasic Z., Bunevski Gj., Petrovic M., Nikitovic J. (2016): Classification of scientific interest in animal husbandry. Acta Agriculturae Serbica. Vol. XXI 41, 8-12. Cacak | 2,4 |
| | Bunevski Gj., Lazic M., Nikitovic J. (2016): Analisis of the total number of some ruminants in Bosnia and Hercegovina, Serbia and Macedonia. Acta Agriculturae Serbica, Vol. XXI 41, 1-7, Cacak. | 3,2 |
| Одржани предавања | - Одржани предавања на Универзитетот во Марибор, при Земјоделскиот факултет во Марибор, 2013 | 1,0 |
| | - Предавање на научен/стручен собир во Битола на ТЕРА МАДРЕ - Slow food работилница, 2016, на тема: Заштита на генетски ресурси во говедарството - осврт на домашната буша | 2,0 |
| | - Пленарно предавање на стручен собир во с. Зрновци, Кочани, 2016, на тема: Биодиверзитетот во говедарството и коњарството во Р Македонија | 2,0 |
| | - Пленарно предавање на стручен собир во Скопје, 2015, на Годишното Собрание на признатата одгледувачка организација МХА (македонска холштајн асоцијација) на тема Актуелна состојба во говедарството и матична евиденција и селекција кај црно-белите говеда во Р Македонија | 2,0 |
| | - Пленарно предавање на стручен собир во Скопје, 2016, на Годишното Собрание на признатата одгледувачка организација МХА (македонска Холштајн Асоцијација) на тема: Актуелна состојба во говедарството и матична евиденција и селекција кај црно-белите говеда во Р Македонија | 2,0 |
| | - Пленарно предавање на стручен собир во Скопје, 2015, на Годишното Собрание на признатата одгледувачка организација ЗГ БУША на тема: Состојба во говедарството и матична евиденција и селекција кај буша говедата во Р Македонија | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Пленарно предавање на стручен собир во Кавадарци, 2016, на Годишното Собрание на признатата одгледувачка организација ЗГ БУША на тема: Актуелна состојба во говедарството и матична евиденција и селекција кај буша говедата во Р Македонија | 2,0 |
| | - Пленарно предавање на Меѓународната Конференција на REDNEX во Загреб, 2014 година, на тема: Емисија на стакленички гасови од говеда во Р Македонија | 2,0 |
| | Одржано предавање по покана на Универзитетот во Марибор, 2016 | 1,0 |
| | **Вкупно** | 55,2 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

Поени

| | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Идеен проект од билатерални проекти Македонија – Словенија, 2016 | 2,0 |
| Пра-вил-ници | Член на комисија за изработка на правилници за говеда и коњи:<br>- МЗШВ, 2013 – Предлог-правилник за регистрација и идентификација на копитари во Р: Македонија<br>- МЗШВ 2015: - ПРАВИЛНИК за промет со копитари наменети за натпревари и за одредување на условите за учество на натпреварите за коњи | 4,0 |
| Уредник | - Главен уредник на стручното списание „Говедарски гласник“, бр. 1. 2014. 1-24, МХА, Скопје<br>- Главен уредник на стручното списание „Говедарски гласник“, бр. 2. 2015. 1-20, МХА, Скопје<br>- Главен уредник на стручното списание „Говедарски гласник“, бр. 3. 2015. 1-22, МХА, Скопје<br>- Главен уредник на стручното списание „Говедарски гласник“, бр. 4. 2015. 1-24, МХА, Скопје | 10,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Главен уредник на стручното списание „Говедарски гласник“, бр. 5. 2016. 1-24, МХА, Скопје | |
| При-рач-ници | Буневски Ѓ. (2014). Заштита на домашниот бивол (прирачник за фармери), 1-8, ГЕФ, Скопје<br>- Буневски Ѓ. (2014). Заштита на домашната раса буша говеда (прирачник за фармери), 1-8, ГЕФ, Скопје<br>- Буневски Ѓ. (2014). Заштита на домашниот бивол (флаер за фармери), 1-4, ГЕФ, Скопје<br>- Буневски Ѓ. (2014). Заштита на домашната раса буша говеда (флаер за фармери), 1-4, ГЕФ, Скопје | 4,0 |
| | Изготвување и пријавување научен меѓународен проект – билатерален проект Македонија-Словенија, 2016 год. (носител) | 2,0 |
| | Член на факултетска комисија за спорт (2012-2016) | 2,5 |
| | Претседател на факултетска Дисциплинска комисија за вработени лица на ФЗНХ (2012-2016) | 2,5 |
| | Претседател на факултетска Дисциплинска комисија за студенти на ФЗНХ (2012-2016) | 2,5 |
| | Координатор во стручна област - мерката при МЗШВ – водење матично книговодство и селекција во говедарството и коњарството во РМ (2012-2016) | 15,0 |
| | Координатор во стручна област - мерката при МЗШВ – заштита на генетски ресурси (биодиверзитет) во говедарството во РМ (2012-2016) | 15,0 |
| | Стручен престој во Украина, 2016 | 0,5 |
| | Стручен престој во Франција, 2015 | 0,5 |
| | Подготовка на национален документ - Одгледувачка програма за црно-бели говеда во Р Македонија, 2012-2016. МХА, Скопје | 2,0 |
| | Подготовка на национален документ - Одгледувачка програма за буша говеда во Р Македонија, 2013-2017. ЗГ Буша, Скопје | 2,0 |
| | - Член на Организациски одбор на Симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Нови Сад, 2013 | 0,5 |
| | - Член на Организациски одбор на Симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Нови Сад, 2015 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Член на Организациски одбор на Симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Тирана, 2014 | 0,5 |
| | - Член на Организациски одбор на Работилница за Биодиверзитетот во сточарството во Р Македонија, во чест на проф. д-р Ристо Илковски. ФЗНХ, 2014, Скопје | 0,5 |
| | - Член на Организациски одбор на Годишен зборник на студентски трудови на ФЗНХ, 2012 | 0,5 |
| | - Член на Организациски одбор на Годишен зборник на студентски трудови на ФЗНХ, 2013 | 0,5 |
| | - Член на Организациски одбор на Годишен зборник на студентски трудови на ФЗНХ, 2014 | 0,5 |
| | Селектор (водич) на спортска екипа од ФЗНХ на Агрономијада, 2012 | 4,0 |
| | Селектор (водич) на спортска екипа од ФЗНХ на Агрономијада, 2013 | 4,0 |
| | Селектор (водич) на спортска екипа од ФЗНХ на Агрономијада, 2014 | 4,0 |
| | Награда - плакета за животно дело во афирмацијата на спортот на ФЗНХ во Скопје, 2013 | 5,0 |
| | | 85,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 103,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 55,2 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 85,0 |
| **Вкупно** | 244,1 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Танас Трајковски, с.р.
2. Проф. д-р Боне Палашевски, с.р.
3. Проф. д-р Драгослав Коцевски, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОВТОРЕН ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЖИТНИ КУЛТУРИ

## НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна, објавен во весниците, „Нова Македонија" од 10-12.10.2016 година и „Коха" од 8.10.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област житни култури, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна на 36 седница донесе Одлука и решение бр. 02-2300/4/3 од 28.10.2016 година, за формирање Рецензентска комисија во состав: д-р Гоце Василевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија, д-р Михајло Николовски, научен советник на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област житни култури, во предвидениот рок се пријави д-р Дане Бошев, редовен професор во областа житни култури на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот проф. д-р Дане Бошев е роден на 7.4.1966 година во Свети Николе. Средно образование - гимназија завршил во Свети Николе, во 1984 година. Со високо образование се стекнал на Земјоделскиот факултет во Скопје, каде што дипломирал на 30.5.1990 година, со просечен успех 8,41.

По дипломирањето, од 1.9.1990 до 1.10 1991 година бил вработен во УЦНСО „Ј.Б. Тито", како професор по практична настава од областа на земјоделството. Од 1.10.1991 година се вработил на Земјоделскиот факултет во Скопје, како помлад асистент на Катедрата за специјално поледелство и тутун, каде што одржувал вежби по предметите: индустриски култури и зрнести и клубенести култури. Во учебната 1992/1993 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на групата нивско производство на Земјоделскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 1996 година, со просечен успех 9,50. На 27.12.1996 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Ласерско третирање на афионот во тек на вегетацијата".

Докторска дисертација пријавил на Земјоделскиот факултет, сегашен Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје на тема: „Производни и квалитетни особини на некои хибриди пченка во Овче Поле" а ја одбранил на 4.10.2002 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Гоце Василевски, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Скопје, ментор, проф. д-р Петар Егуменовски, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Скопје, член, проф. д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Скопје, член, проф. д-р Софија Пекиќ, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Белград, член и проф. д-р Цане Стојковски, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Скопје, член. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки.

На 16.12.2002 година е избран во звањето доцент на Земјоделскиот факултет во Скопје по предметот зрнести и клубенести култури, на 19.9.2007 е избран во звањето вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје по истиот предмет, а на 31.5.2012 е избран во звањето редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во областа житни култури. Од 2004 до 2008 година бил продекан за наука и апликации, а од 2015 година раководи со Катедрата за специјално поледелство. Покрај изнесеното, кандидатот располага со вештини за користење на информатичко-компјутерска технологија и активно се служи со англискиот и рускиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна и педагошка дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за земјоделски науки и храна, кандидатот проф. д-р Дане Бошев изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметот зрнести и клубенести култури на студиската програма поледелство, по предметот познавање на житата на студиската програма преработка на земјоделски производи, по предметот преработка на жито и брашно на студиската програма преработка на земјоделски производи, по предметот производство на слад и пиво на студиските програми поледелство и преработка на земјоделски производи, по предметот преработка на поледелски производи – дел за житни и легуминозни култури на студиските програми поледелство, преработка на растителни производи и квалитет и безбедност на храна и по предметот суровини од растително потекло – дел за житни и легуминозни култури на насоката квалитет и безбедност на храна.

Исто така, кандидатот со успех учествува во изведувањето на наставата на втор циклус студии по предметите: зрнести житни култури, зрнести легуминозни култури, технологија на слад и пиво, технологија на мелнички производи и лебни и други житни растенија, на студиската програма растителна биотехнологија.

Во периодот од изборот во наставно-научното звање редовен професор, кандидатот д-р Дане Бошев бил ментор на 7 дипломски трудови, а учествувал и како член во Комисија за оцена и одбрана на 8 дипломски и 3 магистерски трудови.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатот д-р Дане Бошев ги реализира на завидно педагошко ниво, вклучувајќи интерактивна настава, семинарски работи и внесување на позитивни искуства во наставниот процес, стекнати преку научноистражувачка и апликативна работа, престои на други универзитети и соработки со домашните стопански субјекти и институции.

### Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Дане Бошев досега вкупно има објавено 81 научен и стручен труд, од кои 66 се рецензирани во претходните избори во звање. Во периодот по изборот за редовен професор има објавено 15 рецензирани научни трудови, од кои 12 се од соодветната област, а 3 од соодветното подрачје. Од публикуваните трудови, 3 научни труда се објавени во меѓународни научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународно научно списание, 2 труда во научни публикации и 9 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор. Кандидатот има објавено интерна скрипта по предметот производство на слад и пиво, која е одобрена од ННС на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Во периодот од последниот избор, д-р Дане Бошев учествувал во 1 научен проект финансиран од УКИМ, а земал учество и на 3 меѓународни симпозиуми и 1 меѓународен конгрес со усни и постерски презентации.

Врз основа на приложената документација, се забележува дека кандидатот својата научноистражувачка работа ја насочил во областа на житните култури, односно квантитативните и квалитативните својства на нивните главни и споредни производи. Во значаен дел од својот научен опус, кандидатот разработува актуелни проблематики кои се од исклучително значење за науката од областа на житните култури, со предлог-мерки за домашните фармери и институции. Научноистражувачката работа кандидатот им ја пренесува и на помладите генерации, преку менторство на 6 магистерски труда.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Од изборот во наставно-научното звање редовен професор, д-р Дане Бошев активно е вклучен во стручно-апликативната работа на повеќе земјоделски стопанства, преку стручна контрола на семенски посеви и стручна проценка за вредност на поледелски посеви од областа на житните култури. Исто така, кандидатот д-р Дане Бошев е лиценциран вештак од областа на земјоделството при Министерството за правда на РМ, а има остварено и повеќе експертски активности за потребите на повеќе субјекти преку Бирото за судски вештачења на РМ.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, и тоа:

- претседател на Комисија за описна листа на препорачани сорти ;
- претседател на Комисија за национална сортна листа на земјоделски растенија;
- член на Комисија за измени и дополнувања на Законот за семе и саден материјал;
- член на Потсекторската постојана група за уредување на пазарот на житни култури;
- член на Работната група за подготовка за заштита на автохтоните сорти од земјоделски растенија и ревидирање на листата на автохтоните сорти со нивна категоризација;
- претседател на Работната група за подготовка на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014-2020, сектор семе и саден материјал.

Д-р Дане Бошев активно е вклучен во работата на неколку комисии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и тоа: Комисијата за настава, Комисијата за наука и Советот на студиската програма за втор циклус-растителна биотехнологија.

Кандидатот бил член на Организацискиот одбор на 1 и 2 Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна, организиран од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како и член на Научниот одбор на 2 Меѓународен балкански конгрес за земјоделство во Текирдаг, Турција.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Дане Бошев, во учебната 2015/2016 година, доби висока позитивна оценка (9,33) од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот д-р Дане Бошев, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и

дејноста од поширок интерес на кандидатот. Кандидатот, по изборот во редовен професор, продолжил и понатаму да ги развива неговите активности во наставно-образовната дејност, интензивирајќи ја научноистражувачката, а особено стручно-апликативната работа. Успешно ја изведува наставата на додипломските и постдипломските студии, што е потврдено со високата оценка од страна на студентите при интерната евалуација. Публикуваните научни трудови во меѓународни журнали, учеството на интернационални симпозиуми и конгреси, како и менторството на дипломски и магистерски трудови, го прикажуваат како квалитетен научен работник, кој ги владее методите на научноистражувачката работа. Покрај тоа, преку активно учество во повеќе стручни државни комисии и работни групи, кандидатот влијае на решавање на проблемите и креирањето на државните политики во областа на житните култури.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дане Бошев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избран во звањето редовен професор во научната област житни култури.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Дане Бошев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да биде повторно избран во звањето редовен професор во научната област житни култури.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Гоце Василевски, редовен професор**
   **с.р.**

2. **Проф. д-р Михајло Николовски, научен советник**
   **с.р.**

3. **Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор**
   **с.р.**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Дане Трајан Бошев**

**Институција:** **УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Научна област: житни култури**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1 | Зрнести и клубенести култури (П) (3+2), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 7,2 |
| 2 | Производство на слад и пиво (П) (3+2), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 7,2 |
| 3 | Преработка на поледелски производи (П) (3+2), летен семестар, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 3 |
| 4 | Познавање на житата (ПЗП) (3+2), летен семестар, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 9 |
| 5 | Преработка на жито и брашно (ПЗП) (3+2), летен семестар, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 9 |
| 6 | Преработка на поледелски производи (ПЗП) (3+2), летен семестар, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 3 |
| 7 | Производство на слад и пиво (ПЗП) (3+2), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 7,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Преработка на поледелски производи (КБХ) (3+2), летен семестар, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 3 |
| 9 | Суровини од растително потекло (КБХ) (3+2), зимски семестар, 2012/13 | 0,6 |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 10 | Зрнести житни култури (РБ) (5), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 15 |
| 11 | Зрнести легуминозни култури (РБ) (5), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 15 |
| 12 | Зрнести легуминозни култури (РБ) (5) зимски семестар, 2011/12 | 3,75 |
| 13 | Лебни и други житни растенија (РБ) (5) зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 15 |
| 14 | Технологија на мелнички производи (РБ) (5) зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 15 |
| 15 | Технологија на слад и пиво (РБ) (5), зимски семестар, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 15 |
| | **Одржување на вежби од прв циклус на студии** | |
| 16 | Зрнести и клубенести култури (П) (3+2), зимски семестар - вежби, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 3,6 |
| 17 | Производство на слад и пиво (П) (3+2), зимски семестар - вежби, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 3,6 |
| 18 | Преработка на поледелски производи (П) (3+2), летен семестар - вежби, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 1,5 |
| 19 | Познавање на житата (ПЗП) (3+2), летен семестар - вежби, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 4,5 |
| 20 | Преработка на жито и брашно (ПЗП) (3+2), летен семестар - вежби, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 21 | Преработка на поледелски производи (ПЗП) (3+2), летен семестар - вежби, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 1,5 |
| 22 | Производство на слад и пиво (ПЗП) (3+2), зимски семестар - вежби, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 3,6 |
| 23 | Преработка на поледелски производи (КБХ) (3+2), летен семестар - вежби, 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 (33%) | 1,5 |
| 24 | Суровини од растително потекло (КБХ) (3+2), зимски семестар - вежби, 2011/12 | 0,3 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 25 | Консултации со студенти 2011/12, 2012/13, 2013/14, 2014/15, 2015/16 | 0,5 |
| | **Ментор на дипломска работа** | |
| 26 | Каракашов Благој, 2012. Физичко-хемиски параметри на пивски слад како основна суровина за производство на пиво | 0,2 |
| 27 | Аџиев Сашо, 2012. Складирање и чување на житата во силосите на Жито Вардар – Градско | 0,2 |
| 28 | Брдароски Боро, 2013. Производство на бели печива во кичевскиот регион | 0,2 |
| 29 | Миленковски Влатко, 2013. Технологија на леб | 0,2 |
| 30 | Новковски Спасе, 2014. Технологија на слад | 0,2 |
| 31 | Стојанова Емилија, 2014. Производство на пченица | 0,2 |
| 32 | Бошковски Благоја, 2014. Технологија на лагер пиво | 0,2 |
| | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд** | |
| 33 | Стојмановска Ана, 2015. Генетски потенцијал за принос и компоненти на принос кај пченица при различни густини на сеидба. | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | Јованоски Александар, 2015. Ризосферна микрофлора кај некои житни култури одгледувани во Скопскиот и Битолскиот регион. | 0,3 |
| 35 | Сандева Надица, 2016. Молекуларна карактеризација на гени поврзани со квалитетните својства кај македонски генотипови пченица (*Triticum aestivum* L.) | 0,3 |
| | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** | |
| 36 | Димитриевска Вероника, 2012. Вирусни заболувања кај житните култури. | 0,1 |
| 37 | Стојковска Мери, 2013. Производство на семе од луцерка. | 0,1 |
| 38 | Ѓореска Христина, 2013. Современи методи за пакување на храна. | 0,1 |
| 39 | Кочишки Иле, 2014. Складирање и можни промени при складирањето на поважните маслодајни култури. | 0,1 |
| 40 | Петров Кире, 2014. Ботаничка класификација на родот *Triticum* од фамилијата *Poaceae*. | 0,1 |
| 41 | Дијана Ангелова, 2016. Генетски диверзитет на гравот во Република Македонија. | 0,1 |
| 42 | Андреј Делов, 2016. Конзервација на житни култури. | 0,1 |
| 43 | Лиза-Марија Митрушева, 2016. Методи за конзервација на растителни генетски ресурси. | 0,1 |
| | **Рецензирана интерна скрипта одобрена од ННС** | |
| 44 | Производство на слад и пиво | 4 |
| | **Вкупно** | **160,1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | **Ментор на магистерски труд** | |
| 1 | Особини на некои хибриди пченка (*Zea mays* L.) одгледувани во велешкиот и неготинскиот регион, Купенков Димче. | 1 |
| 2 | Улогата на сортата во производството на квалитетен семенски материјал од пченица, Богуновиќ Јасминка. | 1 |
| 3 | Варијабилност на приносот и квалитетот на пченицата одгледувана во Р. Македонија во периодот 2002-2012, Аземов Ирфан. | 1 |
| 4 | Испитување на компонентите на приносот кај некои сорти пченица одгледувани во регионот на Алексинац, Цветковиќ Дејан. | 1 |
| 5 | Варијабилност на некои морфолошки, продуктивни и квалитетни својства кај сортата пивски јачмен Македо во зависност од примената на различни концентрации хранливи раствори, Караколевски Дарко. | 1 |
| 6 | Квалитетни особини на пченично наменско брашно во зависност од почетната суровина, Трајковска Милица. | 1 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 7 | Употреба на маслодајната репка како храна, добиточна храна и суровина за индустријата, 2013-2014, финансиран од УКИМ. | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 8 | **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Jankulovski Lj., Kuzmanovska B., Tanaskovic V. 2014. Evaluation of maize hybrids for grain yield stability under rainfed and irrigated conditions using GGE biplot analysis.Agricultural Academy, Bulgarian Journal of Agricultural Sciences, 20 (6), 1320-1325, JCR IF=0.136. http://agrojournal.org/20/06-07.pdf | 3,7 |
| 9 | Jankulovska M., Ivanovska S., Marjanovic-Jeromela A., Bolaric S., Jankuloski Lj., Dimov Z., **Bosev D.**, Kuzmanovska B. 2014. Multivariate analysis of quantitative traits can effectively classify rapeseed germplasm. Genetika, Vol. 46, No. 2, 545-559. ISI IF=0,492. | 4,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | DOI:10.2298/GENSR1402545J.http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0534-0012/2014/0534-00121402545J.pdf | |
| 10 | **Boshev D.**, Jankulovska M., Tanaskovic V., Ivanovska S., Spalevic V., Karakolevski D. 2016. Assesment of yield and quality of spring barley depending of foliar fertilization. Agriculture & Forestry, Vol. 62 (1), 269-278, DOI:10.17707/AgricultForest.62.1.30. http://www.agricultforest.ac.me/data/20160330-30%20Boshev.pdf | 3,6 |
| 11 | **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Azemov I., Kamberi M. 2016. Evaluation of Balkan wheat cultivars for grain yield stability based on the GGE biplot analysis. International Journal of Agronomy and Agricultural Research (IJAAR), INNSPUB, Vol. 8 (5), 32-38, UIF IF=1.759. http://www.innspub.net/ijaar/evaluation-of-balkan-wheat-cultivars-for-grain-yield-stability-based-on-the-gge-biplot-analysis/ | 5,4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 12 | **Bosev D.,** Ivanovska S., Jankulovska M., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B., Yanchev I. 2012. Improving the yield and quality of wheat and triticale by foliar fertilization. Agricultural Sciences, Vol. IV, Issue 11, pg. 19-22, Plovdiv, Bulgaria. http://agrarninauki.au-plovdiv.bg/journals.php?volume=4 | 1,2 |
| 13 | Jankulovska M., Ivanovska S., Stefkov Gj., Acevska J., Jankuloski Lj., **Bosev D**. 2012. Interrelationship between seed and capsule yield and yield contributing characters in opium poppy (*Papaver somniferum* L.). Agricultural Sciences, Vol. IV, Issue 11, pg. 13-17, Plovdiv, Bulgaria. http://agrarninauki.au-plovdiv.bg/journals.php?volume=4 | 1,2 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 14 | **Bosev D.**, Ivanovska S., Jankulovska M., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B. 2013. Influence of foliar fertilization on agromorphological traits of wheat and triticale. I$^{st}$ International Symposium for Agriculture and Food (12-14 Dec), Proceedings, pg. 33-38. Skopje, R. of Macedonia. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium2012/proceedings/section_1_field_crop_production_simposium2012_fznh.pdf | 1,8 |
| 15 | Jankulovska M., **Bosev D.**, Ivanovska S., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B., Tanaskovic V., Angeleska S. 2013. Multivariate analysis of quantitative traits in maize hybrids. I$^{st}$ International Symposium for Agriculture and | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Food (12-14 Dec), Proceedings, pg. 619-625. Skopje, R. of Macedonia. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium2012/proceedings/section_5_genetics_and_plant_breeding.pdf | |
| 16 | Kamberi M., **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Azemov I., Idrizi Xh., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B. 2013. GGE biplot analysis of wheat means performance and stability at diverse locations in Republic of Macedonia. Fourth International Symposium ”AgroSym 2013” 3-6 Oct 2013, Book of Proceedings, pg. 130-135, Jahorina, Bosnia and Herzegovina. http://www.agrosym.rs.ba/agrosym/agrosym_2013/documents/1pp/pp12.pdf | 1,8 |
| 17 | Jankulovska M., Ivanovska S., Stefkov Gj., Acevska J., **Boshev D.**, Jankulovski Lj. 2013. Morphological diversity of some opium poppy genotypes (*Papaver somniferum* L.). Fourth International Symposium ”AgroSym 2013” 3-6 Oct 2013, Book of Proceedings, pg. 136-140, Jahorina, Bosnia and Herzegovina. http://www.agrosym.rs.ba/agrosym/agrosym_2013/documents/1pp/pp13.pdf | 1,8 |
| 18 | **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Bogunovic J., Yanchev I. 2016. The role of cultivar in production of wheat certified seed material. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015 (7-9 Oct 2015) Ohrid, R. of Macedonia, Symposium Proceedings, Vol. 2. 809-815. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium_proceedings_2015/02_symposium_proceedings_vol_ii.pdf | 1,8 |
| 19 | Kupenkov D., **Boshev D.**, Prentovic T., Ivanovska S., Jankulovska M., Kuzmanovska B. 2016. Assesment of yield and yield components of some maize hybrids grown in Veles and Negotino region. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015 (7-9 Oct 2015) Ohrid, R. of Macedonia, Symposium Proceedings, Vol. 2. 817-824. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium_proceedings_2015/02_symposium_proceedings_vol_ii.pdf | 1,8 |
| 20 | Azemov I., **Boshev D.**, Ivanovska S., Jankulovska M., Kuzmanovska B. 2016. A long-term variability of the wheat yield and quality in R. of Macedonia. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015 (7-9 Oct 2015) Ohrid, R. of Macedonia, Symposium Proceedings, Vol. 2. 825-832. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium_proceedings_2015/02_symposium_proceedings_vol_ii.pdf | |
| 21 | Jovanoski A., Najdenovska O., Gjorgjevic S., Mitkova T., **Boshev D.**, Prentovikj T., Iljovski V. 2016. Rhizosphere microflora at some cereals cultivated in Skopje region. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015 (7-9 Oct 2015) Ohrid, R. of Macedonia, Symposium Proceedings, Vol. 2. 833-837. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium_proceedings_2015/02_symposium_proceedings_vol_ii.pdf | 1,8 |
| 22 | Yanchev I., **Boshev D.** 2016. Study of hydro phobia of maize seed as a method of earlier terms of sowing. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015 (7-9 Oct 2015) Ohrid, R. of Macedonia, Symposium Proceedings, Vol. 2. 971-976. http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/symposium_proceedings_2015/02_symposium_proceedings_vol_ii.pdf | 2,7 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| 23 | **D. Boshev**, M. Kamberi, Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska. 2014. Situation in Agriculture and Seed Production in Republic of Macedonia. 7th International Congress "Plant Breeding, Seed and Nursery Production" and 2nd Regional Workshop of Central and South East European Seed Producers", (05-07.11.2014), Sveti Martin naMuri, Croatia (пленарно предавање) | 3 |
| 24 | **Bosev D.**, Ivanovska S., Jankulovska M., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B. Influence of foliar fertilization on agromorphological traits of wheat and triticale. Ist International Symposium for Agriculture and Food, 12-14 December 2012, Skopje, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 25 | Jankulovska M., **Bosev D.**, Ivanovska S., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B., Tanaskovic V., Angeleska S. Multivariate analysis of quantitative traits in maize hybrids. Ist International Symposium for Agriculture and Food, 12-14 December 2012, Skopje, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 26 | Kamberi M., **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Azemov I., Idrizi Xh., Jankuloski Lj., Kuzmanovska B. GGE biplot analysis of wheat means performance and stability at diverse locations in Republic of Macedonia. Fourth International Symposium "AgroSym 2013" 3-6 October 2013, Jahorina, Bosnia and Herzegovina (постер) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 27 | Jankulovska M., Ivanovska S., Stefkov Gj., Acevska J., **Boshev D.**, Jankulovski Lj. Morphological diversity of some opium poppy genotypes (*Papaver somniferum* L.). Fourth International Symposium "AgroSym 2013" 3-6 October 2013, Jahorina, Bosnia and Herzegovina (постер) | 0,5 |
| 28 | **Boshev D.**, Jankulovska M., Ivanovska S., Bogunovic J., Yanchev I. The role of cultivar in production of wheat certified seed material. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 29 | Kupenkov D., **Boshev D.**, Prentovic T., Ivanovska S., Jankulovska M., Kuzmanovska B. Assesment of yield and yield components of some maize hybrids grown in Veles and Negotino region. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015,7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 30 | Azemov I., **Boshev D.**, Ivanovska S., Jankulovska M., Kuzmanovska B.A long-term variability of the wheat yield and quality in R. of Macedonia. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015,7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 31 | Jovanoski A., Najdenovska O., Gjorgjevic S., Mitkova T., **Boshev D.**, Prentovikj T., Iljovski V. Rhizosphere microflora at some cereals cultivated in Skopje region. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 32 | Yanchev I., **Boshev D.** Study of hydro phobia of мaize seed as a method of earlier terms of sowing. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 33 | Ivanovska S., Stojmanovska A., Jankulovska M., **Boshev D.** Genetic potential for yield and its components in wheat grown with different seeding densities. 2nd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, R. of Macedonia (постер) | 0,5 |
| 34 | Violeta B. Andjelkovic, Dragan R. Kovacevic, Snezana D. Mladenovic Drinic, Mirjana B. Srebric, Natalija B. Kravic, Vojka B. Babic, Mirjana Jankulovska, Sonja Ivanovska and **Dane T. Bosev**. Morphological and molecular identity testing of maize accessions collected in the same area at different time scale. 20th EUCARPIA General Congress. Plant | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Breeding: the Art of Bringing Science to Life. 29 Aug. – 1 Sep. 2016, Zurich, Switzerland (постер) | |
| | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| 35 | **D. Boshev**, M. Kamberi, Sonja Ivanovska, Mirjana Jankulovska. 2014. Situation in Agriculture and Seed Production in Republic of Macedonia. 7th International Congress "Plant Breeding, Seed and Nursery Production" and 2nd Regional Workshop of Central and South East European Seed Producers", (05-07.11.2014), Sveti Martin na Muri, Croatia, Book of Abstracts, 24-26. | 1 |
| 36 | Cvetkovic D., **Boshev D.**, Dimov Z., Ivanovska S., Jankulovska M. 2015. Yield and yield components of some wheat varieties grown in Aleksinac region. 2nd International Symposium for Agriculture and Food ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia. p. 278 | 1 |
| 37 | Karakolevski D., **Boshev D.**, Jankulovska M., Tanaskovic V. 2015. Assesment of yield and quality of spring barley depending on foliar fertilization. 2nd International Symposium for Agriculture and Food ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia. p. 283 | 1 |
| 38 | Ivanovska S., Stojmanovska A., Jankulovska M., **Boshev D**. 2015. Genetic Potential for Yield and its Components in Wheat Grown with Different Seeding Densities. 2nd International Symposium for Agriculture and Food ISAF 2015, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia. p.237 | 1 |
| 39 | **Boshev D.**, Ivanovska S., Jankulovska M., Jankuloski Lj. 2016. Evaluation of winter wheat advanced lines by used PCA and TWO-WAY cluster analysis. V Symposium of Section of the breeding of organisms. Society of Geneticist of Serbia (27-31 May 2016) Kladovo, Serbia, Book of Abstracts, pg. 101-102 | 1 |
| 40 | Ivanovska S., Jankulovska M., **Boshev D.,** Jankuloski Lj. 2016. Inventarization of Crop Genetic Resources in the Republic of Macedonia. V Symposium of Section of the breeding of organisms. Society of Geneticist of Serbia (27-31 May 2016) Kladovo, Serbia, Book of Abstracts, pg. 14-15 | 1 |
| 41 | Violeta B. Andjelkovic, Dragan R. Kovacevic, Snezana D. Mladenovic Drinic, Mirjana B. Srebric, Natalija B. Kravic, Vojka B. Babic, Mirjana Jankulovska, Sonja Ivanovska and **Dane T. Bosev**. Morphological and molecular identity testing of maize accessions collected in the same | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | area at different time scale. Abstracts of the 20th EUCARPIA General Congress Plant Breeding: the Art of Bringing Science to Life. 29 Aug. – 1 Sep. 2016, Zurich, Switzerland, p. 244 | |
| | **Вкупно** | **60.8** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Стручна проценка на штета на јачмен и пченица за Факултетско стопанство Трубарево, ФЗНХ, 2013 | 1 |
| 2 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Велес, МЗШВ, БСВ,2013 | 1 |
| 3 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Делчево, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 4 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Македонска Каменица, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 5 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Валандово, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 6 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Гевгелија, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 7 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Крива Паланка, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 8 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Македонски Брод, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 9 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Пробиштип, МЗШВ, БСВ, 2013 | 1 |
| 10 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Радовиш, МЗШВ, БСВ,2013 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Свети Николе, МЗШВ, БСВ,2013 | 1 |
| 12 | Стручна проценка на вредност на земјоделско земјиште за општина Куманово, ЈП Македонски железници, БСВ, 2014 | 1 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен / стручен собир** | |
| 13 | Член на Организациски одбор на „I$^{st}$ International Symposium for Agriculture and Food“ (12-14 December 2012), Скопје, Република Македонија | 1 |
| 14 | Член на Организациски одбор на „2$^{nd}$ International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2015“, (7-9 October 2015), Охрид, Република Македонија | 1 |
| 15 | Член на Научен одбор на „2$^{nd}$ International Balkan Agriculture Congress“, (16-18 May 2017) Tekirdag, Turkye | 1 |
| 16 | Раководител на Катедра за ѕпецијално поледелство, 14.11.2014 | 3 |
| 17 | Раководител на втор циклус студии на насоката ПЗП-растителни преработки | 4 |
| 18 | Член на Комисија за настава – ФЗНХ, 31.10.2014 | 0,5 |
| 19 | Член на Комисија за наука – ФЗНХ, 31.10.2014 | 0,5 |
| 20 | Член на Совет на студиска програма за 2. циклус-растителна биотехнологија, ФЗНХ, 31.10.2014 | 0,5 |
| 21 | Член на Совет на студиска програма за 3. циклус-растителна биотехнологија, 31.10.2014 | 0,5 |
| 22 | Подготовка на национален документ: Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014-2020, МЗШВ | 2 |
| 23 | Претседател на Комисија за описна листа на препорачани сорти за поледелски растенија, МЗШВ, 30.1.2013 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 24 | Претседател на Комисија за национална сортна листа на земјоделски растенија, МЗШВ, 11.4.2013 | 1 |
| 25 | Член на Комисија за изработка на измени и дополнувања на Законот за семе и саден материјал - МЗШВ, 05.2.2015 | 2 |
| 26 | Член на Комисија за подготовка на Програма за заштита на автохтоните сорти од земјоделски растенија и ревидирање на листата на автохтоните сорти со нивна категоризација, МЗШВ, 11.5.2012 | 2 |
| 27 | Член на Потсекторската постојана група за уредување на пазарот на житни култури, МЗШВ, 5.6.2012 | 1 |
| | **Вкупно** | **33** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **160,1** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **60,8** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **33** |
| **Вкупно** | **253,9** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Гоце Василевски, редовен професор, с.р.
   Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје

2. Проф. д-р Михајло Николовски, научен советник, с.р.
   Земјоделски институт – Скопје

3. Проф. д-р Соња Ивановска, редовен професор, с.р.
   Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ“ ОД М-Р ВЕСНА БОГДАНОВСКА МИРЧЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на седницата одржана на 24.6.2016 година, со Одлука бр. 02-1304/6 формираше Комисија за прегледи на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа со наслов СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ во состав: проф. д-р Љубица Каракашова редовен професор (ментор), проф. д-р Лазар Сиваков редовен професор во пензија (член), доц. д-р Викторија Стаматовска доцент (член), проф. д-р Билјана Петановска – Илиевска редовен професор (член) и проф. д-р Рукие Агич редовен професор (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа со наслов СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ содржи 170 страници, компјутерски обработен текст во фонт Time New Roman со 1,5 проред и големина на букви 12, 120 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 7 глави. Деловите се систематизирани во точки и подточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот започнува со вовед (**прва глава**). Кандидатката укажува на значењето на доматот во исхраната на човекот, како во свежа така и во преработена состојба. Доматот и производите од домати отсекогаш заземале посебно место во исхраната на луѓето поради нивните специфични сензорни својства и нутритивни вредности. Доматите претставуваат богат извор на: витамин С, железо, одредено колочество на В-витамини, како и минерали: K, Na, Mg и Ca. Доматот и производите од домати се главен извор на ликопен и поради тоа овие производи се класифицирани како функционална храна т.е. храна која може на кој било начин да има позитивно влијание врз метаболичките и физиолошките функции на човечкиот организам. Поволната местоположба и одличните

климатски услови придонесуваат на земјоделските површини во Република Македонија со векови во повеќе региони да се

одгледуваат разни видови и сорти на зеленчук кои се со одличен квалитет и технолошки својства. Потребата од развивање и примена на методологии е од особена важност со кои точно ќе се утврди квалитетот на плодовите, преку нивните технолошки својства (механички и хемиски состав). Исто така, од пособена важност за квалитетот на плодовите се нутритивните својства: содржината на витамини, минерали, боени материи и слично, кои се значајни за човековото здравје. Со утврдување на технолошките карактеристики на суровината се прави правилниот избор на суровината со која ќе се постигне висок рандман. Сепак, при преработката од посебна важност е и изборот на технологијата и следењето на фазите на производство за добивање на квалитетен производ, кој покрај својствените органолептички особини поседува квалитетни особини барани на домашните и странските пазари. Денес во светски размери се настојува да се изнајдат нови технологии на конзервирање на храната со кои ќе се добијат производи со добри органолептички својства но при тоа ќе ја задржат нивната хранлива вредност. Врз основа на изложеното произлегуваат и целите кои ги поставила кандидатката во докторскиот труд, да се утврди квалитетот и нутритивните вредности на одделни индустриски сорти домати, на кои со примена на технологија за концентрирање добиен е концентрат од домати, а утврдени се сензорските и хемиските својства, како и нивниот нутритивен состав.

Во **втората глава** претставени се целите на овој труд. Кандидатката ја нагласува главната цел на овој труд, да се одреди квалитетот и нутритивните својства на индустриски сорти домати: *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10*, кои се користат за добивање на концентрат од домати. Истражувањата се направени во текот на 2011, 2012 и 2013 година, при што се утврдени технолошките карактеристики (механичките и хемиските својства), сензорските и нутритивни својства. На одбраните сорти домати применета е соодветна технологија за добивање на концентрат. Кај добиениот финален производ утврден е квалитетот кој е во согласност со барањата за квалитет на важечките законски прописи во Република Македонија, а потоа утврдени се сензорските и хемиски својства, како и микробиолошките карактеристики.

Во **третата глава** е направен литературен преглед. Кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа наведува бројни податоци од литературата кои се однесуваат на проблематиката што ја обработува. Во оваа глава детално се прикажани податоци од повеќе автори, за доматот како суровина, неговото потекло, стопанско значење и приноси. Презентирани се податоци од страна на повеќе автори за почвените и климатски услови при одгледување на доматите. Интерпретирани се податоци од автори кои направиле испитувања на механичките, сензорските и хемиските својства на доматот, а кои укажуваат и на здравствените придобивки на одделни хемиски состојки од доматот, посебно за каротеноидите. Посебно се обработени сознанијата од авторите кои ги истакнуваат сите важни факотри кои се потребни за правилно водење на технолошки процес, со

цел добивање на готов производ кој е во согласност со законските барања и барањата на потрошувачите.

Во **четвртата глава,** кандидатката детално ги опишува материјалите и методите кои ги користела за реализација на целите поставени во докторската дисертација. Како материјал за работа, м-р Весна Богдановска Мирческа користи три сорти на домати: *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10*, од битолскиот регион. Испитувањата се извршени во 2011, 2012 и 2013 година. Кај секоја од испитуваните сорти свежи домати анализирани се: механичките и хемиските својства за да се утврди нивниот квалитет и нутритивните својства. Хемиските анализи се направени со примена на стандардни лабораториски методи. Кај испитуваните сорти домати применета е технологија за конзервирање со концентрирање, а на секој од преработените производи анализирани се хемиските и сензорските својства, врз основа на што се утврдени промените во квалитетот и нутритивните својства на секоја сорта. Истражувањата на одбраните сорти домати и примената на технологијата за добивање на концентрат од домати се направени во производниот погон на фабриката „Компанија Ж.Радевски“ од Битола. Во две потпоглавја се прикажани резултатите од анализа на почвата кадешто беа одгледувани испитуваните сорти на домати, како и климатските услови за соодветните години во тој регион. Добиените податоци од истражувањето се анализирани со помош на анализа на варијанса (ANOVA). Сите анализи се тестирани со LSD тестот.

Во **петтата глава**, во неколку потпоглавја, прикажани се резултатите од истражувањата и нивната дискусија. На почетокот се прикажани резултатите од истражувањата на механичките својства (висина и ширина на плод, маса на плод, маса на корисен дел на плодот, маса на отпад и рандман) кај свежите домати. Направена е анализата на варијансата за податоците добиени од истражувањето, а резултатите се претставени табеларно. Во следното потпоглавје се прикажани резултатите од испитувањата на хемискиот состав и нутритивните вредности како за свежите, така и за секој од преработените домати (концентрат). Направена е анализата на варијансата за податоците добиени од истражувањето, а резултатите од испитуваните параметри: вкупни суви материи, растворливи суви материи, вкупни шеќери, вкупни киселини, pH, витамин C, ликопен, протеини, минерални материи (пепел), тешки метали (Pb и Cd) а претставени се табеларно. Во оваа глава е опишана и технолошката постапка за добивање на концентрат од домати, како и постапката за изолација на ликопен. Во претпоследното потпоглавје се прикажани резултатите од органолептичките својства (боја, мирис, вкус и вискозност) кај концентратите од соодветните сорти на домати. Резултатите од органолептичките својства се претставени табеларно, а направена е и анализа на варијанса од органолептичките својства на готовиот производ. Последното потпоглавје од петтата глава ги презентира микробиолошките и бактериолошките анализи на концентратите од домати, а резултатите од испитуваните параметри (*Escherichia coli*, *Clostridium perfringens* и *Staphylococcus aureus*) се претставени табеларно. Резултатите се соодветно коментирани, врз основа на што се добиени заклучоци.

Во заклучните согледувања (**шеста глава**), презентирани се заклучоците кои произлегоа од поставените цели на истражувањето. Заклучоците се јасно формулирани, а претставуваат целосен одговор на поставените цели.

Во користена литература (**седма глава**) може да се утврди дека м-р Весна Богдановска Мирческа користела богата литература, што ѝ овозможило да направи споредба на добиените резултати со соодветните резултати од другите истражувачи, а врз база на споредба да донесе значајни заклучоци за испитуваните сорти домати и нивната преработка (со примена на технологија за добивање на концентрат од домати).

**Предмет на истражување**

Главна цел на овој труд е да се одреди квалитетот и нутритивните вредности на одделни индустриски сорти домати кои се користени за добивање на концентрат од домати.

Остварувањата на главната цел е реализирана според следниве работни цели: кај сортите домати *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10* да се утврди квалитетот преку технолошките карактеристики (механичките и хемиските својства), органолептичките својства, како и нивните нутритивни вредности. На одбраните сорти домати да се примени соодветна технологијата за добивање на концентрат од домати. Кај добиениот концентрат од домати да се утврди квалитетот и микробиолошките карактеристики, да се споредат со важечките законски прописи во Република Македонија, а потоа да се утврдат нутритивните и органолептички својства. Од испитуваните сорти да се истакне сортата со најдобри карактеристики.

Мотив на кандидатката при изработка на докторската дисертација претставувал недостатокот на национално репрезентативни квантитативни и квалитативни истражувања во оваа област.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Постои широк асортиман на производство на домати, кои се користат за различни преработки. Од посебно значење е доматот што се користи во свежа состојба, како и за преработка, да биде со поголемо учество на корисен дел, што поголема содржина на сува материја и со поизразени сензорски карактеристики. Кај свежиот домат, одговорни за нутритивната вредност, а воедно и сензорските карактеристики се меѓусебниот однос на хемиските состојќи, вклучувалќи ја и водата. Хемискиот состав на доматот е доста сложен и променлив. Тој е зависен од повеќе фактори, меѓу кои најважни се: видот и сортата, климатските услови, педолошките својства на почвата, применетите агротехнички мерки, степенот на зрелост, пооделните фази на развиток и развој и др. Потребно е доматот да се бере во технолошка зрелост. По бербата потребно е веднаш да се преработи, бидејќи за време на складирањето, во плодовите продолжуваат одредени процеси меѓу кои најважни се: дишење, испарување на водата и созревање. Поради ова продолжуваат да се одвиваат сложени хемиски процеси на разложување, при што се

намалува содржината на квалитетните состојки, а доматот главно губи во квалитет, менувајќи ги вкусот, мирисот, бојата, конзистенцијата и составот. Во текот на чувањето на плодовите до нивната преработка често доаѓа до хемиски промени во плодовите и тоа на: јаглехидратите, органските киселини, азотните и пектински материи, витамините и други составни компоненти, поради што наполно се менуваат технолошките својства на плодовите. Како важна карактеристика од квалитетот кај доматот се различните сензорски својства: изглед, боја, вкус, мирис и текстура.

Од посебно значење е познавањето на сортите, нивните механички, сензорски и хемиски карактеристики, правилно утврдување на нивната технолошка зрелост и условите на чување до преработка.

Технологијата на конзервирање со концентрирање се применува со цел да се спречат несаканите процеси и зачувување на хранливите вредности во продуктите. Во практика се бара правилно водење на технолошкиот процес, со што ќе се овозможи производот да се чува одредено време без значителни промени на квалитетот. Под одржување на квалитетот се подразбира производот во текот на пропишаниот рок на употреба, односно во текот на чувањето да ги зачувува хранливите состојки и својства, како боја, мирис и вкус, а воедно да ги исполнува и барањата за здравствено безбеден производ. Денес, во светски размери се настојува да се изнајдат нови технологии за преработки на храна, со кои ќе се добијат производи кои ќе бидат првенствено со добри сензорски својства, но при тоа ќе ја задржат и нивната хранлива вредност.

Во последните години, следејќи ги општите трендови во светот за зголемување на производството на разни преработки од зеленчук, во Република Македонија се зголемува бројот и обемот на преработувачките капацитети, кои не само што се извозно ориентирани, туку учествуваат во регулирањето на понудата и преработувачката на земјоделски производи, во освојување на нови и задржувањето на традиционалните пазари. Индустријата за преработка на зеленчук во Република Македонија со своите производни капацитети има, значајна улога во прехранбениот сектор, а со тоа и во македонската економија. Затоа е потребно да се инвестира во индустриски објекти за преработка на зеленчук, кои ќе применуваат потполно модернизирани технолошки постапки и современи технологии, но и развој на нови, со кои ќе се добијат конкурентни и квалитетни прехранбени производи.

При истражувањето е утврдено дека постојат малку податоци од Република Македонија за квалитетните својства на сортите кои се одгледуваат во нашите производни региони, со кои би биле опфатени нивните механички, сензорски и хемиски својства, како нивни сортови карактеристики. Врз основа на комплетните хемиски анализи може да се добие претстава за нутритивниот состав за сортите домати, кои ќе бидат посебно значајни за исполнување и усогласување со европските регулативи во однос на означување на храната. Според изложеното, од ова би можело да произлезе иницијатива да се создаде национална база на податоци во која ќе се евидентираат механички, сензорски и хемиски својства, како и нутритивниот состав, за различни сорти домати, од

одделни региони. Ова е особено значајно и за оние сорти кои традиционално се одгледуваат во Република Македонија, за да можат да добијат соодветни географски обележја.

**Краток опис на применетите методи**

Во докторската дисертација, предмет на истражување се доматите од сортите *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10*, свежи и преработени (со примена на технологијата за концентрирање). Испитувањата се извршени во три повторувања, во 2011, 2012 и 2013 година.

За анализа на механичките својства на свежите домати, направени се испитувањата на: висина на плод (mm) и ширина на плод (mm), мерењата се направени со шублер, со точност од ± 0,1 mm, маса на плод (g), со аналитичка вага од типот „Mettler“ со точност од ± 0,01 g. Направени се мерења на масата на чистен плод, од кој е отстранета дршката, како и отпадокот. Врз основа на вредностите на масата на цел плод (g) и масата на чистен плод (g), пресметан е рандманот (%).

За хемиските анализи на плодовите и концентратот користени се различни стандардни лабораториски методи за определување на следните хемиски параметри: вкупна сува материја со примена на гравиметриска метода, во сушница на температура од 105 $^{o}$C до константна маса; растворлива сува материја со примена на автоматски рефрактометар од тип RFM 700 со точност ± 0,1; вкупни шеќери со примена на волуметриска метода по Luff – Schoorl т.е. со редукција на бакарот од алкалниот раствор од $Cu^{2+}$ до $Cu^{+}$; вкупни органски киселини според методот на неутрализација со 0,1 M раствор на NaOH, при што како индикатор се користи 1 % раствор на фенолфталеин ($C_{20}H_{14}O_4$); активна киселост (pH вредност) со pH-метар, тип „Metiler toledo”; витамин C по методот на Tillmans; протеини по методот на Kjeldahl; ликопенот со колонска хроматографија на добиен екстракт; минерални материи со жарење во електрична печка на температура до 550 $^{o}$C; вискозноста со вискозиметар; тешки метали (Pb и Cd) со примена на методата MKS EN ISO/IEC 17025 : 2005.

Кај готовите преработки од трите сорти на домати, добиени со технологија на конзервирање со концентрирање од микробиолошките испитувања се направени бактериолошките анализи на: *Escherichia coli* со метода ISO 16649-1/2, *Clostridium perfringens* со метод ISO 7937 и *Staphylococcus aureus* (коагулаза позитивни стафилококи) со метод ISO 6888-1/2.

За утврдување на квалитетот на готовите производи, користени се параметрите согласно со важечките законски прописи во Република Македонија. Врз основа на добиените резултати направена е статистичка обработка. Статистичката обработка вклучува ANOVA за тестирање на еднаквоста на просечните вредности на испитуваните параметри, LSD анализа за значајноста на добиените разлики, како и t - тест. За ниво на значајност е земено 0,05 и 0,01.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Врз основа на добиените резултати од испитувањата кај свежите домати од сортите *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10*, може да се констатира дека за испитуваните механички својства се покажа дека годината има значајно влијание врз варијабилноста на својствата: висина и ширина на плод, маса на плод, маса на корисен дел, маса на отпадок и рандман. Утврдено е дека сортата и интеракцијата година x сорта имаат значајно влијание врз варијабилноста на сите испитувани својства. Во рамките на секоја испитувана година, испитуваните сорти статистички значајно се разликуваат помеѓу себе во однос на висината на плодот. Во однос на сортите, со најниска просечна вредност (59,12 mm) за висина на плод се одликува сортата *vf 10*, а со највисока (74,20 mm) *carioca*. Во однос на висината на плодот во трите испитувани години, помеѓу сортите утврдени се статистички значајни разлики. Сортата *vf 10* се одликува со најниска просечна вредност (47,15 mm) за ширина на плод, а со највисока (54,85 mm) *carioca*. Во однос на просечните вредности за ширина на плод во секоја од испитуваните години, испитуваните сорти статистички значајно се разликуваат помеѓу себе. Со најниска просечна вредност (69,51 g) за маса на плод се одликува сортата *vf 10*, а со највисока (69,51 g) кај *carioca*. Испитуваните сорти статистички значајно се разликуваат помеѓу себе во однос на масата на плодот.Утврдено е дека испитуваните сорти статистички зачајно се разликуваат помеѓу себе во однос на просечните вредности за маса на корисен дел. Во однос на сортите најмала просечна вредност (68,20 g) за маса на корисен дел утврдена е кај сортата *vf 10*, а најголема (88,19 g) кај сортата *carioca*. За просечните вредности на отпад статистички значајни разлики. Во однос на сортите, најмала просечна вредност (0,83 g) за маса на отпад утврдена е кај сортата *vf 10*, а најголема (1,37 g) кај сортата *carioca*. Во однос на просечната вредност за рандман утврдени се статистички значајни разлики помеѓу сортите *vf 10* и *carioca*. Во однос на сортите највисока просечна вредност (98,80 %) за рандман утврдена е кај сортата *vf 10*, а најниска вредност (98,47 %) кај сортата *carioca*. Врз основа на добиените резултати може да се констатира дека со најдобри механички својства се одликува сортата *vf 10*, бидејќи имаше најдобар процент на искористеност на плодовите (рандман).

Врз основа на испитувањата на хемиски својства како кај свежите, така и кај преработенте домати, може да се констатира дека годината и интеракцијата година *x* сорта имаат статистички значајно влијание врз варијабилноста на содржината на вода и вкупни суви материи. Утврдено е дека сортата има статистички значајно влијание врз варијабилноста на испитуваните хемиски својства. За технологијата на концентрирање може да се констатира дека има статистички значајно влијание на секое од испитуваните хемиски својства (вкупни суви материи, растворливи суви материи, вкупни шеќери, вкупни киселини, pH, витамин C, ликопен, протеини и минерални материи. Највисока просечна содржина (5,93 %) за вкупни суви материи утврдена е кај сортата *vf 10*, а најниска (5,02 %) сортата *carioca*. Утврдено е дека во однос на просечните вредности за содржина на вкупни суви материи, постојат статистички значајни разлики помеѓу сортите *vf 10* и *carioca*, како и помеѓу сортите *heinz 7151* и *carioca*. Според просечната содржина на вкупни суви материи во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (29,38 %), а најниска кај

сортата *carioca* (27,33 %). Највисока просечна содржина на растворливи суви материи во содржината на вкупни суви материи од (89,14 %) е утврдено кај сорта *heinz 7151*, а со најниска просечна содржина на растворливи суви материи во содржината на вкупни суви материи (89,10 %) се карактеризираат плодовите на домати од индустриската сорта *vf 10*. Содржината на вкупни шеќери варира како во однос на сортите така и во однос на годините на испитување. Највисока просечна содржина на вкупни шеќери (2,79 %) е утврдено кај сорта *vf 10*, а најниска (2,36 %) кај сорта *carioca*. Највисока просечна содржина на вкупни шеќери (15,42 %) утврдена е кај концентратот на домати од сорта *vf 10*, која статистички значајно се разликува од просечната содржина на вкупните шеќери кај другите две сорти. Според просечната содржина на вкупни киселини во однос на применетите технологии, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (2,04 %), а најниска кај сортата *carioca* (1,59 %). За pH вредноста, според добиените резултати утврдено е дека има статистички разлики во однос на годините и сортите. Во однос на просекот на сортите може да се констатира дека највисока просечна содржина на витамин C (18,15 mg/100 g) утврдена е кај сортата *vf 10*, која статистички значајно се разликува од просечната содржина на витамин C во однос на двете останати сорти. Според просечната содржина на витамин C во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (24,09 mg/100 g), а најниска вредност (22,44 mg/100 g) е утврдена кај концентрато на домати од сортата *carioca*. Во однос на просечната содржина на витамин C постојат статистички значајни разлики помеѓу свежите домати и концентратите. Во однос на просекот на сортите може да се констатира дека највисока просечна содржина на ликопен (11,51 mg/100 g) утврдена е за сортата *vf 10*, која статистички значајно се разликува во однос на просечната вредност кај сортата *carioca*, која е со најниска просечна содржина на ликопен (9,75 mg/100 g). Според просечната содржина на ликопен во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентрато на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (58,75 mg/100 g), а концентрато на домати од сортата *carioca* има најниска вредност (53,44 mg/100 g). За просечната содржина на протеини, во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (4,95 %), а концентрато на домати од сортата *carioca* има најниска вредност (3,46 %). Во однос на просечната содржина на протеини постојат статистички значајни разлики помеѓу свежите плодови и концентратот од домати. Највисока просечна содржина на минерални материи (0,73 %) утврдена е кај сортата *vf 10*, која статистички значајно се разликува од просечната содржина на минерални материи во однос на двете останати сорти. Според просечната содржина на минерални материи во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентрато на домати од сортата *vf 10* има највисока вредност (3,83 %), а најниска вредност (2,48 %) е утврдена кај концентрато на домати од сортата *carioca*. Во однос на просечната содржина на минерални материи постојат статистички значајни разлики помеѓу свежите домати и концентратите.

Врз основа на испитувањата во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има најголема вредност (11,90 cm/s) за вискозноста, а најмала вискозност (9,20 cm/s) утврдена е кај концентратот на домати од сортата *heinz 7151*. Со анализа на варијанса, утврдена е значајна статистичка разлика помеѓу концентратите на домати од трите испитувани сорти во однос на вискозитетот во трите испитувани години.

Врз основа на испитувањата за органолептичките својства кај свежите домати, утврдено е дека свежите плодови се одликуваат: без присуство на несвојствена миризба и/или вкус, без појава на процес на скапување; чисти, без присуство на видливи туѓи материи, не се утврдени оштетувања од болести, штетници, механички оштетувања, врз основа на што може да се констатира дека доматите се погодни за понатамошна преработка. Во однос на применетата технологија, помеѓу сортите, утврдено е дека концентратот на домати од сортата *vf 10* има најголем број поени (2,31) во однос на бојата, а најмал број поени (2,13) во однос на бојата кај концентратот на домати од сортата *heinz 7151*.

Врз основа на истражувањата може да се констатира дека сортата *vf 10* се одликува со највисоки вредности на испитуваните нутриенти, како во свежите домати така и во концентратот.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа, со наслов **СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ**, претставува истражување во областа анализа на храна, хемија и биохемија на храна, нутритивна биохемија, превентивна медицина, преработка на зеленчук. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има значаен научен придонес во научната облас на нутритивна биохемија, хемија на храна, прехранбената технологија и дава препораки во здравствените придобивки поврзани со здравјето на човекот.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа, со наслов **СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги има објавено во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Bogdanovska Mirčeska V.,** Ristovska N. (2011). Determination of sugars in some ripe and dehydrated tomato varieties, Proceedings of the

Fourth International Scientific Conference of FMNS in Blagoevgrad Bulgaria, 8-11 June, 2011, vol.2.

2. **Bogdanovska Mirčeska V.,** Ristovska N. (2011). Quality Characterization and Processing of Some Tomato Varieties, Journal of Hygienic **Engineering and Design, EHEDG World Congress on Hygienic Engineering and Design in Ohrid, Macedonia, 22-24 September, 2011, pp.261-265.**

3. Karakashova Lj., **Bogdanovska Mirceska V.,** Karakashov B., Durmishi N. (2012). Quality Characteristics of Fresh and Dried Solar Industrial Varieties of Tomatoes, 3rd Food Safety Congress in Istanbul Turkey, 3-4 May, 2012.

**Заклучок и предлог**

**Докторската дисертација под наслов СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ** според содржината и добиените резултати претставува оргинален научен труд.

При изработката на трудот обработени се голем број на литературни податоци, користен е рационален пристап, резултатите се јасно презентирани и коментирани, а заклучоците даваат прецизни одговори на поставените цели.

**Главни научни придонеси на кандидатката се истражувањата направени на одделни индустриски домати од сортите:** *carioca*, *heinz 7151* и *vf 10*, со кои се анализирани и научно образложени нивните механички и хемиски својства. Резултатите од оваа докторска дисертација можат да послужат како основа за идни истражувања во оваа област, но и за производителите на зеленчук, за кои од особена важност е квалитетот на основната суровина. Овие податоци можат да послужат и како основа за оние преработувачи на домати кои во иднина, со примена на иновативни технологии, можат да произведат квалитетни производи, конкурентни на светските пазари. Истражувањата на хемиските и нутритивните својства на готовите производи се особено важни како за исполнување и усогласување со националните и европските законски барања за квалитет, така и за барањата и информираноста на потрошувачите за квалитетот и нутритивниот состав на храната која ја користат во нивното секојдневие.

**Можните понатамошни истражувања би можеле да бидат насочени кон истражувања на квалитетот и својствата на повеќе сорти домати кои се одгледуваат во Република Македонија, да се применат разни технологии, како и иновативни технологии, со цел да се утврди нивната подобност за производство. Ова би можело да ги поттикне и одгледувачите на домати кои би дале предност на сортите кои се од посебен интерес за преработувачката индустрија.**

**Комисијата смета дека трудот ги опфаќа и во целост ги обработува поставените проблеми, а ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи, со детално прикажани статистички обработени резултати. Дискусијата и заклучоците се објавени и реални и даваат прецизни одговори на поставените цели.**

**Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно–научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Богдановска Мирческа**, со наслов **СПОРЕДБА НА НУТРИТИВНИТЕ СВОЈСТВА КАЈ ОДДЕЛНИ СОРТИ ДОМАТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОМАТЕН КОНЦЕНТРАТ**.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубица Каракашова, ментор с.р.
2. Проф. д-р Лазар Сиваков, член с.р.
3. Доц. д-р Викторија Стаматовска, член с.р.
4. Проф. д-р Биљана Петановска-Илиевска, член с.р.
5. Проф. д-р Рукие Агич, член с.р.

ПРЕГЛЕД

ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1 | Џемаил Демиќ | Некогаш и сега животниот пат на бесмртниот јавач | Then and now the life path of the immortal rider | Проф. д-р Трајче Блажевски | 02-195/3-4 од 20.10.2016 |
| 2 | | | | | |

# ПРЕГЛЕД

# НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

## 1. Магистерски труд по ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМЦИЈАТА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Гордана Гештаковска | Молекуларни механизми за развој на нови онколошки лекови | Molecular mechanizam in development of new oncological medicines | Доц. д-р Александра Грозднова | 02-508/8 06.10.2016 |
| 2. | Андреа Митевска | Предклинички и клинички испитувања во биолошки лекови | Preclinical and clinical studies in biological medicine | Доц. д-р Александра Грозднова | 02-508/9 06.10.2016 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Игор Глигоров | Маркетинг стратегии во фармацевтската индустрија | Marketing strategies in the pharmaceutical industry | Доц. д-р Зоран Стерјев | 02-508/10 06.10.2016 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Специјалистички труд по ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Лирим Мустафа | Анализа на потрошувачката на лекови во Република Косово според АТС класификација и дозажни форми | Assessment of drug consumption for treating Central Nervous System disorders in the Republic of Kosovo based on ATC classification | Доц. д-р Зоран Стерјев | 02-508/11 06.10.2016 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по здравствен менаџмент и фармакоекономија

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Петар Велкоски | Рационален фармацевтски менаџмент | Racional pharmaceutical menagment | Проф. д-р Љубица Шутуркова | 02-508/7 06.10.2016 |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ):

## ПЕДАГОГИЈА, МЕТОДИКА, МЕТОДОЛОГИЈА И СТАТИСТИКА

## НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен на 21 септември 2016 година во дневниот весник „Нова Македонија“, број: 23.859, година LXXI, за избор на еден **наставник** (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): **педагогија, методика, методологија и статистика,** и врз основа на Одлуката бр. 04-1642/6, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XIX редовна седница одржана на 31. X 2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, редовен професор на Институтот за педагогија, д-р Наташа Ангелоска-Галевска, редовен професор на Институтот за педагогија и д-р Анета Баракоска, редовен професор на Институтот за педагогија.

Врз основа на анализа на доставената документација, Комисијата го поднесува следниот

### ИЗВЕШТАЈ

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријавиле следниве кандидати: д-р Елизабета Томевска-Илиевска, д-р Десанка Угриновска и м-р Роберт Трајковски.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката д-р Десанка Угриновска, Комисијата утврди дека документацијата не е комплетна, односно дека Угриновска нема доставено *Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно наставно-стручно и соработничко звање*. Од овие причини се заклучи дека пријавената кандидатка не ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатот м-р Роберт Трајковски, Комисијата заклучи дека тој не го поседува *потребното научно звање* за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): педагогија, методика, методологија и статистика, пропишани со конкурсот, и нема доставено комплетна документација, со што не ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Заради наведените факти, пријавите на овие кандидати не се земени предвид при поднесувањето на Извештајот.

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за следниве научни области (дисциплини): педагогија, методика, методологија и статистика, во предвидениот рок и со потполна документација се пријави доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска.

7. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска е родена на 3. 10. 1974 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, во 1994 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како редовен студент на студиите по педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 19. 12. 1997 година, со просечен успех 9,50.

По дипломирањето, Томевска-Илиевска се запишала на постдипломски студии по педагошки науки, дидактичко-методичка насока на Филозофскиот факултет во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,70. На 18. 10. 2007 година го одбранила магистерскиот труд со наслов „Оценувањето на учениците по мајчин јазик во одделенска настава“ и се здобила со научно звање - магистер по педагошки науки.

Томевска-Илиевска својата професионална кариера ја започнала веднаш по дипломирањето, работејќи како воспитно-образовен координатор во Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“од 1998 до 2003 година. Од 1999/2000 година до јуни 2003 година била ангажирана како демонстратор по предметот методика I на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје.

На 1. 11. 2003 година Томевска-Илиевска се вработила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија, како помлад асистент по предметите методика I и методологија на педагошките истражувања. Во истото звање е реизбрана во јуни 2007 година.

По магистрирањето, во април 2008 година, се здобила со звањето асистент за научните области: методика, методологија на педагогија и педагогија. Во истото звање Елизабета Томевска-Илиевска е реизбрана на 18. 3. 2011 година за научните области: методика, методологија на педагогија, статистика во педагогија, педагогија, статистика, Образовна инклузија на маргинални групи и едагошка работа со ранливи деца.

Докторската дисертација на тема „Интерактивни модели за развивање на дидактички компетенции на наставниците“ ја пријавила на Филозофскиот факултет во Скопје во јуни 2008 година, а ја одбранила на 28.12.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Зоран Велковски, проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ и проф. д-р Вера Стојановска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по педагошки науки.

На 22.3.2012 година е избрана во звањето доцент на Институтот за педагогија за научните области (дисциплини): педагогија, методика, методологија и статистика.

Во моментот д-р Елизабета Томевска-Илиевска работи како доцент на Институтот за педагогија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1026 од 1.3.2012 година.

Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во следните билтени: Билтен бр. 824 од 14. 3. 2003 год., Билтен бр. 916 од 2. 4. 2007 год., Билтен бр. 937 од 29. 2. 2008 год., и Билтен бр. 1003/79 од 1. 3. 2011 год., како и вкупните научни,

стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет - Скопје, кандидатката д-р Елизабета Томевска-Илиевска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми по педагогија, психологија, филозофија, дефектологија и семејни студии, и на втор циклус студии на студиските програми по педагошки науки и менаџмент во образованието.

Кандидатката е ментор на 24 дипломски трудови и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 32 дипломски трудови.

Кандидатката е ментор на 3 магистерски трудови и учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 17 магистерски трудови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 5 докторски дисертации.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот**

Кандидатката д-р Елизабета Томевска-Илиевска е автор на учебник со наслов „Интерактивни пристапи во наставата“. Содржините од учебникот се компатибилни, а во голем дел и идентични со програмските содржини од повеќе предметни програми. Учебникот е вклучен како основна литература за предметната програма Интерактивни пристапи во наставата и како дополнителна литература за предметните програми Дидактика на јазично и уметничко подрачје и Педагошка комуникација, застапени во студиската програма на Институтот за педагогија. Учебникот е наменет и за студентите кои ќе ја изберат предметната програма Интерактивни пристапи во наставата од листата на слободни изборни предмети од Филозофскиот факултет и од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Покрај тоа што учебникот кореспондира со целите на споменатите предметни програми, тој претставува и образовна поддршка за развој на наставните вештини и педагошките компетенции на многу широка популација студенти на наставничките факултети, како и на сите други кои пројавуваат интерес за стекнување знаења и развивање педагошки компетенции за примена на современи-интерактивни модели во сопствената идна работа.

Интерактивната настава во ракописот се третира како: размена на искуства, знаења, уверувања и потреби на хоризонтално и вертикално ниво, поврзување со сопственото искуство и практично делување, соработка и партнерство (кооперативно учење, однос базиран врз рамноправност, комплементарност, компетентност, почитување и демократска процедура). Во учебникот е застапен концепт во кој реализацијата на интерактивната настава се базира врз „трикратна релација“: процес-цел-односи.

Авторката посебен акцент става на вреднувањето, како составен дел на воспитно-образовните акции.

Кандидатката д-р Елизабета Томевска-Илиевска партиципирала како стручен соработник во креирањето на учебниците: Македонски јазик за прво одделение за деветгодишно основно образование и Македонски јазик за второ одделение за деветгодишно основно образование. Учебниците се современи, проактивни и оригинални во однос на методичката концепција за совладување на основните јазични вештини. Тие нудат еден целосно нов пристап во почетното јазично описменување и кореспондираат со специфичностите на македонскиот јазик и развојните каракеристики на учениците од рано училишна возраст.

Д-р Елизабета Томевска-Илиевска е рецензент на универзитетскиот учебник „Увод во статистичка обработка на податоци", објавен во 2012 година, чии автори се Борис Кожух и Наташа Ангелоска-Галевска, во издание на Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет - Скопје.

Во рамките на студиската програма за педагогија, Томевска-Илиевска подготвила нов изборен предмет - *интерактивни пристапи во наставата*. Воедно, учествува и во подготовка на предавањата за задолжителниот предмет *педагогија*, наменет за студентите од Институтот за филозофија, како и на предметната програма *Педагошка комуникација,* како задолжителен предмет на Институтот за педагогија. Во рамките на студиската програма за семејни студии, кандидатката подготвила нов изборен предмет *семејство, описменување и педагошка работа со ранливи групи*.

Во рамките на студиската програма на трет циклус-докторски студии од подрачјето на општествените науки-педагогија на Институтот за педагогија, Томевска-Илиевска учествува во подготовка и реализација на предметната програма *Интерактивни компетенции-развој и имплементација*.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Прегледот на доставената документација за научноистражувачката дејност на кандидатката Томевска-Илевска покажува висок степен на ангажираност во повеќе научноистражувачки сфери, изразена преку учество во меѓународни и национални проекти (5 респективно 3); ангажман како ментор на магистерски трудови (3); трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија (4); трудови со оригинални научно-стручни резултати објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир со меѓународни уредувачки одбори (6); секциски предавања на научно/стручни собири со меѓународно учество (3); учество на научно/стручни собири со реферати (усна презентација) (10); абстракти објавени во зборници на меѓународни конференции (4).

Д-р Елизбета Томевска-Илиевска, како образовен експерт и истражувач, била вклучена во национални и меѓународни проекти и во бројни научни истражувања. Таа учествува во многу активности поврзани со образовната политика во областа на средното стручно образование и обука, измени во Законот за основно и средно образование и во подобрување на јазичната писменост во раната училишна возраст во Р Македонија.

Д-р Елизабета Томевска-Илиевска учествува како експерт на 3 меѓународни проекти и тоа:

- **стратегија за стручно образование и обука во Република Македонија 2012-2020** (раководител на експертски тим: проф. д-р Зоран Велковски), ЕТФ (Европска фондација за обука), Министерство за образование и наука на Р Македонија, Центар за стручно образование и обука, (2012-2013);
- меѓународен научен проект: **Подобрување на педагошките компетенции на наставниците и менаџерските вештини на директорите од средните стручни училишта во Р Македонија и Косово,** (национален координатор: проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска), партнери: ЈАМК - Јаваскула универзитет за применети науки од Финска, Јаваскула колеџ за образование на наставници и Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет - Институт за педагогија, (октомври 2011 – март, 2013);

**- Систематска евалуација на реформираното средно стручно образование со четиригодишно траење во Република Македонија** (истражувач) (раководител: проф. д-р Зоран Велковски), ЕТФ (Европска фондација за обука), Министерство за образование и наука на Р Македонија, Центар за стручно образование и обука (октомври 2009- мај 2010).

Д-р Елизабета Томевска-Илиевска учествува како експерт на 3 национални проекти и тоа:

- проект: **„Со читање до лидерство“**. УСАИД, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2013-2016);

- проект: **„Компетентни учители за 21 век“**. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет-Институт за педагогија, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. (2013-2016);

- проект: **Водич за практична работа на студентите од наставничките факултети.** Скопје: Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Филозофски факултет - Институт за педагогија, Министерство за образование и наука на Р Македонија, Биро за развој на образованието на Р Македонија. (2013).

Во периодот од последниот избор, доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, сознанијата добиени преку богатата научноистражувачка дејност ги презентира на реномирани научно-стручни конференции/собири организирани од домашни и странски универзитети и од организации од невладиниот сектор кои се занимаваат со образовна проблематика.

Научноистражувачката дејност на кандидатката е поврзана со научните области за кои се избира.

Доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска е коавтор на стручниот труд **Развој на јазичната писменост-состојби и перспективи**, во кој јазичната описменетост на

учениците се третира како базичен процес на севкупното учење и напредување. Овој комлпексен и долготраен процес во национален контекст, во неговиот најелементарен облик се одвива во рамките на првиот образовен циклус во основното деветгодишно образование. Во трудот се истакнува дека наспроти традиционалните сфаќања, денес се градат современи концепти за јазичното описменување, кое се третира како холистички процес на одделни вештини кои ја сочинуваат основата на јазикот. Ова се сериозни и комплексни барања и приоритети за кои се наведува дека се усвоени на теоретско ниво и кои спорадично се имплементираат во секојдневната наставна практика. Во трудот се отвора прашањето за начините на образовна компензација во насока на тоа современите стратегии да станат секојдневна наставна рутина. Tofovic-Kjamilova, M., **Tomevska-Ilievska, E.** (2013) ***'Development of Language Literacy – States and Perspectives in the Republic of Macedonia'.*** (Co-author) International Symposium: Education between Tradition and Modernity. Skopje: Faculty of Philosophy, Institute of Pedagogy. Vol. 2 (pg. 174-180). ISBN 978-608-238-011-7 (Vol. 1), ISBN 978-608-238-012-4 (Vol 2).

Во трудот **Конвенционални и алтернативни пристапи во развојот на читањето** („Conventional and Alternative Approaches in the Development of Reading"), презентиран на: International Scientific Conference **Pedagogy in a modern global society – EDUGLOBE.** Jubilee – 70 YEARS Institute of pedagogy. Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University–Skopje, Republic of Macedonia. Ohrid, Republic of Macedonia, 19-21st September 2016, се обработени конвенционалните и алтернативните пристапи во развојот на читањето. Во трудот се истакнува основната стратегија на современиот педагошки концепт „учење на се" „преку се" (се мисли на одделните јазични вештини) преку користење на различни активности проткаени со елементи на игра и неформалност. Според коавторката Томевска-Илиевска, еден од основните принципи на овој концепт е развојноста (на когнитивните, емоционалните и социјалните компоненти), постапноста и индивидуализацијата во „влезот", низ самиот процес, преку следење на напредокот и микрометодското моделирање, прилагодени кон одделните потреби и на „излезот", кога секој го достигнува сопствениот максимум во развојот. Алтернацијата на „влезот" во развојот на овој процес е можно преку имплементација на концептот за глобално читање и во македонскиот јазик. По својата структура и користење на современ метод за почетно јазично описменување, глобалното читање делумно отстапува од досегашните конвенционални форми, но не е во колизија со природата на македонскиот јазик.

Во научниот труд **Изборниот статус на албанскиот јазик во основното образование,** д-р Елизабета Томевска-Илиевска (коавтор) обработува проблем којшто е недоволно истражуван во образовниот систем во Р Македонија. Фокусот на истражувањето е ставен на испитување на дидактичките аспекти на реализирањето, организирањето и застапеноста на албанскиот јазик, како изборен наставен предмет во основното образование. Комплексниот пристап во истражувањето на оваа проблематика се согледува и преку испитување на програмската поставеност на наставниот предмет, потоа преку анализа на методичко-дидактичката апаратура на учебниците, како и испитување на ставовите и образовните потреби на сите релевантни субјекти во процесот. Според добиените истражувачки резултати, повеќето заклучоци одат во прилог на позитивното влијание врз континуираниот развој на наставата по наведениот наставен предмет. Накусо, во трудот се анализираат и позитивните ставови на учесниците од различни етнички групи, кои имаат потреба од зајакнување на педагошките компетенции и репорограмирање на целокупната дидактичка „апаратура". Tofovic-Kjamilova, M., **Tomevska-Ilievska, E.,** Sejdini, M. (2015), ***'The Optional Status of Albanian Language in Primary Education'.*** (Co-author) YILDIZ International Conference on Educational Research and Social Sciences Proceedings Book: Istanbul: Pegem Akademi, Yildiz Technical University. (pg. 372-382). ISBN 978-605-318-079-1

Во научниот труд **Образовен концепт за безбедни средни училишта во Република Македонија (добри практики, заклучоци и препораки)** се актуализира проблематика која се однесува на проценување на ефектите од проектните модели за безбедни училишта кои произлегуваат од Националната стратегија за намалување на насилствата во училиштата во Република

Македонија (2012 – 2015), преку промовирање на одржлив образовен концепт за безбедни средни училишта. Целта на истражувањето е проценување на концепциската поставеност и ефикасноста на проектите и нивното влијание врз зајакнување на образовниот концепт за осигурување безбедна училишна средина во средното образование во Република Македонија. Со истражувањето се претпоставува дека концепциската поставеност на проектите позитивно влијае врз зајакнувањето на образовниот концепт за осигурување безбедна училишна средина во средното образование во Република Македонија. **Tomevska-Ilievska, E.,** Rizova, E., Tasevska, A., Sadiki, S. (2016) ***'Educational concept for safe secondary schools in Republic of Macedonia (Good practices, conclusions, recommendations)'.*** (Author). International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education**.** (IJCRSEE) Vol. 4, Issue 1, June 2016. (pg 1-8) ISSN 2334-847X (Printed), ISSN 2334 – 8496 (Online) www.ijcrsee.com

COBISS.SR-ID 199383052.

Истражувачкиот интерес на трудот **Истражувачки тенденции во образованието во мултикултурни средини во Република Македонија** е во насока да одговори на многу прашања, кои од една страна се однесуваат на потребата за стручно зајакнување на релевантните чинители во сферата на образованието во Р Македонија за негување на подобри меѓуетнички односи преку образованието, а од друга страна, пак, понудуваат можни решенија во процесот на создавање безбедна средина во училиштата. **Tomevska-Ilievska, E.,** Simonovka Janackovska, E. A., Sadiki, S. (2016) ***'Research trends in education in multicultural environments in the Republic of Macedonia'. 'Истражувачки тенденции во образованието во мултикултурни средини во Република Македонија'.*** (Co-author). University "Goce Delcev"-Stip: Faculty of Educational Science. UDK: 37.091.313 (497.7) (pg. 15-22) ISBN 978-608-244-275-4.

Томевска-Илиевска како коавтор во трудот **Мобилноста во образованието–концепт за зајакнување на образовните капацитети во Република Македонија** обработува современа и недоволно проучувана појава во македонскиот образовен систем. Станува збор за систематски и организирани практики, со релативно посовремен датум, со кои во најгенерални рамки образованието во Република Македонија во од се приближува кон европскиот образовен простор. Исто така, во трудот е даден и своевиден пресек на образовните определби од ваков карактер кои се реализирале во периодот од 2007 до 2013 година. Притоа е очигледно дека воведувањето и спроведувањето на голем број европски програми и иницијативи се насочени кон осовременување на македонскиот образовен систем, следење на современите развојни тенденции во образованието во Европа и подигнување на квалитетот на личниот и професионален развој на поединецот, како и зајакнување на институционалните капацитети во сферата на образовните политики. Искуствата при спроведувањето на овие програми ќе овозможат унапредување на образовните политики и развој на нови образовни стратегии во Република Македонија. Tofovic-Kjamilova, M., Dimitrov, D. & **Tomevska-Ilievska, E.** (2014), ***'The Mobility of Education – A Concept for Strengthening the Educational Capacities in R. Macedonia'.*** International Journal for Education, Research and Training. (IJERT) "Ss. Cyril and Methodius" University, Skopje, Faculty of Philosophy – Department of pedagogy.

Volume 1, Issue 1. (pg. 75-81) ISSN 1867-9841 (Printed). ISSN 1867-985X (Online). UDK: 37.014.5(497.7)"2007/2013" June 2015. ijert.fzf.ukim.edu.mk

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот**

Кандидатката д-р Елизабета Томевска-Илиевска, од последниот избор до денес, учествувала со реферати на 13 меѓународни научни конференции во земјата и во странство (Турција, Романија, Словенија).

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2.

## <u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Д-р Елизабета Томевска-Илиевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за педагогија и на Филозофскиот факултет во Скопје. Кандидатката д-р Елизабета Томевска-Илиевска остварува експертски активности во областа на педагогијата, како автор на универзитетски учебник, рецензент на универзитетски учебник и како стручен соработник на два основноучилишни учебника.

Исто така, таа е дел од тимот за изработка на Упатството за изведување практична настава на студентите од наставничките факултети.

Во рамките на проектот „Со читање до лидерство" (Компонента 1: Проценка на јазична и математичка писменост), Томевска-Илиевска учествува во подготовката на Прирачник за задавање на инструментите за процена на јазична и математичка писменост.

Во доменот на експертските активности, таа евалуира два образовни проекта:

- евалуатор е на проектот: „Подобро родителство за подобар успех на ромските деца" во соработка со Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" (јуни-октомври 2015);

- евалуатор е на проектот: „Безбедни училишта". Нарачател: OSCE Mission to Skopje (2012-2014) („Safe School Model Intervention 2012-2014", OSCE Mission to Skopje).

Томевска-Илиевска е координатор на проектот „Компетентни учители за 21 век" во реализација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет-Институт за педагогија и Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор".

Како експерт, кандидатката учествува во реализација на проектот: Упатство за изведување практична настава на студентите од наставничките факултети, поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Филозофски факултет - Институт за педагогија, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, Биро за развој на образованието на Р. Македонија. (2013).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии, работни групи и промотивни активности при Филозофскиот факултет во Скопје:

| 34. | **Учество во изработка на национална програма од одредена област**<br><br>**Член на Работна група за изработка на програма со која ќе се обезбеди поголема застапеност на образовни предмети од областа на културата во воспитно образовниот процес.** Министерство за култура на Република Македонија (2013) | 3,0 |
| | **Вкупно** | **60,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **165,60** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **74,90** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **60,00** |
| **Вкупно** | **300,50** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

**1.Проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова с.р.**

**2.Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска с.р.**

**3.Проф. д-р Анета Баракоска с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВИСТИНАТА КАКО ФИЛОЗОФСКА КАТЕГОРИЈА ВО АНАЛИТИЧКАТА ТРАДИЦИЈА: ОНТОЛОШКИ, ЕПИСТЕМОЛОШКИ И ЛОГИЧКО-СЕМАНТИЧКИ АСПЕКТИ“ ОД М-Р ЛАЗАР ФОТЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXVIII редовна седница од 26. 9. 2016 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација **Вистината како филозофска категорија во аналитичката традиција: онтолошки, епистемолошки и логичко-семантички аспекти**, поднесена од **м-р Лазар Фотев.** Откако го проучи текстот на поднесениот докторски труд, Комисијата има чест да му го достави на Наставно-научниот совет следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Опис на дисертацијата

Докторската дисертација **Вистината како филозофска категорија во аналитичката традиција: онтолошки, епистемолошки и логичко-семантички аспекти**, поднесена од **м-р Лазар Фотев**, е изложена на 339 страници авторски текст, со стандареден формат А4 и проред 1,5. Текстот ги опфаќа следниве содржини: вовед (3-10); четири поглавја со повеќе оддели и пододдели (11-316); заклучок (317-328); библиографија (329-335) со 221 библиографски единици (книги, статии и друг вид извори) претежно на англиски, но и на останатите светски јазици, како и на македонски и на други јазици од поширокиот регион. Во составот на трудот влегуваат и 565 фусноти, главно, како податоци за цитираната литература, но и како коментари, критички забелешки и појаснувања на одредени ставови на цитираните и споменуваните автори во текстот.

### Анализа на содржините

Во *воведот*, авторот најпрво ги изложува сопствените мотиви за избор на оваа тема, како и пошироката теориска и научна потреба за нејзиното проучување, при што како клучен аргумент за сопствениот избор го наведува фактот дека поимот *вистина* е клучна категорија не само во филозофскиот дискурс, туку и во науката воопшто, како и во секојдневната практика.

М-р Фотев нагласува дека во историјата на филозофијата, од нејзините почетоци до денес, речиси и да не постои мислител кој не се занимавал со пршањата поврзани со вистината. Сепак, сфаќањата за вистината обично биле инкорпорирани во контекст на некоја друга проблематика или во хоризонтот на некоја логичка, онтолошка,

гносеолошка, аксиолошка или друг вид дискусија. И покрај тоа што претставува перенијален филозофски проблем, пред сè, поради неговата повеќедимензионалност, прашањето за вистината обично не се разгледувало како засебна тема, туку во контекст на филозофскиот систем на авторот.

Но, со појавата на аналитичката традиција, како специфичен вид филозофски дискурс кој на посебен начин ја одбележа филозофијата на дваесеттиот век, се промени ракурсот на размислувањата и воопшто пристапот кон прашањето на вистината. Вистината експлицитно се постави како засебна филозофска тема и непосреден предмет на интерес, а истражувањето на нејзината природа се карактеризира со детална анализа на сите нејзини аспекти. Ваквата промена во третманот на вистината најмногу се должи на развојот на формалната логика и т.н. лингвистички пресврт кои отворија нови хоризонти во истражувањето на ова поле. На овој начин авторот го специфицира предметот на своето истражување, и временски и теориски. Имено, непосреден предмет на истражување во овој труд се најрепрезентативните теории за вистината во аналитичката филозофија, како што се: семантичката теорија на вистината на Алфред Тарски; инфлаторните теориии, посебно теорија на кореспонденција; дефлаторните теории во кои спаѓаат редундантната, дисковотационата, перформативната и просентенциската теорија; како и минималистичкото сфаќање за вистината.

Основната цел на докторскиот труд, според кандидатот , е да проникне во филозофијата на вистината во аналитичката традиција и да го покаже нејзиниот придонес во проширувањето на сознанијата за перенијалните проблеми поврзани со вистината; нејзините заслуги, дострели и ограничувања. Низ детален приказ и критичка анализа на најзначајните теории, целта е да се стекне јасен увид за дилемите околу отворените теориски прашања поврзани со поимот *вистина*, онака како што се артикулирани и тематизирани во аналитичката филозофија, со што ќе добие јасна слика за онтолошко-епистемолошките и логичко-семантичките аспекти што тие ги имплицираат.

Задачата на докторскиот труд е да даде одговор на тоа што е карактеристично во начинот на кој аналитичките филозофи приоѓаат кон вистината и кои сознанија може да се добијат од полемиките на аналитичките филозофи околу различните аспекти на вистината. Кои аспекти на вистината, што во аналитичката филозофија се посебно акцентирани, биле занемарени во текот на историјата на филозофијата, односно кои се тие на кои што аналитичката филозофска мисла обрнува помалку внимение или сосема ги дезавуира?

Главната хипотеза врз која се темели трудот е дека вистината како филозофска категорија во себе инкорпорира прашања од логичка, онтолошка, епистемолошка и лингвистичка природа, и дека секој пристап што занемарува некој од овие аспекти е едностран или недоволно заснован.

На овој начин, уште во *воведот,* м-р Лазар Фотев си постави солидна платформа за стратегијата и основните чекори што треба да придонесат за реализирање на поставените задачи.

Во првиот дел на првото поглавје насловено како *Сфаќањето на вистината во историјата*, кандидатот ја поставува и детално ја аргументира тезата дека историјата на сфаќањата на вистината, всушност, се совпаѓа со историјата на западната филозофијата. Низ деталниот осврт врз различните гледишта за вистината од антиката, средновековието, нововековната филозофија, па сè до почетокот на 20 век, тој заклучува дека прашањето на вистината, главно се третира во рамките на релацијата битие– мислење, и во зависност од тоа која позиција е доминантна во филозофските преокупации, поимот на вистината добивал нагласена онтолошка или епистемолошка димензија. Со лингвистичкиот пресврт, што се јавува како заедничка карактеристика на речиси сите поважни филозофски традиции од 20 век, со позиционирањето на јазикот како појдовна точка во филозофирањето, се воспоставува третиот модус на кој се тематизираат прашањата на филозофија. Историски гледано, како последна фаза на филозофската рефлексија на односот свет–мислење–јазик, тој претставува специфичен приод кон темелните и перенијални филозофските прашања и основна карактеристика на современата филозофија.

Во вториот поднаслов *Лингвистичкиот пресврт како една од основните специфики на филозофијата на 20 век*, м-р Фотев истакнува дека во филозофијата на 20 век за вистината се расправа во рамките на најзначајните филозофски традиции кои ја обележуваат филозофската сцена. Покрај аналитичката традиција, тоа се: херменевтиката, феноменологијата, егзистенцијализмот и постмодернизмот. Секоја од нив има свој специфичен пристап кон прашањето за вистината. Всушност, лингвистичкиот пресврт кај секоја од нив на различен начин и во различен степен влијае врз сфаќањето на вистината (20).

М-р Фотев нагласува дека за разлика од останатите филозофски традиции, сфаќањето на вистината во аналитичката традиција во значително поголем степен е детерминирано од филозофијата на јазикот. Тоа се должи, пред сè, на специфичното сфаќање на лингвистичкиот пресврт во аналитичката филозофија, поради што неговото влијание е различно од она во другите филозофски традиции. Во таа смисла, посебноста на лингвистичкиот пресврт во аналитичката традиција во голема мера го детерминира општиот карактер на аналитичката филозофија, а со тоа и филозофските гледишта за вистината. (27)

Во второто поглавје на дисертацијата под наслов *Општите карактеристики на аналитичката филозофија* претставени се карактеристиките на аналитичката филозофија како општ хоризонт во кој се одвиваат дискусиите поврзани со сфаќањето на вистината. Прикажан е начинот на кој што е поставен проблемот на вистината како филозофска категорија, а кој што ги детерминира карактерот и поделбата на теориите на вистината во аналитичката традиција.

Специфичноста на аналитичкиот пресврт, за што се зборува во првиот поднаслов на ова поглавје, според авторот, се состои во тоа што како предмет на анализа се поставува јазикот, и тоа како во неговата логичка, така и во неговата семантичка димензија. Всушност, станува збор за метод на мисловна анализа чиј предмет се логичките структури на јазикот и семантиката на лингвистичките форми, односно прашањата на логиката на јазикот и неговата употреба во филозофијата (48-49).

Аналитички пресврт претставува продукт на своевидната интеракција на формалната логика и лингвистичката филозофија во рамките на аналитичката традиција, што резултира во поставувањето на логичко-семантичката анализа на исказите како примарна цел во филозофското истражување. Имено, предмет на анализа не се физичките предмети или појавите, дообјаснува м-р Фотев, ниту, пак, поимите сами по себе, екстрахирани од речениците или пропозициите каде што припаѓаат, туку **исказите како логичко-лингвистички комплекси и поимите како нивни конституенти** (50).

Но, спецификата на анализата како метод во аналитичката филозофија, како нешто што дава најсилен печат на оваа филозофска традиција, произлегува токму од предметот што се истражува. Методот на аналитичката филозофија, нагласува авторот, не треба да се сфати како некаков механички спој на две посебни методски постапки – лингвистичката и логичката анализа, туку како **еден единствен метод** во кој јазичната и логичката компонента сочинуваат органска целина. Всушност, логичката анализа на јазикот, што Мајкл Бини го нарекува аналитички пресврт, е општиот метод на аналитичката филозофија (56).

Општо земено, вели кандидатот, методот се состои во обидот филозофските проблеми да се решаваат со строго појаснување на поимите кои се предмет на разгледување, како и прецизна и детална анализа на понудената аргументација. Се нагласува важноста на аргументацијата и евиденцијата, односно доказната постапка и доказите, потребата за нивна јасност и прецизност, како и неопходноста од анализа на јазикот кој се употребува, и тоа како во логичката, така и во неговата семантичка димензија. На тој начин се избегнува двосмисленоста која е извор на многубројни филозофски недоразбирања и проблематични тези. Токму затоа, од една страна, се користи апаратурата на формалната логика а, од друга страна, се респектираат резултатите на филозофијата на јазикот (58).

Сосема е разбирливо што сфаќањето на вистината во аналитичката традиција е детерминирано од општиот карактер на аналитичката филозофија. Спецификите на аналитичката филозофија го сочинуваат она милје во кое се одвиваат истражувањата и дискусиите околу прашањето на вистината. Основните карактеристики на аналитичката филозофија и нејзиниот метод се пресликаа во разните сфаќања на вистината во рамките на аналитичката традиција. Сепак, најголемото влијание врз сфаќањето на вистината во аналитичката филозофија произлегува од пристапот кон ова прашање. Сфаќањето на методот на

анализа директно се рефлектира, како во начинот на кој се бара одговор на прашањата поврзани со вистината, така и во понудените одговори. Имено, ниту една филозофска традиција, нагласува м-р Лазар Фотев, нема развиено таква суптилна филозофска анализа на поимот на вистината како што тоа е направено во аналитичката традиција. Благодарејќи на специфичниот методолошки пристап, се поставија сосема нови прашања за вистината, прашања кои дотогаш воопшто не беа засегнати. Сето тоа доведе до темелен критички однос кон класичните теории на вистината и, она што е најважно, до појавата на дотогаш непознати сфаќања и сосема нови видови теории за вистината (58-59).

Третото поглавје, под наслов *Пристапот и третманот на проблемот на вистината во аналитичката филозофија*, м-р Фотев го започнува со експликацијата на начинот на кој се третира проблемот на вистината во аналитичката филозофија. Прашањето што во аналитичката традиција се поставува во врска со вистината, нагласува кандидатот, се однесува, пред сè, на **значењето** на овој поим. Многумина се согласуваат, вели тој, дека секој од нас интуитивно го разбира зборот „вистина", и дека неговата употреба во секојдневниот живот воопшто не укажува на постоење на какви било проблеми во врска со него. Но, проблемот се состои во теориската експликација на интуитивното сфаќање на поимот на вистината. Во таа смисла, задача на филозофијата е да даде објаснување на неговото значење. Имено, интуитивното разбирање на поимот „вистина" имплицира некои претпоставки кои ја детерминираат неговата употреба не само во обичниот говор, туку и во научните и филозофските теории, и токму нивното теориско објаснување е тоа што, всушност, претставува најтешка задача (61).

Но, во аналитичката традиција смислата на прашањето „Што е вистина?" не се однесува на тоа каков е светот. Според аналитичките филозфи прашањата за тоа каков е светот не спаѓаат во доменот на филозофијата, туку тоа е работа на посебните науки. Познанието на светот и стекнување знаења за него е предмет и задача на науките, а не на филозофијата. Според тоа, на прашањето „Што е вистина?", од страна на аналитичките филозофи не треба да се очекуваат одговори кои се однесуваат на знаењето за светот, ниту пак за критериумот за валидноста на тие знаења. Одговорот што се бара не се состои во набројување на вистините за светот, ниту пак за тоа кој е критериумот за нивната вистинитост, туку треба да се однесува на **значењето на терминот *вистина*** (64).

Всушност, прашањето за значењето на поимот *вистина* во аналитичката филозофија се однесува на разјаснувањето на неговата предикативна функција, односно на неговата улога во својство на **предикат.** Анализата главно се фокусира на семантичкиот аспект на зборот *вистина* кога тој се предицира на некој исказ, односно на некоја декларативна реченица. Во таа смисла, прашањето „Што е вистина?" се

однесува на *значењето* на зборот „вистина“ кога тој се употребува во неговата атрибутивна улога, односно на неговото значење кога со него се кажува дека некој исказ или реченица се вистинити (66).

Но, според м-р Фотев, доколку вистината означува определено својство на исказите (својството *вистинитост*), тогаш се поставува дилемата дали таа како својство (својство поради кое речениците или пропозициите се нарекуваат вистинити) има, или воопшто нема, своја сопствена природа, сопствено значење? (71)

Во аналитичката филозофија, објаснува кандидатот, ентитетите на кои им се припишува вистинитоста се именуваат како *носители на вистинитоста* (англ. truthbearers). Прашањето се однесува на видот на нештата на кои може да им се припише вистината; или, што е она нешто за кое што велиме дека е вистинито или лажно, односно кој е носителот на својството вистинтост (75).

Веднаш потоа, кандидатот го истакнува клучното прашање, а кое произлегува од претходното, имено, што е она што прави носителите на вистинитоста да бидат вистинити? Поинаку кажано, кој е разлогот, или поради што велиме дека некој носител на вистинитоста е вистинит. Зошто некој носител на вистинитоста го поседува својството *вистина*, или се нарекува вистинит, а некој не? Всушност, овде се поставува прашањето за чинителот на вистинитоста, она што во аналитичката традиција се нарекува **truthmaker**. Големи дилеми и нејаснотии постојат и во однос на природата и улогата на truthmaker-от. Сите овие дилеми, прашања и одговори, се засегнати во теориите за вистината, заклучува авторот (75).

Поднасловот *Поделбата на теориите на вистината во аналитичката традиција*, кандидатот го започнува со укажувањето дека комплексноста на проблемот, како и големата дивергентност на ставовите за вистината што ги застапуваат аналитичките филозофи се огледа во бројноста на теориите на вистината. Интересно е и тоа што, за разлика од другите филозофски традиции, во оваа традиција постојат сосема поинакви класификации, односно поделби на теориите за вистината. Различни автори даваат различни поделби, се разбира според различни принципи на делбата. (82) Авторот детално ги анализира, ги компарира и ги коментира различните поделби на теориите од страна на афирмирани мислители за оваа проблематика, извлекувајќи логични консеквенции од принципите на направените поделби.

Сепак, како резултат на интензивните дискусии во последните неколку децении, како најважна општа поделба на теориите на вистината се искристализира поделбата на дефлациски и инфлациски теории, што ја прифаќа и авторот на овој труд, и најавува дека ќе се осврне на оние теории кои обично се сметаат за најважни, во смисла што најчесто претставуваат предмет на критичка опсервација (87).

Првиот вид, истакнува м-р Фотев, се т.н. инфлациски теории, и според нив поимот „вистината“ има своја природа, свое сопствено значење, кое може да се определи. Вториот вид се дефлациските теории кои тврдат дека вистината нема супстанцијален карактер, туку е само

корисно лингвистичко средство за изразување во одредени случаи. Секако, помеѓу теориите кои припаѓаат на иста група постојат помали или поголеми разлики кои ја определуваат нивната специфичност поради која ги етаблира како посебни теории за вистината, но она што нив ги класифицира во едниот од овие два кампуса е застапувањето на тезата за супстанцијалниот или не-супстанцијалниот карактер на природата на вистината (86).

М-р Фотев смета дека најнапред треба да се осврне на семантичката теорија на Тарски како посебен вид теорија, бидејќи токму таа придонесе за интензивирањето на дискусиите околу природата на вистината, што од своја страна услови и најголема диверзификација на сфаќањата на овој поим (87).

Теоријата на вистината на Тарски, нагласува кандидатот, претставува една од најраширените и највлијателните теории на вистината во 20 век. Тоа се должи, пред сè, на иновативноста што таа ја внесе во филозофското поимање на вистината, но и на фактот што врз нејзините тези се надоградуваат некои други сфаќања и теории на вистината во аналитичката филозофија (87-88).

Всушност, појавата на семантичката теорија на вистината, потенцира м-р Фотев, претставува резултат на истражувањата на Тарски поврзани со семантиката како нова научна дисциплина. Во таа смисла, семантичката теорија на вистината е резултат на неговата примарна цел – да даде прецизно определување на семантичките поими и нивната правилна логичка примена, при што тој тоа го прави врз еден конкретен поим – поимот „вистина“.

Кандидатот со право го истакнува ставот на Тарски дека секоја дефиниција, чија цел е да ги расветли суштинските аспекти на поимот што го дефинира, треба да исполнува два типа услови: да биде **материјално адекватна** и **формално коректна** (95). Низ опстојната анализа на начинот на кој Тарски се обидува да ги задоволи овие суштински барања, м-р Фотев заклучува дека заслугата на Тарски не се состои во изнаоѓањето на една таква општа дефиниција на вистината, туку во поставувањето на **општите услови што која било дефиниција за вистината треба да ги задоволи**.

Критериумот за материјална адекватност на дефиницијата на вистината е изразен во неговата Т-конвенција, попозната како Т-шема, со која се утврдува вистинистота на секоја реченица поединечно, а дефиницијата на вистината претставува конјункција од бесконечен број вистинити реченици, односно поединечни дефиниции на вистината (100).

Што се однесува за вториот услов што треба да го задоволи една дефиниција, имено да биде формално коректна, според Тарски, тоа не може да се постигне во природниот, колоквијален јазик поради неговата семантичка затвореност (покрај своите изрази, тој ги содржи и имињата на тие изрази, како и семантички термини кои се однесуваат на речениците од истиот јазик), што доведува до појава на семантички парадокси. Според тоа, Тарски смета дека секоја формална коректна дефиниција на вистината треба да се изрази во еден прецизно определен јазик кој е конструиран на таков начин што овозможува успешно да се избегнат циркуларноста и семантичките парадокси. (101). Тоа може да се

постигне единствено во формализираните јазици на разните системи на дедуктивната логика, бидејќи имаат јасно определена структура.

Семантичката теорија на вистината на Алфред Тарски предизвика голем број реакции, најразлични толкувања и спротивставени мислења помеѓу филозофите во однос на нејзиното значење и важност за филозофијата. М-р Фотев посебно ги издвојува и критички ги анализира интерпретациите на Попер, Дејвидсон и Хинтика (113).

Во поднасловот *Инфлациски теории на вистината*, авторот детално ги изложува и ги коментира теориите кои се нарекуват така според клучната теза што ја застапуваат – терминот *вистина* реферира на некакво својство од супстанцијален карактер. Зборот *вистина* во улога на предикат има своја сопствена содржина и, освен неговата логичка функција, тој означува одредено специфично својство. Токму затоа инфлациските теории се нарекуваат супстантивистички теории. Основната задача на инфлациските теории на вистината е да ја испитаат и да ја објаснат природата на тоа својство (114).

Во инфлациските или супстантивистички теории на вистината спаѓаат класичната теории на вистината или теоријата на кореспонденција, теоријата на кохеренција, прагматистичките теории и др. Во оваа група кандидатот ги бројува и теоријата на идентитет, т.н. truthmaker теорија, потоа консензус теоријата и конструктивистичката теорија на вистината. Сепак, најважна и најпозната инфлаторна, односно супстантивистичка теорија на вистината е теоријата на кореспонденција. Таа претставува парадигма за супстантивистичко сфаќање на вистината.

Теоријата на кореспонденција е инфлаторна теорија на вистината која има најдолга историја. Воедно, таа е и најпопуларна и најраширена теорија на вистината поради тоа што е најприфатлива за здравиот разум. Нејзината основната теза е дека вистината е **својство** што припаѓа на нашите тврдења, а тие го стекнуваат тоа својство, односно стануваат вистинити кога соодветствуваат на некој дел од светот (115).

Во рамките на аналитичката традиција, од почетокот на 20-тиот век до денес, теоријата на кореспонденција останува најважна инфлаторна и воедно најмногу проблематизирана теорија на вистината. Често пати таа се именува како неокласична теорија на вистината. Префиксот „нео“ го добива за да се разграничи аналитичкиот пристап кон ова прашање од оној во традиционалната филозофија, од кој во голема мера се разликува. Најважни застапници на теоријата на кореспонденција од фазата на раната аналитичка филозофија, се Мур, Расел и Витгенштајн, подоцна Остин, Вилијем Алстон, Мариан Дејвид, Ричард Фумертон, Ендрју Њумен, Џералд Висион и други.

Авторот на трудот ја изложува оваа теорија во верзијата на Расел, според кого, вистината е својство на верувањата и, следствено, на речениците кои изразуваат такви верувања. Вистината се состои во извесна **релација** помеѓу едно уверување и еден или повеќе факти кои не

се верувања. Кога нема таква релација, верувањето е лажно. Но, Расел вели дека **не е очигледна природата на релацијата** помеѓу верувањето и фактот за кој станува збор, како и дефиницијата на можниот факт кој што даденото уверување го прави вистинито. Јасното и прецизно определување на терминот „кореспонденција“, како и на останатите два чинители, се покажува како најтешко прашање кога станува збор за оваа теорија на вистината. (117)

По деталната и суптилна анализа на Раселовите ставови, како и посочувањето на отворените прашања кои наложуваат понатамошни истражувања за поприфатливи одговори, м-р Фотев го споделува мислењето на Расел дека со ваквата дефиниција на вистината се остваруваат две цели: прво, таа дава објаснување и на лажноста; и второ, вистината добива статус на објективна категорија (129).

Авторот на трудот нагласува дека во аналитичката традиција постојат повеќе варијанти со кои се именува и објаснува природата на оваа релација. Така на пример, таа се именува како кореспонденција или соодветствување (correspondence), конфирмација (confirmation), конгруенција (congruence), согласност (agreement, accordance), копирање (copying), претставување или отсликување (picturing), значење (signification), репрезентација (representation), референција (reference), задоволување (satisfaction). Овие разлики, кои не се исклучиво од терминолошка природа, имплицираат големи проблеми, како од онтолошка, така и од епистемолошка природа. Тие имаат понатамошни сериозни импликации во обидите да се дефинира кореспонденцијата, кои резултираат во мноштво различни формулации на теоријата на кореспонденција, како теориите на Киркхем, Витгенштајн, Сузан Хејк, Остин и др., што м-р Фотев детално ги анализира, ги компарира и посочува на нивните недоречености (133).

Во поднасловот *Дефлациски теории на вистината*, м-р Фотев ја објаснува суштината на овој тип теории, детално ги анализира и критички ги вреднува сфаќањата кои се вбројуваат во оваа група.

Суштинска карактеристика на дефлациските теории на вистината, вели тој, е, пред сè, одрекувањето на супстанцијалната природа на вистината. Сите тие негираат постоење на вистината како посебно својство, односно го отфрлаaат мислењето дека постои некаква основна или скриена природа на вистината. Во однос на супстанцијалноста на терминот *вистина* сите дефлациски теории сметаат дека е „натоварен“ со метафизичите содржини, па затоа треба да се „растовари“ од содржините што неоправдано му се доделуваат.

Според авторите на овие теории, секој обид да се истражува природата на вистината како својство, во крајна инстанција, претставува метафизички проект, токму порди тоа што во одговорите на поставените прашања се прибегнува кон објаснувања кои во голема мера имаат метафизички карактер. (143-44).

М-р Фотев нагласува дека терминот *дефлационизам* и во рамките на аналитичката филозофија не е еднозначен, имено кај различни автори

наидуваме на извесни разлики во неговата определба и примена. Дефлационизмот е само едно општо гледиште за природата на вистината и улогата на поимот „вистина“ во јазикот. Затоа, под него се супсумираат повеќе теории за вистината кои всушност претставуваат различни верзии на дефлациското сфаќање на вистината.

Освртот на овој тип теоории кандидатот го започнува со детална и критичка анализа на т.н *Редундантна теорија за вистината* на Френк Пламтон Ремзи, со образложение дека таа е првата теорија во која прв пат експлицитно се застапува дефлационистичката теза, имено дека проблемот на вистината не постои реално, туку тој е резултат на една лингвистичка конфузија. Според Ремзи, нагласува м-р Фотев, зборовите „вистина“ и „лажност“ се само најобични фрази кои немаат никакво влијание врз значењето на пропозицијата на која ѝ се придаваат, односно како предикати тие се редундантни во таа смисла што може да се елиминираат од сите контексти *без семантичка загуба*.

Покрај редундантната теорија, во овој оддел авторот ги подложува на критичка анализа и т.н. *Дисквотациска теорија на вистината* на Квајн, потоа *Перформативната теорија* на Строусон, *Просентенциската теорија* на Гровер, како и *Минималистичко сфаќање за вистината* на Пол Хорвич.

Со опстојно елаборираните и критички проследените решенија на проблемот на вистината во најпознатите теории на вистината во аналитичката филозофија, што детално се изложени во третото поглавје, кандидатот си создаде солидна платформа врз чија основа си овозможи, од едно повисоко, синтетичко рамниште, да ги експлицира основните тези на анализираните теории и нивните импликации врз низа суштински прашања од доменот на онтологијата, семантиката, епистемологијата и науката, за кое се расправа во четвртото поглавје, насловено како *Онтолошките, епистемолошките и семантичките консеквенции од теориите на вистината во аналитичката филозофија*.

Сите теории на вистината во аналитичката филозофија, вистината ја третираат во контекст на т.н. лингвистички пресврт, како едно од клучните обележја на аналитичката традиција. За вистината се зборува како за категорија чие значење е детерминирано од лингвистичката рамка во која се изразуваат нашите мисли.

Со оглед на тоа што терминот „вистина“ во јазикот се јавува како предикат на исказите, односно речениците, тој се анализира во контекст на неговата предикативна улога. Проблемот на природата на вистината, кој во традиционалната филозофија се артикулираше во прашањето „Што е вистина?“, во аналитичката традиција се трансформира во прашањето „Кое е значењето и на терминот 'вистина' во неговата предикативна функција?“, односно какво е неговото значење во реченицата, и какво е неговото место и улога во јазикот?

Како што беше нагласено во третото поглавје, понудените одговори на поставеното прашање доведоа до остра поделба меѓу теориите на вистината. Ако се занемарат некои помали разлики меѓу нив, клучниот критериум за нивното диференцирање во два спротивни табора се сведува на одговорот на прашањето дали вистината означува својство или не. Во таа смисла, теориите се поделени на инфлаторни – оние што сметаат дека вистинитосниот предикат изразува својство, има супстантивистичка природа, и дефлаторни – оние што сметаат дека тој е празен поим, дека нема никаква содржина, односно нема значење.

Низ конфронтирањето на ставовите на двата спротивставени табори, м-р Фотев нагласува дека определувањето на значењето на вистинитосниот предикат имплицира и инволвира соодветни логички, семантички и онтолошки претпоставки кои се во тесна меѓусебна поврзаност. Тоа се манифестира низ полемиките во врска со прашањето дали значењето на вистинитосниот предикат како јазичен знак е определено од екстралингвистички или некакви други содржини.

Дефлационизмот, според кандидатот, претставува само еден обид значењето на вистинитосниот предикат да се определи со елиминирање на онтолошката проблематика. Анализата се однесува исклучиво на логичките и лингвистичките аспекти на предикативната функција на терминот „вистина“ во јазикот, со што неговото значење се редуцира на неговата логичка и лингвистичка димензија. Имено, објаснувањето на значењето и улогата на вистината во дефлаторните теории се сведува на логичко-лингвистичка анализа на односот помеѓу носителот на вистинитоста и вистинитосниот предикат, без притоа да се вклучи релацијата јазик–свет. Истражувањето на оваа релација која е од круцијална важност за филозофијата не се зема предвид, бидејќи се смета дека не припаѓа на поставениот проблем.

Спротивно на дефлационизмот, приврзаниците на инфлаторните теории чија појдовна претпоставка во истражувањето на значењето е семантичкиот реализам, кој пак, се темели врз онтолошкиот реализам, сосема јасно е изразен онтолошкиот аспект на поимот на вистината. Имено, инфлаторното сфаќање на природата на вистинитосниот предикат поаѓа од т.н. репрезентирачка хипотеза, според која основа на значењето на реченицте е нивната способност да репрезентираат нелингвистички содржини. Ваквата способност на реченицата е темелот на супстантивистичкото сфаќање на семантичкиот реализам – реченицата репрезентира дел од екстралингвистичката сфера (truthmaker-от), поради што таа е вистинита, а реалното постоењето на truthmaker-от претставува услов на нејзинита вистинитост. Со предицирањето на изразот „е вистина“ на реченицата, се тврди дека таа на адекватен начин ги репрезентира состојбите на нештата во светот (297).

Од тие причини, за приврзениците на ова гледиште, расправата за онтолошките прашања е составен дел на теоријата на вистината, и не може да се третира како дополнување или оптоварување на поимот на вистината со непотребни содржини, туку напротив, како неопходна потреба за да се објасни неговото значење.

Наспроти ваквото сфаќање, поборниците на дефлационизмот сметаат дека е сосема излишна секоја расправа што ги надминува рамките на она што се искажува со шемата на еквиваленција. Во Т-шемата е презентирано сè што може да се каже за вистината. Дефиниција на вистината, всушност, претставува една бесконечна листа која ги содржи сите поединечни примери на шемата на еквиваленција. Секоја дополнителна одредба претставува само едно непотребно оптоварување на поимот на вистината со редундантни содржини, со што неоправдано се зголемува или се преувеличува неговото значење.

Поделбата помеѓу инфлаторните и дефлаторните теории, нагласува Фотев, е детерминирана од појдовната премиса во определувањето на значењето на вистинитосниот предикат, од семантичкиот реализам или семантичкиот конструктивизам. Анализата на теориите на вистината јасно покажува дека супстантивистичкото сфаќање на природата на вистинитосниот предикат се темели врз семантичкиот реализам, како теорија на значењето во чија основа е онтолошкиот реализам. Од друга страна, негирањето на потребата во расправата за значењето на вистинитосниот предикат да се инволвира онтолошката проблематика, значи неприфаќање на семантичкиот реализам како теорија на значењето. Дефлаторното сфаќање на природата на вистинитосниот предикат се темели токму врз тезата според која значењето на лингвистичките ентитети треба да се бара во лингвистичка сферата, односно во логичките и синтаксичките аспекти на јазикот (297).

Фактот што објаснувањето на значењето на вистинитосниот предикат како семантички поим, истакнува Фотев, не може да се даде во термините од објект јазикот, туку во него треба да се вклучат други семантички поими, како на пример, референција и задоволување, јасно говори за важноста на логичките аспекти на вистината. Но, тука е посебно важно да се истакне дека поврзаноста на онтологијата и логиката, односно упатеноста на едната на другата, воопшто не значи онтологизирање на поимот на вистината. Аналитичката филозофија јасно ја согледа потребата за одвојувањето на логичкото од онтолошкото, со цел да се избегнат заблудите кои произлегуваат од тоа, а кои се манифестираат во несоодветната употреба на јазикот. Но, тоа не значи дека тие не се во некаков заемен однос, дека едната сфера на некаков начин не е упатена на другата.

Епистемолошкиот аспект на проблемот на вистината се состои во одговорот на прашањето дали е можно вистинито познание, и кои се неговите детерминанти. Епистемолошката димензија на вистината во рамките на аналитичката филозофија се отчитува во релациите помеѓу епистемолошките категории и поимот *вистина*, односно во контекст на размислувањата за природата и условите на знаењето и оправдувањето на рационалните верувања, кои претставуваат едни од суштинските проблеми во епистемологијата.

Според аналитичките филозофи, одговорот на тој вид прашања е задача на посебните науки. Сепак, иако епистемолошките аспекти на поимот на вистината не се предмет на расправа во теориите на вистината, може да се каже дека во рамките на аналитичката филозофија тие

воопшто не се занемарени. Напротив, епистемолошката димензија на поимот на вистината е во фокусот на интерес на филозофијата на науката како посебна филозофска дисциплина која го истражува познавателниот, односно вистинитосниот статус на научните теории. Полемиките за сфаќањето на вистината во рамките на филозофијата на науката се водат низ диоптријата на т.н. научен реализам и антиреализам (305).

Но, тоа не значи дека во аналитичката филозофија е занемарена епистемолошката димензија на поимот на вистината. Напротив, таа добива третман кој во многу нешта ги надминува дискусиите кои по ова прашање се водат во рамките на традиционалната филозофија.

Несомнено е, заклучува Фотев, дека аналитичката традиција има голем придонес во проширувањето на сознанијата за перенијалните проблеми поврзани со прашањето за вистината. Но, ваквата констатација важи само доколку се има во вид целосната слика на сфаќањето на вистината во аналитичката традиција. Имено, доколку сепаратно се посматра секоја теорија на вистината, тогаш евидентни се едностраностите на секоја од нив.

Со начинот на изложување на содржините во целата докторска дисертација, со фокусирањето на најдискутабилните прашања поврзани со оваа материја, како и суптилното вградување на сопствените ставови во елаборацијата на тие аспекти, кандидатот м-р Лазар Фотев покажа дека суверено ја владее проблематиката што се третира во овој труд.

Во Заклучокот (317-328) сосема јасно и концизно се сумирани резултатите од ова опстојно и темелно истражување и се назначени можните насоки за натамошно проучување на ова подрачје, суштествено како за филозофијата, така и за науката.

М-р Фотев својот труд го завршува со ефектно реафирмирање на главната теза низ метафората на Ото Нојрат: концептот на вистината се гради, на отворено море, имајќи ги истовремено предвид сите нејзини аспекти, притоа не давајќи предимство на ниту еден од нив. Во спротивно, секое сфаќање на вистината која не го задоволува ова барање е еднострано.

*Библиографијата* (329-339) содржи 211 библиографски единици на релевантни публикации од најновата светска, регионална и нашата филозофска продукција, на повеќе јазици, дела кои во најголем број се цитирани или на кои кандидатот се повикува во својот докторски труд, за што сведочи богатата документарна подлога на текстот.

## Оцена и предлог

Докторскиот труд **Вистината како филозофска категорија во аналитичката традиција: онтолошки, епистемолошки и логичко-семантички аспекти**, поднесена од **м-р Лазар Фотев**, претставува јасно конципиран, темелно елабориран и консеквентно домислен труд. Уште на самиот почеток, сосема децидно е поставена целта на истражувањето, изразена низ главната теза. Низ целиот тек на

елаборацијата на проблемот, м-р Фотев ја следи основната идеја, внимателно одбирајќи ги аргументите и контраргументите на голем број автори и теории, релевантни за материјата што ја иследува.

Трудот се одликува со добро оформена структура што се манифестира низ соодветниот распоред на содржините во глави, оддели и пододдели, како и содржинската и логичката поврзаност на деловите. На почетокот на секој дел има мал вовед во проблематиката која се третира во него, а тој завршува со резиме на основните сознанија кои произлегуваат од таа расправа, што му овозможува на потенцијалниот читател лесно и прегледно да го следи излагањето на материјата. Секој дел има повеќе наслови и поднаслови кои сами по себе се тези, што му дава посебна динамика и привлечност на текстот.

Трудот исто така се одликува со богата документарна подлога. Големиот број фусноти имаат документарен и експликативен карактер, но повеќето од нив, всушност, претставуваат мали расправи за соодветниот проблем кој се третира во текстот, со низа нови податоци што придонесуваат за содржинско збогатување на трудот.

Докторскиот труд на м-р Лазар Фотев е многу значаен за македонската филозофија и наука, бидејќи е прво систематско истражување на оваа интердисциплинарна и дискутабилна проблематика. Но тој е значаен и од еден друг аспект, имено претставува продолжување и збогатување на филозофско-логичката истражувачка традиција и продукција во Р Македонија, бидејќи, на некој начин, е синтеза и апликација на основните сознанија од оваа област врз една сложена филозофско-научна материја.

Имајќи ги предвид посочените квалитети, со особена чест му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати овој труд и да закаже термин за негова одбрана.

К о м и с и ј а

1. Проф. д-р Виолета Панзова, с.р.
2. Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р
3. Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.
4. Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
5. Проф. д-р Ристо Солунчев, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРЕТМАНОТ НА ГОВОРНИОТ РАЗВОЈ И КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ КАЈ ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА И РАНА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ“, ОД М-Р ВЕСНА ХОРВАТОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.10.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Хорватовиќ - со наслов „Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст“, во состав: проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (претседател), проф. д-р Лена Дамовска (ментор), проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (член), проф. д-р Татјана Котева Мојсовска (член) и проф. д-р Соња Петровска.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Хорватовиќ, со наслов „Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст“, содржи 218 страници компјутерски обработен текст во Times New Roman , со 1,5 проред и големина на букви-12, голем број библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 тематски целини, и тоа: теоретски дел, методологија на истражувањето, методи, техники и инструменти на истражувањето, резултати од истражувањето, резултати од следењето на воспитно-образовниот процес со децата од голема група во градинка и во наставата по македонски јазик во трето одделение. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се овозможува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**1. Теоретскиот дел** на докторската дисертација е структуриран во **пет поглавја** и во него се елаборира значењето на говорниот развој и комуникациските вештини во раниот детски развој. Овде се образложува значењето на говорот и јазичниот систем, каде што кандидаката м-р Весна Хорватовиќ мошне експлицитно и опширно, консултирајќи обемна стучна

литература, го елаборира проблемот од речиси сите сегменти. Започнувајќи од говорот како најсложен семиотички систем, се зборува за јазикот како социјален систем кој е кодифициран и институционализиран и кој претставува најцелосен семиотички супститут на реалноста. Јазикот претставува еден од најзначајните фактори за развојот на детето, па оттатму тој претставува орудие кое служи не само за пренесување информации, туку делува во развојот на логичките структури, когнитивните способности и мислењето воопшто. Затоа, воспитно-образовната работа има огромно значење во развојот на овој процес кај децата особено од предучилишната и раноучилишната возраст, односно посветеноста на наставникот во остврувањето на поставените цели во делот на изучувањето на мајчиниот јазик, како и примената на соодветни методи и активности.

**Првата глава** е посветена на методот на проучување на мислењето и говорот. Во овој дел е даден преглед на психолошки и педагошки ставови во врска со овој проблем, тргнувајќи од изедначување на мислата и зборот или потполно расчленување или, пак, барање средина меѓу нив. Дадени се ставовите на Виготски, претставниците на Хербертовата школа, Вицбуршката школа, германската гешталт психологија, како и на претставниците на бихејвиоризмот. Проучувањето на мислењето, односно мисловниот процес кај човекот се затвара во апстрактни шеми и претставува сложен психички процес кој се' уште до крај не е истражен.

Во **втората глава** се елаборирани искуствата поврзани со истражувањата за развојот на говорот и формирањето на поими кај децата. Во овој дел, на јасен начин и хронолошки низ историјата се претставени различните ставови на познати научници кои се занимавале со истражувања на овој проблем.

Во **третата глава,** вниманието е насочено кон односот меѓу учењето и развојот. Овој проблем е елабориран преку ставовите на значајни мислители како Виготски и Брунер, Гање и други современи автори. Главната улога на учењето за развојот е тоа што со учењето се поттикнуваат цела низа функции кои созреваат и се наоѓаат во зоната на знаењата и способностите во следниот развоен период. Во оваа смисла, во педагошката наука се издвојува проблемот на развојот на сознајните процеси на учениците и нивното значење за наставата. Резултатите добиени од истражувањата на овој круцијален проблем имаат особено значење за планирањето и организацијата на наставата, а особено за изборот на содржини, методи и активности во воспитно-образовниот процес.

**Четвртата глава** е посветена на корелацијата меѓу наставните програми по македонски јазик од прво до трето одделение и стандардите за рано учење и развој кај децата од 4 до 6 - годишна возраст. Нагласена е потребата од постоење стандарди преку кои се мерат повеќе аспекти од развојот на децата и во овој контекст се разгледуваат клучните аспекти од стандардите за рано учење и развој на децата од 4 до 6- годишна возраст, врз кои се темелат програмите по македнски јазик во првиот развоен период на деветгодишното основно образование.

**Петтата глава** се однесува на градацијата на содржините и активностите по подрачја во програмите по македонски јазик.

**Истражувачкиот дел** ја опфаќа методолошката рамка на истражувањето, каде што кандидатката м-р Весна Хорватовиќ ни ги претставува предметот на истражувањето, целта, карактерот и задачите на истражувањето, хипотетската рамка и варијаблите на истражувањето, но и методите, техниките и инструментите кои се применети во ова истражување. Со ова истражување се опфатени две популациски групи, и тоа: деца од градинки и ученици од основни училишта во Република Македонија. При изборот на градинки појдовен критериум е територијалната припадност и големината на градовите, а одбрани се десет градинки, и од секоја од нив по најмалку две воспитно-образовни групи. При изборот на училиштата и паралелките се поаѓа од територијалната припадност и големината на градот и селото каде што се наоѓа училиштето, а одбрани се десет училишта и од секое од нив најмалку по две паралелки. Примерокот опфаќа воспитувачи од градинките, додека примерокот за опсервација на активностите на децата опфаќа во секоја градинка следење на две активности на децата од групите на возраст од 5 до 6 години. Примерокот опфаќа и одделенски наставници од основните училишта, како и фокус- групи за интервју од основните училишта.

Анализата и интерпретацијата на добиените резултати од докторската дисертација се базираат на податоци добиени со помош на мерните инструменти кои се применети во ова истражување, и тоа: прашалник за воспитувачи во јавните детски градинки (за деца од 5 до 6-години), прашалник за одделенски наставници во основните училишта од прво до трето одделение, протокол за следење на воспитно-образовниот процес со деца во голема група во детска градинка и протокол за следење на наставата по македонски јазик во трето одделение во основните училишта.

Целта на ова истражување е да се добијат конкретни сознанија за улогата и значењето на говорниот развој и комуникациските вештини и нивниот третман во вопитно-образовната работа со децата на предучилишна и рана училишна возраст во детските градинки и основните училишта. По својот карактер, истражувањето е применето, теоретско, емпириско и трансверзално. Појавите се проучуваат во природни услови, а самите партиципиенти (децата, учениците, воспитувачите, наставниците) во воспитно-образовниот процес се ставени во улога на истражувачи.

Во заклучните согледувања, во синтетизирана форма се изнесени резултатите од истражувањето, по што следат процена за воспитно-образовната работа во градинките и процена на наставата по македонски јазик во трето одделение во основните училишта, кои во суштина многу реално ги отсликуваат состојбите во нашата држава.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето на оваа докторска дисертација е третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст. Бројните аспекти и сознанија од истражувањата покажуваат дека има моштво чинители кои имаат влијание врз говорниот развој и комуникациските вештини кај децата во двата специфични развојни периода на предучилишна и рана училишна возраст.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Темата на оваа докторска дисертација начелно многу малку е обработувана на нашите простори. Станува збор за избор на една мошне актуелана тема, досега неистражувана од овој аспект, каде што акцентот е ставен на потребите од третманот на говорниот развој и комуникациските вештини во подобрување на состојбите во однос на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од градинките и учениците на рана училишна возраст.

**Краток опис на применетите методи, техники и инструменти**

Во докторската дисертација за појавата што се истражува, а согласно со предметот на истражување се користи методот анализа, при што се применуваат квантитативни и квалитативни показатели за третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст. При истражувањето се користат методски постапки што ги налага предметот на истражување, како: дескрипција, индукција, дедукција и скали за изразување на податоците.

Во истражувањето е применета истражувачката техника анализа на содржина, со што е направена детална анализа на наставни програми, прашалници, табеларни прегледи, протоколи, чек-листи, се′ со цел следење и обработка на податоците. Согласно со предметот на истражувањето, целта, задачите и хипотезите, утврдени се сите документи во кои постојат релевантни факти за предметот на проучување, а потоа нивна целосна анализа.

Прашалниците во воведниот дел содржат обраќање до воспитувачите, односно до одделенските наставници, во вториот дел опфаќаат скали со повеќенасочен избор/понудени одговори/тврдења за воспитно-образовната работа, а во завршниот дел се бара од воспитувачите, односно одделенските наставници да наведат индикатори/квалитативни искази кои се во врска со определени аспекти.

Статистичката обработка на податоците добиени од прашањата со понудени одговори е направена во статистичката програма SPSS 20.0 и се базира на примената на непараметрискиот Хи-квадрат тест и факторската анализа – Хоталинговметод. Овие два метода овозможија кондензација и трансформација на основните информации, а со кои во доволно егзактна научна смисла може да се одговори на поставената цел, како и да се провери зависноста на хипотезите на ова истражување.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Резултатите од анализата и компарацијата на теоретските научни материјали и спроведеното истражување во целост ја оправдуваат потребата сериозно да се анализираат податоците кои се добиени од ова истражување, затоа што ни даваат една реална слика за состојбите во градинките и основните училишта во третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст. Исто така, ни даваат и една добра основа за други слични истражувања кои ќе ни помогнат за надминување на многубројните слабости кои се детектирани, а потоа и добро анализирани во овој труд.

Со Програмата за рано учење и развој за аспектот јазик, комуникација и развој на писменост кај децата до 6 - годишна возраст поставени се општи цели кои се имплементирани во четири подрачја со конкретни цели, примери на активност и очекувани резултати. Со ова истражување е направено постапна анализа за прифаќање на стандардите за рано учење и развој. Од листата на дванаест поставени општи цели, десет се прифатени во воспитно-образовниот процес. Од сознанијата во истражувањето што се однесуваат на конкретизирањето на конкретните цели во воспитно-образовниот процес во градинките се забележува зависноста на помошните хипотези во групата А, односно постои соодветна стимулација на говорниот развој кај децата во предучилишна возраст и стимулација на говорниот развој и комуникациските вештини ги следи развојните карактеристики на децата во предучилишна возраст. Во натамошните истражувања се налага потребата наведените индикатори кои ги применуваат воспитувачите за вреднување на постигнувањата на децата да се проверат и да станат дел од Програмата за рано учење и развој, за доменот Јазик, комуникација и развој на писменоста кај децата од 5 до 6- годишна возраст.

Од резултатите добиени во истражувањето од следењето на наставата по македонски јазик со ученици од трето одделение во основното училиште може да се забележи дека се открива значењето на помошните хипотези во групата А, односно дека постои соодветна стимулација на говорниот развој кај децата од рана училишна возраст и дека стимулацијата на говорниот развој ги следи развојните карактеристики на децата од рана училишна возраст. Исто така, главната хипотеза се темели на релевантни процени од анализата на следниве аспекти: влијанието на стимулативната средина за изведување на наставата во основното училиште; следењето на активностите на учениците во реализација на програмата по македонски јазик; функциите на целите, содржините, активностите и начините на поддржување на говорниот развој и комуникациските вештини кај учениците предвидени со програмата по македонски јазик во трето одделение. Треба да се забележи дека солидна основа за докажување на главната хипотеза доаѓа

од вреднувањето на одделенските наставници во воспитно-образовниот процес со дескриптивни искази за следниве аспекти: влијанието на стимулативната средина за изведување на активностите на учениците за говорниот развој и комуникациските вештини, разновидноста на содржините и активностите на учениците за говорниот развој и комуникациските вештини, како и поврзаноста на говорот и цртањето низ активностите на учениците во функција на говорниот развој и комуникациските вештини. Солидна поткрепа во докажувањето на хипотезата се и очекуваните резултати според планирањето на наставниците за оценување на постигнувањето на учениците во наставата по македонски јазик во трето одделение.

Релевантните показатели се добиваат од следењето на воспитно-образовниот процес со децата од голема група од 5 до 6 години во градинките и од следењето на наставата по македонски јазик во трето одделение во основното училиште.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Хорватовиќ, со наслов „Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст“, претставува истражување од областа на воспитанието и образованието. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги претстави состојбите во воспитнообразовните институции во Република Македонија, од аспект на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст, со посебен акцент на промените кои се случуваат во овој домен во Република Македонија. Трудот се однесува на една мошне значајна и актуелна тема која бара сериозна анализа, која, пак, овозможува да се актуализира и проблематизира третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата на предучилишна и рана училишна возраст.

Самиот факт дека третманот на говорниот развој и комуникациските вештини е сериозен сегмент во воспитно-образовниот процес, ни укажува дека и покрај обидите на државата да воведе новини, сепак постојат недостатоци кои најпрво треба да се детектираат, па дури потоа адекватно да се решаваат. Оттука произлегува обидот на кандидатката, во една систематизирана форма, да ги прикаже состојбите и потребите за современ третман на говорниот развој и комуникациските вештини во воспитанието и образованието. Понудените сознанија, заедно со дадените препораки,

се во функција на поуспешно и поефикасно извршување на професионалната дејност на воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Хорватовиќ, со наслов „Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст“, според мислењето на Комисијата за

оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес на кандидатката м-р Весна Хорватовиќ е во обидот да се интегрираат и теориски да се елаборираат промените кои се случуваат Република Македонија во доменот на третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст кои се стремат да одат во чекор со високоразвиените земји од Европа и пошироко. Исто така, придонесот на овој труд е и во потребата од детектирање на проблемите кои се јавуваат во текот на овој процес со цел да се надминат тешкотиите што се случуваат секојдневно во воспитнообразовните институции, кои можат да имаат последици за децата/учениците кои, впрочем, се најдиректно засегнати.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во доменот на градинките и основните училишта, воспитнообразовниот процес и процесот на третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и ранаучилишна возраст.

Можните понатамошни истражувања се: систематско проучување на нови стандарди и перспективи во доменот на третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и раноучилишна возраст како начин за справување со предизвиците кои ги сретнуваме секојдневно во нашите градинки и основни училишта, но и проблемите и дилемите во секојдневата практична работа на воспитувачите и одделенските наставници.

Од сето ова што е наведено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Хорватовиќ**, со наслов **Третманот на говорниот развој и комуникациските вештини кај децата од предучилишна и рана училишна возраст.**

**КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Јасмина Делчева – Диздаревиќ (претседател) с.р.**

**Проф. д-р Лена Дамовска (ментор) с.р.**

**Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска (член) с.р.**

**Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска (член) с.р.**

**Проф. д-р Соња Петровска (член) с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОБЛЕМИ ВО ПРОЦЕСИРАЊЕТО И ИНТЕГРИРАЊЕТО НА СЕНЗОРНИТЕ ДРАЗБИ КАЈ ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ“ ОД М-Р ЈАСМИНА ТРОШАНСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XXVIII-та редовна седница, одржана на 27.IX 2016 година, ги избра проф. д-р Владимир Трајковски, акад. проф. д-р Нада Поп Јорданова, проф. д-р Драгослав Копачев, проф. д-р Ристо Петров и проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов **Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам**, поднесена од м-р Јасмина Трошанска. Комисијата ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Воведен дел

Докторската дисертација на м-р Јасмина Трошанска, под наслов **Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам**, претставува самостоен труд на кандидатката и истовремено добар обид за покомплексно проучување на проблемите во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со **аутизам**.

### Описен дел

Трудот е презентиран на 204 страници, $A_{4}$- формат текст, содржи 92 табели, 31 слика, 13 страници прилози и 228 библиографски единици во литературата. Докторската дисертација има кратенки, резиме, вовед, цел на истражувањето, методологија, резултати, дискусија, ограничувања на студијата и препораки за идни истражувања, заклучоци, предлози, литература и прилози.

Во воведот се истакнува фактот дека голем дел од стручните лица кои се занимаваат со проблематиката на аутизам во практика, промовираат и применуваат терапија на сензорна интеграција или сензорна терапија ı дозирање на дразби или овозможување на самостојна контрола за дозирање на дразбите во соодветни услови, односно спрецифично опремени соби. Во Македонија постојат обиди за следење на светските трендови за третман на децата со аутизам, постојат приватни сензорни соби отворени во рамките на невладиниот сектор и посебните училишта, меѓутоа свесноста за програмирано и системско дејствување не е достаточна.

Во вториот дел, **Теоретски пристап кон проблемот на истражувањето**, кандидатката концизно ги прикажува поимот, дефиницијата и дијагностиката на нарушувањето, со посебен осврт на клиничките карактеристики каде што се опишани нарушувањата во социјалната интеракција, нарушувањата во социјалната комуникација, нарушувањата во имагинацијата, како и непостојаните карактеристики како што се: проблеми со јазикот, нарушување на визуелната контрола и очниот контакт, проблеми во моторната имитација, проблеми во моторната контрола, необична реакција на сензорни доживувања, неадекватни емоционални реакции, различни аномалии на физиолошкото функционирање и развој, специјални способности и проблеми во однесувањето. Се дава акцент на невролошките основи на сетилната перцепција, како и на видовите сетила и нивната дисфункција, кои се мошне коректно објаснети во трудот. Детално се објаснети третманите за нарушувањата на функцијата на сетилата и тоа: терапијата за сензорна интеграција основана од страна на Anna Jean Ayers, терапијата за нарушување на сензорно процесирање на Lucy Jane Miller, Snoezelen пристапот на Jan Hulsegge и Ad Verheul, аудитивениот интегративен тренинг, и физичкиот тренинг. На Dunn-ов модел за сензорно процесирање му е дадено посебно место во ова второ поглавје.

Предмет на ова истражување се проблемите во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам на возраст од 7 до 10 години (проблеми во обработка на дразбите примени преку сетилото за слух, вид, мирис, вкус, допир и рамнотежа: вестибуларни рецептори и проприорецептори).

**Основна цел** на истражувањето е утврдување на проблемите при процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам на возраст од 7 до 10 години.

**Посебните цели** на ова истражување се јасно дефинирани и тие се:

- утврдување и проценување на проблемите во процесирањето и интегрирањето на тактилно применените дразби кај децата со аутизам во однос на децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост;
- утврдување и проценување на проблемите во процесирањето и интегрирањето на слушно применените дразби кај децата со аутизам во однос на децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост;
- утврдување и проценување на проблемите во процесирањето и интегрирањето на визуелно применените дразби кај децата со аутизам во однос на децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост;
- утврдување и проценување на проблемите во процесирањето и интегрирањето на дразбите примени преку сетилата за мирис и вкус во однос на децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост;
- утврдување и проценување на проблемите при примање, обработка и интегрирање на дразби примени преку вестибуларниот апарат во однос на децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост;
- утврдување и проценување на индивидуален профил за сензорно функционирање на секое дете со аутизам кое ќе биде опфатено со истражувањето.

**Нултата хипотеза** е дека децата со аутизам на возраст од 7 до 10 години почесто имаат проблеми при процесирање и интегрирање на сензорно применените дразби во споредба со децата од невротипичната популација и децата со лесна интелектуална попреченост.

**Зависни варијабли** се: дразби примени преку сетило за слух, сетило за вид, сетило за мирис, сетило за вкус, сетило за допир и рамнотежа (вестибуларни рецептори и проприорецептори). **Независна варијабла** е аутистичниот синдром. **Релевантни варијабли** се: пол и хронолошка возраст на децата со аутизам.

Во истражувањето се користени следниве **методи**: диференцијален метод, дескриптивен метод, со кој се опишуваат испитуваните појави, како и

каузален метод, со кој се испитуваше причинско-последичната поврзаност помеѓу независните и зависните варијабли. Од **техниките** се користени: акетирање, анализа на содржина и анализа на документација. Од инструментите се користи: **DSM IV-TR** протокол и **Сензорен профил**, прашалник што се состои од 125 прашања.

Во истражувањето е користен пригоден примерок на испитаници, и тоа: 35 деца со аутистичен спектар на нарушување, на возраст од 7 до 10 години, 35 деца со лесна интелектуална попреченост и 35 деца од невротипичната популација.

За да се провери статистички значајната разлика помеѓу две или повеќе варијабли, правени се анализи и предвидувања за излезните вредности од вкрстувањето на тие променливи, потоа на поставените хипотези се применувани тестови што ја одредуваат таа статистичка значајност на разликата. Од групата на статистички тестови на хипотези, користени се тест на независни примероци (t-тест), АНОВА- тестот и тестот на бинарна логистичка регресија. Во рамките на некои тестови правен е тест за хомогеност на варијансите, Левенова статистика со кој е одредувано дали постои статистички значајна разлика помеѓу варијансите на групите, односно дали распределбата е нормална или не. За статистички значајна е земена вредноста при која $p<0,05$.

**Резултатите од истражувањето** се прикажани во 92 табели и 31 слика. Добиените резултати од истражувањето се приложени преку дескриптивни табели на кои се презентирани податоците од проценката на сензорниот профил. На овие табели се презентирани бројот на испитаници во групата (N) за секоја група, аритметичката средина (m) на групата, стандардната девијација (s), стандардната грешка на аритметичката средина, интервалите на доверливост и мининалните и максималните добиени бодови во секоја група. Табеларно и преку графикони се претставени анализите на карактеристиките на сензорно однесување на децата со аутизам, лесна интелектуална попреченост и невротипичната популација. Потоа во табели се презентирани резултатите од применетите статистички тестирања направени на податоците од дескриптивните табели, односно АНОВА тестот, t-тестот и бинарната логистичка регресија.

Направената анализа на сензорните профили на децата со аутизам покажала дека сите деца со аутизам имаат сензорни нарушувања, и тоа: 17 деца со аутизам имаат висок праг на надразливост при што 7 деца (20%) имаат слаба

регистрација на дразби, а 10 (29%) бараат дразби. Другата половина или 18 од децата имаат низок праг на надразливост, од кои 5 (14%) одбегнуваат, а 13 (37%) се чувствителни на дразби.

Во првиот дел се прикажани резултатите од сензорното процесирање, и тоа: анализа на аудитивното процесирање, анализа на визуелното процесирање, анализа на вестибуларното процесирање, анализа на процесирањето на допир, анализа на мултисензороното процесирање, анализа на орално-сензорното процесирање кај децата со аутизам во споредба со децата со лесна интелектуална попреченост и децата од невротипичната популација на возраст од 7 до 10 години.

**Во вториот дел се претставени резултатите од анализата на модулацијата поврзана со издржливост/тонус, анализа на модулацијата поврзана со одржување на положбата на телото и движењето, анализа на модулацијата на движењето кое го афектира нивото на активност, анализа на модулацијата на сензорниот влез кој ја афектира емоционалната реакција, анализа на модулација на визуелниот инпут кој ги афектира емоционалните одговори кај децата со аутизам во споредба со децата со лесна интелектуална попреченост и децата од невротипичната популација на возраст од 7 до 10 години.**

Третиот дел се однесува на анализа на емоционални/социјални одговори, анализа на бихејвиоралните манифестации на сензорното процесирање и анализа на искази кои укажуваат на нивото на прагот на одговор.

Децата со аутизам значајно се разликуваат од децата со лесна интелектуална попреченост и децата од невротипичната популација во однос на сетилното функционирање во сите испитувани области на сензорно процесирање, модулација и однесување и емоционални реакции. Според сите фактори од сензорниот профил, испитаниците со аутизам имаат најниски резултати во однос на вкупните бодови споредени со испитаниците со лесна интелектуална попреченост и испитаниците од невротипичната популација. Во однос на класификација и фреквенција на отстапувањата, во најголем број дефинитивни отстапувања во *сензорното процесирање* се појавиле при „мултисензорното процесирање“ кај 22 испитаници, во *модулацијата* при

„модулација на сензорниот влез кој ја афектира емоционалната реакција“ кај 25 испитаници, додека, пак, во областа *однесување и емоционални одговори* дефинитивно отстапување имаат најголем број на испитаници со аутизам во секоја област, кај 30 испитаници при „бихејвиоралните манифестации на сензорното процесирање“, кај 22 испитаници при „емоционално/социјалните одговори“ и кај 26 испитаници „искази кои укажуваат на нивото на прагот на одговор“. Со АНОВА- тестот за независни примероци, кај *сензорното процесирање, модулацијата и однесувањето и емоционалните реакции* постои значајна статистичка разлика во сите групи заедно, односно кај секоја испитувана област p=0.000.

Во **дискусијата** е направена компаративна анализа со повеќе светски студии што ги обработуваат сензорните проблеми кај аутистичниот спектар на нарушување. Истражувањето покажа дека децата со аутизам значајно се разликуваат од своите врсници со лесна интелектуална попреченост и децата од невротипичната популација во однос на сетилното функционирање. Направена е компаративна анализа на сензорниот профил, сензорното процесирање, и тоа: (аудитивното процесирање, визуелното процесирање, вестибуларното процесирање, процесирањето на допир, мултисензорното процесирање, орално-сензорното процесирање). Потоа е дискутирана сензорната модулација како способност за регулирање на степенот, интензитетот и природата на сензорната стимулација, и капацитет за обработка на сензорни информации на таков начин што еден поединец генерира одговори, кои се соодветно категоризирани во однос на влезните сензации. Посебен осврт во дискусијата е направен за однесувањето и емоционалните одговори кај децата со аутизам и тоа преку анализа на емоционалните/социјалните одговори, бихејвиоралните одговори на сензорното процесирање и прагот на одговор.

Во **шестиот дел се** дадени ограничувањата на оваа студија и насоките за идни истражувања каде што авторката наведува дека ограничувањето на спроведеното истражување главно е насочено кон нерепрезентативниот примерок на деца со аутизам. За идни истражувања би требало, пред да се започне со вакво истражување, да се изврши проценка на лицата кои ќе учествуваат во истражувањето, а потоа и информативна сесија со цел да се зголеми свесноста за забележување на сензорните нарушувања кај децата со аутизам.

Во делот **Заклучоци,** врз основа на добиените резултати, оформени се најзначајните заклучоци кои произлегуваат од истражувањето. Од нив може да се потенцираат следниве:

- Децата со аутизам значајно се разликуваат од децата со лесна интелектуална попреченост и децата од невротипичната популација во однос на сетилното функционирање во сите испитувани области на сензорно процесирање и модулација и според сите фактори од сензорниот профил.
- Кај сите деца со аутизам се појавуваат две или повеќе нарушувања на сензорното функционирање.
- Децата со аутизам значајно отстапуваат во однос на аудитивното процесирање.
- Во однос на визуелното процесирање, кај мал број на деца се јавило дефинитивно отстапување.
- Вестибуларното процесирање значајно отстапува кај децата со аутизам во однос на останатите групи испитаници.
- Дваесет и две деца имаат мултисензорно нарушување, кое значајно се разликува од останатите групи на испитаници.
- Орално-сензорното процесирање значајно се разликува при што кај 17 деца со аутизам има дефинитивно отстапување.
- Анализата на модулацијата на сензорниот влез кој ја афектира емоционалната реакција кај децата со аутизам покажа дека тие и во оваа област значајно се разликуваат од останатите групи.
- Влијанието на сензорното нарушување врз однесувањето покажува најмногу отстапувања кај децата со аутизам.
- Само 6 деца имаат типично однесување во однос на прагот на одговор, односно кај децата со аутизам тој е нарушен и влијае на осознавање на околината.

Во делот **Предлози** се даваат корисни совети за лицата со аутизам. Потребно е: подигнување на јавната свест за разликите во сензорната обработка на дразбите кај децата и лицата со аутизам, едукација на дефектолозите за правилна процена на сетилното функционирање, воведување на програма за едукација во однос на сетилата на студентите по специјална едукација и рехабилитација, едукација на медицискиот персонал за сензорните разлики, задолжителна едукација на родителите за сензорните разлики кај децата со аутизам, задолжително воведување на третманот на сетилата во

раноинтервентниот период, опремување на постоечките институции со реквизити за третман на сетилата и архитектонска адаптација на постојните институции.

Во **литературата се** цитирани вкупно 228 референци според редоследот на појавувањето во текстот. Литературните податоци се соодветно избрани, поголемиот дел се со најнов датум и целосно ги покриваат подрачјата испитувани во докторската дисертација. Користени се и одреден број на интернетресурси, што му дава дополнителна вредност на трудот.

**Десеттиот дел** е резервиран за прилозите каде што се прикажани сензорниот профил, кој се состои од 125 прашања, и DSM IV-TR- протокол за дијагностицирање на аутизам кај деца и лица со аутизам според Американската психијатриска асоцијација.

Во **извадокот,** кој е структуриран, е даден кус преглед на целокупната содржина на докторската дисертација на македонски и на англиски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација е самостоен труд, обработен во согласност со поставените цели и задачи. Делот методологија на истражувањето е добро дефиниран. Резултатите се одлично статистички обработени со табеларен и графички приказ. Користена е соодветна литература од 228 референции кои во значителна мера придонеле за темелното толкување на материјата со која се среќавала докторантката за време на изработката на дисертацијата. Резултатите се прецизно изведени и реално прикажани. Истражувањата на проблемите во процесирање и интегрирање на сензорните дразби кај децата со аутизам претставуваат први од ваков вид во балканскиот регион, а се едни од ретките и во Европа, што на овој труд му дава меѓународна димензија. Со ова се надополнува една празнина и се отвораат нови патишта за рехабилитација на овие деца. Тоа овозможува приближување на клиничката детска психијатрија и педијатрија, од една страна, и на дефектолошката теорија и практика, од друга страна, а сè со една цел- да им се помогне на децата со аутизам и на нивните семејства.

Докторската дисертација на м-р Јасмина Трошанска, под наслов **Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам**, е самостоен оригинален придонес со сите елементи на научен труд.

Врз основа на анализата и оценката на докторската дисертација, Комисијата е на мислење дека се исполнети сите услови за позитивна рецензија и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот да го прифати овој извештај и′ на кандидатката да и одобри усна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Владимир Трајковски с.р.

Акад. проф. д-р Нада Поп Јорданова с.р.

Проф. д-р Драгослав Копачев с.р.

Проф. д-р Ристо Петров с.р.

Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „МОДЕЛИ НА ОДЛУЧУВАЊЕ И НИВНА ПРИМЕНА ВО ПОЛИЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р САШО МИТЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.10.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски со наслов „Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија", во состав: проф. д-р Оливер Бакрески (ментор), проф. д-р Зоран Нацев, проф.д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Ванчо Кенков и доц.д-р Тања Милошевска. Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

**1. Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски со наслов „Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија", содржи повеќе од 300 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12 со над 270 фуснота, со над 160 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Трудот е структуриран во осум глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, што обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето и дава посебна автентичност и релевантност на резултатите кои се добиени од спроведеното истражување.

Воведот, всушност, ги детерминира правецот и концепцијата на трудот, кои се разработени во форма на теоретски опис и елаборација на истражувачкиот проблем. Во самиот вовед, во кратки црти, акцент е ставен врз анализата на моделите на одлучување и е потенцирана неопходноста за дефинирање на истражувачкиот проблем. Основната истражувачка методологија на почетокот на трудот е насочена кон теоретската рамка на проблемот на истражување со основен фокус на одлучувањето, каде што научно е елаборирано дека квалитетот на управувањето во најголем дел е одреден од квалитетот на одлучувањето. Во рамките на воведот, со неколку реченици, е опфатен и кратко елабориран предметот на истражување со главен фокус врз одлучувањето и донесувањето на одлуки во полициската организација.

Првата глава од трудот се однесува на општите карактеристики на одлучувањето со темелна и опширна разработка на пристапите и стиловите на одлучување. Истражувачкиот фокус во овој дел на трудот, м-р Сашо Митевски го насочува врз аспектите кои се однесуваат на основите на одлучувањето. Тематската структура во оваа глава се однесува на општите претпоставки на одлучувањето, потребата од одлучување, поимот и значењето на одлучувањето, процесот на одлучување, стиловите на одлучување, одлуката како своевидна разработка на процесот на одлучување, резултатите кои произлегуваат од процесот на одлучување, видовите на одлуки, влијанието на човечкиот фактор во процесот на одлучување, субјективниот фактор во одлучувањето итн. Истражувачки акцент во овој дел на трудот е ставен на процесот на одлучување, независно од видот на организацијата и тој е анализиран

преку одредени фази кои се разработени од повеќе аспекти со нивна одделна елаборација. Процесот на донесување на одлуки во рамките на организацијата е претставен како една сложена меѓузависност на субјективни и на објективни причини. Исто така, утврдена е потребата од професионализам, а од извршената елаборација на расположливите факти, ставови и информации кои се поткрепени со низа научни докази и цитати на реномирани светски и домашни автори процесот на донесување на одлуки е прикажан како механизам за решавање на организациските одлуки. Но самиот факт дека организациското постоење може да се сретне во повеќе облици и форми, повеќе од неопходна е општата разработка на одлуката како производ на процесот на одлучување, односно анализирани се повеќе видови на одлуки.

Втората глава содржи комплексно истражувачка активност во која се детерминирани теориите на одлучување со темелна елаборација преку неколку научно докажани аспекти. Од извршената анализа произлегуваат општите карактеристики на теориите на одлучување а евидентен е заклучокот дека теориите на одлучување не може да ја предочат најоптималната варијанта, ниту пак да доведат до исклучување на ризикот, во самиот процес на одлучување, но затоа врз основа на нивно добро познавање и нивна примена во процесот на одлучување донесувачот на одлуките може да направи селекција на оние одлуки кои не соодејствуваат со проблемот и кои со себе носат висок ризик и можат да предизвикаат штетни последици. Достапната литература која авторот на трудот ја има користено како предмет на анализа му овозможила да даде прецизен научен осврт за голем број теории од каде што може да се утврди фактот дека познавање на теориите во голема мера ќе му помогнат на донесувачот на одлуките при самиот избор на утврдените варијанти за решавање на поставениот проблем. Во контекст на добивање релевантни податоци во однос на проблематиката која ја опфаќа оваа глава од трудот, како појдовна основа е земена претпоставката дека донесувачите на одлуките имаат целосни информации за последиците на секоја варијанта на одлука, односно се претпоставува дека донесувачите на одлуките ги разбираат достапните индикатори кои произлегуваат од самите варијанти. Усогласеноста на користените методолошки пристапи при разработката на достапната литература овозможуваат лесен заклучок дека самата теорија претставува дијапазон на варијабли кои се основни детерминанти на секој проблем кој е предмет на истражување, што пак дава хипотетички став дека теориите овозможуваат добивање конзистентен поредок на преференции во однос на позитивните импликации на единечните варијанти, што, пак, претставува основен предуслов за донесување на одлука.

Третата глава од трудот се однесува на моделите на одлучување каде што научно се етаблирани сите аспекти кои се од суштинско значење за целиот процес на одлучување. Во овој дел на трудот е утврден начинот на кој се донесуваат одлуки во организацијата, во функција на осигурување на нејзините основни цели; утврден е степенот на влијание на одлуката во ефикасноста на организацискиот систем систем; утврден е степенот на зависност на одлуката од стручноста и компетентноста на одлучувачот; детектирани се потребните предуслови за подобрување на квалитетот на донесените одлуки. Исто така, направена е темелна теоретска разработка на општите модели на одлучување и дефиниран е начинот на нивното моделирање, што претставува основен фундаментален пристап при дефинирањето на процесите, бидејќи на тој начин се симулираат сите активности во рамките на полициската организација. Анализата врз моделите на одлучување претставува своевидна основа за етаблирање на конкретен модел на одлучување независно од природата и од видот на организацијата, каде што е предвиден компаративен осврт на полициската организација. Од досега изнесените факти евидентна е целта на кандидатот во овој дел на трудот да направи научна дескрипција и да ги претстави општите модели на

одлучување. Интенцијата оди во насока по пат на селекција на научните факти да се утврди кои од понудените модели на одлучување ќе бидат општо прифатливи и применливи во процесот на одлучување во полициската организација.

Четвртата глава од трудот го детерминира истражувачкиот проблем преку основните карактеристики на одлучувањето и донесувањето на одлуките во областа на безбедноста каде акцент е ставен на основниот пристап во одлучувањето во безбедносните структури. Спецификите на овој дел од истражувањето се однесуваат на потребата за одговорен пристап кон подготовката, кон донесувањето и кон контролата на одлуката во безбедносниот сектор. Донесувањето на одлука во безбедносниот сектор е сложен процес и активност, која е составена од различни фази и постапки. Од теоретските разработки на голем број литература може да се заклучи дека безбедносната организација различно е дефинирана од страна на теоретичарите кои ги потенцираат различните фази на кои им даваат различно значење и различно место во процесот на донесување на одлуки. Преку соодветна методологија донесен е заклучок дека донесувањето на одлуки е процес кој претставува една интегрирана целина кој не се ограничува само на една фаза, па затоа следи и заклучокот дека соодветна и квалитетна одлука е онаа одлука која е донесена како резултат на збирот од овие фази. Исто така се наведува дека безбедносната сфера најчесто има проблеми кои се предмет за донесување на некоја одлука и имаат сложена природа, односно ја наметнуваат потребата од максимална сериозност во пристапот на одлучувачот.

Спроведената научно- стручна анализа во петтата глава, истражувањето го насочува кон утврдување на функционирањето на воено-организацискиот и полицискиот систем. Во насока на утврдување на разликите односно сличностите помеѓу овие две организациски структури акцент е ставен на утврдувањето на специфичните карактеристики на овие организации. Извршена е анализа на елементите во процесот на одлучување, независно за секоја од нив, а разработени се факторите кои влијаат во процесот на донесување на одлуки. Исто така, анализирани се фазите кои ги опфаќа самиот процес на одлучување, утврдени се предусловите потребни да се спроведе процесот на донесување одлуки, како и разработка на основните методолошки пристапи во овие две организациски единици.

Со помош на компаративната анализа е утврдено дека безбедноста е заеднички именител за двете организации а нивна основна задача е да ја гарантират безбедноста, додека разликите произлегуваат во начините и во пристапот на нивното работење. Овде е утврден начинот на функционирањето на организациските структури на армијата и полицијата во делот на методологијата и начинот на кој се извршуваат работните задачи во двете организации. Во воената организација е утврдена нагласена затворена хиерархија и авторитет со елементи на командно-штабна природа, додека во полицијата се детектирани елементи на субординираност со помалку изразени елементи на авторитативност и хиерархија. Во продолжение на оваа глава од трудот може да се утврди дистинкцијата помеѓу активностите на овие две организации од каде што произлегува фактот дека полициските активности за разлика од воените најчесто се спроведуваат во средината каде што егзистира самата полициска организација, природата на полициското работење ја наметнува потребата од донесување на одлуки од најразличен карактер во насока на решавање на тековни проблеми без разлика дали тие се однесуваат на полициската организација, државата или граѓаните како дел од државата. Големо влијание во процесот на донесување на одлуки во полициската организација има и организациската култура која овозможува соодветни и адекватни пристапи во однос на решавање на постојните проблеми.

Анализата во овој сегмент на трудот ја отсликува и уникатноста на овие две организации кои ги прават различни од останатите и им даваат впечатлива, а понекогаш и преголема предност пред граѓанските организации. Основен инструмент

на воената и полициската организација е монополот кој го уживаат, а исто така огромната сила на принуда која ја поседуваат. Тоа е така, бидејќи овие организации имаат капацитет да го воспостават и одржат општествениот поредок, а нивната лојалност е клучна за опстанокот на државата. Оттука произлегува заклучокот дека воените, односно полициските организациски облици се цврсто организирани и високо дисциплинирани тела, кои имаат хиерархија на авторитети и силно изразена послушност.

Улогата на полицијата во Република Македонија, како и задачите кои што ги извршува таа, се елаборирани во шестата глава на докторската дисертација во вид на широк и комплексен систем на хиерархиска поставеност каде што тие се темелат на прецизно донесени три нивоа (стратешко, тактичко и оперативно). Преку улогата и задачите кои произлегуваат, полицијата во Република Македонија е опишана како организација која игра клучна улога во остварување и гарантирање на безбедноста на граѓаните на Република Македонија. Оваа глава од трудот исто така опфаќа детали кои се однесуваат на научната разработка на политиката на внатрешната безбедност која се гради кон заштита, одржување и унапредување на интересите на Република Македонија, а се однесува на елиминирање на ризиците и опасностите и заштита на демократскиот поредок утврден со Уставот, човековите права и слободи и остварување на активности од значење за безбедноста на Република Македонија.

Седмата глава од докторскиот труд се темели врз теоретската разработка на моделите и моделирањето во полициската организација во Република Македонија, каде што моделирањето е претставено како суштински елемент во обидот за обликување на процесите. Исто така е наведено дека основа за моделирање се врзува со симулирање на настаните во полицискиот систем. Конкретно овде детално се анализираат моделите на одлучување како своевидна основа за етаблирање на конкретен модел на одлучување во полицијата на Република Македонија, а целта на м-р Митевски е да се претставаат моделите на одлучување, односно да се направи анализа кои од понудените модели на одлучување ќе бидат најприменливи во работата на полицијата во Република Македонија.

Централното истражувачко прашање кое е предмет во овој научен труд и претставува синтеза на интерпретацијата на резултатите од епмириското истражување за моделите на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија е опфатено во Глава осум од докторската дисертација. Фокусот на истражувањето на крајот од трудот е насочен кон утврдување на адекватноста и ефикасноста на постојниот модел на одлучување во полициската организација на Република Македонија, земајќи ги предвид сите аспекти, елементи на идентичност, разлики и темелност на моделите кои во моментот се применуваат во процесот на одлучување во полицијата на Република Македонија. М-р Сашо Митевски фокусот на истражувањето го насочува кон изнаоѓање нов модел на одлучување во полицијата на Република Македонија, што треба да претставува основен импулс за градење ефикасен систем на командување и раководење. Сите показатели кои произлегуваат од овој дел на трудот укажуваат на фактот дека моделот на одлучување мора да биде општо применлив и да ги опфаќа сите аспекти на полициската проблематика каде во целост е земено мислењето на сите категории на испитаници дека постојниот модел на одлучување не е соодветен и не е ефикасен во работењето на полицијата.

Во заклучните согледувања, м-р Сашо Митевски го дава одговорот на главното истражувачко прашање: Кој модел на одлучување ќе биде применлив во полицијата на Република Македонија, какви се можностите за негово воспоставување и колку истиот ќе влијае врз јакнење на раководењето и командувањето со полициските структури? Заклучоците кои произлегуваат од спроведеното истражување се утврдени преку

теориската (квалитативна) анализа, но и преку емпириското (квантитативно) истражување со кои се тестираат хипотезите на истражувањето.
Генералните заклучоци на докторската дсертација се однесуваат на постојниотмодел на донесување на одлуки во полициската организација и укажуваат на неговата нефункционалност и потреба од негова промена со соодветен и функционален модел на одлучување. М-р Сашо Митевски, во докторската дисертација, предлага решение преку имплементирање на модел со компелација од примена на аналитичко-хиерархискиот, бирократскиот или штабниот модел на одлучување. Заклучоците кои произлегуваат од спроведеното емпириско истражување се индикатори врз чијашто основа ќе се воспоставува соодветен модел за одлучување во полицијата во Република Македонија. Заклучоците, всушност, претставуваат реална слика за состојбата во рамките на процесот на одлучување во полицијата во Република Македонија.

**2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Научните истражувања и литература за одлучувањето како процесна функција во безбедносниот сектор, а во тој контекст и во полицијата, се од различни светски, но и домашни реномирани автори и датираат од различни временски периоди. Оттука, м-р Сашо Митевски успешно го совладал предизвикот на теориското осмислување на моделот на одлучување во полицијата кој ќе биде компатибилен со сите нови предизвици и со највисоките демократски стандарди, но и кој ќе одговори на спецификите и потребите на полицијата во македонското општество. Оваа докторска дисертација не само што е издржана и уникатна во пристапот, туку и надополнува една значајна научна празнина во областа на безбедноста со што ќе ја збогати научната база во неколку комплементарни научни дисциплини.

**3. Краток опис на применетите методи**

Во согласност со поставената цел и предметот на истражување, преку поставеното главно прашање и помошните прашања применети се повеќе научно истражувачки методи што треба да обезбедат објективност, систематичност, непристрасност и веродостојност на истражувачките резултати. Врз основа на класификацијата на методите според спецификите, главно се користени посебните научни методи на сознанието, односно методите на анализа-синтеза, индукција-дедукција, генерализација. Исто така, беше употребен методот на анализа на содржината, а беше спроведено и анкетирањето како метод на емпириско истражување. Паралелно со компаративниот метод се користени ’и дедуктивно-индуктивниот метод при анализата на достапната литература од предметната област, во поглед на менаџментот како процес, полицискиот менаџмент и моделите на одлучување. Компаративниот метод во комбинација со методите за анализа и синтеза е користен и со цел да се направи споредба меѓу одлучувањето во полицијата и армијата со цел да се извлечат одредени разлики и сличности но и критички забелешки со цел истите да се земат предвид во нудењето решение воспоставување на ефикасен и ефективен модел на одлучување во полицијата на Република Македонија.

**4. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Научната оправданост на дисертацијата произлегува од теоретската елаборација на проблемот со неговите позитивни и негативни аспекти, како и во понудената дескрипција на модели за одлучување во полицијата на Република Македонија и понуденото решение за воспоставување на истите. Врз основа на компаративната анализа и емпириски заснованото истражување, основна констатација е дека актуелниот модел на одлучување во полицијата на Република Македонија, како резултат на субјективни но и објективни фактори не е функционален, односно не ги дава потребните резултати во процесот на донесување на одлуките во полицијата. Притоа, мора да се има предвид дека при воспоставувањето нов систем, приоритет е да се направи соодветна адаптација на актуелните организациски облици и негова инкорпорација во сите сегменти на полициската хиерархија. Потребата од воспоставување нов модел на одлучување, пред се’, треба да се идентификува во барањето за ефикасно раководење каде одлучувањето е негова основна процесна функција. Ова е особено значајно, бидејќи не може да се замисли ефикасно раководење или командување без претходно донесени добри одлуки. Донесувањето добри одлуки подразбира донесување на одлука која во целост ќе ги оправда целите за која таа е спроведена. Целите за кои е донесена одлуката ќе бидат оправдани дури по нејзиното имплементирање, односно решавањето на проблемот за кој таа е донесена.

**5. Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски, со наслов „Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија“, претставува истражување во областа на безбедноста. Научната цел на ова истражување е постигната преку научната анализа и дескрипцијата на постојниот модел на одлучување полицијата, но и со научно предвидување на можноста за воспоставување на нов ефикасен модел на одлучување, како и рефлексијата што тој модел ќе ја има врз функционалноста на полициската организација. Практичната цел е остварена преку изложување на солидни аргументи кои упатуваат на потребата од воспоставување на нов модел на одлучување, како и согледување меѓународните искуства во доменот на предметната проблематика со преземање на веќе докажан и проверен модел на одлучување, кој веќе е докажан како доста ефикасен и негово имплементирање во полицијата на Република Македонија.

Разработката на моделите на одлучување се основен правец во кој м-р Сашо Митевски го водел истражувањето, каде што тој ги утврдил нивните позитивности, односно негативности и нивната евентуална компатибилност со полициската структура во Република Македонија.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски, со наслов ,,Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија“, според мислењето на Комисијата, ги исполнува основните услови и стандарди за солиден докторски труд. Тој претставува оригинално истражување кое применува интердисциплинарен пристап и доаѓа до нови сознанија од областа на безбедноста. Добиените резултати од оваа докторска дисертација претставуваат придонес кон областа на безбедноста, како во науката, така и во практиката.

**6. Заклучок и предлог**

Главниот научен импут на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски, со наслов „Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија", се состои во детекција не само на проблемите кои се однесуваат на процесот на донесување на одлуки во полицијата во Република Македонија, докажани низ систематично и сестрано истражување на нормативната, правната и општествената положба и оценка, туку уште повеќе во антиципацијата на дополнителните проблеми во делот на изнаоѓање и на воспоставување на ефикасен модел на одлучување. До овие сознанија е дојдено со употребата на соодветна научна методологија во истражувањето на едно мошне комплексно и сензитивно прашање. Имајќи ги предвид специфичностите на проблемот и предметот на истражување (полицијата како една од најсензитивните и најзатворените институции на системот, со директно влијание врз безбедносната состојба во државата), кандидатот успеал да дефинира аргументиран и научно заснован заклучок. Преку употребата на соодветни методи и техники на собирање и обработка на податоци, како и со нивна систематска анализа и интеграција, кандидатот пласира сознанија кои меѓусебно се надополнуваат и резултираат со нудење ново решение за одлучување македонската полицијата, што дава посебен квалитет на избраната тема. Подрачјето на примена на сознанијата е сосема конкретно, иако реализацијата на понудениот модел не зависи само од научната аргументација, туку од политичката волја да се имплементира но и многу други фактори.

Со оглед на изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Сашо Митевски, со наслов „Модели на одлучување и нивна примена во полицијата на Република Македонија".

КОМИСИЈА

Проф. д-р Оливер Бакрески с.р.

Проф. д-р Зоран Нацев с.р.

Проф.д-р Трајан Гоцевски с.р.

Проф. д-р Ванчо Кенков с.р.

Доц. д-р Тања Милошевска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕРАКТИВНО ПОУЧУВАЊЕ ВО РАНА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ“ ОД М-Р АРБОНА ЏЕМАЈЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.10.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Арбона Џемајли - со наслов „Интерактивно поучување во рана училишна возраст“, во состав: проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (претседател), проф. д-р Лена Дамовска (ментор), проф. д-р Татјана Котева Мојсовска (член), проф. д-р Анета Баракоска (член) и проф. д-р Фадби Османи.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арбона Џемајли, со наслов „Интерактивно поучување во рана училишна возраст“, содржи 298 страници компјутерски обработен текст во Tmes New Roman, со 1,5 проред и големина на букви - 12, како и голем број библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги.

Трудот е структуриран во 4 тематски целини (теоретски дел, методологија на истражувањето и анализа, и на крајот, заклучок и интерпретација на добиените резултати ), со вовед, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведниот** дел на трудот се наведени потребите и значењето на иновирањето во практиката на поучување преку користење на интерактивни модели, во контекст на новите улоги на наставниците и учениците, се′ со цел зголемување на активноста на учениците во процесот на учење. Кандидатката м-р Арбона Џемајли укажува дека интерактивното учење станува потреба на современиот образовен процес од причина што ги задоволува потребите на новите генерации ученици и наставници.

Основната карактеристика на интерактивното поучување е тоа што овозможува развој на личноста на детето и неговата индивидуалност, па затоа потребата за примена на интерактивото поучување доаѓа токму од потребите на децата во еден современ образовен систем. Кандидатката смета дека интерактивното поучување е еден од значајните фактори кои влијаат во подигнувањето на квалитетот и ефикасноста на наставниот процес. Тоа претсавува значаен чинител во модернизирањето на наставната работа и директно ги поставува учениците, наставниците и другите чинители во сосма нова ситуација и нови односи.

**1. Теоретскиот дел** на докторската дисертација е структуриран во **петнаесет поглавја** и во него се елаборира нтерактивното вклучување, каде што кандидатката м-р Арбона Цемајли експлицитно и опширно, консултирајќи обемна стучна литература, го елаборира проблемот од речиси сите аспекти, а акцентот го става на интерактивното поучување во раната училишна возраст.

**Првата глава** е посветена на теоретскиот пристап кон проблемот, каде што во неколкуте поглавја кандидатката посветува особено внимание во истакнувањето на значењето и оправданоста на истражувањето, детално ја елаборира причината и потребата за појавата на интерактивното поучување, како и поставување на дидактичкиот идентитет на интерактивното поучување.

Во **втората глава** се дефинираат основните поими во овој истражувачки труд. Во оваа глава од трудот, користејќи обемна референтна литература, м-р Арбона Цемајли ги објаснува поимите значајни за овој труд како што се: поучување, учење, настава, интеракција, интерактивно учење и интерактивна настава.

Во **третата четвртата и петтата глава,** вниманието е насочено, прво, кон издвојување на досегашните, значајни истражувања кои се направени во врска со овој проблем, а потоа се елаборираат формите на интеракцијата каде што се обрнува особено внимание на интеракцијата на целото одделение, интеракцијата помеѓу наставник и ученик и интеракцијата ученик – ученик. Потоа, петтата глава е посветена на формите на наставната работа и интерактивното поучување, каде што кандидатката го објаснува значењето на формите на наставната работа, како и нивното приспособување во организирањето и применувањето на интерактивното поучување.

**Шестата и седмата глава с**е посветени на наставните методи и техники во интерактивното поучување, особено посветувајќи внимание на истражувачките постапки значајни за интерактивното поучување, односно интерактивно учење преку решавање на проблеми.

**Осмата, деветтата и десеттата глава** се однесуваат на значењето на одделенскиот амбиент, климата во одделението и комуникациската работна средина во интерактивното поучување.

**Во единаесеттата глава** е образложен интегриранииот курикулум во интерактивното поучување, каде што се издвоени интегрираната настава и учењето по теми и тематското пано во интерактивното поучување.

**Дванаесеттата глава, пак, е** посветена на наставникот во интерактивното поучување, каде што е дадена улогата на наставникот во традиционалното и интерактивното поучување.

**Дванаесеттата глава** е посветена на елаборација на предностите на интерактивното поучување во раната училишна возраст, со посебен осврт на задоволството и љупопитноста кај децата во текот на интерактивното поучување, како и нивната самостојност во извршувањето на училишните обврски.

**Истражувачкиот дел** ја опфаќа методолошката рамка на истражувањето, каде што кандидатката м-р Арбона Џемајли ни ги претставува предметот на истражувањето, целта, карактерот и задачите на истражувањето, хипотетската рамка и варијаблите на истражувањето, но и методите, техниките и инструментите кои се применети во ова истражување.

Со ова истражување, преку анкетирањето се опфатени 151 наставник од прво до трето одделение од 9 основни училишта. Партиципативното набљудување се одвивало во една паралелка и интервјуа со претходно подготвени протоколи биле извршени со 7 претставници од стручни служби и 3 директора на училишта. Исто така, се интервјуирале претставници (фокус групи) на 15 родители и 15 ученици. Анализата и интерпретацијата на добиените резултати од докторската дисертација се базираат на податоци добиени со помош на мерните инструменти кои се применети во ова истражување, и тоа: анкетен прашалник и 3 протоколи за интервју на директори и стручни работници, родители и ученици. Целта е да се добијат конкретни сознанија за влијанието на интерактивното поучување кај децата од рана училишна возраст во остварувањето на ефикасен воспитно-образовен процес, односно во реализирањето на поставените цели. Во овој труд, исто така, се проблематизира и оспособеноста на наставничкиот кадар кој е директен реализатор на овој процес. Во заклучните согледувања, во синтетизирана форма се изнесени резултатите од истражувањето, по што следат и дадените препораки, кои во суштина многу реално ги отсликуваат состојбите.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето на оваа докторска дисертација е интерактивното поучување во раната училишна возраст. Ова истражување промовира сосема нов пристап во реализацијата на наставата со децата од рана училишна возраст во Косово, каде што последниве години се одвиваат значајни реформи во образовниот систем.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Темата на оваа докторска дисертација начелно е доста малку обработувана на нашите простори. Станува збор за избор на една мошне актуелна тема, досега неистражувана од овој аспект, каде што акцентот е ставен на интерактивното поучување во раната училишна возраст и неговото влијание врз остварувањето на поставените воспитно-образовни цели и задачи.

**Краток опис на применетите методи**

Во докторската дисертација, истражувањето по својот карактер е квалитативно, квантитативно и емпириско. Во истражувањето е применета дескриптивно-аналитичката метода, а се користат следниве инструменти, и тоа: анкетен лист, партиципативно набљудување, полуструктурирани интервјуа за различните фокус - групи (директори, претставници на стручните служби, ученици и рорители). При истражувањето е направена и анализа на документација од Секторот на Просветниот инспекторат на регионот Гнилање, која се однесува на наставните часови, анализирајќи одредени показатели поврзани со инреактивното поучување.

Квантитативната анализа се однесува на анкетните прашалници за наставници. Одговорите се описно и графички претставени. Резултатите од партиципативното набљудување се претставени описно и сликовито за секој термин кога е вршено набљудувањето. За докажувањето на хипотезите е спроведена квалитативна анализа на добиените резултати и за таа цел одговорите се групирани, а се однесуваат на докажување на секоја хипотеза поединечно, според варијаблите кои ги содржи.

Податоците добиени со техниката анализа на документација се подложени на квалитативна анализа исто како и податоците добиени од интервјуата со фокус- групите од директори, претставници на стручните служби, ученици и родители.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од анализата и компарацијата на теоретските научни материјали и спроведеното истражување во целост ја оправдуваат потребата сериозно да се анализираат податоците кои се добиени од ова истражување, затоа што ни даваат една реална слика за интерактивното поучување на децата во раната училишна возраст. Исто така, ни даваат и една добра основа за други слични истражувања кои ќе ни помогнат за

надминување на многубројните слабости кои се детектирани, а потоа и добро анализирани во овој труд.

Од сето ова што е претходно елаборирано произлегува потребата од преземање на конкретни мерки, со кои ќе се влијае врз намалувањето на утврдените разлики, како и на ефектите кои се јавуваат од нив, или поконкретно:

Наставниците треба да се посветени и подготвени да го применуваат интерактивното поучување во наставата. Затоа, наставниците треба заемно да соработуваат, да ги пренесуваат сопствените искуства и да дебатираат на одредени теми. Потребно е да се изготвуваат тематски планови за работа и наставни текстови со кои ќе се реализира интерактивното поучување. Исто така, значајно е да се обезбедат просторни и материјални средства кои се значаен предуслов за интерактивна настава. Ова подразбира и користење на нова информатичко-комуникациска технологија (ИКТ) која ќе помага во иновативното реализирање на наставните цели и содржини со примената на интерактивното поучување. Потребно е да се развие партнерство помеѓу наставнците, учениците и родителите во процесот на примена на секој од предвидените модели на интерактивно поучување на учениците во раната училишна возраст.

Истовремено, потребно е да се организираат различни обуки и дебати се со цел подготвување на наставниците за примена на интерактивното поучување во воспитно-образовниот процес.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арбона Џемајли, со наслов „Итерактивно поучување во рана училишна возраст“, претставува истражување од областа на воспитанието и образованието. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги претстави состојбите во некои основни училишта во Косово, од аспект на процесот на интерактивното поучување, со посебен акцент на реформите во образованието кои се случуваат во овој домен во Косово. Трудот се однесува на една мошне значајна и актуелна тема која бара сериозна анализа, која, пак, овозможува да се актуализира и проблематизира процесот на интерактивното поучување на учениците во раната училишна возраст. За самиот факт дека поучувањето е сериозен сегмент во воспитно-образовниот процес ни укажуваат резултатите од истражувањето, кои, меѓу другото, ја потенцираат потребата на учениците од овој вид на работа, каде што тие станувааат активен чинител. Оттука произлегува и пионерскиот обид на кандидатката, во една систематизирана форма да ги прикаже состојбите и потребите за интерактивното поучување како значаен сегмент во воспитанието и образованието. Понудените сознанија, заедно со дадените препораки, се во функција на поуспешно и поефикасно извршување на професионалната дејност на наставниците во основното образоване.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арбона Цемаили, со наслов „Интерактивно поучување во рана училишна возраст“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес на кандидатката м-р Арбона Цемаили е во обидот да се интегрираат и теориски да се елаборираат промените кои се случуваат во доменот на интеактивното поучување на учениците во раната училишна возраст кои се стремат да одат во чекор со високоразвиените земји од Европа и пошироко. Исто така, придонесот на овој труд е и во потребата од детектирање на проблемите кои се јавуваат во текот на овој процес со цел да се надминат тешкотиите кои се случуваат секојдневно во воспитнообразовните институции, како за наставничкиот кадар, така и за самите ученици кои, впрочем, се најдиректно засегнати.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: во доменот на основните училишта, воспитнообразовниот процес и процесот на интерактивното поучување на учениците во раната училишна возраст.

Можните понатамошни истражувања се: систематско проучување на нови стандарди и перспективи во доменот на интерактивното поучување на учениците во основното образование како начин за справување со предизвиците кои ги сретнуваме секојдневно во нашите училишта, но и проблемите и дилемите во секојдневата практична работа на наставниците.

Од сето ова што е наведено, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Арбона Џемајли**, со наслов **Интерактивно поучување во рана училишна возраст.**

**КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Јасмина Делчева – Диздаревиќ (претседател) с.р.**

**Проф. д-р Лена Дамовска (ментор) с.р.**

**Проф. д-р Татјана Котева Мојсовска (член) с.р.**

**Проф. д-р Анета Баракоска (член) с.р.**

**Проф. д-р Фадби Османи (член) с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Игор Мицевски | „Отпор и партиципативност во јавната сфера: студија на интерпретативните репертоари и агендите за дејствување на контра-јавностите во Македонија“ | „Resistance and Participation in the Public Sphere: A Study of the Interpretive Repertories and the Agendas for Action of the Counter-Publics in Macedonia“ | Проф. д-р Константин Миноски | 31. X 2016<br>10-984/16 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Кристина Беговска | „Епот и романот во контекст на византиската народна книжевност“ | „The Epic and the Novel in the Context of Byzantine Folk Literature“ | Акад. проф. д-р Витомир Митевски | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1364/16 |
| 2. | Горан Ќироски | „Соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор во функција на унапредување на безбедноста на Р. Македонија“ | „Cooperation between Police and the Private Security Sector Aimed at Improving the Security of the Republic Macedonia“ | проф. д-р Оливер Бакрески | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1782/16 |
| 3. | Тања Томиќ | „Менаџирање со човечките ресурси во политичките партии во Република Македонија“ | „Management of Human Resources in Political Parties in Republic of Macedonia“ | проф. д-р Јован Пејковски | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1873/16 |
| 4. | Маја Димитрова | „Жената претприемач и менаџирањето на малите и средни претпријатија во Република Македонија“ | „The Woman Entrepreneur and the Management of Small and Medium Businesses in the Republic of Macedonia“ | проф. д-р Јован Пејковски | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1862/16 |
| 5. | Марјан Гијовски | „Создавањето на грчката држава и Велика Британија“ | „The Creation of the Greek State and the Great Britain“ | проф. д-р Далибор Јовановски | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1899/16 |
| 6. | Наталија Крстова | „Новите медиуми и спроведувањето на дипломатија 2.0 - Компаративна анализа на Република Македонија и Република Словачка за време на бегалската криза 2015 година“ | „New Media Tools for Conducting Diplomacy 2.0 - Comparative Study of Republic of Macedonia and Republic of Slovakia During the 2015 Refugee Crisis“ | проф. д-р Лидија Георгиева | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1343/16 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Ирина Трајкова | „Спроведување на меѓународни рестриктивни мерки и нивното влијание врз градењето на националната безбедност на балканските држави“ | „Implementation of International Restrictive Measures and Their Impact on Building the National Security of the Balkan Countries“ | проф. д-р Митко Котовчевски | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1806/16 |
| 8. | Ален Паунов | „Воспитните стилови на родителите и агресивноста кај децата во ризик“ | „Parenting styles and aggressive behavior at children at risk“ | проф. д-р Ана Фрицханд | 31. X 2016 година<br>Бр. 10-1523/16 |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИЗРАЗУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ НА СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО АНГЛИСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК“ ОД М-Р КАТЕРИНА ВИДОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на втората редовна седница одржана на 19.10.2016 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација *Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот и македонскиот јазик*, поднесена од м-р Катерина Видова.
Рецензентската комисија беше избрана во состав:

1. д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор
2. д-р Живко Цветковски, редовен професор
3. д-р Зозе Мургоски, редовен професор
4. д-р Анета Дучевска, редовен професор
5. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор

Откако Комисијата темелно ја проучи дисертацијата, има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Предмет и цели на истражувањето**

Докторската досертација *Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот и македонскиот јазик* од м-р Катерина Видова е изготвена во обем од 329 страни, фонт 12. Целта на овој труд е истражувањето на сегашниот партицип и дел-реченици со сегашен партицип во англискиот јазик и неговите преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Англискиот и македонскиот јазик припаѓаат на различни групи јазици, имено англискиот на германската група, додека македонскиот на групата на јужнословенски јазици. И двата јазика се аналитички јазици од синтетички тип и целта на трудот е да се истражат карактеристиките на ***-ing*** глаголските форми во англискиот и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик и со тоа да се истакнат сличностите и разликите помеѓу двата јазика.

Во основата на истражувањето на докторската дисертација е функцијата на сегашниот партицип во англискиот јазик која се разгледува како интеракција помеѓу значењата на синтаксичките конструкции во кои функционира сегашниот партицип, потоа лексичкото значење на одделни лексеми кои влегуваат во нивниот состав, како и значењето на неговите македонски преводни еквиваленти.

**Важност на истражувањето – лингвистички импликации**

Истражувањето во овој труд ќе придонесе да се дефинираат македонските преводни еквиваленти на ***-ing*** глаголската форма, односно да се определи позицијата и функцијата на ***-ing*** глаголските форми во англиската реченица, т.е. функцијата на сегашниот партицип и улогата на преводните еквиваленти во македонската реченица.

Преку преглед на релевантната литература се дава приказ на ставовите на традиционалните граматичари коишто конструкциите со ***-ing*** формите ги нарекуваат нелични глаголски фрази, додека во посовремените граматики се сретнува терминот нелична или ***-ing*** дел-реченица. Мнозинството од претставниците на традиционалната граматика зборуваат за две различни ***-ing*** форми: герунд или глаголска именка и партицип или глаголска придавка, а од друга страна денес во современите граматики се среќава неутралниот термин ***-ing*** форма. Во македонскиот јазик, како преводни еквиваленти на ***-ing*** глаголските форми се неличните глаголски форми: глаголската придавка на *-н*, *-т̄*, глаголскиот прилог на *-јќи*, глаголската именка на *-ње*, но и лични глаголски форми.

Глаголската форма со суфиксот ***-ing*** најчесто се поврзува со дуративниот вид на глаголите во личноглаголската форма. Дуративниот или трајниот вид во англискиот јазик се изразува перифрастично, односно со комбинирање на ***-ing*** формата на главниот глагол со модализираната или немодализираната форма на помошниот глагол *be*. Меѓутоа, морфемата ***-ing*** има многу широка дистрибуција во англискиот јазик бидејќи овој суфикс го имаат сите глаголи во англискиот јазик, вклучувајќи ги и тие што не се јавуваат во дуративен вид, и некои форми што претставуваат неглаголски основи. ***-ing*** формата во англискиот јазик, слично на морфемата *-s* има повеќе функции. Имено, морфемата ***-ing*** на сегашниот партицип е синкретична со три други флексивни и деривациски морфеми во англискиот јазик:

- морфема за обележување герунд (*reading*)
- морфема за образување придавки, партиципски придавки (*interesting*)
- морфема за образување глаголски именки, заеднички, составни и апстрактни именки со суфиксот ***–ing.***

Предикатот на независната дел-реченица без оглед на глаголското потекло на формата ***-ing*** може да биде комплетна перифрастична глаголска група. Нејзиниот оператор како носител на деиктичките категории лице, време и модалност во овој случај се јавува како елемент што дава прецизна информација во врска со тоа кој и каде го врши дејството, односно како говорителот се однесува спрема ситуацијата чиј експонент е главниот глагол. Формата на ***-ing***, употребена самостојно, може да функционира како додаток на смислата на друг глагол – носител на предикацијата за реченичниот субјект и нејзините подредени елементи. Поради посилната или послабата врска со центарот, зависната ***-ing*** форма е предмет на различни ставови и квалификации на граматичарите. Традиционалните граматичари конструкциите со ***-ing*** формите ги нарекуваат нелични глаголски фрази, а во поновите граматики се употребува терминот нелична или ***-ing*** дел-реченица. Традиционалите граматичари

зборуваат за две различни -***ing*** форми: герунд или глаголска именка и партиции или глаголска придавка. Од друга страна, пак, во современите граматики е во употреба неутралниот термин -***ing*** форма.

Прашањата кои произлегуваат се: дали -***ing*** герундивната и -***ing*** партиципската форма се експоненти на иста морфема која се сретнува во различни контексти или се работи за две одделни различни морфеми кои случајно имаат иста форма?

Една од целите на овој труд е врз основа на увидот во релевантната литература и нејзиното критичко разгледување да се дојде до одговорот колку е оправдана дистинкцијата помеѓу -***ing*** (експонент на глаголската именка) и -***ing*** (експонент на глаголската придавка), да се објаснат нејзините основи и да се направи обид за една општа карактеризација на морфемата -***ing***.

**Методологија на истражувањето**

Резултатите од истражувањето на -***ing*** глаголските форми и начинот на кој се преведуваат во македонскиот јазик се собрани и анализирани според релевантен научен лингвистички материјал, вклучувајќи ги гледиштата на традиционалните граматичари, ставовите на претставниците на структурализмот и согледувањата на современите лингвисти. Корпусот со дел-реченици со сегашен партицип во англискиот јазик и неговите преводни еквиваленти во македонскиот јазик ги ексцерпиравме од англиски и американски автори.
За утврдувањето на сличностите и разликите на -***ing*** глаголските форми и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик е применет формално-структурниот метод, а преку контрастивна анализа се покажа во кој обем се слични или се разликуваат обата јазика кога искажуваат дел-реченици со сегашниот партицип, односно со неличните глаголски форми (глаголски прилог, глаголска придавка, глаголска именка) и дел-реченици со лични глаголски форми. Со методот на контрастивна анализа во насоката англиски-македонски се испитаа функциите на сегашниот партицип во англискиот и улогата на неговите преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Функцијата на -***ing*** глаголската форма како партиципска форма во англискиот јазик, употребена на ниво на реченица, ни послужи како *tertium comaprationis* со формата и функцијата на нејзините преводни еквиваленти во македонскиот јазик.

**Корпус на истражувањето**

Корпусот за споредбеното истражување во овој труд е собран од шест дела од англиска и американска литература преведени на македонски јазик, кадешто појдовен јазик е англискиот.

Корпусот го сочинуваат 1527 страници континуиран текст на англиски и 1597 страници текст на македонски јазик. Според функцијата на сегашниот партицип, истиот е поделен во седум групи. Во група 1 од корпусот се анализирани англиски примери со сегашниот партицип во функција на припишување особини и изнесување субјективен став. Анализирани се примери со сегашниот партицип

во улога на глаголска придавка која има предикативна функција и нејзините преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Оваа група ја сочинуваат 48 ексцерпирани англиски примери. Група 2 од корпусот е составена од примери со сегашниот партицип во улога на глаголска придавка во преноминална атрибутивна функција и нивните македонски преводни еквиваленти. Според бројот на примерите, групата 2 е втора по големина и содржи 74 ексцерпирани англиски примери. Група 3 од корпусот ја сочинуваат примери со сегашниот партицип во постпозитивна атрибутивна функција и нивните преводни еквиваленти. Оваа група се состои од 41 ексцерпиран англиски пример. Група 4 од корпусот ја сочинуваат примери со сегашен партицип во функција на додаток на објектот на глаголот, а содржи 51 ексцерпиран англиски пример. Група 5 од корпусот се состои од примери со сегашен партицип во функција на адјункт на предикацијата и нивни преводни еквиваленти. Таа се состои од 32 англиски примери. Група 6 од корпусот е составена од примери со сегашен партицип во функција на слободен адјункт и таа според бројот на ексцерпираните примери е најголема и има 94 ексцерпирани англиски примери. Група 7 од корпусот содржи примери со сегашен партицип во улога на предикат на апсолутна делреченица со македонски преводни еквиваленти. Таа е најмала група и содржи 11 ексцерпирани англиски примери.

**Структура на трудот**

Целиот труд концепциски е поделен на пет глави со тоа што структурно односно фактички има дванаесет дела со тоа што во склопот на четвртата глава (*Споредба меѓу функциите на сегашниот партицип во англискиот и македонскиот јазик – резултати од обработка на корпус*) влегуваат седум дела на систематски анализиран корпус на примери реченици. Седумте дела, односно седумте групи анализиран материјал на ексцерпирани реченици се ситематизирани според функцијата на сегашниот партицип во англискиот јазик на ниво на реченица.

Во **првата глава (ВОВЕД)**, се дава кус приказ за мотивацијата и лингвистичките имликации на истражувањето за функциите на сегашниот партицип во англискиот јазик и неговите македонски преводни еквиваленти. Оттука и произлегува и загадочноста на ***-ing*** формата и прашањата поврзани со функциите на сегашниот партицип во англискиот јазик, кои и се актуелен предмет на истражувањето во овој труд. Прашањата што ги поставува кандидатката м-р Видова првенствено се однесуваат на англискиот јазик, како појдовен јазик во анализираните примери од ексцерпираниот материјал, но и неговите македонски преводни еквиваленти.

Во **втората глава (СЕГАШНИОТ ПАРТИЦИП ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК)** од теоретскиот преглед е даден приказ на синтаксичките и семантичките особини на ***-ing*** формата во англискиот јазик. Во оваа глава е даден преглед на користената литературата и ставовите и гледиштата на лингвистите од традиционалниот период до современите јазични согледувања во однос на синтаксичките и семантичките особини на глаголската форма ***-ing*** во англискиот јазик и нејзините функции на ниво на реченица.

Преку увид во литературата направена е разлика помеѓу термините сегашен партицип и глаголска именка во англискиот јазик. Понатаму се разгледува тврдењето дали ***-ing*** конструкцијата претставува дел-реченица или фраза. Во насловите од првиот дел од теоретскиот аспект се разгледуваат прашањата за неличните глаголски форми и категоријата лице во англискиот јазик; ***-ing*** конструкцијата како додаток на глаголот; ***-ing*** формата како додаток на глаголите за вид; за субјектот на ***-ing*** конструкциите и нивниот статус; стилските варијанти на субјектот на ***-ing*** додатоците; за субјектот на ***-ing*** додатоците во различни структури; за синтаксичко-семантичките особини на глаголот-центар и статусот на ***-ing*** додатокот.

Во **третата глава (СЕГАШНИОТ ПАРТИЦИП ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК)** од теоретскиот преглед е разгледан поимот сегашен партицип во македонскиот јазик. Се поаѓа од поимот партицип и потеклото на партиципот во македонскиот јазик. Потоа следува развојот на активниот партицип чиј остаток денес е глаголскиот прилог кој претставува еквивалент на сегашниот партицип во англискиот јазик. Се дава приказ на глаголскиот прилог како граматичка категорија, а понатаму следува дел во кој се објаснува морфологијата на глаголскиот прилог. Потоа е даден преглед на придавската употреба на активниот партицип на презентот во македонскиот јазик и применувањето на партиципот во атрибутивна употреба. Следува развојот и употребата на девербативните придавки во македонскиот јазик, објаснување за глаголската и одглаголската придавка и елаборирање за глаголската и одглаголската именка во македонскиот јазик. Во продолжение е дадена синтаксичка употреба на глаголскиот прилог, зад која следува употребата на глаголската именка на ниво на реченица.

Во **четвртата глава (СПОРЕДБА МЕЃУ ФУНКЦИИТЕ НА СЕГАШНИОТ ПАРТИЦИП ВО АНГЛИСКИОТ И ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК – РЕЗУЛТАТИ ОД ОБРАБОТКАТА НА КОРПУСОТ)** започнува истражувачкиот дел на трудот. Оваа глава е поделена на седум дела, во кои се анализирани седумте групи на ексцерпирани примери од корпусот. Група 1 од анализата на ексцерпираните примери ја разгледуваме во првиот дел озаглавен (*СЕГАШНИОТ ПАРТИЦИП ВО ФУНКЦИЈА НА ПРИПИШУВАЊЕ ОСОБИНИ, ИЗНЕСУВАЊЕ СУБЈЕКТИВЕН СТАВ И ЕМОТИВНИ СОСТОЈБИ*) кој е во склоп на четвртата глава каде што се разгледани примери со сегашен партицип со предикативна функција. Употребата на глаголската придавка како дел од предикатот придонесува именката и обележјето што ѝ се припишува со партиципската придавка да се определени со предикатот на главната дел-реченица, односно неговиот карактер и неговата важност. Група 1 се состои од 48 анализирани англиски ексцерпирани примери. Англиските партиципски придавки со предикативна функција се преведени со придавки во предикатска позиција кои во македонскиот јазик образуваат именски прирок од квалитативен тип и се делат обично на три групи: а) придавки што укажуваат на физички параметри, б) придавки што укажуваат на психички параметри и в) придавки на валоризација. Од анализираните примери најбројни се придавките што укажуваат на психички параметри и придавките на валоризација. Во македонските преводни еквиваленти, исто така, се сретнуваат примери каде што

сегашниот партиципво предикативна употреба е преведен со именски прирок во чиј состав има прилог; предикација со глагол во сегашно време; предикација со глагол во имперфект; предикација со глагол во аорист; предикација со можен начин (потенцијал).

Во вториот дел озаглавен *ПРЕНОМИНАЛНА АТРИБУТИВНА УПОТРЕБА НА СЕГАШНИОТ ПАРТИЦИП ВО УЛОГА НА ГЛАГОЛСКА ПРИДАВКА ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК*, кој е во склоп на четвртата глава, разгледани се примери со сегашен партиципво преноминална атрибутивна употреба. Група 2 од ексцерпираните примери со преноминалната партиципска придавка се поврзува со постојаните, карактеристични, вградени особини на именката што ја модификува и придонесува за нејзината описна содржина. Група 2 е втора по големина од седумте анализирани групи со различни функции на сегашниот партиципи во неа има 74 анализирани англиски примери. Спроведената анализа на ексцерпираните примери покажува дека сегашниот партиципсо функција на преноминален атрибут во македонскиот јазик се преведува со: девербативни придавки со суфиксот *-ачки*, *-ечки*, кои служат како замена за активниот партиципво другите јазици; девербативни придавки со суфиксот -*лив*; девербативни придавки со суфиксот *-ителен*, *-ателен*; девербативни придавки со суфиксот *-ен*; девербативни придавки со суфиксот *-ав*; глаголски придавки во преноминална атрибутивна функција. Во преводните еквиваленти, се сретнуваат ИГ од две именки, ИГ од именка и ИГ од глаголска именка; ИГ составена од именка и предлошка синтагма и ИГ составени од именка и релативна дел-реченица.

Во третиот дел (*СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО ФУНЦИЈА НА ПОСТНОМИНАЛЕН АТРИБУТИВЕН МОДИФИКАТОР*) кој е во склоп на четвртата глава се разгледани примери со сегашен партиципво функција на постноминален атрибутивен модификатор. Во група 3 постноминалниот модификатор се поврзува со експлицитна квалификација, односно директно припишување на некоја особина или обележје на определен ентитет. Својството кое експлицитно му се припишува на ентитетот со партиципот на десната валенција е надворешно помалку очекувано обележје, својство (моментално или трајно) кое има повеќе важност за определениот ентитет, отколку за претставникот на класата, кој според тоа би бил носител на определени (типични) особини. Група 3 содржи 41 анализирани англиски примери. Кај поголем дел од англиските примери македонските преводни еквиваленти претставуваат квалификативни релативни дел-реченици. Во анализираните примери овие квалификативни релативни дел-реченици во македонскиот јазик имаат функција на субјект; на објект; на додаток на објектот; како именски дел од глаголско-именскиот прирок; на предлошки објект; на прилошка определба за место. Во македонскиот јазик англискиот сегашен партиципсо функција на постноминален атрибутивен модификатор се преведува како глаголска придавка која во зависност од позицијата што ја има во составот на ИГ може да има функција на субјект, на објект, на додаток на субјектот. Кај некои од македонските преводни еквиваленти глаголската придавка има функција на апозитивен атрибут, на прилошка определба за место и на прилошка определба за начин.

Во четвртиот дел (*СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО ФУНКЦИЈА НА ДОДАТОК НА ОБЈЕКТОТ НА ГЛАГОЛОТ*) кој е во склоп на четвртата глава, се анализирани примери со сегашен партицип со функција на додаток на објектот на глаголот. Сегашниот партицип како додаток на објектот на глаголот е изразито адвербијален (прилошки), тој ја определува именката со која се наоѓа во интенционален однос, но како дел од предикатот претставува и своевиден коментар на околностите под коишто се одвива процесот на перцепција. Групата 4 содржи 51 анализирани англиски примери. Во македонските преводни еквиваленти ***-ing*** дел-речениците со функција на додаток на објектот се преведени со: како зависни дел-реченици, релативни дел-реченици, да-реченици, дел-реченици со глаголска придавка, дел-реченици со глаголски прилог, дел-реченици со глаголска форма во имперфект, дел-реченици со глаголска форма во аорист и дел-реченици со глаголска форма во презент.

Во петтиот дел (*СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО ФУНКЦИЈА НА АДЈУНКТ НА ПРЕДИКАЦИЈАТА*) кој е во склоп на четвртата глава анализирани се примери со сегашен партицип како на адјункт на предикацијата. Група 5 содржи 32 анализирани англиски примери. Анализирајќи ги ексцерпираните примери со партицип во функција на адјункт на предикацијата, кај поголем дел од македонските преводни еквиваленти се среќава глаголскиот прилог во функција на прилошка определба за начин. Исто така ***-ing*** дел-речениците во македонскиот јазик се преведуваат со глаголска придавка која во зависност од содржината на реченицата има функција на прилошка определба за место или прилошка определба за начин. Во преостанатиот дел од македонските преводни еквиваленти од оваа група ***-ing*** дел-речениците со функција на адјункт се преведуваат со дел-реченици со глаголска форма во сегашно време; дел-реченици со глаголска форма во минато определено несвршено време (имперфект); дел-реченици со минато определено свршено време (аорист); да-конструкции; предлошки фрази со функција на прилошка определба за начин; временски зависносложени прилошкоопределбени реченици и релативни дел-реченица со функција на адјункт на предикацијата.

Во шестиот дел (*СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО ФУНКЦИЈА НА СЛОБОДЕН АДЈУНКТ*) кој е во склоп на четвртата глава разгледани се англиски примери со сегашен партицип во функција на слободен адјункт. Глаголската придавка во функција на слободен адјункт претставува квалификација на именката, односно именката којашто е определена од некаков склоп на околности. Партиципот е дел од истиот склоп на околности. Во група 6 група анализирани се 94 англиски примери и според обемот претставува најголема група од седумте групи примери што беа издвоени при анализата на корпусот. При анализата на англиските ексцерпирани примери со сегашен партицип во функција на слободен адјункт, во македонскиот јазик во најголем дел од примерите како преводен еквивалент се јавува глаголскиот прилог. Глаголскиот прилог е нелична глаголска форма која изразува глаголско дејство кое се врши паралелно со некое друго дејство во реченицата. Во македонските преводни еквиваленти забележуваме дека глаголскиот прилог во зависност од неговата позиција во однос на предикатот и глаголското дејство во главната дел-реченица може да преставува кондензатор и речениците да се парафразираат во зависни временски дел-реченици, зависни

причински дел-реченици, зависни целни дел-реченици, зависни условни дел-реченици. Дел-речениците со глаголски прилог со додавање на сврзниците *и*, *и притоа* можат да се парафразираат и во независни составни дел-реченици. Оттука следува дека глаголскиот прилог во македонскиот јазик во определени случаи се јавува во функција на прилошка определба за начин, време, причина и цел. -***Ing*** дел-речениците во функција на слободен адјункт се преведуваат на македонски со глаголска придавка или со глаголска придавка и прилог. Глаголската придавка употребена во овие македонски преводни еквиваленти има функција на апозитив и таа остварува двојна врска, од една страна таа поблиску ја определува именката во реченицата, а од друга страна предикатот. -***Ing*** дел-речениците во функција на слободен адјункт на македонски јазик се преведуваат со дел-реченици со глагол во аорист, дел-реченици со глагол во имперфект, дел-реченици со глагол во презент. Нерестриктивните -***ing*** дел-реченици во функција на слободен адјункт во англискиот јазик се преведуваат на македонски со нерестриктивни релативни дел-реченици. -***Ing*** дел-речениците во функција на слободен адјункт од англискиот се преведуваат на македонски јазик и со временски зависносложени прилошкоопределбени реченици.

Седмиот дел (*СЕГАШЕН ПАРТИЦИП ВО ФУНКЦИЈА НА ПРЕДИКАТ НА АПСОЛУТНА ДЕЛ-РЕЧЕНИЦА*), кој е во склоп на четвртата глава, го сочинуваат ексцерпирани англиски примери со сегашен партицип со функција на предикат на апсолутна дел-реченица. Сегашниот партицип којшто е нелична глаголска форма, неопределна по време и начин, кога функционира како предикат на дел-реченица со сопствен субјект, може да ја квалификува именката или целата ситуација. Има случаи кога субјектот во дел-реченицата со партиципот во функција на предикат, не се поклопува со субјектот на личната глаголска форма која е предикат на главната дел-реченица и независната апсолутна партиципска дел-реченица на довршената мисла и додава друга, логички паралелна мисла. Независноста на апсолутната дел реченица се состои во тоа што таа не ја објаснува, не ја определува другата, ниту пак ја дополнува нејзината смисла, но од друга страна со неа создава една смисловна целина. Во група 7 има 11 ексцерпирани англиски примери и ова е најмалата група од седумте групи на анализираниот корпус. Преводните еквиваленти на апсолутните партиципни реченици во македонскиот јазик претставуваат: составни дел-реченици, спротивни дел-реченици, релативни дел-реченици и дел-реченици со функција прилошка определба или апозитивна употреба. При преведувањето на македонски јазик преведувачот има слобода двете предикации да ги одвои во две посебни смисловни и граматички целини.

**Петтата глава** од трудот (**ОПШТ ЗАКЛУЧОК**) ги содржи сумираните резултати од согледувањата на сите седум групи од анализираниот ексцерпиран материјал во четвртата глава. Таа всушност претставува општ заклучок на истражувањето и синтаксичката анализа на ексцерпираните примери од англиска и американска литература коишто содржат реченични конструкции со сегашен партицип и нивните македонски преводни еквиваленти.

**Понатамошни истражувања**

Во ова истражување се опфатени функциите на сегашниот партицип во англискиот јазик и неговите преводни еквиваленти во македонскиот јазик. Анализата на корупусот на англиски ексцерпирани примери и нивните македонски преводни еквиваленти може да даде придонес во транслатологијата, околу начините на превод на англискиот сегашен партицип во македонскиот јазик.

Во иднина може да им послужи на наставниците по англиски јазик при детектирање на грешките при употребата на сегашниот партицип и глаголската именка во англискиот јазик од страна на учениците и давање подобри насоки на учениците во наставата околу согледувањето на разликата помеѓу овие две нелични глаголски форми.

**Предлог**

Предметот на дисертацијата несомнено влегува во кругот на прашања кои во лингвистичката мисла сѐ уште поттикнуваат преиспитување и дополнителни дискусии. Пристапот на кандидатката кон оваа тема соодветствува на основните тенденции на современите пристапи. Врз избраниот методолошки пристап кандидатката ја определува рамката на своето излагање и формулира заклучоци и предлози релевантни за научната мисла.

Дисертацијата *Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот и македонскиот јазик* е плод на студиозна работа. Проблемот што се обработува е актуелен. Корпусот е грижливо избран, репрезентативен и опсежен. Методологијата и техниката на работа се современи и прилагодени кон проблемите на материјалот. При класификацијата на појавите користени се и сознанијата на многумина истакнати лингвисти – цитирани во наведената литература.

Секако, резултатите на анализата спроведена во овој труд може да се сметаат за придонес кон контрастивната анализа на англискиот и македонскиот јазик.

Кандидатката м-р Видова успеала на систематизиран и среден начин да ја прикаже внатрешната организација на материјалот чија релација е форма-значење.

Му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати докторската дисертација на м-р Катерина Видова и да закаже одбрана.

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.
3. Д-р Зозе Мургоски, редовен професор, с.р.
4. Д-р Анета Дучевска, редовен професор, с.р.
5. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПРЕВОДИТЕ НА „*КУРАНОТ*“ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК (ЛИНГВИСТИЧКА АНАЛИЗА)" ОД М-Р ЗИБЕР ЛАТА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на седницата одржана на 19.10.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Зибер Лата со наслов „Преводите на „*Куранот*“ на албански јазик (лингвистичка анализа)“, во состав: проф. д-р Аслан Хамити (претседател), проф. д-р Авзи Мустафа (ментор), проф. д-р Исмет Османи (член), доц. д-р Аднан Исмаили (член) и д-р Зеќирија Ибрахими, виш научен соработник (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертацја на кандидатот м-р Зибер Лата со наслов „Преводите на „Куранот“ на албански јазик (лингвистичка анализа)“ содржи 251 страница компјутерски обработен текст во фонт Time New Roman (со македонска поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12, со 211 фусноти, 115 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, документи, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави со вовед, заклучни согледувања и препораки. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот дава преглед за преводите на Куранот на албански јазик, особено прави јазични анализи околу тие преводи. Меѓу другото истакнува дека преводот на Куранот е еден процес кој нема да завршува никогаш, заради причините кои кандидатот ги третира во овој труд.

Во ова истражување, м-р Зибер Лата постави некои хипотези со цел да одговори на некои прашања што кои ги третира во трудот. Прашањата што се разгледани содржат концепции на истражуваните прашања, како од теоретски,

така и од практичен аспект. Преку овие анализи е опфатен еден општ преглед за преводите на Куранот на албански јазик.

Причините за изборот на оваа тема кандидатот ги поврзува со проблеми со кои се соочуваат Албанците во читањето, разбирањето и толкувањето на куранскиот говор, кои почнуваат како јазични проблеми, а понатаму се претвораат во идеолошки проблеми. Со сета желба да придонесе кон подобрување во оваа област во иднина, одлучи да истражува за да најде некое решение, дури и елиминација на граматичките грешки, што би водело кон воспоставување на некој модел, барем за некои ајети, за да се следи патот кој води кон еден поквалитетен превод на Куранот на албански јазик.

Во **првото поглавје**, насловена „Традуктолошки проблеми", кандидатот дава општа слика за преводот: дефиниција, историја на преведувањето од самиот почеток, особено меѓу Арапите и Албанците, бидејќи предмет на изучување е Куранот, кој е првиот и најважниот извор на арапскиот јазик. Потоа се дадени информации за албанската традуктологија, почнувајќи од првите до последните преводи. Ова поглавје е особено важно, затоа што првите најзначајни преводи во целиот свет, дури и кај Албанците и Арапите, се преводите кои имаат верски карактер. Затоа кандидатот пред да зборува за историјата на Куранот и пред да ги анализира преведените верзии, ни даде еден историски преглед на превод во целина.

Во **второто поглавје**, насловено „Контрастивна анализа помеѓу албанскиот и арапскиот јазик", м-р Зибер Лата направил контрастивна анализа меѓу двата гореспомнати јазици. Тука ги потенцира општите јазични разлики помеѓу овие два јазика, кои се сосема различни едниот од другиот, бидејќи се разликуваат според генеалогија и во типологија. Тука се третирани речиси сите фонетско-фонолошки, морфолошки и синтаксички разлики.

Имајќи предвид дека преводот на Куранот на албански јазик, како и во другите јазици во светот, постојано се преведува во одредени верзии, кандидатот во третото поглавје на овој труд му обрнува посебно внимание на историскиот аспект на преводот на Куранот: идејата за превод на Куранот, првите преводи воопшто, првите преводи на албански јазик, делумните и целосните преводи итн.

Во **третото поглавје**, насловено „Историја на преведувањето на Куранот", кандидатот истакнува дека во оваа област голем придонес дадоа неколку познати албански лингвисти, како Фети Мехдиу, Емин Бехрами, Неџат Ибраими итн., и согледува дека повторно е потребно да се даде кратка слика за преводите на Куранот на албански јазик, затоа што тој мисли дека од времето кога горенаведените истражувачи ги работеа нивните дела до денес, на Албанците им беа понудени многу верзии на преводот на Куранот. На тој начин, кандидатот ова поглавје го смета како една парафраза на она што е донесено во минатото или поточно кажано како дополнување. Исто така, потенцира дека денес има единаесет целосни и десетици делумни преводи на Куранот на албански јазик.

Во **четвртиот дел**, насловен „Општи својства на Куранот на арапски јазик и на преведените верзии на албански јазик", ги третира општите јазични карактеристики на Куранот на арапски и на албански јазик, книжевниот жанр на текстот на Куранот, влијанието на арапските дијалекти во преводите, организирањето на текстот на Куранот

итн. Исто така, обработени се и видот, начинот на преведувањето и јазикот на преведувачите.

Во **петтото поглавје**, насловено „Морфолошка анализа на преводите на Куранот на албански јазик", кандидатот направил неколку морфолошки анализи на оригиналниот текст, укажувајќи и на погрешно преведените делови на текстот, изнаоѓајќи подобри преведувачки решенија. Исто така, обработени се сложените зборови, менувањето на именките по падежи и неправилната употреба на личните и на присвојните заменки.

Во **шестото поглавје**, насловено „Терминолошки и ономастички погледи во преводите на Куранот на албански јазик" кандидатот обработил лексички и терминолошки проблеми: преводот на имињата на сурите (куранските поглавја), ориенталните заемки во преводот на Куранот итн. Потоа ја третирал ономастиката на Куранот и начинот на транскрипцијата на сопствените имиња во преводите на албански јазик.

Во **седмото поглавје**, насловено „Лексиколошки и семантички анализи", кандидатот ги третирал синонимите, антонимите и многу други лексиколошки проблеми на текстот на Куранот на албански јазик. Потоа продолжува со семантички проблеми, како: значенската вредност на фонемите, морфемите, синтагмите итн. Исто така, тој го третира и проблемот на куранската полисемија, каде што поопширно укажажува дека буквите, зборовите и речениците во Куранот се многу еластични и полисемантични.

Во **осмото** и последното поглавје, насловено „Проблеми од Куранска стилистика", кандидатот ги обработил поопширно проблемите од лингвистичката стилистика во Куранот. Во почетокот ги третира стилистичките форми во преведените верзии на Куранот на албански јазик, и тоа посебно за секој преведувач. Исто така, со една јасна и стручна методологија ги анализира куранските стилеми во изворниот текст, односно во арапскиот јазик, и ги споредил со преводите на албански јазик. Истакнува дека и обработените стилистички области се од разни нивоа на јазикот: фоностилистички, графостилистички, морфостилистички и синтаксостилистички.

Од аспект на приодот на преведените верзии на Куранот на албански јазик и анализата, кандидатот констатира дека:

- Поимот *превод* се дефинира во зависност од теоријата што ја има предвид лингвистот, затоа денес наоѓаме разни дефиниции на овој поим. Потпирајќи се на овој принцип, денес имаме разни преводи на Куранот.
- За преведувањето на Куранот на албански јазик до денес не е развиена една стандардна форма или начин на преводот на Куранот. Ова покажува дека преку преведувањето на Куранот на албански не е проследена една определена теорија, туку теориите се различни.
- Генеалогијата и типологијата на албанскиот и на арапскиот јазик се сосема различни. Најкомплицираниот дел е лексикологијата, синтаксата и стилистиката.
- Флексибилноста на куранскиот говор, полисемијата на лексемите, комплексноста на синтаксичките комбинации, бескрајното поле на куранските стилеми и отстапките во текот на преведувањето се причина денес да се повеќе од десет верзии на преводот на Куранот на албански јазик.

- Преведувањето на Куранот на други јазици е процес кој не завршува никогаш и секогаш ќе се развива во зависност од стандардите на времето кога се преведува.
- Делумните преводи на Куранот на албански јазик се одвивале паралелно со старите документи.
- Преведувањето на Куранот на албански јазик се заснова само во кираетот (вид читање) Хафс, а фокусирањето само во еден вид читање го стеснува семантичното поле на куранскиот говор.
- Гледајќи го од аспект на јазикот, верзијата на Емин Имери е најслабиот превод на албански јазик и често се гледа дека бил под влијание на турската верзија.
- Мухамед Закирија Кхан и Аљбан Фејза, под влијание на сектата Ахмедии, во многу случаи го грешиле есенцијалното значење на лексемите и општата семантика на самите ајети.
- Преводот на Хасан Нахи е обработен толку многу во последните изданија, така што слободно може да го означуваме како посебен авторски превод.
- Транскрипцијата на ориенталната ономастика на албански јазик нема една стандардизирана норма, па затоа во преводите на Куранот овој дел ќе го сретнеме транскрибиран на различни форми.
- Проблемот на преведувањето на лексемите кои не се присутни во албанскиот јазик ги принудил преведувачите да употребуваат контекстуални синоними. Како последица на ова, тие изгубиле еден дел од изворната семантика.
- Фоностилистичките и графостилистичките вредности вредности на оригиналната арапска верзија на Куранот не се адекватно пренесени врз преведените верзии на албански јазик, а морфостилистичките и синтаксостилистичките вредности се делумно пренесени.

Горенаведените тешкотии и проблеми му дадоа на кандидатот поттик да предлага неколку препораки, кои според нас се патоказ за понатамошната перспектива на преводот на Куранот во албански јазик. Меѓу другото се разликуваат:

- Да не се инсистира во завршувањето на процесот на преведувањето на Куранот, бидејќи тоа е процес кој еволуира со самата еволуција на јазикот и на новите концепти.
- За да се има еден совршен превод треба да се најде преведувач ерудит, добар познавач на арапскиот јазик, на верските дисциплини и на самиот јазик на кој се преведува. Освен ова, во неговата екипа треба да учествуваат експерти од сите потреби области, кои ќе ги консултира за секој ајет посебно и, на крајот, сам да одлучи која е најдобрата верзија на предложените верзии.
- Иако тимот ќе успее да направи добра работа, никогаш не треба да заборавиме две работи: прво, Куранот само на арапски јазик е без грешки и апсолутен, а сите други верзии се само негова сенка; и, второ, треба да бидат свесни дека по неколку години неговата верзија ќе се промени.

- Одговорните институции за оваа област да инвестираат во формирањето на потребниот и способниот кадар.
- Одговорните институции да инвестираат во стандардизирањето на исламската терминологија на национално ниво и да се предложи една стандардна форма за транскрибирањето на ориенталната ономастика.
- Да се потрудат да се формира посебна теорија (метода) за преводот на Куранот на албански јазик и да се формира стандард на преводот на Куранот на албански јазик.
- Идните истражувачи и преведувачи задолжително треба да го научат и стилот на куранскиот текст.

Кандидатот се надева дека дидактичките третирања и предложените препораки , како прво, ќе им помогнат на идните преведувачи на Куранот во кој било јазик, особено на албански јазик, а потоа и на читателите да ги читаат непреведените идеи на Куранот, кои се разбираат само од едно поопширно третирање на куранскиот говор.

**Предмет на истражување**

Во својата докторска дисертација кандидатот м-р Зибер Лата за предмет на истражување го има јазикот на преведувачите на Куранот на албански јазик.

Објектот или главната цел на овој труд е текстот на Куранот на албански јазик, гледајќи од аспект на јазикот.

Кандидатот немал намера да открива кој е најдобар превод на Куранот на албански јазик, можните грешки или предностите на еден над друг, но се трудил да ја понуди јазичната реалност во овие преводи, лингвистичката анализа на текстовите, а исто така понудил и споредба со оригиналниот текст на арапски јазик, односно колку тие (преведувачите) успеале да го пренесат семантичкото поле на Куранот на албански јазик.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во полето на куранската традуктологија, особено во полето на преведувањето на Куранот на албански јазик, се евидентни многу недостатоци и кај преведените верзии и во нивните методи. Овој труд е прв посериозен труд и обид за истражување на оваа проблематика.

**Краток опис на применетите методи**

За да се реализира едно истражување од таква природа, потребни се неколку научни методи. Во оваа дисертација, како основна метода е избрана индукциско-дедукциската метода, а други користени методи се:

- *Метода на теоретска анализа* - со оваа метода се истражувани сите делумни преводи на Куранот и нивниот јазик. Со методата на теоретската анализа, врз основа на која се формулирани прашањата, кандидатот анализирал, констатирал, споредувал и дошол до заклучоци за да го

определи основниот проблем и дилемите кои постојат во врска со преведените верзии на Куранот на албански јазик.

- *Компаративна (споредбена) метода* - употребата на оваа метода е со посебно значење. Со нејзина помош е направена споредбата на оригиналот со преведените верзии, а и споредба помеѓу самите преводи на албански јазик.
- *Описна (дескриптивна) метода* - преку оваа метода кандидатот ги опишува резултатите добиени од анализите што ги добил од јазикот на секој преведувач.
- *Статистичка метода* - за да истражува, да анализира и да студира, на кандидатот му беше неопходна оваа метода. Оваа метода ја користи за јазичните единици кои ги анализирал во овој труд, особено во полето на терминологијата и ономастиката.

**ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,ПРЕВОДИТЕ НА *КУРАНОТ* НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК (ЛИНГВИСТИЧКА АНАЛИЗА)"**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Зибер Лата со наслов ,,Преводите на „Куранот" на албански јазик (лингвистичка анализа)", претставува истражување во традуктологијата на албанскиот јазик и во контрастивната анализа помеѓу албанскиот и арапскиот јазик. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава посебен и сериозен осврт на оваа проблематика, која за прв пат се проучува темелно и исцрпно, а особено важни се препораките кои ги дава кандидатот за изучување на преводите на Куранот од јазична смисла.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Зибер Лата, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Главни научни придонеси на кандидатот се: сеопфатна анализа на преводите на Куранот на албански јазик и препораки за подобрување на нивото на преведувањето од арапски на албански јазик, а особено во преводот на Куранот. Исто така, кандидатот многу јасно го објаснува фактот дека заедно со јазичните вештини на преведувачот, потребни се и метајазични елементи.

Подрачје на примена и ограничувања се: дисертацијата е особено важна за преводот од арапски на албански јазик, особено за начинот, методологијата и на иднината на преводот на Куранот на албански јазик.

Можните понатамошни истражувања се: подетален преглед и истражување на темата, поголема опфатност, проучување и на причините што придонесле за појавата на овие недостатоци во преводите на Куранот, а истовремено да се мисли и за нови поадекватни методи за подобар превод на Куранот на албански јазик итн.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Зибер Лата со наслов ,,Преводите на „Куранот" на албански јазик (лингвистичка анализа)."

КОМИСИЈА

4. Проф. д-р Аслан Хамити, претседател с.р.
5. Проф. д-р Авзи Мустафа, ментор с.р.
6. Доц. д-р Исмет Османи, член с.р.
7. Доц. д-р Аднан Исмаили, член с.р
5. Д-р Зеќирија Ибрахими, виш научен соработник член с.р.

***ПРЕГЛЕД***

***НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ***

| | ***Име на кандидатот*** | ***Наслов на темата*** | ***Ментор*** | ***Одлука од Научен совет*** |
|---|---|---|---|---|

| *Рег. бр.* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Ана Гакидова | „Влијание на големината на банката врз кредитирање на население“ „The effect of the size of the bank to the Crediting population in Macedonia“ | д-р Биљана Ангелова | бр. 02-1155/2 од 28.10.2016 год |
| *2.* | Татјана Вељковиќ | „Управувањето со залихите во функција на подобрување на ликвидноста на претпријатијата“ „Inventory management in order to improve the liquidity of companies“ | д-р Диана Бошковска | бр. 02-1370/2 од 28.10.2016 год |
| 3. | Македонка Чивчиристова | „Модели на плаќање во меѓународната трговска размена и нивна примена во комерцијалните банки во Република македонија-Студија на случај “ “Models of payment in international trade and their application in commercial banks in Republic of Macedonia -Case study” | д-р Биљана Ангелова | бр. 02-1298/2 од 28.10.2016 год |
| 4. | Сузана Станкоска | „Светската економска криза од 2008 година и последиците од неа врз глобалната економија “ „World economic crisis from 2008 and their | д-р Снежана Костадиноска -Милошеска | бр. 02-1411/2 од 28.10.2016 год |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | impact on the global economy“ | | |
| 5. | Марија Граматикова | „Управување со кредитниот ризик во банките во Република Македонија “<br><br>„Credit risk management in banks in the Republic of Macedonia“ | д-р Неда Петроска-Ангеловска | бр. 02-1404/2 од 28.10.2016 год |
| 6. | Милан Божиќ | „Влијанието на економската глобализација и економските реформи во развиените економии на Европската Унија “<br><br>„The influence of economic globalization and the economic reforms in the developed countries of European Union“ | д-р Биљана Ангелова | бр. 02-1402/2 од 28.10.2016 год |
| 7. | Бранко Гогоски | „Дистрибуцијата на производи како логистичка активност во компаниите-Студија на случај “<br><br>„Product distribution as logistic activity in the company- case study“ | д-р Марија Ацковска | бр. 02-1418/2 од 28.10.2016 год |
| 8. | Ивана Каширска | „Улогата на финансиските субјекти во системот за спречување на перење пари во Република Македонија “ | д-р Биљана Ангелова | бр. 02-1417/2 од 28.10.2016 год |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | "The role of financial entities in the money laundering prevention system in Republic of Macedonia" | | |
| 9. | Ирена Иванова | „Поттикнување раст на претприемнички мал бизнис со примена на електронско работење (е-бизнис) “<br><br>„Encouraging growth of entrepreneurs' small business by using e-business“ | д-р Зоран Јаневски | бр. 02-1415/2 од 28.10.2016 год |
| 10. | Ирена Трајковска Ставрески | „Улогата и значењето на железничкиот транспорт како дел од мултимодалниот транспорт “<br><br>„Railway transport as a important part of multimodal transport“ | д-р Марија Ацковска | бр. 02-1416/2 од 28.10.2016 год |
| 11. | Ана Шикоска | „ Развојот на е-трговија во Република Македонија и нејзина примена наспроти развиените земји и земјите во развој“<br><br>„E-business development in Republic of Macedonia and its practices besides developed and developing countries“ | д-р Биљана Ангелова | бр. 02-1420/2 од 28.10.2016 год |

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ДРУГО (ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ) НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА, ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,

објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 28.9.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област управување на човечки ресурси и друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент), и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, бр. 02-1180/6, донесена на 25.10.2016 година. формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирјана Борота Поповска, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Цветко Смилевски, професор на Бизнис академија Смилевски-БАС, и проф. д-р Кирил Постолов, професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област управување на човечки ресурси и друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент), во предвидениот рок се пријави еден кандидат - доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Марија Топузовска Латковиќ е родена на 11.7.1981 година во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршила во гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин“ во Скопје, на природно-математичка насока. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, на Отсекот за општа и компаративна книжевност, научна насока. Дипломирала во 2005 година, со просечен успех над 8,00.

Постдипломските студии по менаџмент на човечки ресурси на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00, со јавна одбрана на магистерскиот труд на тема: „Фактори на влијание врз изборот на одредена форма на доживотното учење“. Докторската дисертација на тема: „Разлики во квалитетот на работниот живот на менаџерите од јавниот и приватниот сектор во Република Македонија“ ја одбранила во 2011 година во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на организациски науки (менаџмент).

Д-р Марија Топузовска Латковиќ од октомври 2007 година работи во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, прво како помлад асистент-истражувач, а во јуни 2011 година е избрана во звањето доцент во областа управување на човечки ресурси и друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент) на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Кандидатката активно се служи со македонскиот, англискиот и српскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, кандидатката д-р Марија Топузовска Латковиќ изведува настава на втор циклус студии по предметите: менаџмент на човечки ресурси (задолжителен предмет), истражувачки методи за менаџмент на човечки ресурси (задолжителен предмет), методологија на општествени истражувања (дел од задолжителен предмет) и организациско однесување (изборен предмет) на студиските програми по менаџмент на човечки ресурси (едногодишни и двегодишни студии). Кандидатката го води и факултативниот курс по академско пишување на втор циклус студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Кандидатката е предметен наставник по предметот квалитет на работен живот на докторските студии по организациски науки и управување (менаџмент), во рамките на Докторската школа на УКИМ.

Кандидатката била ментор на два специјалистички труда, учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на еден специјалистички труд, учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 32 магистерски труда и на 6 докторски дисертации.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Марија Топузовска Латковиќ во последните пет години има објавено вкупно 15 научни трудови од полето на организациските науки, од кои 10 труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 4 труда во зборници на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд објавен во зборник на трудови од научен собир.

Д-р Марија Топузовска Латковиќ била национален координатор за Република Македонија на еден меѓународен научен проект на ниво на Југоисточна Европа, раководител на еден меѓународен научен проект во рамките на програмата за партиципација на УНЕСКО и раководител на два национални научни проекта, а учествувала и како член во 6 национални и еден меѓународен научен проект и остварила секциски и пленарни предавања на меѓународни и национални научни, како и стручни собири.

Кандидатката била менторка на 38 магистерски трудови.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Марија Топузовска Латковиќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, но и пошироко.

Д-р Марија Топузовска Латковиќ во април 2015 година е назначена за раководител на Секторот за наставно-образовна дејност на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, со мандат од 4 години. Кораководител е на Лабораторијата за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси во ИСППИ.

Кандидатката д-р Марија Топузовска Латковиќ била коавтор на монографија, коавтор на книга од стручна област и автор на поглавја во четири книги.

Кандидатката била дел и од промотивните активности на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, била претседател/член на комисии (за усогласување на актите за организација и систематизација на работни места, самоевалуација) во Институтот, била член на организациони одбори за меѓународна научна конференција/научен собир, била член на национална жири-комисија и член на работна група за изработка на Национална стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри 2013 – 2020.

Во изборниот период, д-р Марија Топузовска Латковиќ учествувала во изготвување и пријавување на два меѓународни и еден национален научен проект.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Марија Топузовска Латковиќ, во академската 2014/2105 година, добила висока позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Топузовска Латковиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Топузовска Латковиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област управување на човечки ресурси и друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, д-р Марија Топузовска Латковиќ да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област управување на човечки ресурси и друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф. д-р Кирил Постолов с.р.

Проф. д-р Цветко Смилевски с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ

**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – УКИМ - Скопје

**Научна област:**

- управување на човечки ресурси
- друго (истражувачка методологија за бизнис и менаџмент)

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Реден бр.** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Настава: Академско пишување, ПДС МЧР - ИСППИ, 10 часа во 2011/2012 година | 0,30 |
| 2 | Настава: Академско пишување, ПДС МЧР - ИСППИ, 5 часа во 2012/2013 академска година | 0,15 |
| 3 | Настава: Академско пишување,ПДС МЧР - ИСППИ, 5 часа во 2013/2014 академска година | 0,15 |
| 4 | Настава: Академско пишување,ПДС МЧР - ИСППИ, 5 часа во 2014/2015 академска година | 0,15 |
| 5 | Настава: Академско пишување,ПДС МЧР - ИСППИ, 5 часа во 2015/2016 академска година | 0,15 |
| 6 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 30 часа во 2011/2012 академска година | 1,5 |
| 7 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2011/2012 академска година | 1 |
| 8 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 22 часа во 2012/2013 академска година | 1,1 |
| 9 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2012/2013 академска година | 1 |
| 10 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 22 часа во 2013/2014 академска година | 1,1 |
| 11 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2013/2014 академска година | 1 |
| 12 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 25 часа во 2014/2015 академска година | 1,25 |
| 13 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2014/2015 академска година | 1 |
| 14 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 25 часа во 2015/2016 академска година | 1,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Настава: Менаџмент на човечки ресурси, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2015/2016 академска година | 1 |
| 16 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 30 часа во 2011/2012 академска година | 1,5 |
| 17 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 20 часа во 2011/2012 академска година | 1 |
| 18 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 20 часа во 2012/2013 академска година | 1 |
| 19 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 12 часа во 2012/2013 академска година | 0,6 |
| 20 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 20 часа во 2013/2014 академска година | 1,25 |
| 21 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 25 часа во 2013/2014 академска година | 1,25 |
| 22 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 25 часа во 2014/2015 академска година | 1,25 |
| 23 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 25 часа во 2014/2015 академска година | 1,25 |
| 24 | Настава: Организациско однесување, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 25 часа во 2015/2016 академска година | 1,25 |
| 25 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 5 часа во 2011/2012 академска година | 0,25 |
| 26 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 4 часа во 2011/2012 академска година | 0,20 |
| 27 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 5 часа во 2012/2013 академска година | 0,25 |
| 28 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 4 часа во 2012/2013 академска година | 0,20 |
| 29 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 5 часа во 2013/2014 академска година | 0,25 |
| 30 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 4 часа во 2013/2014 академска година | 0,20 |
| 31 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 5 часа во 2014/2015 академска година | 0,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 4 часа во 2014/2015 академска година | 0,20 |
| 33 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 5 часа во 2015/2016 академска година | 0,25 |
| 34 | Настава: Методологија, ПДС МЧР (4+1) ИСППИ, 4 часа во 2015/2016 академска година | 0,20 |
| 35 | Настава: Истражувачки методи во МЧР, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 12 часа во 2014/2015 академска година | 0,6 |
| 36 | Настава: Истражувачки методи во МЧР, ПДС МЧР (3+2) ИСППИ, 12 часа во 2015/2016 академска година | 0,6 |
| 37 | Ментор на специјалистичка работа (2) | 2 |
| 38 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (6) | 3 |
| 39 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (32) | 9,9 |
| 40 | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа (1) | 0,2 |
| | **Вкупно** | **41** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа (38) | 38 |
| 2 | Национален координатор на меѓународен научен проект „Студија за млади 2013“ Фридрих Еберт, ИСППИ | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Раководител на национален научен проект „Студија за млади“ (2016)<br>УКИМ, ИСППИ | 6 |
| 4 | Раководител на национален научен проект „Анализа на<br>невработеноста на младите“ (2016) Фридрих Еберт, Раст и развој<br>Скопје | 6 |
| 5 | Раководител на меѓународен научен проект „Развој на рамка за клучни компетенции за ЧР професионалци како основа за креирање на дуален систем на образовна програма за менаџмент на човечки ресурси во Република Македонија“ одобрен во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за 2014-2015 година, Министерство за образование и наука на Република Македонија и Министерство за клутура на Република Македонија.“ | 9 |
| 6 | Учесник во национален научен проект „Младински трендови во РМ“ (2014) Агенција за млади и спорт на РМ, ИСППИ | 3 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект<br>„Мулти-културна, интернационална студија за<br>генерациска разновидност“ (2016) ESC Rennes School of Business | 5 |
| 8 | Учесник во национален научен проект „Мулти-етничка студија за младинско претприемништво„ (2016) ИПА, МИР фондација, ИСППИ | 3 |
| 9 | Учесник во национален научен проект „Социјално претприемништво – нови трендови или решение за младинската невработеност (2015)<br>ФЕС и Младински сојуз | 3 |
| 10 | Учесник во национален научен проект „Практиканството како линк помеѓу бизнисот и образованието“ (2015/2016) ИСППИ | 3 |
| 11 | Учесник во национален научен проект „Јавно мислење: Кариерна зрелост на македонската популација“ (2014) ИСППИ | 3 |
| 12 | Учесник во национален научен проект „Јавно мислење: Работни вредности на македонската работно-активна популација“ (2012), ИСППИ | 3 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br>V. Popovski, M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj (2015) Firm`s innovativeness performance as a matter of strategic determination: | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Mission statement innovation value. Economic Development Journal of the Institute of Economics – Skopje, year. 17, No. 3 (2015), 29-46. | |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>M. Topuzovska Latkovikj, M. Borota Popovska, V. Popovski, Quality of work life of Macedonian managers: differences between public and private sector. *International Journal of Human Resource Management Research and Development,* Volume 3, Number 1, January - March (2013), pp. 24-33. | 2,4 |
| 15 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>V. Popovski, M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj. Perfect lifelong learning model for best adaptation to the 21. Century changes in the world of work. *Economic Development Journal of the Institute of Economics – Skopje*, year. 15, No. 1 (2013), 58-70. | 2,4 |
| 16 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V. Popovski, Attitudes towards continuous learning and new communication technologies, *Entrepreneurial Learning Scientific Journal,* Vol.3, No. 1, (2013), 92-102 | 2,4 |
| 17 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj (2016) Competency-based education curriculum for HR professionals. *ANNUAL of ISPJR, year XL, vol.1*. pp. 57-67 | 2,7 |
| 18 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>M. Borota Popovska, V., Popovski, M. Topuzovska Latkovikj (2012) Labour values of the Macedonian population. *ANNUAL of ISPJR, year XXXVI, vol.2*. pp. 53-70 | 2,4 |
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V. Popovski, J. Jakimovski, Work values of the Macedonian workforce, *Journal of Advanced Management Science,* Vol. 3, No. 2, June (2015), 158-161 | 1,8 |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор: | |

| | | |
|---|---|---|
| | Latkovikj, Marija Topuzovska, Mirjana Borota Popovska, Vasil Popovski. Work Values and Preferences of the New Workforce: HRM Implications for Macedonian Millennial Generation." *Journal of Advanced Management Science Vol* 4, no. 4 (2016), 312-319. | 2,4 |
| 21 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор: M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V. Popovski, J. Teofilovska. Strategic focus on entrepreneurship in vocational education. *International Journal of Small Business and Entrepreneurship Research*, Vol.2, No. 4, (2014) pp.21-27. | 1,8 |
| 22 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор: M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V., Zabijakin Catleska. “Career maturity of the Macedonian workforce”. *KNOWLEDGE International Journal,* Vol. 12.2 (2016) pp.15-22 | 2,4 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: V. Popovski, M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj. Macedonian youth population and prospects for labor market success. Contemporary trends and prospects of economic recovery (2014) Nice: CEMAFI International | 2,4 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V. Popovski. Workplace security and willingness to start own business. Entrepreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD, June 2012, Sofia, pp.656-661 | 2,4 |
| 24 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj, V. Popovski. Corporate social responsibillity – new reality of corporate identity of European companies. *Identity in the era of globalization and Europeanization,* November 2011, Skopje, pp.79-97 | 2,4 |
| 25 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>M. Borota Popovska, M. Topuzovska Latkovikj. *HR competency framework development as a basis for creation of dual system on HRM educational program.* Proceedings from the International scientific conference: CHALLENGES OF CONTEMPORARY SOCIETY. November 2015 Skopje, R. Macedonia, pp. 115-124 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 26 | Секциско предавање на научен собир/конференција со меѓународно учество „Youth in East Europe (YEE) Challenges and Perspectives in Times of Transition", SOE, FES, Berlin, 2015 | 2 |
| 27 | Секциско предавање на научен собир/конференција „Справување со причините за миграција на младите од Македонија", ФЕС, Скопје, 2015 | 1 |
| 28 | Пленарно предавање на стручен собир/конференција „Shape your knowledge. The newest eLearning trends and technologies" ERP Concept, Skopje, 2012" | 2 |
| 29 | Секциско предавање на научен собир/советување „Како до поголема вработливост на студентите и дипломците?" МАНУ, Скопје, 2014 | 1 |
| 30 | Труд објавен во зборник на трудови од научен собир/советување. М.Б. Поповска, М. Топузовска Латковиќ. *Очекувања во врска со работата на младите во Република Македонија*. „Како до поголема вработливост на студентите и дипломците?" МАНУ, Скопје, 2014 | 1,6 |
| | **Вкупно** | **128,6** |

**СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Коавтор на монографија: „50 години ИСППИ" | 4,8 |
| 2 | Коавтор на книга од стручна област: „Рамка на компетенции за професионалци за човечки ресурси" | 7 |
| 3 | Автор на поглавје во книга: „Студија за млади 2013" | 3 |
| 4 | Автор на поглавје во книга: „Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија" | 3 |
| 5 | Автор на поглавје во книга: „Мултиетничка студија за младинско претприемништво" | 3 |
| 6 | Автор на поглавје во книга: „Младински трендови во Република Македонија" | 3 |
| 7 | Учество во промотивни активности - член на одбор за одбележување на 50-годишен јубилеј на ИСППИ | 0,5 |
| 8 | Член на национална жири-комисија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Кораководител на Лабораторија за развој на методологија за менаџмент на човечки ресурси во ИСППИ | 1 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **Ред. Број** | **Назив на активности** | **Поени** |
| 1 | Член на Организационен одбор за меѓународна научна конференција „Предизвиците на современото општество“ ИСППИ Ноември, 2015 | 1 |
| 2 | Член на организационен одбор за меѓународен научен собир<br><br>„Развој на рамка за клучни компетенции за ЧР професионалци како основа за креирање на дуален систем на образовна програма за менаџмент на човечки ресурси во Република Македонија“, одобрен во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за 2014-2015 година, Министерство за образование и наука на Република Македонија и Министерство за култура на Република Македонија. | 1 |
| 2 | Раководител на Сектор за наставно-образовна дејност на ИСППИ (2015-2019) | 3 |
| 3 | Член на Работна група за изработка на Национална стратегија за за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри 2013 – 2020 (2012/2013) Министерство за образование и наука | 2 |
| 4 | Член на Комисија за самоевалуација на ИСППИ (2012-2016) | 0,5 |
| 5 | Член на Комисија за усогласување на актите за организација и систематизација на работни места на ИСППИ (2015) | 0,5 |
| 6 | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект „Развој на рамка за клучни компетенции за ЧР професионалци како основа за креирање на дуален систем на образовна програма за менаџмент на човечки ресурси во Република Македонија“, одобрен во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за 2014-2015 година, Министерство за образование и наука на Република Македонија и Министерство за клутура на Република Македонија. | 2 |
| 7 | Изготвување и пријавување на научен национален проект „Студија за млади“ (2013) ФЕС, ИСППИ | 1 |
| 8 | Изготвување и пријавување на научен национален проект „Студија за млади“ (2016) УКИМ, ИСППИ | 1 |
| 9 | Член на комисија за избор во звање | 0,2 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **38,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО–ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **41** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **128,6** |
| **СТРУЧНО–АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **38,5** |
| **Вкупно** | **208,1** |

Членови на Комисијата

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф. д-р Цветко Смилевски с.р

Проф. д-р Кирил Постолов с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА“

## ОД М-Р ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 10.10.2015 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Лилјана

Поповска со наслов „МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА“, во состав: проф. д-р Петар Атанасов (претседател), проф. д-р Ганка Цветанова (ментор), проф. д-р Лидија Христова (член), вон.проф. д-р Анета Цекиќ (член) и доц. д-р Бојана Наумовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лилјана Поповска, со наслов МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА содржи 271 страни (без прилози или 332 страници со прилози) компјутерски обработен текст во фонт Ariel, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1 фуснота, 155 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 5 (пет) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот,** кандидатата укажува дека трудот има за цел да го истражи значењето и влијанието на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија, како механизам за јакнење на социјалната кохезија и граѓанскиот концепт на држава.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена ПРОБЛЕМСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО. Во неа се образложени предметот, проблемот и целите на истражувањето, како и методолошкиот пристап на истражувањето, при тоа дефинирајќи ги главното истражувачко прашање и посебните истражувачки прашања.

Како главно истражувачко прашање е наведено следново:

- Кохезијата и граѓанскиот концепт на општеството јакнат со мултикултурни поврзувања во граѓанскиот сектор, односно со меѓусебно поврзување на граѓаните според блискоста на гледиштата и интересите, преку заеднички активности.

Како посебно истражувачко прашање е наведено следново:

- За успешноста на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор неопходна е подготвеност за надминување на политичките, етничките и верските граници, во функција на изнаоѓање заеднички именител кој ќе обединува околу заедничка кауза.

**Втората глава** на трудот насловена ТЕОРИСКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ги дефинира и ги анализира клучните поими со кои се операционализира во рамките на овој труд, и тоа: мултикултурализам, граѓанска

демократија, споделување на власта, граѓанско општество и концепт на интеркултурен дијалог. Во овој дел од трудот, кандидатката се осврнува на современите теории за концептот на мултикутурализам, граѓанска демократија, споделување на власта, граѓанско општество и концептот на интеркултурен дијалог, како и на најзначајните и највлијателните автори во наведените области.

Во **третата глава,** насловена РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО е направен осврт на развојниот пат на македонското мултикултурно општество, градењето на мултикултурниот образец, како и граѓанското општество во Република Македонија.

Во **четвртата глава** од докторската дисертација насловена МАКЕДОНСКО ЖЕНСКО ЛОБИ – СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ, кандидатката се осврнува на историјатот, основањето, структурата и начинот на делување на оваа мрежа на женски организации и поединки. Во рамките на овој труд, кандидатката се определува токму за Македонското женско лоби, сметајќи дека оваа мрежа на женски организации претставува релевантен модел за начинот на делувањето во граѓанскиот сектор. Како поткрепа на нејзините наводи, кандидатката укажува на фактот дека Македонското женско лоби освен што претставува мултикултурна граѓанска мрежа, тоа е и мултисекторска мрежа, со учество на жени од различни сектори во општеството: политика, невладини организации, владини институции, локална самоуправа, академска заедница, медиуми, синдикати и индивидуалки.

Во **петтата глава,** насловена ИСТРАЖУВАЊЕ, претставени се резултатите од истражувањето, како и дискусијата во однос на нив. За потребите на истражувањето кандидатката има реализирано интервјуа со учесници од граѓанското општество и негови проследувачи. Во таа смисла, анализирани се одговорите од 11 реализирани интервјуа, и тоа преку два вида електронски прашалника, со 8 претставници од граѓанскиот сектор и 3 проследувачи на состојбите во овој сектор. Изборот на испитаници е направен според компетентноста и релевантноста на личностите, организациите и граѓанските иницијативи во кои учествувале, како и според видливоста на нивните граѓански активности и резултатите од нив. Има соодветна родова застапеност - 6 мажи и 5 жени, како и етничка хетерогеност. Испитаниците имаат работено со различни целни групи и на различни теми, и тоа: 3 работеле со правата на жените, 2 со правата на маргинализираните групи, 2 со еколошки теми, 1 со правата на лицата со хендикеп, 1 со демократија, граѓанство, мир и помирување и 2 со различни теми и целни групи, во насока на социјална кохезија.

Одговорите од прашалниците се претставени поодделно за секој испитаник и/или организација. Добиените податоци се во насока на презентирање на состојбите во однос на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија, за нивната структура, делување, влијанија врз јавните политики, приемот од страна на власта/политичките актери, како и за ограничувањата што ги имале за поголемо влијание. Добиен е и став/мислење од испитаните учесници и проследувачи на граѓанскиот сектор во поглед на тоа колку можат мултикултурните поврзувања во граѓанскиот

сектор да влијаат врз зголемувањето на граѓанската кохезија, со препораки како да се добијат подобри резултати во иднина.

Во **заклучните согледувања** кандидатката констатира дека мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија придонесуваат за јакнење на кохезијата и граѓанскиот концепт на општеството, како и тоа дека се постигнати значајни резултати од полза за целото општество во одредени сектори каде што такви мултикултурни групации делувале.

**Предмет на истражување** во рамките на овој научен труд претставуваат мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор (граѓански организации, граѓански коалиции, мрежи, движења), нивното влијание врз јавните политики и нивната способност да ја зголемат граѓанската кохезија во Република Македонија. Поконкретно, во рамките на овој труд се истражуваат механизмите за јакнење на социјалната кохезија и граѓанскиот концепт на државата, преку делувањето на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија. Овие процеси се анализирани преку делувањето на Македонското женско лоби како мултикултурна женска мрежа и како типичен пример за мултикултурно поврзување со надминување на разликите и обединување околу заеднички цели.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор имаат силно влијание врз јакнењето на внатрешната кохезија и граѓанскиот концепт на државата. Во таа смисла, во Република Македонија постои солидно искуство кога станува збор за мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор. Според регистарот на граѓански организации при Централниот регистар на Република Македонија, се регистрирани над 10 000 граѓански организации, а покрај нив функционираат и голем број нивни коалиции (трајни или ад хок), како и специфични форми на граѓанско поврзување со пошироко влијание. На пример, Македонското женско лоби (МЖЛ) и Интерпартиската парламентарна лоби група за правата на лицата со посебни потреби (ИППЛГ) низ своето повеќегодишно дејствување прераснаа во две најсилни движења во земјата, оценети така и од меѓународната мрежа на граѓанското општество ЦИВИКУС во 2006 година. Обединувачко дејство имаа и имаат разни други здружувања, иницијативи и акции од разни области и теми (за животната средина, за правата на разни маргинализирани групи, за собирање на ситното оружје, за подобрување на здравјето на жените и децата и сл.). За сите нив е карактеристично фокусирање на тема или прашање од заеднички интерес, со надминување на разликите во однос на етничката, политичката и верската припадност.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во рамките на овој труд применети се следниве истражувачки методи: анализа на содржина (документациски и историски извори), анализа на резултати од емпириски истражувања (анкети) спроведени од страна на домашни и странски организации и институции (ИСППИ, МЦМС, УНДП,

ЦИВИКУС, ФИООМ и др), како и спроведени интервјуа со долгогодишни активни учесници и познавачи на состојбите во граѓанското општество во Република Македонија.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во заклучните согледувања кандидатката ја констатира неопходноста од постоењето на подготвеност за надминување на политичките, етничките и верските граници, како еден од клучните предуслови за успешноста на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор. Во таа смисла, кандидатката доаѓа до заклучок дека кај граѓанскиот сектор сепак постои недвосмислена подготвеност за соработка и поврзување што се илустрира со голем број формални и неформални мултикултурни мрежи, коалиции и иницијативи. Но, за да можат тие да постигнат позначаен успех и влијание според капацитетите што ги имаат, кандидатката смета дека недостасува целосна подготвеност за надминување на границите од други актери во општеството, пред се од политичките структури, кои, пак, понатаму, влијаат инхибирачки врз институциите и пошироката јавност.

Во таа смисла е и констатацијата за ограниченото влијание на мултикултурните поврзувања врз севкупната интегрираност на општеството, поради отсуство на силна и трајна институционална поддршка за граѓанскиот сектор. Во меѓувреме, мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор остануваат како голем, неискористен докрај потенцијал за интеграција и стабилизација на македонското општество.

Кандидатката истовремено ја констатира и ја препорачува потребата од државна стратегија за развој на мултикултурно општество, во кое ќе биде негуван интеркултурниот дијалог, како и потребата од модел за траен и хармоничен соживот на различните општествени групи, кој ќе содржи и решенија за разрешување на нови конфликти, намалување на поделеноста во општеството и зголемување на граѓанската кохезија. Во рамките на таа стратегија, кандидатката препорачува акцентот да биде ставен на силна и трајна институционална поддршка за граѓанскиот сектор воопшто, како и поттик за формирање мултикултурни мрежи и коалиции.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лилјана Поповска, со наслов МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА, претставува истражување од областа на мултикутурните поврзувања во граѓанскиот сектор. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да даде увид во актуелните состојби во сферата на мултикутурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија, како механизам за јакнење на социјалната кохезија и граѓанскиот концепт на држава, и тоа преку анализа на начинот на делувањето на Македонското женско лоби кое, како мултикултурна женска мрежа, претставува типичен пример за мултикултурно поврзување со надминување на разликите и обединување околу

заеднички цели. За добивање на попрецизен увид во сферата на мултикутурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија, кандидатката има реализирано интервјуа со учесници од граѓанското општество и негови проследувачи. Поконкретно, спроведени се 11 интервјуа, преку два вида електронски прашалника, и тоа со 8 претставници од граѓанскиот сектор и со 3 проследувачи на состојбите во овој сектор.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лилјана Поповска, со наслов МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главниот научен придонес на кандидатката се огледа во интегрирањето на севкупните теоретски и практични истражувања во областа на мултикултурните поврзувања во граѓанскиот сектор во Република Македонија. Истражувањето може да претставува солидна основа за креирање на стратегија за развој на македонското мултикултурно општество, во кое акцентот ќе биде ставен на интеркултурниот дијалог. Истовремено, истражувањето може да послужи како основа за создавање на модел за траен и хармоничен соживот на различните општествени групи, кој ќе содржи и решенија за разрешување на нови конфликти, намалување на поделеноста во општеството и зголемување на граѓанската кохезија, при тоа фокусирајќи се на институционалната поддршка за граѓанскиот сектор воопшто, како и поттик за формирање мултикултурни мрежи и коалиции.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Лилјана Поповска со наслов МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПОВРЗУВАЊА ВО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА**.**

Комисија

**Проф. д-р Петар Атанасов, претседател с.р.**

**Проф. д-р Ганка Цветанова, ментор с.р.**

**Проф. д-р Лидија Христова, член с.р.**

**Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ, член с.р.**

**Доц. д-р Бојана Наумовска, член с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПЕРМАНЕНТНА ОБУКА НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА ВРЕМЕ НА ЦИКЛУСОТ НА РАСПОРЕДУВАЊЕ И РЕИНТЕГРАЦИЈА ПО ВРАЌАЊЕТО ОД МИРОВНИ МИСИИ“ ОД М-Р ЈУЛИЈАНА СТОЈАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО - ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 6.9.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Стојанова со наслов Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии, во состав: проф. д-р Јорде Јаќимовски (претседател), проф.

д-р Радмил Поленаковиќ (ментор), проф. д-р Мирјана Борота Поповска (член), проф. д-р Петар Атанасов (член) и доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Стојанова, со наслов “Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии“, е изложена на 404 страници, со 11 прилози, компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 64 илустрации и графикони и 71 табеларен приказ, со 310 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални и меѓународни прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во теоретски и емпириски дел, во VI (шест) глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани и распоредени во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Сите делови во трудот се теоретски и концептуално поткрепени, преку хронолошка и тематска презентација на предметот на интерес. Поврзувајќи ги заедно овие респективни и актуелни теми со водечките автори, за секоја тема, се презентирани најновите истражувања во областа со фокус на клучните постигнувања. Овие согледувања и најновите научни сознанија од областа, како и резултатите од спроведеното истражување, кандидатката ги проектира во моделот за обука кој обезбедува перманентна психолошка подготовка и поддршка во целиот циклус на распоредување.

**Во првата глава**, во воведот на трудот, кандидатката укажува на една клучна функција на менаџментот со човечките ресурси во одбраната – обука на персоналот за високо ризични задачи, грижа за менталното здравје и поддршка во справувањето со проблемите на индивидуално, семејно, колективно и општествено ниво. Кандидатката се осврнува на претходните истражувања за последиците, по менталното здравје на војниците низ историјата на војувањето и критички го вреднува нивното значење се до денешните воени и мировни операци. На тој начин, во воведот, јасно се изведени целите на истражувањето, се дава објаснување и прецизирање на проблемот што се третира во докторската теза ,кој е актуелен и особено значаен за воената популација.

Учеството во мировните операции, по самата природа, носи сложени, политичко-воени-хуманитарни одговорности и со тоа ја редефинира улогата на модерните воени сили. За разлика од класичните конвенционални војни, денешните карактеристики на мултидимензионалност и имајќи ја предвид новата софистицирана опрема, тероризмот и другите закани по човештвото ги менуваат и барањата кои се поставуваат пред војниците. Затоа овие околности ги исправаат армиите пред нови предизвици во поглед на грижата за менталното здравје на војниците заради ефикасноста на мисијата и постигнување на целите.

Низ времето мисиите го менуваат нивниот концепт, начин на подготовка и справување со последиците соодветно на промените во геополитичкото сценарио. Интересот на истражувањето во докторската теза се фокусира на соодветно следење на промените не само на заканите туку и на стресната изложеност и на стресните реакции на војниците. Во теоретскот дел на докторската дисертација систематски се елаборирани податоци од релевантни емпириски истражувања од проучувањата на факторите на ризик кои предизвикуваат стрес и оние кои создаваат поголема отпорност, резилиентост, кај војниците која би имала клучна улога при селекцијата и подготовките за упатување во мисија.

Република Македонија, од 2002 година, континуирано учествува со свои претставници во мисиите во странство во рамки на меѓународните организации на ОН,

НАТО, ЕУ и ОБСЕ. Единиците на АРМ учествувале во меѓународни операции на три континенти, Европа, Азија и Африка. Досега не постојат објавени истражувања и податоци за влијанието на стресните и ризични околности од мисиите врз менталното здравје на војниците од АРМ. Оттаму произлегува и главната истражувачка цел на оваа докторска дисертација за добивање сознанија за учеството на главните фактори на влијание врз резилиентноста и позитивната реинтеграција кај воениот персонал за да се предложи модел за обука за резилиентноста, кој би се применувал пред и по враќањето од мисијата. Сосема логички издржано, кандидатката ја формулира главната хипотеза проследена со соодветно образложение преточено во потхипотезите.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена „Теоретски приказ". Во неа се анализирани релевантните области за темата која се третира во докторската дисертација: операциите за поддршка на мирот, психолошките аспекти на операциите за поддршка на мирот, моќта на резилиентноста, ефикасна обука за повисока резилиентност, адаптација и реинтеграција по распоредувањето.

Втората глава дава детален преглед на соодветна литературата и теоретските сознанија поврзани со проблемите кои произлегуваат од променетата природа на заканите и ризиците во современите операции за поддршка на мирот, во современите начини на војување и воспотавувањето на мирот. Кандидатката цитира соодветна литература од современи автори и најнови истражувања. Во овој дел, даден е хронолошки приказ на придонесот на Република Македонија во операциите за поддршка на мирот.

Заради променетата улога на операциите за поддршка на мирот, кандидатката дава интересен историски и стручен приказ на третирањето на менталното здравје на војниците и психолошки профил на мировникот. Презентирана е типологијата на стресови кои ги носи воената професија и податоците од истражувањата за стресните реакции и пореметувања (PTSD) кај учесниците во операциите за поддршка на мирот. Базирана на обемна обработка на психолошката литертурата, кандидатката, ги објаснува теоретските концепти и модели на стресот и стресните реакции и пореметувања при операциите. При тоа, за преваленцата на пострауматскиот синдром користи релевантни податоци од Светската здравствена организација, од објавените истражувања на земјите членки на НАТО и ПзМ од ОН од операциите во Ирак, Авганистан, Африка и др.

Со оглед на тоа дека главниот истражувачки фокус во истражувањето се однесува на резилиентноста, во овој дел од докторската дисертација кандидатката дава сеопфатен теоретски приказ за резилиентноста, концепти и модели, податоци од истраживања кај општата популација и од релативно малиот број студии кои досега ја испитувале резилиентноста кај воената популација.

Во понатамошниот дел, кандидатката ги објаснува психолошките пристапи за развивање на резилиентноста потпирајќи се, пред се', на комбинацијата од пристапите на когнитивно-бихејвиоралната терапија и позитивната психологија; детално ги објаснува методите и техниките за развивање на резилиентноста. Презентирани се модели од другите армии за развивање на резилиентноста кај војниците. Користејќи ги овие сознанија, подоцна е креиран и предложениот модел за обука.

Последната фаза од циклусот на распоредување и враќањето од мисија, го карактеризираат процесите на справување со трауматските искуства, соочување со стигмата, закрепнување, справување, приспособување и реинтеграција. Во овој дел, кандидатката презентира податоци од голем број истражувања од другите армии за факторите на ризик и заштита, за моделите и видовите на помош и поддршка за резилиентна наместо дисфункционална реинтеграција.

**Третата глава** насловена „Методологија" претставува емпириски дел на тезата, кадешто е презентирана методолошката рамка на истражувањето. Кандидатката користи соодветни истражувачки материјали и методи при што спроведеното истражување одговара на поставената цел. Опишаните постапки и користените инструменти се јасно објаснети и приложени, при што се овозможува повторување на истражувањето.Во истражувањето се користени две серии на инструменти (со вкупно 13 инструменти) преку кои се добиваат основни биографски податоци, податоци за мотивацијата за одење во мисија, скали за проценка на стресните доживувања, тестови за мерење на симптоми на

посттрауматски реакции и нарушувања, скала за проценка на резилиентноста, проценка на актуелните грижи и емоции, проценка на социјалната поддршка, проценка на процесот на реинтеграција.

При статистичката обработка на податоците користени се соодветни статистички мерења на варијаблите. За анализата на податоците користени се униваријантната, биваријантната и мултифакторската анализа и презентирање на резултатите од дескриптивнта статистика и статистиката на заклучување. Сите математички пресметки и графички прикази на резултатите се реализирани со примена на компјутерскиот софтверски програм SPSS Statistics 23.0. За проценка на релијабилноста на инструментите користен е Cronbach Alpha коефициентот и сите користени инструменти во истражувањето даваат прифатлива вредност на α-коефициентот.

**Во четвртата глава** се презентираат резултатите од истражувањето преку детален опис на начинот на кој се изведени мерките за испитаниците, јасно се наведуваат наодите од примената на дескриптивната статистика и наодите од тестирањето на нултата хипотеза.

**Петтата глава** е насловена „Модел за психолошки подготовки и поддршка во циклусот на распоредување". Овде, кандидатката ја објаснува концептуалната рамка на моделот, поткрепен со теоретските основи каде подетално се образложени улогата, местото и факторите кои ја промовираат резилиентноста во моделот. Потоа детално, е прикажан моделот за психолошки подготовки и поддршка кој, преку, предложените содржини на активностите, перманентно го покрива целиот циклус на распоредување. Обуката е наменета за целокупниот персонал во АРМ кој учествува во мисиите во странство, но исто така и за сите други целни групи кои придонесуваат за нивна резилиентна реинтеграција и справување со стресните искуства низ целиот циклус на распоредување. За успешна примена на предложениот модел за обука, дефинирани се начините и формите на имплементација, структурата и потребните обуки за тимот кој треба да ја реализира програмата и потребните ресурси. Во очекуваните резултати, освен зголемувањето на психолошката отпорност-резилиентност, наведени се придобивките кои би ги имал воениот персонал, учесници во мисиите, воениот колектив, раководниот тим на единиците, семејствата, блиските и заедницата.

**Во шестата** глава се наведени заклучните согледувања добиени од тестирањето на потхипотезите и факторската анализа поврзани со резилиентноста и реинтеграцијата. Потоа презентирани се изведените зклучоци од тестирањето на главната хипотеза. На крајот е даден посебен осврт на предложениот модел за обука за развивање на резилиентноста, неговите предности и ограничувања. Дискусијата е соодветна на добиените податоци од истражувањето со релевантни заклучни согледувања.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на интерес во оваа теза е психолошката отпорност или резилиентност, која се одразува на психофизичката состојба, социјалното и општественото функционирање на воениот персонал кој учествува во мисии во странство. При тоа, кандидатката истражува што се случува со резилиентноста кај персоналот низ целиот циклус на распоредување од подготовката, упатување, враќање од мисија и реинтеграција се до нивно повторно упатување во следната ротација, при тоа анализирајќи повеќе фактори на влијание типични за секоја фаза од циклусот.

Со оглед на високоризичната професија и континуираната изложеност на стресни и трауматски настани, пристапот за третирање на стресот не е реактивен, туку проактивен, превентивен и холистички. Тоа е појдовната основа за дизајнирање на моделот за перманентна обука, преку градење на капацитети за успешно приспособување и справување со стресните околности за време на мисијата и после враќањето дома во процесот на реинтеграција. Моделот за перманентна психолошка подготовка и поддршка, пред се, е фокусиран на психичкото здравје, на градење на култура кон резилиентноста која ќе влијае на целокупната индивидуална и колективна подготвеност, резилиентна

реинтеграција и подготвеност на војниците и семејставта за сепарација и повторно обединување до следната ротација.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Ова истражување е дизајнирано врз база на научните достигнувања во воената психологија во делот на стресот и траумата во последните години и менаџментот со човечки ресурси во делот за обука на персоналот. Користени се најновите истражувања на современите армии во областа на операциите за поддршка на мирот, мировните мултинационални операции ширум светот. Пошироко гледано, објавени се релативно мал број истражувања кои ја испитувале резилиентноста кај воената популација. На национално ниво, истражувањето од докторската дисертација претставува првото истражување на воената популација која учествувала во мировните операции и врз која е спроведено комплексно мерење на особини и способности со батерија на инструменти кои се користат и во другите армии во светот. Значењето на овие податоци не се однесува само на АРМ ,туку и за научните кругови кои можат да спроведуваат понатамошни, продлабочени, компаративни анализи и истражувања.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Кандидатката спроведе комплексно истражување во периодот од 2011 до 2015 година на 330 испитаници, воен персонал од АРМ кои учествувале во мировните операции во Ирак и Авганистан. Истражувањето е спроведено на две групи испитаници и тоа првата група испитаници, воени лица ($N_1$=150) се испитувани во два временски периода од циклусот на распоредување, пред одење во мисијаи после враќањето; втората група испитаници ($N_2$ =180) се испитувани после враќањето од мисијата и тоа со период од 1 до 12 години од последната мисија.

Во ова истражување се набљудуваат повеќе варијабли кои имаат различно влијание на проблемот кој се истражува. Како зависни варијабли се разгледуваат резилиентноста и реинтеграцијата, додека, пак, независни варијабли има 11, и тоа: предупатна обука; пострауматски стресни симптоми и реакции; историја на стресна изложеност; вид, број и сложеност на мисија; здравствени проблеми и повреди за времем на мисијата; доживеани стресни настани за времеме на мисијата; социјална подршка после мисијата; мотивација за одење во мисија; актуелни емоции; активелни грижи; очекувани бариери.

Со цел да се одговори на прашањата поставени во главната хипотеза и потхипотезите, спроведена е обработка и анализа на податоците од истражувачкиот материјал, при што се добиени конкретни показатели за секоја од варијаблите. Изборот на соодветните постапки за статистичките анализи е направен зависно од бројот на варијаблите кои истовремено се анализираат, според целите на анализата (дали е дескрипција на примерокот, статистичко заклучување за примерокот или воената популација и нивото на мерење) и од видот на претпоставките за распространетоста во воената популација каде што припаѓаат испитаниците. Согласно бројноста на зависни и независни варијабли, применета е униваријантна, биваријантна и мултиваријантна анализа. Во рамки на мултиваријантната анализа, истражувана е меѓусебната поврзаност на варијаблите кај групите испитаници, преку факторска анализа и мултидимензионално скенирање на податоците. Варијациите помеѓу групите се изразени во вид на интергрупна варијанса при што се добиени нивоата на значење на разликите. Варијабилноста на зависните варијабли е објаснета преку конкретни постапки за објаснување на индивидуалните разлики на зависните варијабли врз основа индивидуалните разлики на незавсните варијабли. При тоа корисетни се линеарниот регресивен модел и мултиплиот линеарен регресивен модел.

Научното истражување од методолшки аспект е реализирано на теоретско и емпириско ниво, со што се потврдува социјално-економската, а во поширок контекст и општествената оправданост на истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

За тестирањето на главната хипотеза, односно проценката на условеноста на резилиентноста, нивото на стресни реакции и позитивната реинтеграција од обуката за психолошки подготовки пред мисијата и социјалната поддршка по мисијата, кандидатката користи сложени статистички постапки (t-тест, анализа на варијансата, коефициент на корелација, хи-квадрат тест). Во ова истражувањет се манипулира со две зависни и 11 предикторски варијабли, освен главната хипотеза, поставени се 13 потхипотези. Бидејќи има повеќе независни варијабли, кандидатката ги тестира моделите на нивно меѓусебно влијание со зависната варијабла преку линеарниот регресивен модел и мултиплиот линеарен регресивен модел, при што дава предвидувања за можните однесувања на овие фактори врз целокупната воена популација-учесници во мисии.

Податоците од примената на првиот линеарно регресивен модел покажуваат дека постои лесна линерана поврзаност помеѓу р*езилиентноста* и предупатната обука за психолошки подготовки и дека со 24% варијабилност (R=-.236) кај популацијата може да го објасниме податокот дека тие луѓе се разликуват по тоа дали имале или немале обука.

Вториот модел е покомплексен и кандидатката ја проверува варијабилноста и индивидуалните разлики на зависната варијабла *резилиентност* со четири независни варијабли, преку мултиплиот линеарен регресивен модел. Добиениот коефициент покажува лесна поврзаност (R=.310), односно, дека околу 31 % од индивидуалните разлики, во поглед на резилиентноста можеме да ги објасниме, предвидиме во популацијата врз основа на линераната комбинација на четирите независни варијабли: предупатната обука, нивото на стресни реакци, социјалната поддршка после мисијата и позитивната реинтеграција. Бидејќи F статистиката (F = 8,621) има статистичко значење (Sig=0,000), се потврдува дека со Моделот 2. Можеме да ги објасниме состојбите во оваа популација. Од четирите независни варијабли, само две имаат статистички значаен парцијален регресивен коефициент и тоа се предупатна обука (p=0,01) и социјална поддршка по мисија (p=0,04). Тоа покажува дека во Моделот 2, овие две варијабли имаат специфиче придонес врз резилиентноста кога другите независни се држат константно.

Третиот мултипли линеарен регресивен модел ги проверува варијабилноста и индивидуалните разлики на зависната варијабла *позитивна реинтеграција* со три независни варијабли (нивото на резилиентност, вкупната социјална поддршка и процесот на прилагодување после мисијата). Коефициентот на мултиплата корелација означува лесна поврзаност (R=.257), односно дека со околу 26% од индивидуалните разлики во поглед на позитивнта реинтеграција можеме да ги објасниме врз основа на трите независни варијабли кога се во линеарна комбинација. И овде F статистиката (F = 7,707) има статистичко значење (Sig=0,000) и може да се потврди дека Моделот 3 има смисла за објаснување на состојбите во воената популација по однос на овие варијабли. Најзначаен парцијален придонес врз позитивната реинтеграција, во овој модел има независната варјабла социјална поддршка по мисија.

Во четвртиот модел се вклучени уште седум независни варијабли, значајни за процесот на реинтеграција по распоредувањето. На овој начин, кандидатката ги проверува индивидуалните разлики и варијабилноста на *реинтеграцијата* во врска со две групи супскали поврзани со позитивната реинтеграција и социјалната поддрпка. Првата група варијабли се однесуваат на позитивната лична реинтеграција (PP), семејната (FP) и реинтеграцијата на работа (WP), втората група независни варијабли се однесуваат на социјалната поддршка после мисијата од семејството (SSUp1), на работа (SSUp2), поддршка и разбирање од некоја личност (SSUp3) и од луѓе на работа и во заедницата (SSUp4). Коефициентот на мултиплата корелација означува многу висока поврзаност (R=.934), што значи дека околу 93% од индивидуалните разлики, варијабилности во поглед на реинтеграцијата можеме да ги објасниме и предвидиме во популацијата врз основа на независните варијабли, врз основа на нивната линеарна комбинација. Овде F-статистиката (F=312,139) е статистичко значаен (Sig=0,000), и тоа за предикторските скали: SSUp 4 има блиски луѓе, WP, SSUp 2 на работа, SSUp 3 има личност, SSUp 1од семејството, FP, PP. Тоа значи дека преку Моделот 4 може да се објаснат состојбите во популацијата кога се работи за позитивна реинтеграција.

Преку проверка на потхипотезите, кандидатката дава детални анализи и проценки за меѓусебната поврзаност на другите варијабли во различни временски услови и кај различните групи иситаници.

Тестирањето на претпоставките за вредностите на параметрите на зависната варијабла *резилиентност*, ја покажа дистрибуцијата на скоровите кај двете групи испитаници во зависност од периодите на проценка (пред мисијата или после мисијата). Сите испитаници имаат просечен скор на IV. ниво на висока резилиентност, што е повисок од просечниот скор за скалта ERS. Интергрупната проценка на средната вредност на скорот за резилиентност покажа дека не постојат големи отстапувања и тие се движат во рамки на IV ниво на висока резилиентност. Само за првата група испитаници е спроведено мерење на резилиентноста пред и по мисијата и просечните скорови не покажуват значајно отстапувања и се движат во рамки на IV ниво на висока резилиентност (од 5 нивоа на скалата). Процентуалната застапенист покажува дека најголем број од оваа група има високо и многу високо ниво на резилиентност ( II ниво - ниска резилиентност 0.6% ; III ниво-средна резилиентност 14,5%; IV ниво-висока резилиентност 49,4% и V ниво на многу висока резилиентност имаат 35% од испитаницуте).

Во однос на *предупатната обука за психолошки подготовки* и резилиентноста, податоците покжаа дека помеѓу испитаниците кои имале или немале обука пред одење во мисијата постои разлика во просечната вредност на резилиентноста но, не е статистички значајна. Тоа кандидатката го објаснува со високиот адаптивен капацитет на испитаниците, затоа што успеваат брзо да постигнат повторна рамнотежа, хомеостаза со враќњае повторно на секојдневното функционирање што обезбедува нивен позитивен раст.

Овие показатели се потврдуваат при анализата на одговорите за процесот на адаптација *по мисија*, каде што 30% од испитаниците, приспособувањето го оцениле со средна оценка, за 53,6% приспособувањето одело лесно и многу лесно, за 16,3% , процесот на приспособување по мисијата одел тешко и многу тешко.

Во прилог на претходните податоци, и факторот *социјална поддршка* ја потврдува заемната поврзаност со добиеното високо ниво на резилиентноста после мисијата (позитивен, коефициент на корелација помеѓу социјалната поддршка и резилиентноста, што значи дека со зголемувањето на социјалната поддршка се зголемува резилиентноста после мисијата. Пирсоновиот коефициент на корелација е позитивен (r=0,188) и означува дека постои лесна линеарна, позитивна поврзаност помеѓу *социјалната поддршка* и резилиентноста кај испитаниците со ниво на значење од 0,001 .

*Стресните симптоми и реакции* после мисијата и резилиентноста покажаа линеарна поврзаност со негативна распределба, односно со зголемувањето на резилиентноста се намалуваат стресните реакции. Коефициентот на корелација е негативен и со низок интензитет со ниво на значење од 0,01 .

Биваријантната анализа за влијанието на *предупатната обука* на *стресните* симптоми и реакции после мисијата покажа дека нивото на стресни реакции на скалата IES се намалува во зависност од тоа дали испитаниците имале или немале обука пред распоредувањето. Односно 80% од испитаниците после враќањето од мисијата не покажале клинички значајни симптоми за посттрауматски стресни реакции. Корелацијата на хи-квадратот, помеѓу варијаблите IES и Обука за психолошки подготовки и поддршка е статистички значајна на ниво 0,05.

Просечното нивото на *стресни реакции* кај сите испитаниците после враќањето од мисијата е супклиничко, или 40,3% од сите испитаници имаат супклиничко ниво, без стресни симптоми, потоа 39,7% имаат благо ниво на симптоми, што укажува на можно, веројатно влијание на доживеаните стресни настани за време на мисијата. Значајни за разгледување и за понатамошни анализи се испитаници кои имаат III ниво на скалта IES, или 15,8% од испитаниците и тоа укажува дека настаните имале можно влијание врз испитаниците и можеби немаат целосен PTSD, но имаат некои од симптомите за PTSD; и 4,2% од испитаниците со скорови на IV-то ниво, тоа се оние, кои имаат големо влијание од доживеаните стресни настани и тие влијаат врз нивните способности за

функционирање. Тоа се показатели за можна дијагноза на PTSD и бара стручен третман за овие испитаници.

Во врска со доминантните реакци на стрес кај испитаниците, се забележува дека доминираат реакции на избегнување. Кај сите испитаници просечната вредност за реакцијата избегнување (Avoidance) M=9,70 и е поголема од добиената средна вредност на наметнување (Intrusion) M=4,42.

Корелацијата на хи-квадратот, помеѓу варијаблите ниво на стресни реакции (IES) и обука за психолошки подготовки е статистички значајна на ниво 0,05.

Следејќи ги искуствата од другите истражувања за влијанието на факторот поранешни трауматски искуства врз резилиентноста, кај оваа група испитаници, Пирсоновиот коефициент на корелација покажа статистички значајна поврзаност помеѓу варијаблите *историја на стресна изложеност* (THS) и резилиентноста (R) со ниво на значење од 0,01.

Просечниот скор на скалата IES кај првата група испитаници, пред мисијата е понизок од просечниот скор по мисијата. И двата скора се на II ниво, кое укажува на можно влијание на стресните настани. Корелацијата не е статистички значајна. Кај втората група испитаници е добиен понизок просечен скор за стресните реакции по мисијата во однос на првата група испитаници, и тоа на супклиничко ниво. Во овој случај, разликата се третира како резултат на влијанието на факторот време поминато од последната мисија (за втората група тоа е од 1 до 12 години).

Во однос на асоцијацијата помеѓу двете категоријални варијабли, нивото на резилиентност и број на доживеани стресни настани за време на мисијата, Т-тестот ја потврдува нормалната распределба на двете варијабли. Нивото на значење покажува дека варијаблата има нормална распределба во воената популација. Во однос на поврзаноста на бројноста на доживеани стресни настани за време на мисијата и резилиентноста, Пирсоновиот коефициент на корелација не е статистички значаен.

Во ова истражување не е потврдено дека стресните реакции или симптоми за PTSD, кај испитаниците по враќањето од мисијата се поголеми заради влијанието на изложеноста на стресните настани за време на мисијата. Корелацијата помеѓу резилиентноста и симптомите за стресни реакции по распоредувањето е негативна и со низок интензитет (r=-0,158) статистички значајно на ниво 0,001. Тоа значи дека испитаниците кои имаат повисока резилиентност имаат пониски скорови на скалата IES, пониско ниво на стресни симптоми и реакции по мисијата.

Кандидатката врши проценка и на меѓусебната поврзаност на резилиентноста и *негативната реинтеграција* по распоредувањето. Кореалцијата е ниска и негативна (r=-0,191) но е статистички значајна на ниво 0,01. Во овој случај, како расте резилиентноста се намалува негативната реинтеграција. Спротивно, пирсоновиот коефициент е низок и позитивен (r==,136) и статистички значаен на ниво 0,05.

Кога кандидатката ја разгледува распределбата на застапеност на нивоата на стресни реакции на скалта IES и *статусот/чин* за време на мисијата, податоците покажуваат дека поризична категорија се професионалните војници, потоа офицерите и со пониски скорови се подофицерите. Додека, пак, во однос на *брачен статус*, нивото на стресни реакции по мисијата покажува дека испитаниците кои се во брак имаат повисоко ниво на стресни симптоми и реакции.

Во потхипотезата 10, кандидатката го разгледува влијанието на *социјалната поддршка* врз процесот на приспособување после мисија. Вредноста на хи-квадратот за овој пар на варијабли (26,646) покажува дека има висока статистичка значајност на ниво 0,001. Податоците потврдуваат дека процесот на приспособување по мисија зависи од социјалната поддршка во семејството, на работа во заедницата.

Кај испитаниците од ова истражување се покажува дека со зголемување на *возраста* се намалуваат стресните реакции по мисија. Коефициентот на контингенција (Pearson C=0,222) и Крамеровиот (Cramer B= 0,359) се позитивни и статистички значајни (Apr.Sig.=0,000). Кај возрасната група од 23-27 години, 57,1% имаат многу високо, IV. ниво на стресни симптоми. Кај нив има показатели за можна дијагноза на PTSD и за истите е неопходен стручен третман. Возрасната група од 28-32 години, заслужува посебно

внимание затоа што 34,6% од нив имаат скорови на III ниво кое укажува дека стресните настани имале големо влијание и постои веројатност да имаат PTSD, односно, тие имаат делумен PTSD имаат некои од значајните симптоми. За овие варијабли, вредноста на хи-кваратот е 48,679 и има висока статистичка значајност (Apr.Sig.=0,000).

Проценката на видот на *актуелните грижи*, во однос кон себе, семејството, работата и друго, покажува дека има разлика помеѓу нив и дека загриженоста е поголема по распоредувањето, кај двете групи испитаници. Во однос на интензитетот на грижите пред и по распоредувањето, најголемиот процент се однесува на загриженоста за работата, за семејството и потоа за себе.

Проценката на степенот на влијание на *доминантните мотиви* на одлуката за одење во мисија, покажува дека по ранг на застапеност се разликуваат алтруистичките од егоистичните мотиви.

Квалитативната анализа на одговорите на испитаниците за очекуваните бариери за добивање психолошка помош и ставот кон експертите за ментално здравје покажуваат дека 73,6% од испитаниците им веруваат на стручњаците за ментално здравје (психолози и психијатри); дека 79,7% знаат каде да побараат помош, 85,5% сметаат дека грижата за менталното здравје помага, има ефекти во справувањето со проблемите. Но, она што кандидатката го потенцира како значајно од одговорите кое води кон стигматизација се податоците дека 51,5% сметаат дека е засрамувачко да се оди на терапија, 65,2% сметаат дека тоа ќе им влијае на кариерата , 70,9% дека од командирите ќе бидат поинаку третирани доколку знаат дека одат на психотерапија или имаат психички проблеми и 54,6% сметаат дека колегите ќе ги третираат како слабаци.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Стојанова, со наслов Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии, претставува истражување во областа на менаџментот на човечки ресурси и психологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација успешно ја идентификува потребата од воведување на перманентна обука за психолошки подготовки и поддршка на воениот персонал низ целиот циклус на распоредување. Комисијата констатира дека дисертацијата третира актуелна и многу значајна и суптилна тема за Армијата на Република Македонија, за релевантните институции во државата и заедницата пошироко. Применетата методологија во истражувањето, во целост кореспондира со карактерот на темата и со поставените истражувачки цели. Освен тоа, примената на сложената група на инструменти во истражувањето опфаќа бројни фактори на влијание што обезбедува целосна научна поткрепа на добените резултати и изведените заклучоци.

Комисијата констатира дека кандидатката м-р Јулијана Стојанова користела богата, релевантна, современа литература и публикации. Неспорен е впечатокот дека кандидатката суверено владее со проблематиката кој ја истражува и дошла до научно релевантни заклучоци врз основа на кои дава и користи практични и применливи решенија. При давањето на својата позитивна оценка, Комисијата ги имаше предвид и доставените мислења по авторезимето на дисертацијата, во кои се содржани исклучително афирмативни коментари за самата докторска дисертација и нејзината апликативна димензија.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Стојанова, со наслов "Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува пропишаните услови и стандарди за квалитетно изработен докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објави следниве рецензирани истражувачки трудови:

1) Јулијана Стојанова: *„Адаптација на војничкиот живот и работа на војниците кои доживеале психосоцијален стрес“* , 1997-1998 година, Зборник на трудови, Психосоцијален и трауматски стрес- разбирање, превенција и лекување, Светска здравствена организација и Медицински факултет Скопје, 1999.
2) Julijana Stojanova[1], Cvetko Smilevski[2]: *„ Adaptation during the enlisting period into military service”*, 1999, Operations Research and Industrial Engineering , XX. national congress, 8-9 June 1999, Turkis military academy.
3) S.Stojcev[1], V.Velinova[2], J. Stojanova[3]: *“Post-traumatic Combat Stress- a factor of resilience for future stress events”, 2009, International psychiatric congress 2009, Ohrid*.
4) Јулијана Стојанова, *„Психолошките пореметувања и војувањето, кратка историја за PTSD“*, СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА, број 20, септември 2010 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата има особено задоволство да констатира дека пред себе има исклучително солидно изработен, оригинален, научен труд што е резултат на самостојна научна работа и истражување. Несомнен е научниот придонес на кандидатката при објавувањето на првите резултати и сознанија за психолошките реакции и состојби на воениот персонал од АРМ кој учествува во мисиите во странство. Поставените цели на почетокот на истражувањето се целосно исполнети. Оригиналноста на трудот се огледа и во тоа дека богатата и сложена база на податоци се добиени со примена на соодветни, современи и издржани методи и техники, обработени со висока точност и пецизност, јасно прикажани и статистички проценети. За очекување е дека стекнатите сознанија од истражувањето можат да бидат и во функција на понатамошен развој на организациските и националните стратегии и политики за системска грижа за оваа специфична категорија персонал како значајни и корисни членови на заедницата и општество.

Посебно значење на овој труд дава предложениот модел за перманентна обука во делот за психолошка подготовка и поддршка низ целиот циклус на распоредување вклучувајќи ја и реинтеграцијата во заедницата. Моделот е базиран на проучување на бројна референтна литертура и искуства од другите армии во светот, поткрепен со резултатите на спроведеното истражување на македонската воена популација. Комисијата е на став дека имплементацијата на предлог – моделот за обука и препораките дадени во овој труд не се само значајни за АРМ и Министерството за одбрана, туку би можело да се имплементира и во другите институции од областа на одбраната и безбедноста, од кризниот менаџмент и заштита и спасување, односно во сите институции чиј персонал е изложен на високоризични околности во работата. Бидејќи се работи за прво истражување од ваков вид на воената популација во Република Македонија, податоците од применетите инструменти за проценка се повторливи и лесно можат да се искористат за компаративни меѓународни проекти и анализи. Дискусијата на резултатите е соодветна и целосно објективна со предлог логички изведени заклучоци од добиените резултати.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Јулијана Стојанова** со наслов **Перманентна обука на човечките ресурси за време на циклусот на распоредување и реинтеграција по враќањето од мировни мисии.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Јорде Јаќимовски, претседател   с.р.

Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, ментор  с.р.

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, член  с.р.

Проф. д-р Петар Атанасов, член   с.р.

Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ, член    с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВРЗ РУРАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЕМРЛА УКШИНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со решение бр.02-808/14 од 29.6.2016 година, Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација „Влијание на политиката на Европската унија врз руралната политика во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Јорде Јаќимовски, проф. д-р Јован Ананиев, проф. д-р Лидија Христова, вонр. проф. д-р Анета Цекиќ и доц. д-р Бојана Наумовска. Комисијата во горниот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација на кандидатот и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## Анализа на трудот

Докторската дистертација на кандидатот м-р Емрла Укшини, со наслов „Влијание на политиката на Европската унија врз руралната политика во Република Македонија“, содржи 221 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, и 95 библиографски единици. Трудот е структуриран во теоретски и емпириски дел, во 4 глави, вовед, заклучоци и препораки. Главите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно претставување на аналитичкиот материјал.

Кандидатот во докторската дисертација тргнува со следниве прашања:

- Кои промени се одвиваат во руралните средини во Република Македонија, каков е нивниот интезитет, кои се модалитетите на нивното изразување и какво е нивното значење во вкупниот аграрен, а посебно рурален развој?
- Кои политики на Европската унија се имплементираат во руралната политика во Република Македонија, кои се позитивните страни од тие политики и во кои правци и насоки ќе се одвиваат тие во наредниот период?

- Какви се ефектите на одделните мерки за финасиската поддршка во земјоделството и на руралниот развој во Република Македонија, како и правците на институционалните акции ИПАРД-програмата за понатамошната позабрзана динамка на приспособување на станардите во земјоделството со Европска унија?
- Дали инструментот – ИПАРД-програмата поставен од Европската унија е прифатлив, односно применлив во руралните средини во Република Македонија?
- Каква е структуата на програмите, мерките и средствата предвидени од националната програма за поддршка на земојоделството и руралнот развој, бидејќи тие се клучни за спроведување на руралната политика по теркот на европските стандарди?
- Какво е досегашното искуство на Европската унија во другите земји кандидати за членство во Европската унија?
- Дали мерките преземени според инструментите од Европската унија влијаат врз оптимизмот на населението во руралните средини на Република Македонија;
- Каков модел на рурална политика можеме или, пак, дали можеме да очекуваме развој на земјодеслтвото и руралните средини?

**Првата глава** од докторската дисертација на кандидатот претставува појаснување на методолошкиот приод во истражувањето. Кандидатот ги дефинира целите и предметот на истражувањето. Понатаму зборува за очекуваните резултати, хипотезите и методолошкиот пристап на истражувањето.

Во **втората глава** е содржана разработката на местото и улогата на земјоделството во економскиот развој на Република Македонија и значењето на земјоделството во Европската унија. Кандатот м-р Емрла Укшини во првиот поднаслов прави анализа на местото и улогата на земјоделството во економскиот развој на Република Македонија.

Направена е анализа во периодот од 2007 до 20013 година на брутододадената вредност, учеството на земјоделството во вкупно додадената вредност, вработените во земјоделството, шумарството и ловот и риболовот, извозот и увозот на земјоделските прехрамбени производи и учеството на исплатените средства за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во бруто додадената вредност. На крајот на оваа глава дадени се индикаторите за значењето на земјоделството во Европската унија, вработените во земјоделството, вработените во индустријата, потрошените средства за финансиска поддршка во земјоделството и големина за земоделските стопанства во ЕУ-27 и споредено со Република Македонија.

**Третата глава** ја разработува руралната политика во Европската унија. преку претпристапните фондови: ФАРЕ, ИСПА, САПАРД ТАИЛЕКС, КАРДС; ИПА и ИПАР програмата. Во оваа глава, кандидатот ги пренесува практиките на политиката за рурален развој во Европската унија, задржувајќи се на регулативата со која се утврдени моделите на директното плаќање. Притоа, направен е соодветен осврт на моделот на плаќање само по фарма ( SAPS) и моделот плаќање само по површина (SFP). Се проучуваат приоритетите на политиката за рурален развој, при што се укажува на неопходноста од зајакнување на конкурентноста на руралните средини, промовирање на одржливо земјоделско производство и иновации и поддршка на развој на руралните средини преку креирање на работни места.

Во овој дел од дисертацијата се претставени и разликите во висината на средствата според претпристапната ИПА-програма во Хрватска, Турција, Србија, Македонија, Албанија, Црна Гора и Косово. Анализата покажува дека Македонија недоволно ги користи европските фондови за постигнување на стратешки долгорочни цели.

**Четвртата глава** претставува истражување на политиката на рурален развој во Република Македонија. Во оваа глава целосно се претставени и разработени резултатите од спроведеното истражување. За согледување и истражување на односот кој селските домаќинства што

го имаат кон Програмата за финансиска поддршка во земјодеслтвото и на руралниот развој и ИПАРД-програмата, како прашања за истражување се земени административните процедури за користењето на средствата, информирањето за мерките на програмите, мотивацијата за земјоделското занимање, подобрувањето на квалитетот на животот и ефектите од мерките на програмите.

## Краток опис на применетите методи

Како методи со кои се истражени и проверени предметот, целите и хипотезите на истражувањето, користени се повеќе истражувачки методи:

- аналитички метод;
- синтетички метод;
- општонаучен метод – Statistical Package for the Social Sciences ( SPSS);

- од аналитичките основни методи се применети методот на анализа, методот на апстракција и дедукција како основен метод на научните сознанија;
- од синтетичките основни методи се применети – методот на синтеза, методот на конкретизација и индукција како основен научен метод;
- со SPSS-програмот, преку Pearson Chi-Square и Contingency Coefficient, се овозможува утврдување на меѓузависноста и интензитетот на појавите.

Во изготвувањето на докторската диертација се користени податоци од секундарни извори и анкета.

Анкетата е спроведена на селски домаќинства, односно на носителите на селкото домаќинство. Во истражувањето главно се опфатени 64 селски населби, 640 домаќинства, односно 640 индивидуи. Со цел да се овозможи следење на промените и развојот во руралните средини во Република Македонија, во истражувањето се користени постојните релевантни секундарни извори на податоците, како што се пописите на населението (1948,1953,1961,1971,1981,1994 и 2002 година). Пописите на индивидуалните земјодески стопаства во 1960, 1981 и 2007 година,

Анкетата на работната сила и други податоци. За секоја табела се пресметани **Chi-Square Tests** ( Pearson Chi-Square ,Continuity Correction, Likelihood Ratio, Fishers Exact Test, Linear-by- Linear Association) и **Symmetric Measures** ( Contingency Coefficient). Вредноста на интензитетот на корелацијата (Contingency Coefficient) е градиран во ниска 0,1 до 0,2, средна 0,2-0,5 и висока 0,5-1. Во анализтаа се земани вредностите на средна и виска корелација.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Емрла Укшини претставува истражување од областа на руралната политика. Истражувањето ја потврдило генералната хипотеза дека руралната политика на ЕУ е жива, содржајна, по резултати е богата, по насоченос позитивна и прогресивна политика и приспособена на руралните специфичности на членките во ЕУ.

Македонскиот земјоделски и рурален сектор се соочува со значајни предизвици, во однос на можностите за квалитетно земјоделско производство, конкуренцијата од регионалните, од европските и од меѓународните пазари, начините на подобрување на квалитетот на живеење во руралните средини, отворање на нови работни места итн. Интегралниот рурален развој, според кандидатот Укшини, треба да претставува една од стратешките цели во дефинирањето на новата стратегија на рурален развој. Иако интегралниот развој претставува само област во регионалната политика, руралниот развој е доста значаен и треба да има специфична политика и цели.

Во поглед на ефикасноста на мерките за поддршка во земјоделството и руралниот развој, резултатите од емпириското истражување укажуваат на тоа дека со мерките и политиките се пстигнуваат определени резултати, но тие се недоволни (41,3%). Натпросечно за модалитетот дека нема никакви резултати (14,2%) се изјасниле испитанците со више и високо образование (26,8%),

службениците (30,4%), испитаниците во пелагонискиот (37,5%) и скопскиот реион ( 25,6%).

Истражувањето покажува дека близу една третина од анкетираните не можат да ги исполнат условите за добивање на средствата од ИПАРД- програмата.

Степенот на ефикасноста на резултатите во земјоделското производство е понизок од степенот на искористеност на средствата за поддршка во земјоделството.

Вредноста на субвенциите во земјоделското производство забрлежливо е зголемена, во однос на вредноста на вкупното земјоделско производство. Така, на пример, индексот 627 за 2014 година покажува дека во таа година вредноста на субвенциите е зголемена за 527% во однос на 2007 година, меѓутоа вредноста на производството во 2014 година е зголемено за само 25% во истиот период.

## Заклучок и предлози

Главни научни придонеси на кандидатката м-р Емрла Укшини се:

- основната мисија на земјоделството дефинирана во Законот за земјоделство и рурален развој е обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна, зголемена конкурентна способност на земјоделството, обезбедување на стабилен доход од земјоделските стопанства, одржлив развој на руралните средини и оптимално искористување на природните ресурси со почитување на заштитата на природата и животната средина, но со мерките и политиките за уредување и поддршка на земјоделството и руралниот развој се постиогнаа извесни резултати, но тие се недоволни;
- во Република Македонија не владее хармонија помеѓу поставените цели, механизмите и ефектите;

- постои незначајна корелација помеѓу структурата на потрошените средства за поддршка во земјоделството и финансиските ефекти од производството;
- административните процедури го отежнуваат користењето на средствата за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и претпристапните средства од ЕУ.

Земено во целина, руралната политика во Република Македонија води до структурен дуализам, односно појава на секторски диспаритет и неизедначен развој во руралните подрачја.

Понатаму, земјоделците во попродуктивните региони добиваат поголем дел од средствата наменети за поддршка на земјоделството и руралниот развој. Од друга страна, во други подрачја се добива помала поддршка, во кои условите за земјоделско производство се лимитирани со природни или социоекономски карактеристики. По углед на ЕУ во областа на руралниот развој, потребно е да се изработат одредени модели за Република Македонија. Пред се мисли на категоризацијата „ малку поволни подрачја“ ( less favourable areass“, кои мора посебно да се третираат во руралната политика.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Емрла Укшини** со наслов: **„Влијание на политиката на Европската унија врз руралната политика во Република Македонија “.**

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Јорде Јаќимовски с.р.
2. Проф. д-р Јован Ананиев с.р.
3. Проф. д-р Лидија Христова с.р.

4. Вонр. проф. д-р Анета Цекиќ с.р.

5. Доц. д-р Бојана Наумовска с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА - СКОПЈЕ

1. **ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | М-р Марија Ѓошева Ковачевиќ | Управување со ресурсите и нивното влијание врз социоекономската состојба на руралните домаќинства во Република Македонија – Студија на случај во полошки и пелагониски регион во Република Македонија | Resource management and their socio-economic impact on rural households in the Republic of Macedonia – Case study in Polog and Pelagonia region in the Republic of Macedonia | проф. д-р Јорде Јаќимовски | Одлука бр. 02-1180/1 од 25.10.2016 |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Магистерски трудови**

| **Ред. Бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќањ** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **е на темата** |
| 1. | **Елизабета Велјановска Најдеска** | **Улогата на медиумите во случаи на природни непогоди и катастрофи – студија на случај невремето во Скопскиот регион од 6 август 2016** | **Role of the media in cases of natural disasters and catastrophes – case study natural disaster in Skopje on 6 of August 2016** | **доц. д-р Бојана Наумовска** | **02-1180/6 од 25.10.2016** |
| 2. | **Шпреса Исмаили** | **Проценка на комуникациските вештини на наставниците во образовниот процес од страна на учениците-Студија на случај: ЦМУГС Д-р Панче Караѓозов** | **Student's assessment of communication skills of teachers in the educational process – Case Study : CMUGS Dr. Pance Karagjozov** | **вон.проф. д-р Елеонора Серафимовска** | **02-1180/15 од 25.10.2016** |
| 3. | **Благица Станојевиќ** | **Влијанието на стресот врз успешноста и продуктивноста кај вработените** | **The influence of the stress over the employees' success and productivity** | **Доц.д-р Марија Топузовска Латковиќ** | **02-1180/28 од 25.10.2016** |
| 4. | **Ивана Спасовска** | **Познавање и практики на микро и малите претпријатија во Република Македонија при примена на Рамка на компетенции во процесот на селекција и регрутација** | **Knowledge and practice of micro and small enterprises in the Rebublic of Macedonia in applying the Competency Framework in the process of selection and recruitment** | **вон.проф. д-р Елеонора Серафимовска** | **02-1180/26 од 25.10.2016** |
| 5. | **Мила Петрушевска** | **Влијание на процесот на евалуација врз ефикасноста на вработените во приватниот сектор** | **Impact of evaluation process on the efficiency of employees in the private sector** | **проф.д-р Јорде Јаќимовски** | **02-1180/25 од 25.10.2016** |
| 6. | **Дијана Бадаровска** | **Работна клима и посветеност на вработените кон работата во пекарската индустрија во Република Македонија** | **Working climate and working commitment of the employees in the bakery industy in Macedonia** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** | **02-1180/27 од 25.10.2016** |

До
Советот на ЈНУ Институт за
национална
Историја-Скопје

Во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1132 од 14 октомври 2016 година објавен е реферат за предвремен избор на проф. д-р Стефан Влахов во звањето научен советник (стр. 226-233).

По темелното прочитување на реферантот, во законски предвидениот рок, до Советот на ЈНУ ИНИ го доставуваме следниов

П Р И Г О В О Р

Комисијата која го изготвила рефератот за предвремен избор на проф. д-р Стефан Мицов Влахов напишала во биографските податоци дека кандидатот за највисокото научно звање, покрај другото, бил член на Сојузот на бугарските новинари и Меѓународната организација на новинари. Исто така, запишала дека е носител на Рациновото признание (кое се доделува за поезија), а и дека е почесен член на Друштвото на писателите на Македонија од 2007 година. Која е поврзаноста на овие информации со историската наука, знаат само членовите на Комисијата која го изготвила рефератот.

Тврдењето во рефератот дека „Стефан Мицов Влахов е врвен македонски интелектуалец кој ја проучува филозофијата на историјата, културата и етнопсихологијата на Македонците и на другите балкански народи, од најстари времиња на антиката, сѐ до современиот период" е повеќе од недостојно за човек кој претендира да биде избран во највисокото научно звање од областа на историјата. Имено, секој сериозен професионалец во историографијата има свое поле на работа и не работи на "филозофијата на историјата, културата и етнопсихологијата на Македонците и на другите балкански народи". Со ова и самите членови на Комисијата потврдуваат дека се работи за несериозност во пристапот на кандидатот кон историографијата, наука за која претендира да добие највисоко научно звање. А тоа, пак, е во колизија со член 7 од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник 82/2009). Во овој член, покрај другото, како критериум за избор во звањето научен советник кандидатот треба да има постигнувања „...**во научната област во која се избира...**". Оттука е нејасно како членовите на Комисијата констатирале дека „филозофијата на историјата, културата и етнопсихологијата" се историографија.

Уште поинтересен е податокот кој Комисијата го напишала дека кандидатот, како врвен интелектуалец, сето тоа го работи „од најстари времиња на антиката, сѐ до современиот период". Кога ова би бил квалитет во работата, не

би постоеле временски определени периоди за изучување и обработка на историјата, туку сите би работеле „од најстари времиња на антиката, сѐ до современиот период“.

Членовите на Комисијата, пренебрегнувајќи го овој факт, воедно ја отфрлиле можноста за проверка на комплетната документација, која секако требало да ја имаат на увид. Овде, пред сѐ, мислиме на референтот за избор во претходното звање, кој исто така е нафрлање на зборови и оцена на кандидатот за „активности“ од целиот негов работен век, а не како што налагаат законските прописи, за последните 5 години. Доколку само го констатирале ова, членовите на Комисијата ќе увиделе дека проф д-р Стефан Мицов Влахов **го нема основниот услов за избор во повисоко звање**, т.е. незаконски е избран во звањето виш научен соработник/вонреден професор, со што и незаконски со години добива плата за звање кое законски го нема.

Во продолжение на реферaтот, Комисијата ги навела само ангажманите на Влахов кои сам ги има наведено во неговата апликација за предвремен избор, за потоа да ги препише насловите на трудовите, кои исто така наведуваат според списокот на самиот кандидат. Ова набројување од 227 до 331 страна не содржи никаква оцена за историската научна издржаност на трудовите, а доколку Комисијата ги прегледала текстовите ќе забележела дека **во ниту еден труд** на Стехан Мицов Влахов **нема ниту една архивска единица, ниту еден архивски податок,** не е исползуван **ниту еден архивски документ**, што значи дека кандидатот нема работено **ниту еден ден во архив.** Оттука е нејасно како членовите на Комисијата доделила бодови за „трудови со оригинални научни резултати“ кога такво нешто не постои. Доколку компилацијата, која патем е крајно неуспешна, за некого може да се смета за наука во тој случај нема потреба од критериуми за избор во звања.

Според нашето видување, опусот на трудовите на проф. д-р Стефан Влахов не се од областа на историјата, со што не е исполнет условот од веќе споменатите законски прописи за избор во повисоко звање, т.е. трудовите на кандидатот да бидат „во областа во која се избира“.

Како илустрација ќе употребиме неколку цитати од секоја од споменатите монографии на проф. д-р Стефан Влахов, соодветни на текстовите во сите други

негови трудови. Факт е дека тие се извадени од контекстот, но контекстот е претходница и продолжување на цитатите.

Така, монографијата „Балканска психологија – државници и марионети“ говори за тоа дека „околу VIII век пр. Хр., почнала да се оформува цивилизацијата на Хелените и Македонците. Посебноста на двата етноса е докажан факт уште во антиката, бидејќи тие премногу се разликуваат меѓу себе.[1] Оваа посебност е и етничка и политичка, и јазична, и културна, и психолошка. Создавањето на македонски идентитет, од една страна, се одвива бавно поради многубројноста на етносите во овој дел на Балканот. Од друга страна, создавањето на таков општ идентитет е благодарение на македонскиот космополитизам. Тоа значи – врз основа на етничка и културна синтеза“ („Балканска психологија – државници и марионети“, Скопје 2015, 102). Или, пак, во делот каде што се говори за Александар Македонски, како еден од големите политичари на Балканот стои дека „... Разликата меѓу Александар и сите други освојувачи е во тоа што тој не сакал да создаде светска империја, туку нова светска цивилизација. Освојувањата биле само пат кон оваа цивилизација, основана врз политичка, економска, културна и етничка генеза. Александар бил приврзаник на вистинскиот космополитизам, кој нема ништо заедничко со современиот глобализам заснован врз доминација на американската нација над светот. Во Македонската Империја управувале оние кои можеле да го наметнат овој космополитизам како управувачки модел. Тие не биле само Македонци, туку и Персијци, и претставници на други етноси. При тоа, новата цивилизација не била наметната со сила...“. “(„Балканска психологија – државници и марионети“, Скопје 2015, 478). Ваквите ставови, кои се среќаваат низ целиот текст на трудот во најмала рака, не соодветствуваат со научните историски факти што е јасно за секој професионален историчар.

Во трудот “Државата како се гради и брани“, читателот ќе прочита „... Веќе рековме дека државата е таа која го брани идентитетот на секој народ. Без држава е речиси невозможно да го одбраниш својот идентитет. И во минатото и денес. Македонците и Евреите го избрале потешкиот пат. Евреите не конституирале своја држава затоа што сакале да го управуваат целиот свет. А Македонците преку својот космополитизам бесплатно му се раздаваат на тој ист

---

[1] фуснота

свет“ (“Државата како се гради и брани“, Скопје 2013, 13). Во продолжение на трудот се говори и за почетокот на 90-тите години на 20 век и авторот бележи дека „... Првата влада на Македонија беше збир македонски националисти, бугараши, југоносталгичари плус двајца македонски Албанци... Како што не еднаш дотука подвлеков, македонското општество од антиката до денес лидерството го крева до степен на култ. Почитта кон силните, харизматични лидери, макар и неурамнотежени и незрели во државен поглед, често пати водела до трагедии во македонската историја. ... Во почетокот Киро Глигоров беше претставен како `татко на нацијата`, харизмата на Љупчо Георгиевски му донесе победа на првите избори.... Бранко Црвенковски исто така имаше харизма која до извесен степен ја зачувва и до денес, иако со години на ред јавно работи против просперитетот на македонската држава...“ (“Државата како се гради и брани“, Скопје 2013, 90-91). Сепак, крајот на книгата е видовит и гласи „... Приближувачкиот крај на Македонија не значи дека Македонците ќе исчезнат од лицето на Земјата. Како што не исчезнале до денес. Македонците живеат во Европа, во Канада, САД, Австралија, Нов Зеланд итн., низ целиот свет. Македонскиот ген, за разлика од македонските политичари, е вечен. Ако не собереме храброст да им кажеме `не` на ЕУ и на САД, македонската историја ќе се збогати со уште една црна страница“(“Државата како се гради и брани“, Скопје 2013, 156). Цениме дека коментар е излишен.

Трудот „Филозофија на балканскиот пекол“ претставува обид од безбројни несреќно избрани информации да се создаде одреден „филозофски“ труд. Од него го издвојуваме гледиштето на авторот дека „... Фундаментално, создавањето на нациите е вештачки, политички процес. Целта на нацијата е да се прошири поимот народ со странски етнчки групи. Со два збора, да се зголеми државната територија, но, за разлика од минатото, да не дозволува поданиците да се бунтуваат. Дури и на социјален план. Затоа, ете, сите тие припаѓаат кон една нација, имаат заеднички интереси и тие интереси се над сѐ. Во практиката, тоа е идеолошка диверзија, која треба да им ги исплакне мозоците на граѓаните (поданиците)“ („Филозофија на балканскиот пекол“, Скопје 2014, 369).

Во четвртиот монографски труд на проф. д-р Стефан Влахов, кој носи наслов „Македонската еманципација на Балканот“, може да се прочита дека „... Македонците единствени на Балканот во античкиот период го поминале целиот

пат од племенска заедница преку држава до народ со етничко самосознание и со долгорочна програма“ („Македонската еманципација на Балканот“, Скопје 2013, 8). Показателен податок авторот дава и со експликацијата „... Досега видовме дека на територијата на Македонија опстојала непрекинлива врска меѓу античките Македонци и македонските Словени. Таа непрекинливост и продолжителност е многу поизразена од хипотетичката непрекинливост, односно продолжителност, за која претендираат современите Грци барајќи континуитет меѓу Византијците и античките Грци. Тоа е најмалку, оти за разлика од Грците, македонските Словени не го отфрлаат македонското античко наследство, дури го официјализираат, како што се гледа во христијанскиот канон. Самото богомилство е олицетворение на непрекинливоста меѓу разновидни учења – манихејство, масалинство, павликијанство и други. Во долг временски период сосема природно е неговото појавување во земја со естетска и културна толерантност, каква што била Македонија“ („Македонската еманципација на Балканот“, Скопје 2013, 154-155).

После темелното прегледување на материјалите од проф. д-р Стефан Влахов, цениме дека импровизации во историската наука се недозволиви, освен ако тие ги подведеме под „алтернативна историја“. Во таков случај, авторот, согласно со сопствените дневни потреби за себепромовирање, изнесува паушални квалификации во однос на историските факти, при што прави несоодветни компарации со личности и настани различни и по простор и во време. Секој историчар или подобар познавач на историјата може да заклучи дека текстовите на проф. д-р Стефан Влахов немаат допирна точка со фактографијата, а користената терминологија е неспоива со сериозна историографска експликација. Доколку на сето тоа го додадеме и фактот што во ниту еден труд авторот не користи оригинална документација, туку своите трудови ги базира на литература, прашањето е каде е оригиналноста на сознанијата и особениот интерес за македонската историја, а што е еден од законските предуслови за добивање на највисокото научно звање. Воедно, компилираните текстови не можеме да ги вреднуваме како и оригиналните научноистражувачи и аналитични трудови, а скрибоманството секогаш значи квантитет, но не и квалитет. Во такав случај, не е ни чудно што трудовите се однесуваат на целиот историски период на постењето на светот, за што веројатно е одговорно и константното конфузно нафрлање на податоци без никаква научна потреба.

Секако, во овој случај е прекршен и ставот 4 од член 7 од истиот Правилник кој вели дека во звањето научен советник се бира лице кое има „голем придонес во усовршување на научен подмладок“. Во рефератот е наведено дека кандидатот бил член на **две комисии** за одбрана на докторски теми, и тоа кај Ирена Авировиќ и Ицо Најдовски Перин, а бил и член на две комисии за избор во звање на Ирена Авировиќ и Драгица Поповска. Секако, кандидатот како партиципиент во групата на докторски студии „Културна историја“ предава одредени предмети на докторанди, што ни од далеку не значи „голем придонес во усовршување на научен подмладок“.

Во постапката за која се однесува рефератот по кој го поднесуваме овој Приговор е во колизија и со членот 8 од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник 82/2009) со оглед на тоа што „Иницијатива за предвремен избор во научни звања може да покрене Советот и директорот на субјектот на научноистражувачката дејност“. Во случајот на овој кандидат **иницијатива за предвремен избор нема покренато ниту Советот, ниту директорот на ЈНУ ИНИ,** туку постапката се води врз основа на лично барање на кандидатот**.**

Соодветно на тоа, со рефератот за предвремен избор на проф. д-р Стефан Мицов Влахов се прекршени два члена, и тоа чл. 7 и чл. 8 од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник 82/2009). Поради тоа, сметаме дека проф. д-р Стефан Влахов не ги исполнува условите за добивање на звањето научен советник/редовен професор, а рефератот го сметаме за нереален.

Подносител на Приговорот

Проф. д-р Катерина Тодороска с.р.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

ЈНУ Институт за национална историја, Скопје

**Предмет:** Одговор на Рецензентската комисија, за предвремен избор во звањето научен советник /редовен професор/ на д-р Стефан Влахов, на Приговорот на проф. д-р Катерина Тодороска

По разгледувањето на Приговорот на проф. д-р Катерина Тодороска на рефератот објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1132 од 14. 10. 2016 година за предвремен избор во звањето научен советник/ редовен професор/ на д-р Стефан Влахов, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Ѓорѓи Малковски, констатира дека Приговорот се отфрла како неоснован.

Имено, податоците од биографијата на кандидатот за предвремен избор во звање на кои се приговара, се точни, коректни и не се никаков проблем во изборот на кандидатот во звањето. Проф. д-р Стефан Влахов, како врвен македонски интелектуалец, во своите трудови ја проучува историјата, филозофијата на историјата, културата, етнопсихологијата на Македонците и другите балкански народи, од интердисциплинарен аспект. Тој во своите трудови и научни резултати, во голема мера ја надминува бројката на поени потребни за предвремен избор во бараното звање, а на неговите трудови досега нема ниедна негативна научна реакција.

Дел од Приговорот на проф. д-р Катерина Тодороска се однесува на изборот на кандидатот С. Влахов во звањето виш научен соработник/вонреден професор, што е непотребно промашување на приговарачот. Констатацијата дека проф. Стефан Влахов во своите трудови не „искористил ниту еден архивски документ...“ е смешна и небитна врз донесувањето на неговите високи научни резултати. Забелешката на приговарачот околу постапката на „Иницијативата за предвремен избор во научно звање“ исто така е неоснована, од самиот факт што **конкурсот е распишан** по извршениот увид доставен од записникот на Државниот просветен инстекторат, **кој е прифатен од Советот на Институтот со одлука потпишана од проф. д-р Катерина Тодороска, како претседател на Советот**.

Комисија

Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, редовен професор с.р.

Проф. д-р Милан Бошкоски, редовен професор с.р.

Проф. д-р Ѓорѓи Малкоски, редовен професор с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ПРОЦЕНКА НА РИЗИК-ФАКТОРИ И СТЕПЕН НА ДЕНТАЛНИ ЕРОЗИИ, ПРОСЛЕДЕНИ СО ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОТЕКТИВНИОТ ЕФЕКТ НА ПРЕПАРАТИ СО ФЛУОРИДИ ВРЗ ЕМАЈЛ И ДЕНТИН ОД ХЕМИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ АСПЕКТ (invitro)" ОД М-Р**

## НАТАША ДЕНКОВА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во согласност со член 63 од Законот за високото образование ( Службен весник на Република Македонија број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 14/14/, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, и 154/15), член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 121/09, 188/11, 234/12 и 276/14), и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXVIредовна седница одржана на 31.10.2016 година, а по предлог на Советот на трет циклус - докторски студии формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Денкова со наслов,, ПРОЦЕНКА НА РИЗИК- ФАКТОРИ И СТЕПЕН НА ДЕНТАЛНИ ЕРОЗИИ, ПРОСЛЕДЕНИ СО ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОТЕКТИВНИОТ ЕФЕКТ НА ПРЕПАРАТИ СО ФЛУОРИДИ ВРЗ ЕМАЈЛ И ДЕНТИН ОД ХЕМИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ АСПЕКТ(invitro)", во состав: проф.д-рСоња Апостолоска(претседател), проф. д-р Снежана Иљовска (ментор), проф. д-р проф. д-р Лидија Поповска(член), Доц.д-р Илијана Муратовска (член), и проф. д-р Ивона Ковачевска (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Наташа Денкова,со наслов,,ПРОЦЕНКА НА РИЗИК - ФАКТОРИ И СТЕПЕН НА ДЕНТАЛНИ ЕРОЗИИ, ПРОСЛЕДЕНИ СО ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОТЕКТИВНИОТ ЕФЕКТ НА ПРЕПАРАТИ СО ФЛУОРИДИ ВРЗ ЕМАЈЛ И ДЕНТИН ОД ХЕМИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ АСПЕТКТ(in vitro)", содржи 211 страници компјутерски обработен текст во Times New Roman со 1,5 прооред и големина на букви 12, 198 библиографски единица, меѓунивнаучни трудови, статии, книги и меѓународниакти. Таа содржи 43 табели, 24 графикони 80 слики.

Докторската дисертација ги содржи сите поглавја на една научно истражувачка студија: вовед, мотив за изработка, цели и хипотези на студијата, материјал и методологија, статистичка обработка, резултати,

дискусија, заклучоци и референци. Напочетокот е приложена каратка содржина (македонски и англиски) и користени кратенки. Деловитеод студијата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Начинот на изнесување на проблемот во дисертацијата и научната мисла се концизни, јасни и лесно разбирливи.
Во **воведот и прегледот на литература**, кандидатката дава јасна дефиниција за денталните ерозии кои ги дефинира како прогресивна некариозна состојба на забите која се карактеризира со патолошка неповратна загуба на површината на забните ткива како резултат на хемиски процеси, при тоа нагласувајќи дека тие не вклучуваат бактериски инфекции, а кои во текот на последните две децении, станале значителен клинички проблем.
Кандидатката нагласува дека денталните ерозии се резултат на динамични и комплексни интеракции помеѓу хемиски и биолошки фактори и фактори на однесувањето на пациентите заради што има потреба да се разјасни дилемата зошто кај некои лица се јавува а кај некои не, а е изложен на исти количества киселини во исхраната и имаат сличен начин на живот.
Во овој дел е нагласено позитивното обележје на плунката, која ја контролира минералната рамнотежа и минералната загуба во ерозивните зони на ерозиите и при тоа се задржува на заштитната улога на плунката кај зголемена стимулација на плунковниот проток, кој овозможува: чистење, способност за ублажување на киселините и зголемување на степенот на заситеност со минералите во забните структури. Овие бенефиции се зголемуваат кога плунката е стимулирана после внесувањето на ферментирани карбохидрати и со опаѓањето на pH во плакот, што доведува до деминерализација и обратно, го зголемува потенцијалот за реминерализација.
**Мотив за изработка** на студијата биле многубројни литературни податоци и научни достигнувања кои ја нагласуваат потребата од понатамошни истражувања во оваа област, кои ја поттикнале кандидатката во правец на генерирање нови вредности и предизвици наспроти традиционалниот пристап кон денталните ерозии и емпириски мерки кои не се ефикасни кај сите пациенти подеднакво.
Како **цели** на студијата, а во контекст на споменатото кандидатката ги наведува следниве истражувања: утврдување на преваленцата на дентални ерзии според според возраста и полот; утврдување дистрибуцијата на денталните ерозии според степенот на оштетувањет ; утврдување на консумацијата на видот на газирани пијалоци и овошни сокови во текот на денот; утврдување на концентрацијата на Ca и фосфати во плунка во зависност од консумацијата на видот на газирани пијалаци и овошни сокови; утврдување анализа на површинската грубост и квантитативната загуба на емајлот и дентинот со помош на профилометриски мерење после примена на ерозивен предизвик од

киселини ( експериментално предизвикана дентална ерозија) а потоа и примена на различни пасти за заби со флуор и евалуација на влијанието на различни пасти за заби со флуор кај експериментално предизвикана дентална ерозија на емајлот и дентинот од морфолошки аспект, со помош на скен-електронски микроскоп.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата.**Состојбата во подрачјето чиј предметот на истражување го содржи овој труд е актуелен. И покрај многуте истражувања што досега се направени, ваква опсежна студија која ги опфаќа збирно сите параметри прикажани во студијата кај нас за прв пат е направена.

**Краток опис на применетите методи**

Во дизајнот на студијата кандидатката ги споменува следниве протоколи на работа кои ги користела за реализација на трудот, а тоа се: клинички истражувања, лабораториски анализи, биохемиски истражувања на плунката со методологија реализирана на и Институтот за биохемија на Медицинскиот факултет при УКИМ и експериментални испитувања (invitro) кои содржат профиломериски мерења реализирани со професионален софтвер TalyProfile во Лабораторијата за метрологија на геометриски карактеристики и истражување на квалитет, на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје и скен- електронска микроскопија (СЕМ) реализирана на Земјоделскиот факултет, при ,Универзитетот Гоце Делчев̓ во Штип.

Во поглавјето, **Материјал и методологија**, а со цел да се објективизира постоењето на дентални ерозии кај населението од различни урбани средини во градот Штип и околината, направени биле вообичаени стоматолошки прегледи кај 321 испитаник од двата пола, а оние лица кај кои било дијагностицирано постоење на дентални ерозии, биле вклучени во истражувањето кои според возраста биле поделени на три возрасни групи: група 1 испитаници од 10 до 29 години, група 2 испитаници од 30 до 49 години години и група 3 испитаници од 50< години.

**За статистичка обработка** на податоците добиени во текот на истражувањето е направена база на податоци во статистичката програма Statistica 7.1 for Windows.

**Резултатите** од презентираната студија се поделени во повеќе делови. Резултатите се прикажани од клинички, лабораториски и експериментален аспект,со табела, графици и слики кои го олеснуваат следењето на истражувањата, а коисе прецизно опишани.

**Дискусијата содржи** анализа на добиените резултати, коментари и споредби со веќе објавени резултати од истражувања во светската литература од соодветната област. Во трудот се изведени 29 конкретни заклучоци, наведени во посебни точки, кои произлегуваат од поставените цели и добиените резултати.

**Заклучните** согледувања, содржат повеќе значајни размислувања кои се резултат на добиените податоци од овој труд, а се однесуваат на конкретна идентификацијата на причинителите на денталните ерозии и заштитниот ефект на некои од флуридините препарати користени во истражувањата.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Наташа Денкова, со наслов ,, ПРОЦЕНКА НА РИЗИК-ФАКТОРИ И СТЕПЕН НА ДЕНТАЛНИ ЕРОЗИИ, ПРОСЛЕДЕНИ СО ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОТЕКТИВНИОТ ЕФЕКТ НА ПРЕПАРАТИ СО ФЛУОРИДИ ВРЗ ЕМАЈЛ И ДЕНТИН ОД ХЕМИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ АСПЕКТ(invitro)" претставува истражување во стоматолошките науки - областа на денталната патологија и терапија.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација и параметрите кои се вклучени во испитувањето можат да дадат ерозии, со што стоматолозите би можеле да пристапат кон решавање на проблемот по пат на делување на целни ризик-фактори и превентивни процедури.научен придонес во подготвувањето на стратегии за индивидуална проценка на ризик од дентални ерозии.

Докторската дисертација на кандидатката м-рНаташа Денкова, со наслов ,ПРОЦЕНКА НА РИЗИК-ФАКТОРИ И СТЕПЕНОТ НА ДЕНТАЛНИ ЕРОЗИИ, ПРОСЛЕДЕНИ СО ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОТЕКТИВНИОТ ЕФЕКТ НА ПРЕПАРАТИ СО ФЛУОРИДИ ВРЗ ЕМАЈЛ И ДЕНТИН ОД ХЕМИСКИ И ХИСТОПАТОЛОШКИ АСПЕКТ (in vitro)" според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторскитруд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот.**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија со импакт- фактор следниве рецензирани истражувачки трудови:

DenkovaNatasa and IljovskaSnezana (2016) *Sem Evaluation of Eroded Dental Enamel After The Use of Different Types of Fluoride Tooth Pastes (In Vitro). I*OSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS). ISSN e 2279-0853/ p 2279-08611,486 impact factor

Denkova Natasa and IljovskaSnezana and Denkov Nikola (2016*)* *Consumption of drinks and the effect on the intensity of dental erosions in population at the age from 30 – 50 years.*International Journal of Scientific & Engineering Research, 7 (5). pp. 1218-1237. ISSN 2229-5518 3.8impact factor

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Сметаме дека овој труд претставува самостојна научна и оргинална работа со цели, оригинални резултати и клинички придонес. Главни се

предлози за конкретни методи кои произлегуваат од резултатите, а кои подразбираат,утврдување на клинички критериуми за откривање на почетните фази на развиток на денталните ерозии и евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди врз емајл и дентин од хемиски и хистопатолошки аспект(in vitro)"
**Подрачјето на примена и ограничувањата се**: од областа на стоматологијата- конкретно од денталната патологија.
**Можните понатамошни истражувања** би можеле да се насочат во правец на примена на превентивни мерки кои би делувале адекватно на етиолошкиот фактор на денталните ерозии и евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди.
Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Денкова, со наслов ,,Проценка на ризик-фактори и степен на денталните ерозии, проследени со евалуација на протективниот ефект на препарати со флуориди врз емајл и дентин од хемиски и хистопатолошки аспект(in vitro)".

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Соња Апостолоска, претседател
Проф. д-р Снежана Иљовска, ментор
Проф. д-р Лидија Поповска, член
Доц. д-р Илијана Муратовска, член
Проф. д-р Ивона Ковачевска, член